# ОПАСНОСТ ОД (НЕ)ПОСТОЕЊЕ

Институционално насилство, пристап до права и ставови за ЛГБТИ+ заедницата во Северна Македонија (202[illegible]–2023)

# ОПАСНОСТ ОД (НЕ)ПОСТОЕЊЕ

Институционално насилство, пристап до права и ставови за ЛГБТИК+ заедницата во Северна Македонија (2021-2023)

Авторки

Драгана Дрндаревска

Мања Величковска

Истражувачки асистент(к)и

Лила Милиќ

Љубомир Фаизов

Ненад Мицов

Авторка на SPSS анализа

Ангелина Станојоска

Дизајн

Дарко Алексовски

Скопје, 2025

Публикацијата е изработена од Коалиција МАРГИНИ како дел од проектот „Documenting Institutionalized Violence Against LGBTIs in North Macedonia and Advocating for Improved Legislation“, со поддршка од ИЛГА-Европа - Европскиот регион на Меѓународната асоцијација на лезбејки, хомосексуалци, бисексуалци, транссексуалци и интерсексуалци.

# СОДРЖИНА


РЕГИСТАР НА КРАТЕНКИ . . . . . 6

ВОВЕД . . . . . 7

СТРАТЕГИЈА НА ПРИМЕРОЧЕЊЕ . . . . . 10

ВРЕМЕНСКА РАМКА . . . . . 12

МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА . . . . . 13

РАЗБИРАЊЕ НА КЛУЧНИ ТЕРМИНИ И ТЕОРИСКИ КОНЦЕПТИ . . . . . 15

СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ . . . . . 18
- Демографски податоци . . . . . 18
- Перцепции на (не)прифатеноста на испитаниците во институциите . . 21

ОБРАЗОВАНИЕ . . . . . 25
- Квантитативен пресек на податоците . . . . . 25
- Дескриптивна анализа . . . . . 27
- Заклучоци . . . . . 49
- Препораки . . . . . 58

ЗДРАВСТВО . . . . . 61
- Квантитативен пресек на податоците . . . . . 61
- Дескриптива анализа . . . . . 62
- Заклучоци . . . . . 93
- Препораки . . . . . 95

СОЦИЈАЛНА РАБОТА . . . . . 98
- Квантитативен пресек на податоците . . . . . 98
- Дескриптивна анализа . . . . . 99
- Заклучоци . . . . . 105
- Препораки . . . . . 109

ПОЛИЦИСКО ПОСТАПУВАЊЕ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 112
Квантитативен пресек на податоците . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 112
Дескриптивна анализа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 113
Заклучоци . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 136
Препораки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 138

УПРАВА ЗА МАТИЧНА ЕВИДЕНЦИЈА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 141
Квантитативен пресек на податоците . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 141
Дескриптивна анализа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 142
Заклучоци . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 144
Препораки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 145

ОБВИНИТЕЛСТВО . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 147
Квантитативен пресек на податоците . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 147
Дескриптивна анализа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 147
Заклучоци . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 152
Препораки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 156

СУДОВИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 158
Квантитативен пресек на податоците . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 158
Дескриптивна анализа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 158
Заклучоци . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 161
Препораки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 164

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДБИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 166
Личното (не)професионално . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 166
Предизвици во слоевитотот присуство на предрасудите . . . . . . . 169
Поддршката на ЛГБТИК+ како општествен императив . . . . . . . . . . 171
Главата надоле: Потчинети пред институциите . . . . . . . . . . . . . 176
Патот до себе-прифаќањет и општествената промена . . . . . . . . . . 178
Главата нагоре: Пркосот како форма на отпор . . . . . . . . . . . . . 180
Пресек на заклучоците од извештајот . . . . . . . . . . . . . . . . . 182
Пресек на препораките од извештајот . . . . . . . . . . . . . . . . . 183

ПРИЛОЗИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 185
Прашалник за полу-структурирано интервју за (институционално) насилство над ЛГБТИК+ луѓе . . . . . . . . . . . . . 186
Прашалник за полу-структурирано интервју за (институционално) насилство над ЛГБТИК+ луѓе – со даватели на услуги . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 223

## Регистар на кратенки

ЈО – Јавно обвинителство
КСЗД – Комисија за спречување и заштита од дискриминација
ЛГБТИК – Лезбејки, геј, бисексуални, трансродови, интерсексуални, квир
ЛКУД – Луѓе кои употребуваат дроги
МВР – Министерство за внатрешни работи
МТСП – Министерство за труд и социјална политика
НП – Народен правобранител
СРЗП – Сексуално и репродуктивно здравје и права
ЦСР – Центар за социјална работа

# ВОВЕД

**Институционалното насилство** се однесува на насилство што произлегува од начинот на функционирање на одредени институции – како што се законските или административните процедури – кои создаваат или одржуваат услови за насилство. Тоа се разликува од структурното насилство, кое честопати е невидливо на прв поглед и е вкоренето во историски, економски и социјални нееднаквости. Додека структурното насилство се однесува на пошироките општествени услови кои овозможуваат угнетување, институционалното насилство е поврзано со конкретните политики и практики на одредени институции. Иако различни, овие два типа насилство често се испреплетуваат и придонесуваат за одржување на општествената нееднаквост и опресија. Разбирањето на нивната врска е од суштинско значење за анализа на динамиките на (зло)употреба на моќ.

Институционалното насилство во една земја се одржува преку различни институции што функционираат во рамките на формалните и неформалните системи на власт. Овие институции поддржуваат, спроведуваат или игнорираат штетни практики и придонесуваат за зачувување на неправедните структури. Државните институции, политичките организации (политичките партии и владејачките тела), економските институции (корпорациите и финансиските организации), верските институции, медиумите, како и неформалните мрежи и традиционалните структури (т.н. племенски организации) се дел од поширокиот механизам што го одржува овој систем. Овие системи на власт се дополнително зајакнати преку легислативата, културните норми и системската (не)функционалност. Поради својата сложеност и распространетост, институционалното насилство

претставува дел од непопустлив систем, што го прави предизвик за разбирање и справување. Овој извештај, меѓутоа, се фокусира исклучиво на анализа на државните институции, и тоа: образовните и здравствените институции, центрите за социјална заштита, полицијата и безбедносните сили, судството, обвинителството, како и посебно издвоената Управа за матична евиденција, како значаен орган за разбирање на дел од искуствата на трансродовата заедница.

Влијанието на овие институции е особено силно врз оние кои отстапуваат од претпоставените доминантни норми. За ЛГБТИК+ заедницата, ова влијание се манифестира на повеќе нивоа. При контакт со институциите, нивните права, безбедност и пристап до основни добра и услуги се често условени и загрозени, што резултира со специфични предизвици, потреба од посебни стратегии за навигација во системот и постојан ризик од дополнителна виктимизација.

Искуството на ЛГБТИК+ луѓето во институциите е обележано со различни форми на насилство: микроагресии, говор на омраза, вознемирување и сексуално вознемирување, дискриминација, економска експлоатација, булинг, насилство од омраза, семејно и родово засновано насилство, физичко и психичко насилство, како и продолжено насилство и тортура поради системска немарност. Како резултат на овие искуства, ЛГБТИК+ луѓето често се приморани да ги избегнуваат институциите, што дополнително ја влошува нивната положба и благосостојба. Најчесто, тие се соочуваат со повреди на нивните **здравствени права и права на пациенти, права во полициски постапки, права во судски или управни процеси, детски права, право на приватност и други основни човекови права што треба да бидат заштитени.**

Во периодот од **2021 до 2023 година,** беа документирани **вкупно 255 случаи** на институционално насилство врз ЛГБТИК+ лица во областа на **образованието, работата на полицијата, здравството, социјалната заштита, судството, јавното обвинителство и работата на Управата за матична евиденција.** Од нив, најголем број случаи (93) се регистрирани во областа на **здравството.** Потоа следуваат **образованието (82 случаи)** и **работата**

**на полицијата (54 случаи).** Во областа на **социјалната заштита** евидентирани се 13 случаи, 9 во **постапувањето на обвинителството,** а 1 во **судското постапување.**

Со оглед на обемот на институционалното насилство и недостатокот на доволно истражувања за овој феномен во Северна Македонија, овој извештај има за цел да ја надополни пошироката слика за проблемите со кои се соочуваат ЛГБТИК+ лицата и условите што ги обликуваат нивните животи. Посебен акцент се става на загрозувањето на нивните човекови права, ментално здравје и социјална нееднаквост.

Истовремено, извештајот има за цел да ги истражи и анализира формите и распространетоста на институционалното насилство врз ЛГБТИК+ заедницата. Тој настојува да ги осветли личните искуства, видовите насилство со кои оваа популација се соочува, да посочи кои се директните и индиректните сторители и да го анализира неговото пошироко влијание врз секојдневниот живот на ЛГБТИК+ лицата, нивната способност за активно учество, политизација, ангажман и отпор.

Разбирањето на резултатите и динамиките што произлегуваат од институционалното насилство е клучно за создавање насочени интервенции и иницирање промени во политиките. Ова може да придонесе за градење побезбедни и поинклузивни општества. Специфична цел на оваа студија е да направи проценка на (не)ефективноста на институциите во различните области и да предложи решенија или препораки за нивно подобрување. Иако институциите, како дел од циклусот на моќ, никогаш нема да бидат идеални, нивната промена во правец на поголема правичност може да значи значајно подобрување за веќе обесправените.

Покрај тоа, текстот настојува да одговори на прашањата кои институции се најчести сторители на насилство, зошто ЛГБТИК+ популацијата сè почесто го избегнува контактот со институции, и конечно – што е тоа што им дава надеж и ги мотивира да продолжат да се борат со институционалните неправди.

# СТРАТЕГИЈА НА ПРИМЕРОЧЕЊЕ

Примарните податоци во овој извештај се собрани преку **44 полу-структурирани интервјуа** со ЛГБТИК+ поединци кои имале искуство со насилство од институции во областата на: **образование, безбедност, здравство, социјална заштита, судска заштита, обвинителство, и матична евиденција.** Интервјуата им овозможија на учесниците да ги споделат своите лични приказни, што овозможи подобро разбирање на комплексната и повеќеслојна природа на насилството што го доживуваат ЛГБТИК+ луѓето во Северна Македонија.

Во прашалниците, приложени кон крајот на овој извештај, се собрани демографски информации за учесниците, детали за конкретните настани, идентитетот на жртвите и сторителите, процесот на пријавување до надлежните институции, исходите од тие процеси, нивното (не)задоволство од постапувањето, искуствата со стигма во институциите, причините за непријавување, како и механизмите и мрежите за поддршка кои ги користат.

Сите интервјуа се анонимизирани, а пренесените податоци се внимателно кодирани и цитирани за да се заштити идентитетот на учесниците. Детали кои би можеле да доведат до идентификација на жртвите се отстранети или изменети, а учесниците имаат потпишано согласност со која дозволуваат користење на нивните податоци, под услов нивната приватност да биде целосно заштитена.

Секундарните податоци, кои даваат поширока слика за институционалното насилство, се собрани преку **16 полу-структурирани интервјуа** со даватели на услуги од неколку клучни институции и механизми за заштита на човекови права (како што

се Министерство за внатрешни работи, Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Национален превентивен механизам, Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби, и Основниот кривичен суд – Скопје) и претставници на граѓанскиот сектор кои работат директно со жртви на насилство (вклучувајќи адвокати, правни советници, социјални работници и активисти). Овие интервјуа обезбедија подлабоко разбирање за природата на насилството, контекстот во кој тоа се случува, како и психолошките и емоционалните последици врз жртвите.

Дополнителни информации беа добиени преку **Барања за пристап до јавни податоци,** испратени до неколку институции, вклучувајќи МВР, Основниот кривичен суд – Скопје, Јавното обвинителство, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Националниот превентивен механизам. Одговори беа добиени од МВР, Основниот кривичен суд и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Стратегијата за избор на учесници беше намерна, насочена кон лица кои можат да споделат релевантни и детални податоци за искуствата на ЛГБТИК+ поединците во институциите. Со оглед на чувствителноста на темата и предизвиците што ги имаат ЛГБТИК+ лицата во отворено споделување на своите искуства, мапирањето на учесниците се спроведе со помош на тројца истражувачки асистент(к)и. Тие добија обука и писмени насоки за спроведување на прашалниците, и имаат претходно искуство и уживаат доверба меѓу заедницата, клучна за воспоставување на каков било контакт со испитаниците.

# ВРЕМЕНСКА РАМКА

Учесниците во овој извештај беа избрани врз основа на претходно мапирање на нивните директни искуства со насилство во институциите во **период од три години (2021–2023).** Овие искуства беа делумно документирани преку платформите на организации од граѓанскиот сектор, што помогна да се идентификуваат соодветни испитаници. Оваа временска рамка беше намерно избрана за да се обезбедат податоци кои ги одразуваат актуелните трендови, додека спомените на учесниците се свежи и паметат детали.

Сепак, покрај временската ограниченост, прашалниците вклучија и прашања поврзани со спомените на учесниците од нивното детство и адолесценција. Овие ретроспективни податоци овозможија вредни увиди за долгорочното влијание на таквите искуства врз нивниот личен и образовен развој, откривајќи како овие искуства се одразиле на нивните животи на подлабоко ниво.

# МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА

За статистичка обработка на податоците од полу-структурираните интервјуа со поединци, беше спроведена анализа со помош на SPSS, што ја изврши специјализирана истражувачка. Процесот вклучуваше кодирање и пресек на информациите, овозможувајќи подлабока анализа на собраните податоци.

Интервјуата со поединци, како и со даватели на услуги и претставници на институции (со исклучок на полициските службеници), беа снимени во аудио формат и потоа прецизно транскрибирани од страна на истражувачките асистент(к)и и авторките. Податоците од овие транскрипти беа систематизирани и организирани во специјално креирани табеларни матрици во Excel, со цел да се овозможи подетална анализа.

Понатаму, користејќи тематско кодирање како квалитативна истражувачка техника, одговорите беа структурирани во категории кои помогнаа во идентификување на обрасци и заеднички трендови во податоците. Овој процес вклучуваше систематско означување на одговорите со зададени шифри, кои потоа се користеа за класификација на информациите по области и теми. Ваквиот пристап овозможи извлекување клучни идеи и трендови од собраните податоци.

Овој извештај комбинира квантитативни и квалитативни методи за собирање и анализа на податоци. Собраните материјали беа испитувани низ дескриптивна, критичка дискурзивна, и критичка правна анализа, сите засновани на квир и феминистички принципи.

Во анализата беше вклучена и критичка правна анализа, која се користеше како квалитативен метод за проучување и преиспитување на правните системи. Овој пристап овозможи анализа

на општествените, политичките и економските фактори што влијаат врз функционирањето на правото. Наместо само да го толкува и применува законот, како што тоа го прави традиционалната правна анализа, критичката анализа ги поставува под знак прашалник неговите основни претпоставки и структури на моќ, нудејќи алтернативни визии за правда и општествени промени.

Критичката дискурзивна анализа, исто така, беше важен дел од методологијата. Овој пристап го разгледува начинот на кој јазикот создава и одржува општествени односи на моќ, идеологии и нееднаквости. Целта беше да се откријат скриените пораки и претпоставки кои се наоѓаат во употребата на јазикот, како и неговата улога во зацврстување или оспорување на доминантните општествени структури и хиерархии.

За време на анализата, користевме терминологија од областа на човековите права. На пример, терминот „институционализирано насилство“ го употребуваме за да го опишеме насилството кое е извршено или овозможено од државата, или преку нејзина пасивност кога се работи за насилство од приватни актери. Терминот „еднаквост“ го толкуваме како суштинска еднаквост што вклучува справување со неповолности, елиминирање на стигмата и стереотипите, унапредување на гласот и учеството на маргинализираните групи, како и иницирање структурни промени. Дополнително, користевме термини како „жртви“, „сторители“, „акти на насилство“, „дискриминација“, „злосторства од омраза“, „говор на омраза“, „маргинализација“ и слични, за да го артикулираме извештајот и неговите цели.

# РАЗБИРАЊЕ НА КЛУЧНИ ТЕРМИНИ И ТЕОРИСКИ КОНЦЕПТИ

## Хетеронормативност

Хетеронормативноста ја објаснуваме како систем на верувања и практики што ја претставуваат хетеросексуалноста како единствена „нормална“ и „природна“ сексуална ориентација. Ова подразбира не само исклучување на сите други сексуални ориентации, туку и зацврстување на бинарниот систем на родови улоги, со што се ограничува слободата на родово изразување. Овој концепт не е неутрален – тој е политички и културен механизам за регулирање на сексуалноста и за маргинализирање на сите што не се вклопуваат во доминантните норми. Се повикуваме на Џудит Батлер, според кого хетеронормативноста функционира преку регулација на родовата перформативност, наметнувајќи строги општествени очекувања и казнувајќи ги оние што ги предизвикуваат. Овој феномен е суштински за одржување на традиционалните системи на моќ, кој, како што укажува Мишел Варнер, се поврзува со институцијата на бракот како привилегиран простор за хетеросексуалните врски.

## Род

Родот не го разбираме како природен или биолошки детерминиран, туку е општествен конструкт со кој на поединците им се задаваат одредени улоги, однесувања и очекувања. За разлика од биолошкиот пол, кој ги опфаќа физичките карактеристики, родот е динамичен и постојано се менува. Тој е резултат на општествените норми и културните практики што го легитимираат. Според Џудит Батлер, родот не е фиксна категорија, туку

перформанс што се изведува преку јазикот и културните контексти. Историски гледано, родот е основа за системска дискриминација и угнетување, особено за жените и ЛГБТИК+ луѓето, кои често се објективизирани и маргинализирани.

## Родов идентитет

Родовиот идентитет го претставува индивидуалното чувство за сопствениот род, кое може да се совпадне или да се разликува од биолошкиот пол. Тој не е фиксен или универзален, и е континуум што ги надминува бинарните категории. Традиционалните гледишта за родовиот идентитет го ограничуваат просторот за изразување, особено за трансродовите и небинарните луѓе, кои честопати се соочуваат со системска маргинализација. Како што укажува Џек Халберстам, надминувањето на овие ограничувања е неопходно за поткопување на хетеронормативниот систем.

## Сексуалност

Сексуалноста, според Мишел Фуко, е историски и културолошки конструкт што служи за регулирање на моралот, желбите и идентитетите. Хетеросексуалноста, како доминантна норма, не е природен феномен, туку производ на институционални механизми што ја потиснуваат разновидноста на сексуалните ориентации. Оваа „задолжителна хетеросексуалност“, како што укажува Адријен Рич, е поддржана од економски и културни структури кои ја мистифицираат приватноста и ги исклучуваат маргинализираните сексуални идентитети.

## Квир

Значењето на терминот *квир* ја надминува категоријата на тип на идентитет – тој е политичка и општествена позиција што ги оспорува традиционалните норми за родот и сексуалноста. Како чадор-термин, *квир* опфаќа различните идентитети и искуства што ја предизвикуваат бинарната логика на хетеронормативноста. Тој ја прифаќа флуидноста и се стреми да создаде простор за алтернативни визии за иднината, каде што разликите ќе бидат почитувани и прославувани, а не угнетувани.

## Отпор

Отпорот претставува реакција на системското угнетување и начин за предизвикување на доминантните структури на моќ. Тој не е само индивидуален чин, туку често колективен процес што подразбира предизвикување на општествените норми и создавање нови можности за делување. Според Одри Лорд, отпорот бара отфрлање на постојните алатки и стратегии на системот и пронаоѓање нови начини за справување со неправдите. Отпорот, како што вели Батлер, е исто така форма на субверзија на категориите кои ја легитимираат доминантната моќ.

## Насилство

Насилството во овој извештај го толкуваме широко, и тоа како системски механизам за одржување на општествените односи на моќ, што вклучува микроагресии, дискриминација, исклучување, вознемирување, економско лишување и други форми на угнетување што ги зајакнуваат постојните хиерархии. Насилството го разбираме во релација со сексуалноста и родовиот идентетет, како негови основи за одржување на родовата, расната и класната нееднаквост.

## Безбедност

На безбедноста не гледаме како на објективен концепт, туку политички механизам што често се користи за контрола и надзор. Се потпираме на сознанијата на Мишел Фуко, според кого безбедноста функционира како алатка за регулирање на однесувањето и управување со ризиците. Наместо да гарантира слобода, таа често служи за зацврстување на доминантните односи на моќ и ограничување на граѓанските права.

# СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

## Демографски податоци

Извештајот се однесува на територијата на Република Северна Македонија, а испитаниците се со потекло од различни градови низ земјата. Резултатите покажуваат дека од 44 испитаници значително мнозинство од нив, поточно 54,5%, односно 24 лица се од Скопје. Од другите градови низ земјата има значително помалку испитаници: од Кавадарци, Тетово и Подгорица има по 1 учесник (2,3%), додека од Куманово има 3 испитаници, што сочинува 6,8% од вкупниот број. Дополнително, од Велес, Струмица и неколку други места, вклучувајќи го и споменатиот германски град, се 2,3% од испитаниците, што ја истакнува разновидна географска застапеност меѓу учесниците чии искуства влегуваат во извештајот.

Испитаниците главно биле на возраст меѓу 25 и 35 години, што е 45,5% од вкупниот број. Значителен дел, 27,3%, биле на возраст од 18 до 25 години, додека 20,5% од испитаниците биле на возраст меѓу 35 и 45 години. Помала група од 4,5%, биле на возраст над 45 години, а само еден испитаник бил малолетник. Севкупно, поголемиот дел од учесниците се полнолетни млади, со најголема концентрација во возрасната група од 25 до 35 години.

Мнозинството од испитаниците, 86,4% (38 лица), се идентификуваат како Македонци. Двете други застапени етнички групи, албанската и ромската, се подеднакво застапени во податоците, а секоја сочинува 4,5% (2 лица) од испитаниците. Дополнително, 4,5% (2 лица) се идентификувале со Друго.

Мнозинството од испитаниците, 38,6%, се идентификувани како хомосексуалци, 22,7% како хетеросексуалци, 18,2% како бисексуалци и 9,1% се идентификувале со „други“ сексуални ориентации (како што се интерсексуални, неопределени или демисексуални). Еден поединец не дал одговор.

Најголемиот дел од испитаниците, 36,4% (16 лица), се идентификуваат како трансродови мажи или трансродови жени. Следат испитаниците кои се идентификуваат како мажи со 25% (11 лица) и жени со 15,9% (7 лица). Родово небинарни лица се 6,8% (3 лица), додека исто толкав процент, 6,8% (3 лица), се идентификувале како квир. Еден испитаник (2,3%) не се идентификува родово, еден избрал „друго“, а двајца (4,5%) не одговориле на прашањето.

Од 44 учесници, 7 лица, или 15,9%, завршено основно образование. Значаен дел, 21 испитаник (47,7%) завршиле средно образование, додека 14 учесници (31,8%) имаат високо образование. Конечно, 2 испитаници (4,5%) се со магистерски студии, што укажува на релативно мала, но значајна застапеност на напредните академски достигнувања.

Податоците за работниот статус на испитаници откриваат разновидни работни ситуации. Забележителни 36,4% од учесниците, што е еднакво на 16 лица, работеле како хонорарци, 18,2% (8 испитаници) биле вработени со договор за работа, 7 или 15,9% биле студенти, додека 6 испитаници (13,6%) посочиле дека се невработени, што значи дека активно барале работа. Понатаму, 3 учесници (6,8%) изјавиле дека се неактивни, наведувајќи дека ниту работат ниту бараат вработување. Конечно, 4 испитаници (9,1%) избрале „друго“ како свој работен статус.

Податоците ја откриваат и распределбата на испитаниците врз основа на нивниот просечен месечен приход на домаќинството. Десет испитаници (22,7%) пријавиле дека остваруваат приход од 25.001 до 36.000 денари, 9 испитаници (20,5%) од 36.001 до 50.000 денари, 5 испитаници (11,4%) пријавиле дека заработуваат од 18.001 до 25.000 денари, 2 испитаници (4,5%) имаат приходи од 12.001 до 18.000 денари, а 6 испитаници (13,6%) посочиле приход до 12.000. Осум испитаници (18,2%) се изјасниле дека нивниот приход надминува 50.000 денари. Севкупно, овие податоци нагласуваат различни нивоа на приходи меѓу испитаниците. Од 44 учесници, 3 лица не дале одговор.

Мнозинството од испитаници не се занимава со сексуална работа, поточно, 75% (33 испитаници) изјавиле дека воопшто не се занимаваат со тоа, 20,5% (9 лица) изјавиле дека повремено се занимаваат со сексуална работа, додека само 4,5% (2 испитаници) тврделе дека редовно учествуваат.

44-те испитаници имаат различни степени на употреба на дрога. Еден испитаник или 2,3% (1 испитаник), посочил дека имаа зависност од дрога, половина од испитаниците (50% или 22 лица) изјавиле дека рекреативно користат дроги, а 47,7% (21 испитаник) изјавиле дека воопшто не користат дроги.

Податоците од анкетата во однос на отвореноста на испитаниците за нивната сексуална ориентација и родов идентитет откриваат проникливи трендови. Значителен дел, 29,5% (13 испитаници) се изјасниле дека се отворени со сите што ги познаваат, 25% (11 испитаници) се отворени со поширок круг на пријатели и семејството, 22,7% (10 испитаници) навеле дека се отворени со блиски пријатели и членови на семејството, и 18,2% (8 испитаници) кои се отворени само со неколку избрани блиски поединци. Конечно, 2,3% (1 испитаник) избрал „Друго“. Од 44 учесници 1 испитаник не дал одговор.

Последно, во однос на тоа колкав контакт имале учесниците со владините субјект, само малцинство од 20,5% (9 испитаници) изјавиле дека биле во контакт со владини функционери или субјекти на локалната самоуправа, а мнозинството, 77,3% (34 испитаници), посочиле дека немале никаков контакт. Од 44 испитаници, 1 испитаник не дала одговор на прашањето. Овие статистички податоци нагласуваат значителен недостаток на ангажираност со локалната власт меѓу учесниците, при што само мал процент имале интеракција со владините тела неодамна.

# ПЕРЦЕПЦИИ НА (НЕ)ПРИФАТЕНОСТА НА ИСПИТАНИЦИТЕ ВО ИНСТИТУЦИИТЕ

Во однос на перцепциите на учесниците за прифаќање или неприфаќање на ЛГБТИК+ лицата во здравствениот систем откриваме дека мал дел, 4,5% (2 испитаници), веруваат дека се прифатени во здравствениот систем и немаат никакви проблеми при добивањето медицински услуги. Спротивно на тоа, 11,4% (5 испитаници) изјавиле дека генерално немаат проблеми, но посочиле дека како ЛГБТИ поединци може да се соочат со проблеми. Значајно мнозинство, 40,9% (18 испитаници), изјавија дека често се среќаваат со различни нивоа на дискриминација, што ја истакнува значајната загриженост во однос на третманот на ЛГБТИ лицата во здравството. Дополнително, 29,5% (13 испитаници) сметаат дека здравствениот систем не прифаќа или дискриминира ЛГБТИ лица, додека 2,3% (1 испитаник) посочиле дека ја кријат својата сексуална ориентација или идентитет. Од 44 испитаници, 11,4% (5 испитаници) не дале одговор на прашањето. Генерално, податоците илустрираат распространето чувство на дискриминација и загриженост кај ЛГБТИ испитаниците во однос на нивниот третман во здравствениот систем.

На прашањето поврзано со (не)прифатеноста на различноста од страна на системот за социјална заштита значително мнозинство, 81,8% (36 испитаници), не дале одговор на прашањето. Меѓу оние кои одговориле, 6,8% (3 испитаници) посочиле дека генерално не се соочуваат со проблеми, но признале дека имаат потенцијални предизвици како ЛГБТИ поединци. Дополнително, 4,5% (2 испитаници) изјавиле дека честопати доживуваат различни нивоа на третман во системот за социјална заштита. Само 4,5% (2 испитаници) се изјасниле дека системот за социјална заштита не прифаќа или признава ЛГБТИ лица.

Во однос на тоа дали ЛГБТИК+ луѓето се мислат дека нивната различност е прифатена или неприфатена од страна на полицијата значителен број, поточно 18 испитаници (40,9%) избрале да не одговорат на прашањето. Меѓу оние кои одговориле, 5 лица (11,4%) изјавиле дека генерално немаат проблеми, додека други 5 (11,4%) посочиле дека често може да наидат на различни форми на третман. Сепак, значителни 12 испитаници (27,3%) се изјасниле дека полицијата не прифаќа и дискриминира ЛГБТИК+ поединци. Дополнително, 4 испитаници (9,1%) изјавиле дека ја кријат својата сексуална ориентација или идентитет. Севкупно, овие податоци илустрираат мешана перцепција за полициското прифаќање меѓу учесниците, при што забележителен дел се соочува со дискриминација.

Резултатите покажуваат и дека 42 испитаници (95,5%) не одговориле на прашањето поврзано со прифаќање или доживеана дискриминација од стана на обвинителството. Меѓу оние кои одговориле, само 1 испитаник верува дека судството не прифаќа и дискриминира ЛГБТИК+ поединци, додека друг испитаник напоменал дека тие ја кријат својата сексуална ориентација или идентитет.

Слична е ситуацијата и со перцепцијата за прифаќање или неприфаќање на ЛГБТИК+ луѓето во областа на судството, каде значително мнозинство, 39 учесници (88,6%) избрале да не одговорат на прашањето. Меѓу оние кои одговориле, само 2 лица (4,5%) изјавиле дека генерално немаат проблеми, додека други 2 испитаници (исто така 4,5%) навеле дека често се соочуваат со различни видови третмани. Само 1 учесник смета дека судството не прифаќа и дискриминира ЛГБТИК+ поединци.

Во однос на перцепцијата за прифаќањето од страна на Управата за матична евиденција значително мнозинство, поточно 40 учесници (90,9%) се одлучиле да не одговорат на прашањето. Меѓу оние кои одговориле, само 1 поединец (2,3%) верува дека трансродовите лица се третираат со почит од Канцеларијата. Дополнително, уште 2 испитаници (4,5%) сметаат дека честопати наидуваат на различни видови третмани, додека 1 учесник (2,3%) изрази мислење дека Управата не прифаќа или дискриминира трансродови лица.

Перцепциите поврзани со другите државните власти укажуваат на тоа дека значително мнозинство, 38 лица (86,4%), избрале да не одговорат на прашањето. Меѓу оние кои одговориле, 3 учесници (6,8%) изјавиле дека често наидуваат на различен третман. Други 3 испитаници (6,8%) сметаат дека државните органи не прифаќаат и дискриминираат ЛГБТИК+ поединци. Овој податок ја истакнува забележливата неподготвеност кај учесниците да се вклучат во темата на дискриминација, со доминантен фокус на молкот во однос на нивните искуства со државните институции.

Особено високиот процент на лица кои не одговориле на прашањата врзани за перцепцијата кои се однесуваат на судството, обвинителството, Управата за матична евиденција и другите државни власти произлегуваат од фактот дека повеќето од испитаниците немале контакт со овие институциите, или доколку доколку пријавиле случаи на насилство – тие случаи не стигнале до овие повисоки инстанци.

# ОБРАЗОВАНИЕ

# ОБРАЗОВАНИЕ

## Квантитативен пресек на податоците

Во интервјуата со ЛГБТИК+ лицата се мапирани **82 случаи** на насилно однесување во образованието кои се случиле периодот од 2021 до 2023 година. Од нив во 30 случаи сторители се соученици, во 11 образовниот кадар, во 26 случаи образованиот кадар и соучениците, во 13 случаи образовната институција и во 2 случаи други.

Од 44 интервјуирани лица 22 пријавиле дека во извештајните три години имале контакт со образовна институција (приватана или јавна), додека 21 лице пријавило случај на некаков вид на насилство во образование. 95% (сите освен едно лице) од ЛГБТИК+ лицата кои пријавиле дека имале контакт со обрзовна институција во изминатите три години пријавиле некаков вид на насилство или повреда на права поради сексуалната ориетација и/или родовиот идентитет. Во просек, ЛГБТИК+ лицата кои пријавиле контакт со образовна институција во последните три години пријавуваат по 4 случаи на некаков вид на насилство или повреди на права поради сексуалната и/или родовата различност. Дури и ЛГБТИК+ интервјуираните лица кои немале контакт со образовни институции во последните три години често споделуваат приказни на булинг во образование.

Според родовиот идентитет и/или сексуалната ориентацијата жртвите во овие случаи се: 28 трансродови (вклучително и интерсекс и родово небинарни лица), 17 лезбејки, 11 геј мажи, 17 квир и 8 бисексуалци. По етничка структура, сите жртви се Македонци, еден е Албанец и еден „друго“.

Според местото на случување, најголем дел од случаите се од Скопје 48, потоа Прилеп 23, по 4 од Куманово и Крушево, еден случај онлајн, а за два нема одговор.

Согласно видот и интензитетот на насилството и другите повреди на права случаите се категоризирани како: 34 случаи на вознемирување; 5 на сексуално вознемирување; 16 случаи на булинг; 6 на микроагресија; 1 случај на говор на омраза; 1 како насилство од омраза; 10 како дискриминација врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет; 1 сексуален напад; и 8 случаи како „друго“. Во случаите се испреплетуваат повеќе типови на повреди, најмногу психолошко, вербално и социјално насилство, но категоризирани се согласно елементите кои доминираат во случајот.

Во најголем број на случаите основата е сексуалната ориетација и родовиот идентитет (40), во 21 случај само сексуалната ориентација, во 17 родовиот идентитет, во 3 случаи е политичкото мислење кое секако е поврзано со квир идентитетот на жртвите, а во еден случај е комбинација од етничката припадност и квир идентитетот.

На прашањето за прифаќањето на сексуалната или родовата различност во образованиот процес, најголем број од испитаниците пријавуваат средно ниво на прифаќање, односно сметаат дека до некаде биле прифатени иако чувствувале различен третман, озборување и избегнување. Тројца испитаници сметаат дека биле прифатени и имале поддршка од соучениците и од персоналот; 8 сметаат дека биле прифатени од повеќето, само неколкумина имале проблем со нивната различност; 5 сметаат дека донекаде биле прифатени, но сепак чувствувале различен третман, нелагодност, избегнување од повеќето; 2 сметаат дека не биле прифатени и немале поддршка; а 3 ја криеле својата различност поради страв од неприфаќање.

Претставниците на институциите и давателите на услуги од здруженија на граѓани сметаат дека насилството кон ЛГБТИК+ лицата во образованието е често. Дел од нив истакнуваат дека најголем дел од ЛГБТИК+ луѓето со кои работеле споделуваат искуства на насилство, неприфаќање и булирање во образовниот процес уште од најмала возраст. Притоа се работи за континуирани, последователни искуства на булинг кои го обележуваат детството и младоста на ЛГБТИК+ лицата, а понатаму влијаат на нивниот развој и ментално здравје. Во овие интервјуа беа споделени и искуства со дискриминаторски содржини во учеб-

ниците, дискриминација кон ЛГБТИК+ преку правилата за облекување и говор на омраза кон ЛГБТИК+ лица на социјалните мрежи од страна на вработени во училишта.

# ДЕСКРИПТИВНА АНАЛИЗА

## Булинг

Под категоријата булинг се анализираат случаите каде жртвите подолг временски период се соочувале со повеќе видови на насилство, односно насилството континуирано се случувало во текот на образовниот процес од страна на иста или слична група соученици и/или наставници.

Од 16 случаи во категоријата булинг, 14 се во средно образование, а 2 во основно образование, сите во јавни училишта. Случаите во основно образование се кон трансродови деца. Од овие бројки не можат да се извечат значајни заклучоци бидејќи извештајот е ограничено на случаи на насилство во изминатите три години. Оттука, доколку некое ЛГБТИК+ лице било вклучено во средно или основно образование пред три години, искуствата нема да бидат земени предвид во овој извештај, иако во интервјуата ЛГБТИК+ лицата зборуваат за булинг кој се случувал порано, додека биле во средно или основно училиште. На пример, геј маж од Прилеп под шифра „Телефон“ споделува случаи на вербално и психолошко насилство за време на студиите во Скопје, а искуството во средното училиште го опишува на следниов начин:

> „Кога на пример десет души ти викаат педер - не ти се иде на училиште, не сакаш да ги гледаш тие работи. А на крајот од денот не можеш да си дозволиш приватно образование, а во државно образование имаш секој тип на луѓе. Сум бил као ‘е сега зашто да трпам тука хомофобија, зошто да го трпам тоа, нема да идам на овој предмет, нема да идам на овој час’. Имало такви проблеми, тоа се случувало во средно во почетоците, дури не те навикнат. Дури не те навикнат they will destroy the shit out of you.“ (код: Телефон, геј маж, 23 години)

Булингот се случува преку исмејување, навредување, дофрлање, озборување, избегнување, закани за насилство и онлајн булинг. Најбруталните случаи на булинг се кон транродови деца и еден кон геј момче. ЛГБТИ лицата зборуваат дека булингот почнува уште од школскиот двор во форма на дофрлување, покажување со прст, имитирање и исмејување, до отворени навреди поврзани со сексулноста или родовиот идентитет. Соучениците ги избегнувале, не сакале да седат до нив во клупа, поради што тие често седеле сами и физички се движеле настрана од групата. За време на одморите и по часовите никој не се дружел со нив, никогаш не ги викале на кафе, а кога ќе ги викнеле тоа било за да се исмејуваат со нив.

„Јас се чувствував како избегната, дека не сум како другите деца, никој не сакаше да седи до мене, ме навредуваа, ме избегнуваа во друштво или не ме викаа, или кога ме викаа се исмејуваа со мене. Од класот никој не ме викаше на одмори, сите ми се смееја, беше многу непријатно. За ова разговарав со родителите, но ни тие не знаеја како да ми помогнат, не знаеја што се случуваше со мене, како се идентификувам... Одев кај психолози и психијатри, надвор од школото, бев ставена на лекови. Редовно си земам терапија и ок е сè.“ (код: Лана, транс девојка, 16 години)

Две транродови девојки пријавуваат дека добивале директни сериозни закани од страна на соученици со зборовите „ќе те убијам, ќе те силувам“. Во друг случај, лезбејка континуирано слушала како соученик искажува отворена омраза и повици за насилство кон ЛГБТИ луѓето, велејќи им „вие сте сите грозни како луѓе, треба да ве истребат“ и замавнувал и плукал кога пред него ќе поминелеЛГБТИК+ соученици. Овие коментари се случувале и пред професори кои не реагирале соодветно.

Насилството се случува и преку искажување на гадење кон ЛГБТИК+ лицата, сведување на нивното искуство на сексуален однос, коментирање на истополовите сексуални односи како гадни и одвратни, поставување на крајно интимни прашања во врска со сексуални искуства и слично.

„Гадење, озборување, избегнување - радознали се ама не се комотни и лично им е грозно, многу непријатно, како сме мо-

желе тоа да го правиме. Конкретно пред да дојде професор на еден час седиме и само прашуваат какви биле тие работи, како имале секс...“ (код: Роса, бисексуалка, 19 години)

Во некои случаи избегнувањето резултира со целосно исклучување од социјалната група. Една транс девојка која завршила средно образование во помал град, споделува дека соучениците се срамеле од неа и никогаш не ја викале на дружба после часови, по што таа сама си одела дома и пробувала да ги разбере таквите однесувања. Друга транродова девојка од поголем град раскажува искуството кое ѝ се случило за време на полуматура. Кога поради КОВИД-19 полуматурантските прославиле биле откажани, од нејзиното одделение соучениците сами организирале прослава на која таа не била поканета. Откако дознала за прославата се обратила кај класната раководителка и се пожалила, на што таа ѝ кажала дека не може ништо да направи. По неколку дена видела фотографии од прославата на кои соучениците заедно со класната раководителка и други професори се забавуваат и прославуваат.

„За полуматура, бидејќи беше во КОВИД 2020 беше откажана од школото, сите се бунеа зошто нема... ама после тоа цело школо и мојот клас се договориле сами да организираат матура, само јас не знаев за тоа. Дознав на два три дена пред матура и одам кај професорката и се пожалив дека не е фер сите да организираат и мене да не ме поканат, и класната ми вика ‘па не знам што да ти кажам, треба со нив да разговарам, јас не можам ништо’. И после неколку дена гледам на слики дека сите се на матура, се забавуваат со класната и сите професори се таму, али никој не му текна да ме викне.“ (код: Лана, транс девојка, 16 години)

Основните и средните училишта се клучни простори за социјализација. Социјалниот живот на децата се одвива воглавно во и околу овие институции. Прославите како матури, полу-матури и други училишни забави се клучни социјални настани за децата и адолесцентите. Исклучувањето од овие настани претставува исклучување од општествениот живот во заедницата како социјално насилство со трауматски последици кон ЛГБТИ лицата. Во некои случаи булингот доаѓа континуирано од еден соученик или една група, а во други целото училиште е вклучено, учествува или со-учествува во булингот.

„Не можам да издвојувам индивидуално...дека тоа идело од некој, дека идело од некој конкретно, туку одело генерално... значи секојдневно смеење, не можев во ходник да се движам. Повеќе беше од групи, имаше помасивна позадина. Беа цели класови, цело друштва, цели такви јадра на луѓе од кои идеше тоа... тие навреди кон мене, не можев по ходник сам да се движам, бев секогаш со другарка. Секогаш кога идев до WC морав да имам друштво just in case, многу често се пресоблекував во женска соблекувална...не ни одев на спорт, одев во женска соблекувална, во женско WC...не можев по ходник сам да се движам, бев секогаш со другарка.“ (код: Сирена, квир, 19 години)

Од училниците и ходниците булингот преминува во онлајн просторот. Навредливи коментари, исмејување, сликање и споделување на сликите и видеата со навредливи и деградирачки коментари, озборување во групи и слично, се дел од искуствата. Во еден наврат, соученици снимале транс девојката како „тверка“, а потоа видеото без нејзина согласност го ставиле на социјални мрежи каде се
ределе навреди и исмејувања. Таа и нејзините родители биле повикани од стручните соработници од чија страна таа била обвинета за недолично однесување, додекачилиштето не препознало никаков проблем во постапките на соучениците кои континуирано ја булирале. Во друг случај, геј момче било постојано онлајн булирано од соучениците  кои му пишувале коментари со говор на омраза, му честитале 8 Март, „втори втори“, и направиле мим со него кој го споделувале.

Неколку ЛГБТИК+ жртви на булинг зборуваат и за нивните прогресивни политички ставови како дополнителна причина за избегнување, исмејување и етикетирање. Младите ЛГБТИ луѓе кои се аутирани и социјализирани во ЛГБТИК+ заедницата и кои понатаму имале прилика политички да се еманципираат природно имаат попрогресивни ставови од мнозинството кои ги манифестираат и во училиштето. Овие ученици вообичаено не се религиозни, ги преиспитуваат правилата и нормите во училиштето, се спротиставуваат на авторитети и гласно зборуваат за правата на младите. Поради ова тројца испитаници потенцираа дека дополнително биле етикетирани како „фрикови“ од страна на врсниците. Оттука, иако прогресивни политички ставови не се нужно врзани со квир идентитетот, можат да бидат поврзани и да се јават како негова манифестација.

„...поконкретно, начинот на однесување затоа што сум квир, се облекувам помаженствено, јас лично така се експресирам, или имам по отворени мисленја, по open minded сум и сум повеќе левичарка или мојата квирност се експресира во други сегменти од мојот живот што не се поврзани со романтичност или сексуалност, и тоа заедно со други маргинирализирани идентитети, атеизам, ментални проблеми, некој вид на проблем со фокус и проблем со емоционална регулација, проблем со анксиозност, перфекционизам, сето тоа ме прави да сум чудна за многу луѓе. И некогаш сум чувствувала не толку избегнување колку осудување и озборување, на пример зборувам нешто со нив, нешто кратко зборуваме и си одат и знам дека зад грб ме озборуваат.“ (код: Роса, бисексуалка, 19 години)

Овие ученици немаат поддршка ниту од страна на образовниот кадар. Во училиштето не се стимулира критичко размислување, напротив, овие ученици се осудувани и третирани како проблематични од страна на училиштето. Наставниците не го препознаваат критичкото размислување и изразувањето на различни политички ставови како добра карактеристика. Наместо да поттикнуваат аргументирана дебата, наставниците чии ставови се предизвикани стануваат суетни. Во некои случаи и го менуваат односот кон овие ученици, ги сметаат за дрски затоа што им се спортиставиле и ја користат својата позиција на моќ за да се одмаздат. На тој начин стимулираат едноумие, го поставуваат својот авторитет како апсолутен и ги одржуваат патријахалните норми во училиштето.

Во повеќе случаи и наставниците се дел од силеџиите. Освен што не постапуваат за да ги заштитат жртвите и молчат кога булингот се случува пред нив, во неколку случаи клучниот силеџија е дел од наставниот кадар. Во еден случај професорка постојано влегувала во конфликт со квир ученик, изразувала хомофобични ставови на Фејсбук на што се дополнувал и директорот во училиштето, барала од другите соученици да го игнорираат, го обвинувала дека постојано го „реметел“ часот, иако тој свесен за состојбата, бил превнимателен и се трудел да не ѝ го привлече вниманието. За да го избегне овој третман, ученикот не одел на нејзините часови што резултирало со помал успех. Во друг случај, професори директно го булирале квир ученикот.

„Имавме професор што ми предаваше физика и еден друг што фала богу не ми предаваше филозофија...ака, кога и да поминував до канцеларија да барам некој професор тие двајцата ми се смееја, во стилот на ‘дојде педерот, дојде педерот’, као, цело време од нив имав backlash, дури ми се случуваше и на часови тој по физика што ми предаваше да ми дофрли нешто као ‘што си унаказен ми викаше, срамота е вака да се шеташ’ и такви ствари. Така да од многу професори имав backlash...“ (код: Сирена, квир, 19 години)

Во четри случаи булингот станува интензивен и се состои од секојдневно психолошко и вербално малтретирање. Во два од овие случаи насилството резултира со прекинување на редовното следење на образовниот процес на подолги периоди. На пример, транс девојче од 7мо одделение ја почнува физичката транзиција и оттогаш престанува да оди на училиште. Во интервјуто вели дека наставата ја следи онлајн поради дискриминација и булинг кон неа, но не е јасно на кој начин училиштето дошло до ова решение, кога тоа е целосно надвор од законската рамка, а онлајн наставата не беше возможна пред здравствената криза со КОВИД-19. Иако немаме дополнителни информации на кој начин се одвивало следењето на наставата, можеме да замислиме дека училиштето за да не се справува со ситуацијата - го предложило или се согласило на ова. Кога, како во овој случај, училиштата сметаат дека  транс девојчето е проблем само по себе, тие се „решаваат“ од проблемот на наједноставен начин за нив, и заклучуваат дека е „најдобро за сите“ физички да го остранат од училиштето. Преземањето на мерки за да се спречи и заштити од булинг нужно значи преиспитување на сопствените вредности и стереотипи во врска со трансрдовоста. Оттука, училиштето нема ниту волја, ниту капацитет да понуди решенија кои ќе го овозможат правото на образование под еднакви услови. Во секој случај, во овие ситуации однесувањето на училишниот кадар никогаш не е ставено на испит. Во рамки на наставните колективи, наставниците често „си го чуваат грбот“, наместо да се залагаат за најдоброто на учениците, особено ако се тие трансродови деца. Многумина од нив креваат раменици, ја вртат главата на другата страна, се втопуваат во колективот и гледаат како самите да не бидат перципирани како предизвикувачи на проблеми. Дури и малкуте наставници кои можеби

имаат изградено позитивни односи со трансродовите ученици, ретко застануваат во нивна одбрана, со што дозволуваат мислењата и постапките на наставниците малтретираат да доминираат.

## Вознемирување

**Најголем број од случаите (34), се квалификувани како вознемирување.** Во овие случаи најчесто станува збор за конкретни инциденти на вербално, психолошко и социјално насилство сторени преку навреди, закани и дофрлувања врз основа на сексуалната ориентација и родовиот идентитет, континуирано обраќање во погрешен род или со „мртвото“ име, критикување на физичкиот изглед и давање на насоки за „нормализација“ и други акти преку кои се создава непријателска и застрашувачка средина и преку кои се повредува достоинството на ЛГБТИК+ младите.

Во 16 од овие случаи сторители се наставници и професори. Најчесто станува збор за отворени хомо/транфобични коментари и ставови насочени генерално кон ЛГБТИ заедницата.Во неколку случаи наставниците знаеле за сексуалната и родовата различност на ученикот/чката и јасно е дека коментарите биле наменети за конкретен ученик. Во еден случај се работи за транс момче кое е аутирано во училиштето и кое знае дека за него има различни дискриминаторски кометари и озборувања помеѓу образовниот кадар. Професорот по биологија на часот коментира дека „Во нашата младина има еден куп машки кои што се преправаат дека се женски и тие немало никогаш да бидат женски, и обратно.“ Притоа погледнал во транс ученикот за да стави до знаење дека за него се однесува. Во повеќе случаи професорите изрзуваат хомо/транфобични ставови како осудување на Парадите на гордоста, изјави дека „ЛГБТИК+ луѓето се ментално болни“, дека „имаат хормонален дисбалнас“, дека „не смеат да бидат родители“ и слично.

„Прашањето ѝ [на професорката на факултет] беше дали сметате дека хомосексуалците на пример може да бидат здрави родители зошто нели они имаат хормонален дисбаланс и ја и викам исто како вашата хетеросекуслност не се должи на хормонален дисбаланс исто и хомосексуалноста. И од тогаш па натаму сѐ до испитот имаше различен одонос со мене, знаеш помалку... онака помалку интеракција помалку сѐ. И на испитот ја чекавме саат и пол и кога почна испитот не можев да издржам до тоалет да отидам ја замолив дали може ве молам до тоалет. Да, може. 2 минути ме немаше - кога се вратив не ми даваше да си го завршам испитот и ми рече јас сум одлучила да си искочам без прашање без ништо, иако пред цел амфитеатар значи... И дојде, имаше цел mental breakdown, дојде и директорката на институтот ...“ (код: Sunstone, лезбејка, 26 години)

„Да, дефинитивно.Од ученици низ цели муабети и дискусии што се има случувано на настава. Од професори што се хомофобични, озборување, за тие теми, против тие теми и кажување на некои начини за смена на хомосексуалноста и како таа не е природна, и сите тие работи опфатени и плус совети за како може да се смени хомосексуалец.“ (код: 333, 18 години, лезбејка)

Давање на насоки за конформирање е честа практика. Во еден случај професор континуирано и коментирал на ученичката, лезбејка, како треба да го смени начинот на облекување бидејќи со начинот на облекување провоцирала и поради тоа некој ќе помислел дека спаѓа во некоја група која според него не била прифатлива, потоа коментирал дека треба да го промени друштвото итн. Овие коментари биле јавни, пред сите во класот и често се случувале, а притоа на сите им било јасно дека мисли на нејзината сексуална ориентација, иако тоа не се кажувало експлицитно. Во друг случај наставникот по спорт викнал квир момче во својот кабинет за да го советува дека треба да стане помажествен, да оди во теретана, да се дружи со машки бидејќи животот станувал сѐ по сериозен. Со изказот наставникот сакал да стави до знаење дека бидувањето квир или геј е несериозна, тинејџерска и пролазна работа што може да се промени ако се применат неговите совети. Овие практики, иако доаѓаат од луѓе кои не знаат поинаку, се вознемирувачки за ЛГБТИ младите бидејќи јасно ја праќаат пораката дека нивниот идентитет е

неприфатлив, срамен и „ненормален“, и дека тие се проблемот. Кога наставниците им даваат совети на учениците да бидат помажествени или поженствени, тоа секогаш се претставува како некаков сигурен рецепт за успех. Подучувањето дека квир луѓето треба да се „ослободат“ од своето различно сексуално или родово изразување и да „завршат“ со тоа, како да станува збор за донирање на старо парче облека, а не најинтимно телесно и емоционално себе-изразување и разбирање, е исто така претставено како нешто што мора да се направи веднаш, пред тие да влезат во „сериозниот“ живот на возрасните. Наставниците честопати ги заплашуваат квир младите дека ако не се променат и да излезат од нивната „преодна“ фаза, ќе се соочат со проблеми во иднина. Наместо да бидат дел од општествената промена и да осигураат дека нивното училиште е безбедно место каде квир луѓето ќе бидат прифатени и ќе уживаат еднакви права како сите останати, тие стануваат иницијатори на насилството.

Надворешниот изглед е во фокусот на вниманието на воспитно-обрзовниот кадар особено кога се во прашање транс девојчињата. Правилата за облекување во училиште сами по себе се родово несензитивни и дискриминаторски кон транс децата. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација постапуваше по претставка од страна на Коалиција Маргини за кодексите за облекување и утврди дискриминација на повеќе основи, помеѓу кои и родов идентитет. Барањата децата да се носи кратка коса, да не се носи шминка, да не лакираат нокти и да се прикриваат делови од телото - се применуваат за конформирање на децата согласно полот назначен при раѓање. Притоа, училиштата немаат предвид дека за транс девојчињата шминката, облеката и долгите нокти се клучен дел од родовиот идентитет и се дел од процесот на транзиција.

> „Бидејќи јас почнав од седмо да си ја пуштам косата, да се шминкам, и тоа го приметија на школо. Имаше чудни погледни, со неодобрување. Ми беше кажано да не се шминкам, ставав малку шминка и дискретно, девојчињата повеќе се шминкаа од мене.“ (код: Лана, транс девојка, 16 години)

Случаи на хомофобично и транфобично вознемирување има и од страна на професори во високото образование. Повеќето случаи во високо образование се еднократни инциденти, освен

еден случај каде вознемирувањето се случувало во повеќе наврати. Во овој случај освен вознемирување има и други облици на насилство и повреди на права. Се работи за лезбејка, студентка по психологија која го опишува своето искуство со поранешниот професор од Институтот за психологија, Благоја Јанаков, во јавноста познат како гласен хомофоб. Во неговите скрипти, кои се единствен материјал по неговите предмети, за ЛГБТИК+ луѓето се зборува како за умоболни и штетни за општеството. Неговиот материјал и ставовите што ги изразува на предавањата сами по себе претставуваат дискриминација и повреда на правото на образование кон сите студенти. Но, кога се во прашање ЛГБТИК+ студенти проблемот преминува во психолошко, вербално насилство кон нив, вознемирување и нееднаков третман во областа на образованието. ЛГБТИК+ студентите немаат можност да не ги одберат неговите предмети, тие мора да го слушаат, а од нив се бара и да ги научат и репродуцираат неговите хомофобични ставови. Во случајот студентката ревносно се борела против материјалите и ставовите на професорот, пробувала да разговара со него, да аргументира и се надевала дека може да преземе нешто за да ја промени состојбата. Континуирано го пријавувала, но без резултат. И пред студентката да го пријавува за проблематичните содржини и ставови, Коалција Маргини иницираше постапки за заштита од дискриминација пред Народниот правобранител и пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, а за време на нејзиното студирање започна и судска постапка за дискриминација. Притоа, на Институтот по психологија ова не е единствен предмет со хомо/трансфобични содржини. Коалиција Маргини има иницирано постапки и против три други учебници од овој институт. Студентката пријавува дека вакви ставови биле искажувани од страна на уште двајца други професори на предавања и на конференција. Оттука, не станува збор само за конкретниот професор, туку за цел институт и факултет во кој доминираат хомо/трансфобични ставови и кои континуирано застануваат во нивна одбрана и одбиваат да преземат мерки.

„Мислам он (Јанаков) си ја имаше книгата, која не беше научен труд пошто имало лични ставови, ама сепак се предаваше на нас како единствен материјал и кога стигна до делот за хомосекуалноста тоа било - хомосексуалноста не постоела кај нас, туку била резултат на финансиска поддршка

од Западот. И мал милион други работи, како жени сакале кратки коси, како никогаш не можеле да бидат не знам што, секакви грозотии и секојпат јас кога ќе кренев рака да пробам нели факти да кажам секој пат бев shut down и ми беше кажано дека essentially не знам за што зборам и ја викам не е така само. И отидов кај него во канцеларија таму беше присутна и асистентката и му реков професоре срамота е да го учиме ова кое што е толку штетно за студенти, не само за геј студенти туку и за стерјт студентите што ги учите дека ова се геј луѓе... И му реков дали доколку јас ви донесам значи современи истражувања, зошто он зимаше истражувања кој не беа релевантни, не беа валидни, едноставно не беа истражувања што се реални, и он ми рече - вие со вашето постоење штетите на 90% од планетата, тоа не е нормално и дека ја можело сама да си напишам книга па да ја предавам на кој сакам. И тука продолжи со приказната како знаеле и тие двајцата студенти на пост дипломски дека не било нешто нормално во нив и не било здраво и затоа и не можеле да положат они кај него. И они положиле тек откако он им помогнал и веќе не биле хомосексуалци. А ја викам вие како им помогнавте? Тоа е приватно.“ (код: Sunstone, лезбејка, 26 години)

Ова се настаните кои студентката ги доживува од поднесувањето на тужбата против учебниците на Јанаков. Во тој момент тој е веќе официјално пензиониран,без да им стави оцнки на студентите, што само по себе е спорно. Освен тоа, тој сè уште имал пристап до службениот маил и барал сите што знаат да му пратат информација што студентите коментирале за него. Повеќето биле уплашени и се почувствувале уценети бидејќи сè уште немале оценка.

„Кога се дешаваше тужбата он немаше спуштено оценки, на последната генерација што он беше. И он пиша мејл до сите координатори да ми пуштите и позитивните и негативните коментари од сите студенти за да знам што се зборува за мене. И он уствари мобинг прај од професионален маил даден од факултет. Јас кога и отидов на ИКС (раководителка на институтот) и реков како е ова нормално он е пензиониран. И викам како е пензионирам кога нема стаено оценки уште? Ова е класика уценување, да не може човек да си каже став. Ја тогаш и собирав, почнав да собирам никој нејќеше да ми

се придружи на писмото од страв за оценката. На крај сама си отидов класика тоа и пак никому ништо мислам. Тоа е.“ (код: Sunstone, лезбејка, 26 години)

Како резултат на сите овие искуства на вознемирување, недостаток на поддшка и непреземањето мерки од страна на одговорните, студентката губи мотивација и своето искуство со студиите го опишува вака:

„Прво у втора година имав средба со Јанаков што тотално ме направи да имам breakdown и тогаш прекинав да одам по предавања, прекинав да имам мотивација за сѐ, прекинав да бидам into all the things happening на факултет, значи прекинав да се пијавувам на работи. Едноставно одбивност ми створи кон факултетот затоа што очекуваш кога одиш таму очекуваш прво психологија, друго луѓе да имаат као друг стандард за тоа што значи да си ти човек. Ама не, као многу е полошо. Ќе си речеш некој што е свесен не, многу беше полошо, многу ужас беше и само сакам да го завршам и да си отидам и да го оставам позади себе.“ (код: Sunstone, лезбејка, 26 години)

Во однос на обраќањето во соодветен род и име, повеќето трансродови лица изјавуваат дека воглавно тоа не било почитувано од страна на училиштето и соучениците, но сите имаат и по некој професор, соученик или стручен соработник кој го почитувал името и родот на обраќање. Вакви искуства се пријавуваат и во високо образование. Малолетните ЛГБТИК+ лица, доколку немаат поддршка од родителите не можат сами да го променат името во личните документи, па дури и ако се аутираат во училиштето постојатно ќе им се обраќаат со мртвото име. Една трансродова девојка читањето на сите ученици по дневник го опишува како крајно вознемирувачко. Освен што сама слуша дека ѝ се обраќаат со мртвото име, кога ќе го прочитаат нејзиното име соучениците ја исмејуваат и дофрлуваат. Друга трансродова девојка изјавува дека чека да го заврши средното образование за да го промени името во лични документи со цел да ја избегне постапката за промена на името во училиштето.

Вознемирувањето уште почесто се случува од страна на соученици, најчесто преку коментари, озборување и дофрлување. Неколку ЛГБТИК+ лицата зборуваат за ова како за континуирана,

нормализирана практика која ги следи низ образовниот процес. Во еден случај откако се аутирал пред групата колешки од факултет со кои се дружел, една од нив која била порелигиозна, му зборувала дека неговото семејство ќе оди во пеколот, му понудила книги за да се промени кои секако ги одбил, но ситуацијата кулминирала со вербални навреди по што престанеле да се дружат. Истиот геј маж изјавува дека постојано слушал коментари и озборувања за неговата сексуална ориетација.

„Искрено, веќе сум навикнат и не сум толку изненаден.“ (код: Симон, геј маж, 18 години)

Интервјуираните споделуваат случаи на вознемирување и во неформално образование, како младински проекти, обуки и курсеви. Во еден случај бисексуална девојка била тим лидер во Еразмус проект, а во нејзиниот тим имало и врсник со хомофобични ставови кои ги изразувал кон друг учесник во пректот, геј маж од Грција. Отворено поромовирал насилство кон ЛГБТИК+ луѓето и кога не успеал да собере поддршка за неговите ставови - се жалел дека е неприфатен и неразбран. Во друг случај врсниците коментирале дека не можат да го поднесат квир лицето и дека е „too much“, „ептен педер“ и слично.

## Сексуално насилство

Во категоријата сексуално вознемирување има 5 случаи, од кои 4 се поврзани со сексуалната ориентација и родовиот идентитет. Еден случај е категоризиран како обид за сексуален напад. Во два случаи кон транс момче и кон лезбејка се работи за корективно сексуално насилство, односно целта на понудите за интимни односи е да се смени сексуалната ориетација и родовиот идентитет. Лезбејка настојчиво и повеќепати е контактирана од соученик кој ѝ вели дека е убеден дека може да ја промени нејзината сексуална ориентација откако ќе има сексуален однос со него и покрај бројни укажувања од страна на девојката дека не е заинтересирана. Во другиот случај транс момче било сексуално вознемирувано од машки колеги од факултет, кои барале негов број, го контактирале и му испраќање „дик пикс“.

Во друг случај, транс момче добило коментар од професор дека се облекува многу маженствено и дека не можат „да ѝ се видат“

контурите на телото. Коментарот маскиран како „шега“ за да звучи побезопасно, освен што укажува на неприфаќањето на родовиот идентитет, зборува и за личниот сексуален интерес на професорот за телесноста на ученикот.

Во последниот случај училиштето имало директна одговорност во непрепознавањето на родовиот идентитет, бидејќи транс жената морала да ја користи машката соблекувална каде континуирано била изложена на сексуално вознемирување, коментари, вулгарни предлози за сексуални односи и заканување, вадење на половиот орган и слично. Оваа состојба колуминирала со обид за сексуален напад. Во интервјуто нема повеќе информации за случајот, бидејќи транс жената очигледно не сака да се навраќа и да споделува дополнителни информации за случајот. Истата трансродова жена споделува дека добила непосакувани предлози за интимни односи и од страна на професор.

## Насилство и говор на омраза

Во сите случаи во областа на образованието предрасудите и омразата кон ЛГБТИК+ луѓето се основа или мотив за насилството. Но, во овој дел се категоризирани еден случај каде има физички напад и друг случај во кој поради контекстот доминираат елементите на говор на омраза.

Физичкото насилство кон ЛГБТИ младите во и околу училиште се споменува во четри интервјуа. Но, само еден случај е во временскиот период од три години.

Во случајот се работи за трансродово девојче кое поради булинг и дискриминаторски третман подолго време не одела физички во основно училиште. Собрала храброст физички да се врати во училиштето во 9то одделение, но булингот, избегнувањето и исмејувањето продолжило. Кога еден нејзин соученик избегал од час, таа ѝ кажала на професорката дека тојбегал само од нејзините часови, по што останатите веднаш му кажале и тој физички ја нападнал, ја фатил за коса и ѝ ја удрил главата од клупа. По ова случување, останатите соученици, вклучително и наставниците, го оправдувале и застанале на страната на ученикот кој го извршил насилството. Во случајот иницијалниот

мотив за насилството е издавањето. Но, сторителот си дозволил физички да го нападне трансродовото девојче бидејќи во училиштето постоела атмосфера во која тоа е дозволено, па дури и посакувано. Тој знаел дека нема да биде казнет и осудуван, напротив - дека ќе испадне херој. Малку е веројатно дека сторителот ќе применел физичко насилство доколку друга соученичка би го „издала“. Оваа претерана реакција е директно стимулирана од омраза кон транс девојчето, овозможена и поттикната од целата трансфобична атмосфера во одделението, каде и најмалите „грешки“ на транс децата најстрого ќе се казнат. „Издавањето“ е само повод, додека причината за насилството е транфобијата континуирано манифестирана во училиштето од страна на соучениците и наставниците.

> „На другите не им беше гајле, сите го гледаа тоа и никој не реагираше. После тоа другите ме задеваа ‘ааа он убаво те фати, те лупаше’ кога ќе ме видеа во школо или во чаршија. Ѝ кажав на класната, ништо не направи. Очекував дека она ќе направи нешто, но таа ми рече дека ‘јас сум нестабилен, да не зборам така, не ми е он крив, да не плачам’...“ (Лана, трансродова девојка)

И самата жртва го поврзува случајот со нејзиниот родов идентитет и го прикажува како дел од серија случаи на насилство со кои ѝ се покажува дека не е прифатена и дека не припаѓа. Транс девојката раскажува дека сторителот претходно ѝ бил другар, дури и дека ѝ се доверил дека е бисексуалец, што дава дополнителна димензија. Насилството кон транс девојката станува стратегија за да се прикрие својата сексуална ориентација и да се докаже сопствената маженственост. Момчето сторител ја примило пораката од средината дека доколку не сака да биде мета на булинг како транс соученичката, мора да се конформира. Ова доведува до авто-стигматизација, страв од сопствениот идентитет и манифестација на овие внатрешни борби преку трансфобично насилство. Трансфобичниот булинг треба да се земе предвид и во однос на неговото пошироко влијание во средината и заедницата. Меѓудругото, неговата цел е зацврстување и одбрана на патријахалните норми и практики. Пораката до сите оние кои сведачат на булингот е дека отстапките од родовите норми строго ќе се санкционираат. Ова ги замолчува и ги спречува сите останати соученици да изразат солидарност и ем-

патија со жртвата, а на ЛГБТИ младите им става до знаење дека не смеат да излезат од плакар. Во вакви средини градењето на заедништво, солидарност и емпатија, дури и помеѓу припадниците на ЛГБТИК+ групата станува невозможно.

Реакцијата на класната раководителка во случајот е крајно алармантна. Таа отворено поддржува и охрабрува физичко насилство кон трансродовото дете. Училиштата препознаваат физичко насилство и во овие случаи најчесто реагираат со санкционирање или барем обвинување на сторителите. Во случајот има сторител на физичко насилство кој бега од часови, однесување кое секогаш е препознаено како проблематично од страна на училиштето. Но, кога е во прашање трансродовото девојче класната раководителка го оправдува ова однесување, нема емпатија за жртвата и насилството го смета за заслужено.

Во случајот категоризиран како говор на омраза се работи за дебата во училиште која излегла од контрола, каде почнал да се користи говор на омраза и повици за насилство и истребување на ЛГБТИК+ лицата. Професорката оставила ситуацијата да излезе од контрола, па по извесно време ги прекинала учениците, но не поради говорот на омраза туку затоа што биле некултурни.

## Дискриминација

Како дискриминација се категоризирани 10 случаи во кои испитаниците пријавуваат различен третман поврзан со сексуалната ориентација и родовиот идентитет. Најчесто станува збор за избегнување, игнорирање, бркање од час, пониски оценки и непријателски однос од страна на наставници и професори. Како дискриминација се категоризирани и случаите кога училиштето не презема никакви мерки по пријави за булинг или кога презема мерки кои се штетни за жртвата.

Различниот третман врз сексуална ориетација и родов идентитет претставува нееднакво уживање на правото на образование, нееднакви можности во образовниот процес и резултира со помал бенефит од образованието, а во некои случаи и трауматски искуства како резулат на вклученост во образование.

Учениците кои не се конформираат со патријахалните и хетеросекситички норми за родот и сексуалноста најчесто имаат проблеми со наставници и професори кои имаат ригидни ставови по овие прашања. Во интервјуата се сретнуваат наставници кои отворено ги кажуваат овие ставови и наставници кои применуваат посуптилни, но поопасни тактики на нееднаков третман. Овој втор вид наставници се однесуваат непријателски и понижувачки кон ЛГБТИК+ младите, бараат начини да ги казнат преку оценки, прекуменерно ги критикуваат, ги бркаат од часови, постојано ги обвинуват за сенешто, односно „ги имаат на пик“. ЛГБТИК+ младите знаат и чувствуваат дека ваквото однесување е мотивирано од хомо/трансфобија. Нивниот инстинкт најчесто се покажува како точен, кога овие наставници ќе споделат хомофобична содржини на социјални мрежи, пропатно ќе кажат негативен коментар за ЛГБТИК+ луѓето или ќе ги изразат своите стереотипи во рамки на некоја тема која што се обработува. Стратегијата е сопствената омраза и предрасуди да се трансформираат во навидум неутрален проблем со ученикот поврзан со неговото однесување.

Од позиција на моќ ова е лесно да се направи. Самата структура на образованието во која учениците се пред сè останато набљудувани, оценувани и вреднувани од страна на наставниците, остава преголем простор за личните убедувања да се земат како одлучувачки критериум. Во оваа структура просторот за разбирање на професијата наставник како ментор, водач и мотиватор на учениците е целосно стеснет. Односите се градат на линија на моќ, па непочитувањето на авоторитетот е престап кој се казнува и буквално и симболички. Во ваква недемократска атмосфера ЛГБТИК+ младите не можат да се изразат, да изградат знаења, самодоверба, лични и академски вештини.

Користа што сите млади ја имаат од вака поставеното образование е формална. Но, ЛГБТИК+ младите непропорционално повеќе страдаат во оваа рамка бидејќи самото нивно присуство во просторот ги предизвикува воспоставените норми и ригидните аворитети на ваквиот тип наставници. Овие наставници се крајно суетни, нивното его лесно се повредува, а потоа не се воздржуваат да ја применат својата моќ за да ја реафирмираат својата суета. Еден испитаник својата хомофобична професорка ја опишува како крајно надразливаи раскажува како на нејзи-

ните часови бил многу внимателен и избегнувал да ѝ го привлече вниманието. Друга испитаничка, трансродова девојка исто така опишува како се трудела да се конформира и да не зборува многу, само за да не привилече негативно внимание кон себе.

> „Па се пазам да не бидам во центар пажња, се пазам да не провоцирам, се пазам да не изгледам по тие прописи што се за машки и женски род.“ (Анѓела, трансродова жена)

> „Сѐ што беше поврзано со неоправдани или за нешто што ќе искоментирам на час...за оценувањето не можам ништо да искоментирам even though имав случаеви, ради мои personal views сум добивал помала оцена на два три предмети... Сите ние го имавте тоа со одреден професор некогаш, а да мислам сум бил....за глупости сум бил запишуван, сум бил бркан од час, не сум бил пуштан на час.“ (Сирена, квир)

Во многу случаи стратегијата на овие суптилно хомофобични професори се покажува како „успешна“. ЛГБТИК+ ученикот навистина станува „лош“ ученик. Однесувањето на професорите создава непријателска, понижувачка средина на часот кај овие професори, секој час е пропратен со стрес и страв да не се случи некаков инцидент, да не бидат јавно омаловажени и критикувани, да не дојде до поголем конфликт и слично. Тактиките за демотивирање успеваат, па ЛГБТИК+ младите избегнуваат да одат на часови кај овие професори, губат интерес за предметот и тоа резултира со намалување на успехот.

Другиот вид на авторитарни наставници се оние кои отворено изразиле хомо/трансфобични ставови. Во вакви случаи најчесто доаѓа до отворен конфликт помеѓу наставникот и ЛГБТИК+ ученикот. Отвореното спротивставувањево врска со прашања поврзани со ЛГБТИК+ луѓето, но и генерално изразувањето на поинакви политички ставови, се санкционира со пониски оцени и напријателски однос од страна на наставникот, што претставува нееднаков третман. И овие случаи креираат насилна средина на неприфаќање, ги демотивираат учениците, го повредуваат достоинството и создаваат недемократска клима во училиштето, но оставаат повеќе можности за реакција од страна на ученикот. Дискриминацијата е очигледна, па ученикот има конкретен настан кој може да го пријави, да добие поддшка од некои соученици или професори и слично, за разлика од слу-

чаите на суптилна хомофобија каде му се разнишува самодовербата на ученикот, почнува да се сомнева во својата процека, се прашува дали проблемот е во него/неа.  Понатамошниот развој на ситацијата и последиците кои ќе ги остави кон ЛГБТИК+ младиот човек се детерминирани од климата во училиштето. На пример, во попрогресивни средини ЛГБТИК+ учениците ќе добијат поддршка од поголем број соученици и професори, стручните соработници ќе разговараат со проблематичниот наставник и ќе се обидат да влијаат на него по што таквото однесување може нема да се трансформира но ќе престане. Неколку испитаници кои завршиле средно образование во гимназија која важи за попрогресивна средина пријавуваат дека и таму се сретнале со хомо/трансфобични професори, но ситуациите не ескалирале, тие добиле поддршка од психологот и како резултат на тоа - овие инциденти не влијаеле на нивниот успех, мотивацијата и личниот развој.

## Микроагресија

Како микроагресија се категоризирани 6 случаи. Како и кај останатите категории, станува збор за некаква фомра на социјално, психолошко и вербално насилство поради сексуална ориентација и родов идентитет. Овие случаи содржат однесувања, вербална или невербална комуникација која на ЛГБТИК+ младите им ставаат до знаење дека наставникот или соученикот не го прифаќа нивниот идентитет. Но, поради контекстот во кој се дадени и поради помалото влијание кон жртвата тие се категоризирани како микроагресија.

Во три случаи станува збор за избегнување, еден случај има насоки за конформирање од професор, во еден случај има озборување и во еден има„шегување“, односно исмејување од страна на професорка.

Еден испитаник раскажува дека бил избегнуван од страна на некои професори на факултет, односот им бил помалку срдечен, поладен и незаинтересиран. Други испитаници биле физички избегнувани од соучениците, па судејќи од нивниот квир изглед избегнувале да седнат до нив и да комуницираат.

> „Ќе викнев професор да види што сум нацртал или каква задача сум завршил… некако се многу поладни, не те гледаат во очи кога комуницирате и тоа се осеќа дека чека побргу да заврши со тебе...“ (код: Јован, 30 години, квир)

Во еден случај класната раководителка повторливо прави иста шега, прекинувајќи ги разговорите на класен час за да препраша „дали момчето се чувствува дискриминирано“ со тон на потсмев. Иако ученикот е во близок со професорката и таа се познава со неговите родители, потсмевливиот однос прави тој да се чувствува непријатно. Всушност, „шегата“ почнала затоа што ученикот на почетокот од средното образование бил гласен и критичен кон професорите и хиерархискиот систем во образованието и имал иницијатива за одржување на часови по сексуално образование. Оттука, бил  етикетиран како некој што само критикува, се буни и „сè нешто му фали“. Во случајот „шегата“ има за цел да ги релативизира, исмее и отфрли ставовите, предлозите и личните искуства на момечето во врска со училиштето. Ова е типичен пример на присилена асоцијација со лице од маргинализирана група по лична линија на блискост. Поради блискоста нејзините искази не смеат да бидат третирани како непријателски, иако во суштина се крајно проблематични и имаат за цел да го замолчат и омаловажат момчето.

> „Класната цело време ја прави истата шега дали јас се чувствувам дискриминирано, нешто ќе изјави на класен час кога ќе збориме и ќе го прекине разговорот и ќе каже само јас да не сум се чувствувал дискриминирано, мислам дека повеќе го кажува како шега дека јас со неа сум близок и се дружи со моите родители но пак мислам дека има некој тон на потсмев, во прва и втора бев многу гласен за тоа како се однесуваат професорите кон нас и за хиерархиски систем кој постои во уметничко и исто така бев претседател во клас и класна заедница и јас сакав од ХЕРА да дојдат за сексуално образование да оддржат часеви и веднаш директорот отсече и од тогаш јас имам белег кај професорите дека...Дека сум гласен.“ (Марко, квир)

# Друго

Осум случаи се ставени во категорија „друго“. Во овие случаи станува збор за непочитување на правата на учениците, неуспех во обидите да се изборат за одредено прашање поврзано со ЛГБТИК+ идентитетот и најголем број, случаи на авто-стигматизација, воздружување и присилено конформирање.

Мал дел од интервјуираните ЛГБТИК+ сè уште пријавуваат дека применуваат најразлични стратегии за да се конформираат, да не привлечат дополнително внимание и да ја прикријат својата различност со цел да избегнат да станат жртви на дискриминација и булинг. Сепак, само три од испитаниците кои пријавиле дека имале контакт со образовна институција во последните три години изјавиле дека ја прикривале својата различност со цел да избегнат насилство. Притоа степенот на прикривање зависи од средината и климата во училиштето. На пример, кај една испитаничка која учи во попрогресивно училиште, прикривањето значи дека отворено не зборува во училиштето за својот родов идентитет и не е аутирана како транс, иако во однос на физичкиот изглед нема значајно воздружување. Но, има и други испитаници кои не биле целосно аутирани во училиштето, но сепак имале одреден круг на соученици и наставници пред кои биле. Оттука, со исклучок на три испитаници, конформирањето најчесто немало за цел да ја прикрие различната сексуална ориентација и родов идентитет, туку да превенира негативно и непосакувано внимание. Најчесто станува збор за конформирање во однос на родовото изразување како облекувањето, воздржување да се изрази мислење и обиди да се однесува помаженствено во вербалната и невербалната комуникација.

Од овие податоци не можат да се донесат генерални заклучоци за степенот на аутирање на ЛГБТИК+ младите во образованието бидејќи примерокот е многу мал и во него учествуваат ЛГБТИК+ млади кои веќе имале контакт со ЛГБТИК+ организации и уживаат различен степен на поддршка од околината и родителите.

Мал дел користат изрази од типот „да не провоцирам“, „да не привлекувам внимание“, „да не се истакнувам“, што упатува на себе обвинување. Трансродова жена споделува дека следела онлајн курс по фотошоп и притоа одбрала цел курс да го следи со исклучена камера.

„Не се покажав јавно, бев дискретна со исклучена камера, имав реално име и презиме (како од ЛК) али претпоставувам дека да се појавев физички, претпоставувам дека ќе имало прашања.“ (код: Леа, 34 години, транс жена)

Потпрашана за родот на обраќање, транс жената изјавува дека се претставила со мртвото име и род и не се покажала на камера бидејќи не сакала „да комплицира“.

Дел зборуваат дека на околината им пречи тоа што се гласни, изразуваат мислење и генерално имаат вепчатливо и големо присуство во просторот. Ова не се пропознава секогаш како поврзано со родот и сексуалноста и од самите испитаници, иако станува збор за класнични двојни стандарди кои произлегуваат од патријахалната култура. Доминантната улога во јавниот простор е резервирана за цисродови хетеросексуални мажи. Проблемот е кога жени и квир луѓе доминираат, тогаш тие се премногу, неподносливи, треба да се смират, помалку да зборуваат и слично.

„Не сакаш да те зјапаат. Така да да за да избегнам имало ситуации за да го избеганам оној момент ова е Лео и е транс и сега ќе зборимe за тоа цел ден. Имало такви ситуации поарно не не сум уживајте, цис сум све е ок. Нормален сум.“ (Лео, транс маж)

„Мислам, уште пред да отворам уста на луѓето му станува јасно што сум јас и мислам...како да кажам уште од прв впечаток they are over it. Од што сум гласен, таков сум темпераментен, имам потреба да зборувам, I am the elephant in the room, ради тие ствари било сугерирано да бидам потивок, да бидам помирен...не ми иди збор некој.“ (Сирена, квир)

„Мислам дека има влијание на тој начин дека како ментално поолеснето се чуствувам кога ме прифаќаат луѓе околу мене, од колку кога не знаат и не ме прифаќаат. не мора да го мислам тоа цело време, не морам стрес да чуствувам околу тоа, и тоа ми дозволува подобри резулати да имам во школо.“ (Војд, трансродова девојка)

„тоа што сум дел од ЛГБТИ заедницата можеби влијаело на начин што сум се сомневал во себе и своите амбиции, сам сум се стигматизирал и не сум се ни обидувал со цел да не се истакнам и да заврши лошо за мене.“ (Кристијан, геј маж)

## Заклучоци

Образованието е клучна област во која се случува институционално насилство кон ЛГБТИ млади. Училиштата, особено основните и средните, се клучни агенти на социјализација. Тоа се простори во кои и околу кои се одвива социјалниот живот на младите. Младите одат во училиште за да се дружат со врсниците, да ги видат симпатиите, да се осознаат и да се изразат себе си. За младите, академските цели на основното и средното образование се второстепени. Оттука, училиштата имаат голем потенцијал да влијаат на социјализацијата, вредностите и целокупното воспитување на младите луѓе. За да ги постигнат воспитно-образовните цели кои имаат академски, но и психо-социјален карактер, училиштата мора да бидат свесни за својата улога и да се прилагодат на потребите на учениците. За почеток, училиштата мора да бидат безбедни средини за сите ученици, особено за маргинализираните групи како ЛГБТИ младите. Во небезбедна средина ЛГБТИ младите не можат под еднакви услови да учествуваат во образованието, не можат да ги развијат соите потенцијали, да се осознаат и изразат себе си и својата автентичност. Небезбедната средина освен на социјалните аспекти на образованието, влијае и на постигнувањето на академските цели. Основното и средното образование се простори каде учениците треба да развијат академски интереси, а улогата на професорите е да ги мотивираат за понатамошно стекнување на знаења и вештини, да инспирираат и да разбудат љубопитност. ЛГБТИ младите демотивирани од булинг и недодаток на поддршка ги губат и академските интереси.

95% од испитаниците кои пријавиле контакт со образована институција, пријавиле и некоја форма на насилство. Во просек еден испитаник пријавува по 4 случаи на насилство. Само по себе ова е загрижувачки податок. Но, дури и повозрасните испитаници кои не пријавиле контакт со образовна институција

во последните години, во други делови на инетрвјуто зборуваат за насилството и булингот кои го трпеле во училиште. Најголем дел од испитаниците интервјуата ги започнуваат со искуствата на насилство во образование или во домот.

> „Да, секакво насилство во училиште, дома и на работа... Генерлано заради тоа што личам на нешто што не им се допаѓа на другите. Најмногу имаше на училиште од соучениците...“ (код: Леа, 34 години, транс жена)

> Константно сум изложена на говор на омраза и до ден денес, додека учев во основно доживував булинг од страна на соученици и наставници, па и дел од родителите на соучениците. Во средно образовние доживував булинг од учениците и средината во која живеев до пред 15 години.“ (Лила, трансродова жена)

> Во основно доживував булинг од моите соученици, физичко насилство, навреди, ме тепаа, ме исмеваа, ме затвораа во веце понекогаш, ме прскаа со вода.“ (Саше, трансродов маж)

И покрај категоризацијата на случаите на насилство во образование согласно методологијата на извештајот, а со цел да се анализираат различни аспекти на насилството, најголем дел од испитаниците зборуваат за булинг и го користат тој термин. И случаите категоризирани како вознемирување, сексуално вознемирување, микроагресии и дискриминација можат да се анализираат и низ рамката на булинг или силеџиство во образованието. Во некои случаи вознемривањето е дел од булинот најмногу изразен како форма на психолошко малтретирање, а во други дискриминацијата е резулатат од булингот, т.е. булингот довел до дискриминација. Искуствата во образованието се комплексни, инцидентите на насилство се случуваат поради претходни настани, изградени релации и односи на моќ кои влијаат на понатамошниот развој на настаните. Интервјуираните даватели на услуги кои работата со ЛГБТИ лица исто така сметаат дека искуствата кои им биле споделувани претставуваат булинг.

„Најчесто од тоа што го слушам е класичен булинг, којшто е доста инстензивен, којшто вклучува онлајн и во живо и вербално и разни микро насилства, но и вербално и физичко насилство. Млади ЛГБТИ кои се во школо и излегуваат од школо им се дофрла. Тоа е од луѓето од школо. Не зборам сега надвор рандом кога се излезени, туку од истите деца од школо, и истите деца од школо го прават онлајн, во мали групи, и го прават во школо, кај што се излегува и слично.“ (психолог)

Булингот во училишна средина е комплексен, особено кога е поврзан со припадноста на маргинализирана група како ЛГБТИ. Булингот е овозможен од самата клима во училиштето, од самата рамка на врски и односи и од училишната хиерархија на моќ. Тој наоѓа плодна почва во училишта каде доминираат патријахални вредности во однос на родот, сексуалноста и во однос на позицијата и правата на детето. Патријахалниот третман на децата како објекти, наместо субјекти, ги позиционира ниско на хирерхијата на моќ во училиштето. Наставниците ги градат релациите со нив од позиција на моќ со што се оддалечуваат од нивните потреби, им наметнуваат правила кои само треба да ги следат и да не ги преиспитуваат. Наместо наставниците да се грижат за потребите на учениците, учениците се одговорни за да ги задоволат барањата и потребите на наставниците. Во вакви услови учениците не градат односи на доверба со училиштето. Оттука, не им се остава простор да се пожалат, да пријават булинг или вознемирување, да изразат потреба за советување, да дадат предлози за подобрување итн.

Како клучни агенти на родова социјализација, училиштата ги воспоставуваат, репродуцираат и афирмираат патријахалните родови норми, сами по себе исклучувачки и насилни за ЛГБТИ младите. Авторитет и моќ се основи за градење на релациите наставник-ученик, наставник-директор, ученик-психолог, итн. Едните воспоставуваат правила, другите само треба да ги следат. Неследењето на правилата, вклучително и на родовите норми, доведува до санција. Просторот за преиспитување, за барање на објаснување, за докажување на спротивното, за барање промени е непостоечки или крајно тесен. Отстапувањето од нормите ги вклучува алармите за примена на стратегии за нормализација или вкалапување, а булингот е една од нив.

Булингот кон ЛГБТИ младите вклучува најразлични стратегии и дејствија, детерминирани од бројни фактори. Во интервјуата се видливи најчестите стратегии кои се употребуваат од различни актери во училиштето за да се отфрли ЛГБТИ лицето кои земени заедно сочинуваат континуирано хомо/трансфобично булирање. Најнапред булингот се случува преку третирање на ЛГБТИ ученикот како „фирк". Со самото постоење ЛГБТИ младите привлекуваат премногу несакано внимание. Тие стануваат мета на озоборување, коментирање, интерес и центар на внимание, без ништо особено да кажат или да направат. Обележани од својата сексуална и/или родова различност, секоја нивна постапка, изразување или релација се врамува и се вреднува во тој контекст. Па така, ако многу зборуваат тоа го прават затоа што се фрикови, ако се интровертни и не се дружат многу, повторно тоа го прават затоа што се фрикови. Не е возможно да излезат од таа рамка и да ја задоволат средината, бидејќи во суштина проблемот е во тоа што се, а не во тоа што го прават или не го прават.

Непочитувањето на приватноста е исто така карактеристично. Во училишен контекст приватноста најчесто не се почитува преку јавно коментирање на аспекти поврзани со родот и сексуалноста, поставување на прашања поврзани со ЛГБТИ идентитетот, сугерирање дека тоа треба и може да се промени, давање на совети како да се промени, коментирање на изборот на облеката, друштвото, начинот на изразување како недоволно женски или машки итн. Училиштата генерално немаат пракса да ја почитуваат приватноста на младите. Во пратријахалната матрица приватноста на децата не се разбира нити вреднува. Ова непропорционално влијае на ЛГБТИ младите бидејќи сензитивните прашања поврзани со родот и сексуалноста кои се дел од приватноста ќе бидат јавно коментирани и дискутирани. Непочитувањето на приватноста ЛГБТИ учениците ги изложува на различни форми на насилство.

Училиштата учествуваат и/или соучествуваат во булингот. Прво, најзагрижувачки се примерите каде наставници отворено кажувале хомофобични и транфобични искази, се приклучувале во исмејувањето и ги стимулирале соучениците да го булираат ЛГБТИ ученикот. Второ, во повеќе примери заканите, исмејувањето и навредите се случуваат во присуство на наставници кои не реагираат. Има и примери каде самите наставници

избегнуваат контакт со ученикот, не му посветуваат внимание, се однесуваат помалку љубезно или постојано го критикуваат. Друг начин на соучество во булингот е етикетирање на жртвата како проблематична. ЛГБТИ учениците се „проблематични“ на повеќе оски. Најчесто, самиот ЛГБТИ идентитет во очите на наставниците е сам по себе проблем со кој треба да се справат. На ова одговараат со совети за конформирање поврзано со изгледот и друштвото до отворени совети за тоа дека треба да се проба хетеросексуална врска, дека треба да се облекува и однесува согласно полот назначен при раѓање и слично.

Неприфаќањето од страна на соучениците и околината на ЛГБТИ учениците станува проблем за кој е виновен самиот ученик. Така, инцидентите на булинг и насилство кои се случуваат кон ЛГБТИ ученикот се случаи во кои тој е сторител а силеџиите се жртви. Друга можна реакција на училиштето е релативизирање на насилството и негово изедначување со кавга помеѓу врсници за која и жртвата и силеџиите се еднакво виновни. Во рамки на оваа реакција не се препознава насилството како засновано на сексуалната ориетација и родовиот идентитет и овие прашања не се отвораат. Можат да следат работилници, совети и предавања за тоа како сите треба да се почитуваат и соработуваат без да се спомене коренот на проблемот. Оттука, овие мерки се нецелисходни и предизвикуваат жртвата дополнително да се почувствува обезправена.

> „Она што училиштето го презема е ‘Добро, ние ќе разговараме со децата’ и после имаат некоја работилница за насилство и како не е добро да се прави насилство и тука завршува приказната. Нема адресирање на овој аспект на насилството, дека се работи за сексуално вознемирување или дека се работи за вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, него ајде сега за насилство и булинг, што не погрешно и не е на одмет да се има, но изостанува оваа димензија. Тоа не доведе до, да речеме, надминување на ситуацијата. Би рекла дека е неадекватно.“ (психолог)

Ако ова се надополни со ЛГБТИ ученик кој отворено зборува и бара булингот да престане, па уште ги критикува ставовите на наставниците и другите норми и практики во училиштето, за образовниот кадар ученикот ќе стане „дежурен виновник“. Учи-

лиштето решенијата ќе ги бара во негово казнување, преместување во други паралелки дури и во друго училиште. Ако ученикот на недостатокот од поддршка ќе одговори со избегнување на училиштето или на одредени часови, намалување на интересот и на успехот, за училиштето ова е дополнителен доказ дека тој е проблематичен. Се забележува практика на различен третман во однос на останатите ученици. На ЛГБТИ ученикот, етикетиран како проблематичен, ништо не му се простува. Бегањето од часови, незнаењето на лекции, непочитувањето на правилата за облекување и слично, се третираат како многу поголеми престапи од што се, за разлика од истото однесување кај други ученици. Ова е можност да се казни и да се одмазди на ученикот што училиштето нема да ја пропушти, иако за други реагира многу попопустливо.

Во ваква рамка за ЛГБТИ учениците станува комплетно апсурдно да се обратат во училиштето со формална поплака, да бараат и да очекуваат дека случајот ќе биде соодветно адресиран. Овој механизам станува целосно непристапен бидејќи училиштето на бројни начини ја испратило пораката дека не го прифаќа ученикот. Наставниците знаат и се должни да знаат, да посветат должно внимание и да препознаат доколку некој ученик се соочува со булинг. Учениците треба да се мотивираат да пријавуваат, но училиштето мора да има проактивна улога. Апсурдно е да се очекува ученик да пријави хомо/трансфобичен булинг доколку претходно нема изградено релации на доверба и поддршка со наставниците. Уште повеќе, наставниците кои имаат отворени хомо/трансфобични ставови ставаат до знење дека нема да преземат ништо, и со своите изјави промовираат булинг кон ЛГБТИ ученици.

„Кога бев во втора година една наша професорка ни ја пушти песната Take Me To Church и ни викаше како песнатае уништувач, нели видеото е како двајца мажи се заедно, и тогаш баш некои хомофобични ствари спомна, не ми текнува баш што, но го памтам тој момент, но тоа го запамтив за таа професорка, и после таа му класна на истиот (соученик), и јас како да се осеќам океј да го пријавам неговото однесување, хомофобично, кога таа знам дека ги има тие мислења? Една друга професорка која го има исфрлено од клас е XX [жена на истакнат политичар од врвот на ВМРО-ДПМНЕ]

и сега како да се чувствувам комфорно јас да ѝ кажам? Таа не го сака затоа што е некултурен, но таа ги има истите мислења.“ (Роса, бисексуалка)

Само за две лица во интевјуата одговорија дека го пријавиле булингот и вознемирувањето. Но, нивните пријави биле игнорирани и немале резултат. Во еден од случаите студентката континуирано пријавувала вознемирување кај раководителката на институтот. Раководителката секогаш ги релативизирала пријавите, зборувала како професорот е едноставно таков, „да пробаат да ја смират состојбата“ т.е. жртвата да престане да пријавува и да се помири. Потоа, кога отишла да пријави поголем инцидент со истиот професор истата раководителка била изненадена и ја прашала студентката зошто до сега не го пријавувала. Понатаму сакала да пријави кај деканот, но тој одбивал да ја повика на состанок. Се сретнала со деканот во ходник и тој побарал на писмено да напише пријава. Но, после писмената пријава ја игнорирале жртвата, одбивале да ја примат на разговор и никогаш не одговориле на каков било начин на пријавата. Ова претставува одбивање да се преземе одговорноста која следува со работното место, но на суштествено ниво ова однесување е заштитување на професор кој вознемирува, дискриминира и сугерира дека он треба да лекува ЛГБТИ студенти.

„Не, џабе јас многу пати пријавува кроз моето студирање мал миљон работи конкретно ИКС што стана раководител на институт секој пат ми викаше такви се, ајде да смириме ситуација и ништо од тоа она сите тие години немаше пријавено да го пријави да стои тоа некако. Затоа кога се деси тоа со ИКС јас и се заканив и на неа зошто пак ми го правеше истотои дури имаше мозок да ми каже на мене зошто јас не сум пријавувала. И јас и реков, или ќе ми дадете состанок со деканот или ќе си отидам конкретно кај Види вака и ќе си напрајме уште еден прилок како тој за хомофобијата што беше и викам тоа е тоа да се види кој тука помага на студентите, а кој штити агресори. И наредниот ден прво беше многу зафатен деканот, ама наредниот ден добив маил имало состанок за мене. И џабе, деканот намерно го направи состанокот у ходник за да не е состанок не мора да го пријави никаде. И он ми рече пријави си ти луѓе се плашат за ова не знам што и ја пријавив 12 страни А4 формат писмо заверено у архива џабе.“ (Sunstone, лезбејка, Скопје)

И покрај тоа што насилството кон ЛГБТИ луѓето во образованието е институционално и структурно, интервјуата сведочат дека мали интервенции можат да го направат училиштето многу побезбедна средина за ЛГБТИ младите. Можат да се издвојат искуствата на испитаниците од гимназијата Орце Николов и од средното уметничко училиште. Овие средини важат за попрогресивни и оттука се и побезбедни за ЛГБТИ младите. И во овие училишта се случува вознемирување, дофрлување и други форми на насилство, но клучната разлика е во последиците кон ЛГБТИ ученикот. Во овие средини ЛГБТИ учениците можат да најдат поддршка помеѓу соучениците, професорите и стручните соработници. Оваа поддршка е клучна за да го ублажи влијанието на насилството. Поради поддршката насилството нема да премине во секојдневен булинг, туку останува во рамки на повеќекратни инциденти. Учениците во овие средини се пословодни за да го изразат својот идентитет, остануваат вклучени во социјалниот живот во училиштето и пријавуваат позитивни искуства.

> „Да, бев прифатен од сите и добив поддршка од соучениците и од персоналот; - Скоро стопосто да, добивав огромна поддршка од одреден персонал, од психологот во училиштето, каде што бев многу позитивно изненаден и добивав поддршка од голем дел од соучениците во мојот клас.“ (код: 79, 19 години, транс маж)

Во случајот станува збор за транродово момче кое додека било во средно училиште се соочувало со семејно насилство. Неговата мајка упорно пробувала да го „излечи“ од трансродовост, при ситуацијата ескалирала и со обиди за самоубиство. Наишол на голема поддршка од страна на училишниот психолог која му помогнала да ја добие поддршката и услугите кои му се потребни. Во случајот училиштето се јавува како безбедна средина, кога семејството не е.

ЛГБТИК+ младите кои не добиваат никаква поддршка во училиштето се соочуваат со бројни последици по менталното здравје, но и директни последици по успехот и намалување на академските интереси. Во четри случаи се бележи значајно прекинување на редовното одвивање на образованиот процес поради континуираниот булинг. Една трансродова девојка збо-

рува за траумите од дискриминацијата и булингот во основното образование и ги опишува како случувања од кои успешно се лекувала. Таа ја одбива улогата на жртва и се доживува себе си како хероина која успеала да ги надмине трауматските искуства од детството.

> „Одев кај психолози и психијатри, надвор од школото, бев ставена на лекови, редовно си земам терапија и ок е се. Јас сега сум појака личност од тие случаи, не сакам да ме жалат луѓето, сакам да ме гледаат колку сум надминала и колку сум јака, не како жртва.“ (Лана, транс девојка)

ЛГБТИК+ младите соочени со институционалното насилство во образованието развиваат различни стратегии за преживување, но и за отпор. Во неколку интервјуа ЛГБТИК+ младите опишуваат како континуирано се спротиставувале, барале состојбите да се променат, промовирале ЛГБТИК+ права, се труделе да ги едуцираат другите, дебатирале и иницирале промени. Овие моменти на пркос сведочат на одбивање да се преземе улогата на жртва и барање да воспоставaт контрола над релациите во кои се наоѓаат. Иако, за жал не успеваат да ја променат средината, отпорот придонесува да не станат пасивни жртви. Во поконзервативните средини, самото отворено изразување на квир идентитетот е пркосење на нормите. Еден квир ученик опишувајќи го своето искстуво во средно училиште каде бил постојано мета на булинг од страна на соученици и наставници, раскажува како во образованиот процес поминал низ неколку фази. На почетокот на средното училиште морал да смени клас за подобро да се вклопи, потоа пробувал да се коформира, во смисла помалку да се изразува, па еден период не одел на училиште. Но, во нити еден момент не ја криел својата различност. Во оваа непријателска и конзервативна средина еден ден отишол со блуза која сам ја дизајнирал на која имало светкав к**. Овој гест во тој контекст е сам по себе револуционерен. И покрај сите стратегии на училиштето да го нормализира ученикот, да го казни за различноста и најбрутално да му покаже дека нема да биде прифатен, тој децидно ги одбива овие пораки. Напротив, гласно се спротиставува, го афирмира и се гордее со својот идентитет. Пркосот во случајот произлегува од потребата да се изрази идентитетот, автентичноста и креативноста, без намера тој да поттикене промена или спротиставување.

Наспроти бројните искуства на насилство во училиштата особено кон ЛГБТИ млади, политиките во образованието недоволно ги адресираат овие проблеми. Превенцијата и заштитата од булингот бара структурни промени во образованието, пред се во насока на демократизација на училиштата и образованиот процес. Мерките и политиките за спречување и заштита од насилство во образование почнаа од неодамна да се развиваат, повеќе на иницијатива на граѓанскиот сектор. Училиштата немаат доволно капацитети, ресурси и предзнаења за соодветно да се справат со овие проблеми, напротив, тежнеат кон нивни непрепознавање. Овие состојби се во причнско-последична врска со бројните проблеми накалемени во образованието како партизација на образованиот кадар, ниски плати на наставниците, застарени програми и содржини, хиерархија и недостаток на учество во донесување на одлуки итн.

Интервјуираните експерти и даватели на услуги на ЛГБТИ лица сметаат дека училиштата недоволно го препознаваат булингот заснован на сексуална ориетација и родов идентитет, а понатаму не преземаат соодветни мерки за заштита и спречување. На прашањето дали сметате дека образованите институции го препознаваат насилството и булингот кон ЛГБТИ учениците, психолог со искуство во обучување и советување на училишта во однос на заштита и превенција од насилство, вели:

> „Мислам дека прават сѐ за да не го препознаваат. Таков отпор не сум видела... Чувството на немоќ како да се справат со овие прашања е доста присутно. Јас просто кога ги слушам и гледам мислам дека они стварно не знаат што да прават.“ (псохолог)

## Препораки

- Измени и дополнувања на законската рамка во образованието со цел демократизација на образованиот процес и образовните институции, најнапред преку донесување на одлуки за училиштето од страна на сите вклучени чинители во училиштето;

- предвидување на мерки за превенција и спречување на булинг, насилство и дискриминација, вклучително и засновани на сексуална ориетација и родов идентитет во клучните закони и стратегии во образованието;
- Донесување на подзаконски акти, упатства и правилници, за секој степен на образование кои детално ќе ги опишат постапките за спречување и заштита од насилство, вклучително и кон ЛГБТИ ученици;
- Зајакнување на капацитетите на воспитно-образованиот кадар преку континуирани обуки за сензибилизирање за ЛГБТИ прашања и обуки за спречување и заштита од насилство и булинг;
- Унапредување на содржините на факултетите кои образуваат наставници преку внесување на содржини за анти-дискриминација, род, сексуална ориетација, детски права, спречување и заштита од насилство и булинг;
- Афирмација и унапредување на почитувањето на детските права во образованието преку донесување на мерки, процеси и политики кои ќе овозможат директно учество на учениците во одлучувањето;
- Предвидување на соодветни санкции за наставници и стручни соработници кои дискриминираат и вознемируваат ЛГБТИ ученици;
- Донесување на мерки и политики во образованието кои ќе го имаат предвид училиштето како клучен простор за социјализација на маладите и ќе ја прилагодат средината на потребите на учениците; и
- Вметнување на содржини за човекови права, сеопфатно сексуално образование, вклучително и содржини за родова еднаквост и ЛГБТИ права во сите степени на образованието, согласно возраста.

# ЗДРАВСТВО

# ЗДРАВСТВО

## Квантитативен пресек на податоците

Во областа на здравството се евидентирани **93 случаи на насилно однесување,** каде сторители се физички лица на службена должност или државни здравствени институции. Во оваа област може да се издвојат **минимум 39 жртви,** од кои голем дел се соочиле со повеќекратно насилство од страна на здравствените работници и институции.

Најголем број од насилните однесувања – 75, се случиле во Скопје, 2 во Прилеп, 1 во Струмица, додека за останатите случаи не може да се идентификува градот на случување. Вкупно 36 лица ги раскажуваат овие случаи, а тие имаат различен родов идентитет: 4 се идентификуваат како жени, 9 како мажи, 16 како трансродови лица, 2 како родово неидентификувани, 3 како квир, 1 како родово небинарно лице и 1 како интерсекс лице. Според сексуалната ориентација, 18 се хомосексуални, 8 хетеросексуални, 5 бисексуални и 6 квир. Најголем број од испитаниците се идентификуваат како Македонци/ки, 2 како Албанци/ки, 2 како Роми/ки, а 1 испитаник не се идентификувал со наведените категории.

Според одговорите на испитаниците, основната карактеристика поради која се случило насилството најчесто е родовиот идентитет – во дури 51 случај на повреда на права. Понатаму, мотивите вклучуваат сексуална ориентација (10 случаи), родов идентитет и сексуална ориентација (8), сексуална ориентација и пол (6), род (2), пол (1), здравствена состојба (10), сексуална ориентација и здравствена состојба (3), како и род и возраст (2). Голем дел од случаите се со поливалентна квалификација, односно содржат повеќе повреди на права кон ЛГБТИК+ лица, што не може да се занемари, поради што зборуваме за насилни однесувања или инстанци.

Врз основа на собраните материјали, насилните инстанци може да се квалификуваат како: вознемирување со повреда на приватноста на пациенти (32), сексуално вознемирување (4), дискриминација и повреда на здравствените права на пациенти (17), медикаментозно насилство и психичка тортура (4), економско насилство (11), системски предизвикано избегнување на институции (25).

## Дескриптивна анализа

## Вознемирување со повреда на приватност на пациенти

Во македонскиот здравствен систем, вознемирувањето на ЛГБТИК+ лицата е длабоко вкоренет проблем што значително влијае на нивниот пристап до здравствена нега. Ова вознемирување се манифестира преку различни форми: од наметливи и несоодветни прашања, преку разубедување од медицински процедури, до отворено нарушување на приватноста. Сведоштвата на испитаниците во овој извештај јасно покажуваат дека здравствените работници често ја користат својата позиција на моќ за да наметнат хомофобични и трансфобични ставови. Овие инциденти откриваат не само индивидуални случаи на вознемирување, туку и системски недостатоци во начинот на кој се третираат ЛГБТИК+ пациентите.

Многу од сведоштвата што се однесуваат на трансродови лица вклучуваат груби нарушувања на приватноста во здравствените установи. На пример, еден транс маж (код: 48, 25 години, транс маж) бил испрашуван за својата сексуална ориентација од страна на здравствен работник, иако тоа воопшто не било релевантно за неговата здравствена состојба. Пациентот бил прашан: „Зошто досега нема одено со машко?“, што е не само несоодветно, туку и длабоко вознемирувачко прашање. Испитаникот посочува дека избегнува да го открива својот родов идентитет и сексуалност поради страв од ваков тип вознемирување. Овој

пример ја покажува ранливоста на трансродовите лица, кои се принудени да ја објаснуваат својата интимност пред здравствени работници што не ги разбираат нивните потреби. Истиот испитаник имал слично искуство и другпат, кога психијатарката од која земал потврда за полагање возачки испит ја нарушила неговата приватност, разговарајќи за неговиот родов идентитет со трети лица, со што ја загрозила неговата безбедност во рамки на здравствената установа и надвор од неа.

Уште еден случај на нарушување на приватноста се случил на гинеколошки преглед, кога транс маж (код: Јагода, транс маж, 31 година) бил изненаден од ненадејно влегување на студент специјализант во просторијата за време на прегледот, без претходна најава. Испитаникот објаснува дека се чувствувал крајно непријатно, бидејќи присуството на студентот било без негова согласност. Оваа ситуација покажува како непочитувањето на основните права за приватност може да доведе до сериозно вознемирување, особено во интимни моменти како што се медицинските прегледи.

Слично искуство имал и друг транс маж (код: Лео, 28 години, транс маж), кој бил на преглед кај гинеколог, а неговите дијагнози и лични информации биле гласно дискутирани со отворена врата од ординацијата. Пациентот опишува како луѓе минувале покрај просторијата додека неговите гениталии биле изложени, што му предизвикало огромна непријатност и чувство на понижување. Ова однесување укажува на сериозен недостаток на свест за медицинската етика и правата на пациентите.

Овие практики во здравството непропорционално ги погодуваат ЛГБТИК+ лицата, а особено трансродовите луѓе, бидејќи непочитувањето на приватноста значи потенцијално разоткривање на информации поврзани со нивниот родов идентитет и сексуална ориентација. Тоа ги изложува пациентите на дискриминација, вознемирување и насилство, дополнително влошувајќи ја нивната положба во здравствениот систем.

„А да, ти си со нозете на бокс и она е со отворена врата збори на цел глас збори све и тука проаѓаат луѓе, а ти си вака со your genital on display. Така да, да, тоа е нормално во нашето здравство.“ (код: Лео, транс маж, 28 години)

Друг пример на грубо нарушување на приватноста е случајот со транс жена (код: Лола, 48 години), чија матична лекарка повикала колешка во просторијата за време на прегледот без нејзина согласност. Овој чин – вклучување на трето лице во чувствителен медицински преглед без медицинска потреба и без претходна консултација со пациентката – не само што претставува сериозно нарушување на приватноста, туку и открива како некои здравствени работници ги перципираат прегледите на трансродовите пациенти како „забава“ или „драма“, наместо како сериозна медицинска услуга.

> „За транс – кај и да одиме сме исто малтретирани, дискриминирани, неуслужени. Се чувствуваш незадоволна без разлика дали е доктор, адвокат, полиција. Кога те гледаат како таква особа многу некако подруго реагираат тие самите меѓу себе.“ (код: Лола, транс жена, 48 години)

Вознемирувањето на ЛГБТИК+ пациентите често се манифестира и преку несоодветни прашања и коментари од страна на здравствените работници. Транс маж (код: Алекс, 35 години) прво бил преместен од машка во женска болничка соба поради непрепознавањето на неговиот родов идентитет, а потоа болничарката му поставувала прашања како „зошто сака да биде машко“ и „кога ќе роди деца“. Иако ваквото однесување често се толкува како неинформираност или љубопитност, за пациентите тоа претставува форма на длабоко вознемирување што дополнително ги маргинализира во моменти кога им е најпотребна грижа. Овие коментари не само што ја нарушуваат нивната приватност, туку и им одземаат емоционална енергија, принудувајќи ги постојано да го објаснуваат и оправдуваат својот родов идентитет. Пациентот истакнува дека ваквите искуства го тераат да избегнува медицинска нега, што укажува на долгорочните последици што ваквото вознемирување може да ги има врз неговото здравје.

> „Она продолжи да дискутира со мене за: ‘кога ќе си фатам дечко, кога ќе си одам дома да се нашминкам, зашто сакаш да бидеш машко, кога ќе си родиш дечиња’. Онака баш таков муабет. Мада не беше онака агресивен, јас ја сфатив жената е малце така со понекои сваќања и правевме муабет едукативно.“ (код: Алекс, транс маж, 35 години)

Исто така, постојат сведоштва од транс жени кои биле разубедувани од страна на здравствени работници да не продолжат со својата транзиција. Една транс жена (код: Анѓела, 23 години) сведочи дека нејзината матична лекарка ја советувала да не презема никакви чекори за транзиција, тврдејќи дека тоа е „фаза“ што ќе ѝ помине. Лекарката, без да се повика на какви било релевантни медицински докази, ѝ давала совети засновани на лични предрасуди, наместо на професионално мислење. Ова ја отсликува моќната динамика во која здравствените работници се чувствуваат овластени да наметнат свои ставови врз пациентите, што дополнително го зголемува нивото на вознемирување и ја продлабочува недовербата во здравствениот систем.

> „Најчесто од матичната бидејќи тоа било како фаза и дека таа фаза ќе ми поминела во скоро време, дека не треба ништо да преземам, дека имам трип во главата. (...) Дека е болест тоа. (...) Дека треба да разговарам со психолог, психијатар кој ќе ме врати на правиот пат.“ (код: Анѓела, транс жена, 23 години)

Разубедувањето на трансродовите пациенти да не ја продолжат својата транзиција е чест облик на вознемирување што сериозно ја ограничува нивната можност да добијат соодветна здравствена нега. Во еден случај, транс маж (код: 48, 25 години) бил разубедуван од лекарка со зборовите: „Што и да направиш, полот ќе ти остане ист.“ Ваквото однесување од страна на здравствените работници за време на медицински консултации е честа појава. Во друга лекарска посета, истиот пациент бил разубедуван да не ја продолжи својата транзиција, бидејќи здравствениот персонал сметал дека тој прво треба да обезбеди потомство. Овој тип разубедување е длабоко вкоренет во традиционалните родови улоги и хетеронормативните очекувања за репродукција. Пациентот бил ставен во позиција да се оправдува за својата лична одлука за транзиција, соочувајќи се со наметнатата идеја дека неговата вредност како индивидуа е сведена само на способноста за репродукција, наместо на неговата сопствена желба за родова самореализација.

Овие коментари укажуваат на длабока неинформираност за потребите на трансродовите лица и го комплицираат нивниот

пат кон транзиција, наметнувајќи им дополнителен психолошки товар. Слично, една транс жена (код: Леа, 34 години) сведочи дека психијатар ја разубедувал да транзитира, сугерирајќи ѝ да „пробала да се однесува како машко“ и „да биде со жена“. Овој тип на разубедување не е само непримерен, туку и отворено вознемирувачки. Пациентката објаснува дека, поради ваквото однесување на здравствените работници, веќе не бара медицински услуги во земјата, надевајќи се дека ќе го оствари своето право на транзиција во странство. Таа вели:

> „На здравствените работници им треба добар третнинг за нашите потреби, бидејќи имаат погрешни лични ставови за нашите причини зошто го правиме тоа.“ (код: Леа, транс жена, 34 години)

Во друг случај, медицинска сестра која дофрлала навредливи коментари кон транс жена за време на консултација за операција на нос во државна клиника ја одвратила пациентката од интервенцијата. Сестрата ја прашувала: „Дали ќе го направиш носот за да бидеш трансвестит и да глумиш позната личност?“ И покрај нејзината упорност да стигне до докторката, транс жената на крајот се откажала од зафатот. Пациентката сведочи дека, по серија негативни искуства, целосно се има откажано од медицинско прилагодување на родот во Македонија. Овој случај јасно покажува како вознемирувањето може да ги одврати ЛГБТИК+ лицата од барање здравствена нега во системот во кој и самите придонесуваат.

> „Претходно имав планови да направам интервенции на државна. Неодмна се откажав од тоа, решив дека тука нема да го правам и сакам тоа да го направам во Турција. Имам некоја лутина спрема здравствениот сиситем, немам доверба дека тука ќе се направи како што треба, немаат доволно искуство и се откажав.“ (код: Леа, транс жена, 34 години)

Слично, една транс жена (код: Лола, транс жена, 48 години) била разубедувана од здравствен работник да не транзитира, со аргументот: „Види колку си убав, зошто да ти одат годините така?“ Интерсекс лице добивало слични коментари од гинеколог и ендокринолог, кои го разубедувале од продолжување на хормонската терапија, сугерирајќи дека „штета би било да се

изгуби толку убаво девојче“ (код: Р, интерсекс, 23 години). Овие коментари ги отсликуваат хетеронормативните претпоставки и поврзувањето на убавината и младоста со традиционалните родови улоги, со што се обидуваат да ја разубедат пациентката да не ја следи својата внатрешна желба за родова афирмација.

Во друг случај, за време на средба со ендокринолог, транс жена се соочила со непочитување на нејзиниот родов идентитет кога лекарот ја испрашувал за нејзиниот транс идентитет и личните одлуки, кои не биле поврзани со нејзината медицинска состојба или потреби. Тој ѝ поставувал прашања како „Зошто си транс?“ и „Кога започна?“ – наметливи и непотребни во контекст на здравствената услуга (код: Мерал, транс жена, 21 година). Ваквите прашања предизвикуваат чувство на осуда и недоверба кај пациентката. Ова е класичен пример за нарушување на приватноста и одраз на недостатокот на чувствителност и разбирање кај здравствените работници за специфичните потреби на трансродовите пациенти.

Вознемирувањето во здравствениот систем исто така се манифестира преку микроагресии и вербални напади врз ЛГБТИК+ пациентите. Транс маж (код: Лео, 28 години, транс маж) бил постојано коментиран од здравствените работници за неговиот изглед – го прашувале зошто има влакнести нозе, зошто носи кошули и дали сака да биде машко. Пациентот смета дека здравствените работници се плашат да одбијат услуги на транс лица поради страв од тужби, но сепак, во текот на прегледите го наметнуваат својот предрасуден став, создавајќи напната атмосфера која ја намалува квалитетот на грижата што ја добива.

> „Ти ќе ги добиеш (услугите) ама по која цена? Тоа е проблемот.“ (код: Лео, транс маж, 28 години)

Друг пример на микроагресии е случајот со геј маж чиј матичен лекар споделил дел од неговите медицински документи со неговото семејство без негова дозвола. Пациентот се чувствувал изложено и загрижено за тоа што уште би можело да биде откриено од неговото медицинско досие. Недоволната свест за приватноста на пациентите води до дополнително вознемирување и страв кај ЛГБТИК+ лицата, кои се плашат дека нивните здравствени информации може да бидат споделени со трети лица без нивна согласност.

„Некогаш кога си во болница ти е страв што може да ти направат кога не си при свест, такви сценарија си правам доколку знаат за мене и затоа најчесто одлучувам да не знаат. (...) Има лекари кои што се гледа дека работеле на дополнителни обуки, на пример некои дерматолози се многу повеќе сензибилизирани за овие теми, а во неврологија се сите закоравени, не можеш да зборуваш за тоа каков живот практикуваш, не можеш отворено да бараш совети. На пример јас не можам отворено да го прашам лекарот дали смеам да користам поперс, а сакам да го прашам дали смеам, а ќе ме праша зашто ми е тоа и ќе отвори многу други прашања.“ (код: Буба, геј маж, 29 години)

Интерсекс лицата, пак, се соочуваат со посебни форми на вознемирување и насилство во здравствениот систем. Еден испитаник (код: Р, 23 години, интерсекс) сведочи дека за време на медицинските прегледи, студенти специјализанти влегувале во просторијата само за да го видат како „чудо“. Овие ситуации не само што го кршат правото на приватност на пациентот, туку и создаваат длабока емоционална траума и чувство на понижување. Ваквиот третман предизвикал лицето да се чувствува небезбедно во здравствените установи, што довело до растечки страв од барање медицинска нега. Како резултат на тоа, испитаникот сега избегнува да оди на лекар, загрозувајќи го своето здравје и благосостојба.

Ова искуство го одразува поширокиот проблем на вознемирување и недостаток на почитување на приватноста и достоинството на интерсекс и трансродовите лица, создавајќи нееднаков пристап до здравствена заштита. Непријателската и неподдржувачка средина во овие институции ги отуѓува луѓето како овој испитаник, директно загрозувајќи го нивното здравје со тоа што ги оддалечува од основните медицински услуги.

„Во повеќе здравствени установи се има случено да добијам вербални навреди и смешкање од страна на сестри студенти кој што доаѓале само да ме видат, да ме погледнат на што личам, до степен кај што сум морал да прашам, пошто го имам тоа право да нема студенти околу мене. Меѓутоа, исто така добив лага дека тоа не се студенти, тоа се доктори. Подоцна дознав дека се студенти.“ (код: Р, 23 години, интерсекс)

Во друг случај, истиот испитаник бил изложен на навреди и непријатни коментари од медицински сестри, кои јавно го коментирале неговиот физички изглед, исмејувајќи го додека ги прегледувале неговите медицински документи на компјутер. Изразувајќи зачуденост и сарказам, на глас извикувале: „Види го ова?“, „Што е ова?“. Овој инцидент го нагласува недостатокот на чувствителност и почитување на достоинството и приватноста на интерсекс лицата во здравствениот систем. Со третирање на пациентот како предмет на забава, здравствениот персонал создал средина на непријатност и исклученост, дополнително засилувајќи ги чувствата на отуѓеност и отежнувајќи му го пристапот до потребната здравствена заштита. Голем дел од ваквите случаи можат да се објаснат со недостаток на образование и сензитивизација на здравствените работници за специфичните потреби на ЛГБТИК+ заедницата, но и со вкоренетото убедување дека сексуалната и родовата различност се погрешни, срамни и непосакувани. Случаите со кои се соочил овој испитаник покажуваат како непознавањето на основните принципи за работа со интерсекс пациенти доведува до повреда на нивните права.

Микроагресиите се особено присутни во случаите каде што здравствените работници покажуваат недостаток на чувствителност за родовиот идентитет на пациентите. Транс жена (код: Анѓела, 23 години) сведочи дека здравствените работници не го почитувале нејзиниот родов идентитет, „имале гард, одбивност“ и често ѝ се обраќале со несоодветен род или го користеле нејзиното мртво име – облик на умртвување со именување (deadnaming). Друга транс жена (код: Розалија, 27 години) слично била малтретирана од психолог кој упорно ѝ се обраќал со нејзиното старо име и одбивал да ја признае како жена. Ова непочитување на нејзиниот идентитет довело до чувство на изолација и стрес, што ги спречило пациентките да продолжат да бараат медицинска помош.

Насилството во форма на вознемирување доминира во искуствата на трансродовите и интерсекс лицата, но се присутни и кај други испитаници. Во сите споделени случаи, здравствените професионалци поставувале инвазивни и несоодветни прашања за сексуалната ориентација и личниот живот на пациентите, кои не биле поврзани со нивните медицински потреби. На пример, квир лице било прашано дали има девојка, геј маж

бил навредуван поради практикување анален секс, додека лезбејки биле испрашувани дали мажите сакаат мажествени жени и дали планираат да имаат деца, бидејќи се во репродуктивен период.

Дополнително, геј маж кој бил асоциран со ХИВ инфекцијата бил постојано испрашуван за неговиот статус, што резултирало со вознемиреност и чувство на стигма (код: Зафир, геј маж). Пациентот бил континуирано испрашуван за својот ХИВ статус и сексуалните партнери, дури и кога тие информации не биле релевантни за неговата здравствена состојба. Медицинскиот персонал покажувал претерана внимателност, како да се плашел од зараза, што создало чувство на исклученост и несигурност кај пациентот. Овие постапки ја одразуваат стигматизацијата и дискриминацијата што ја доживуваат геј лицата и оние за кои се смета дека се изложени на ризик од ХИВ инфекција.

Од анализата на овие случаи станува јасно дека вознемирувањето на ЛГБТИК+ лицата во здравствениот систем е системски проблем кој бара итна интервенција. Вознемирувањето се манифестира на различни нивоа: од прекршување на приватноста и наметливи прашања, до отворено разубедување и микроагресии. Овие инциденти не само што влијаат врз емоционалната и менталната состојба на пациентите, туку и го намалуваат нивниот пристап до потребната здравствена нега, бидејќи мнозинцина почнуваат да избегнуваат да бараат медицинска помош.

Овие инциденти покажуваат дека здравствените работници често не ги разбираат потребите на овие пациенти, што резултира со нарушување на нивната приватност, непочитување на нивниот родов идентитет и наметнување на традиционални ставови кои не се одразуваат на реалните потреби на пациентите. За да се подобри оваа состојба, потребни се итни реформи во образованието на здравствените работници, како и построги етички стандарди и механизми за заштита на правата на пациентите.

Вознемирувањето на ЛГБТИК+ лицата во здравствените институции често произлегува од самата динамика на моќ, каде што здравствените работници изрекуваат хомофобични и трансфобични ставови, замаскирани како „здравствени совети“ или непобитни вистини. Говорејќи од позиција на авторитет, тие

го кријат своето незнаење зад професионалната експертиза и титула. Сепак, нивниот претпоставен авторитет е неоснован, бидејќи не ги признава – а често ни не ги препознава – специфичните потреби, идентитети и искуства на ЛГБТИК+ лицата. Основата на ова вознемирување е одбивањето да се слушаат пациентите, односно субјектите за кои тврдат дека им помагаат. Помошта станува условена од личните предрасуди на медицинскиот персонал за тоа како некој треба да се изразува родово и сексуално.

ЛГБТИК+ лицата не одат на лекар за да слушаат морализирање, туку за да добијат стручна медицинска услуга. Во овие интеракции, пациентите стануваат свесни дека лекарите не можат да им помогнат, немаат стручност за прашањата за кои им се обраќаат, делуваат согласно сопствените хетеросексистички ставови и ги виктимизираат пациентите. Оттука, да се бара медицинска услуга поврзана со сексуалната ориентација и родовиот идентитет од здравствениот систем станува апсурдно и бесмислено.

## Сексуално вознемирување

Во здравствениот систем, ЛГБТИК+ лицата често се соочуваат со насилно однесување што ја загрозува нивната безбедност, како и нивниот телесен и ментален интегритет. Овие инциденти не само што го кршат професионалниот етички кодекс, туку и создаваат значајни пречки за пристап до потребната медицинска заштита. Сексуалното вознемирување од страна на здравствениот персонал претставува злоупотреба на службената положба и искористување на позицијата на моќ. Преку **четири сведоштва** ќе ја анализираме длабочината на овој проблем и неговото влијание врз засегнатите лица.

Во два случаи станува збор за сексуално вознемирување од страна на здравствени работници кои им предлагале на пациентите сексуални односи. Во едниот инцидент, здравственикот прво ѝ понудил на трансродова девојка да имаат „нешто“, а по-

тоа ја пронашол и ја контактирал онлајн, јасно преминувајќи ја границата на професионалниот однос (код: Анѓела, 23 години, транс жена). Во другиот инцидент, лекар во приватна болница распрашувал геј маж за интимни детали од неговиот сексуален живот, кои никако не биле поврзани со природата на прегледот, а потоа го поканил на кафе (код: Телефон, 23 години, геј маж). Двата примери истакнуваат како здравствените работници ја компромитираат довербата што пациентите ја имаат кон нив, особено во моменти кога тие се најранливи. Наместо да им овозможат на пациентите самостојно да ги споделат својата сексуалност и родов идентитет доколку имаат потреба, тие ги користат овие аспекти за да ги вознемируваат.

Останатите два случаи од оваа класификација се случиле за време на гинеколошки прегледи. Во еден случај, гинеколог допирал пациент/ка што е родово небинарно лице и давал коментари за плодноста, претворајќи го прегледот во трауматично искуство и создавајќи страв од повторно враќање на гинеколог. Во друг случај, родовото изразување на транс маж било предмет на коментирање од страна на гинеколог, кој му рекол дека „ќе го однесе во светот на жените“ (код: Маче, 17 години, транс момче). Иако пациентот реагирал веднаш, сексуално вознемирувачкиот однос му оставил долготрајни последици, поради кои почнал да избегнува здравствени услуги воопшто.

> „Тоа допирањето по ногата, заедно со апаратот за ехо сè уште во мене беше она да се ужасне човек. Значи хорор, да.“ (код: Каи, 32 години, родово небинарно лице)

Во сите овие случаи се истакнуваат заедничките теми на злоупотреба на моќ, нарушување на приватноста и непочитување на личниот простор и идентитетот на ЛГБТИК+ лицата. Овие инциденти имаат долготрајни последици врз емоционалната благосостојба на пациентите. Случаите на сексуално вознемирување се разликуваат од општото вознемирување поради нивната експлицитно сексуална природа, што вклучува несакана сексуална интеракција, сугестивни коментари или несоодветен физички контакт. Додека општото вознемирување може да вклучува заплашување или злоупотреба на моќ, сексуалното вознемирување додава димензија на сексуална желба, кршејќи ги личните граници на поинтимен и понижувачки начин.

Овој тип на вознемирување често се случува во ранливи средини, како што се работните места или здравствените установи, и е особено штетен поради експлоатацијата на родовото и сексуалното изразување, како и телесната автономија. Користејќи ја динамиката на моќ, сторителите наметнуваат несакано сексуално внимание, дополнително влошувајќи го чувството на несигурност и ранливост кај жртвите.

## Дискриминација и повреда на здравствени права на пациенти

Дискриминацијата во здравствениот систем во Северна Македонија е еден од најчестите проблеми со кои се соочуваат ЛГБТИК+ луѓето, особено кога станува збор за пристап до здравствени услуги. Многу од нив доживуваат нееднаков третман, стигматизација и отворена дискриминација од страна на здравствените работници, кои често не се доволно информирани или сензибилизирани за специфичните потреби на овие пациенти. Овие искуства негативно влијаат на физичкото и менталното здравје на ЛГБТИК+ заедницата, која останува без потребната поддршка и безбедност во системот.

**Трансродовите лица често се соочуваат со дискриминација уште при првиот контакт со здравствениот систем.** На пример, транс маж бил изложен на сериозно понижување од страна на гинеколог, кој, и покрај сите приложени документи, не му верувал дека е роден како биолошка жена. Докторката инсистирала тој да ја „крене маицата“ за да докаже дека е трансродов маж, со што му го нарушила правото на приватност и го изложила на длабоко понижување. Овој случај покажува како здравствените работници често не се сензибилизирани за родовиот идентитет на пациентите, третирајќи ги со непочитување и дискриминација (код: 48, транс маж, 25 години).

Слично искуство имала и транс жена која побарала упат за ендокринолог од својата матична лекарка. Наместо да ѝ го издаде упатот, лекарката се обидела да ја разубеди дека таа не е трансродова личност, пружајќи отпор од самиот почеток. Овој однос

претставува дискриминација и отворено непочитување на медицинските потреби на транс лицата. Наместо да ги упатат кај соодветни специјалисти, лекарите често ги блокираат и разубедуваат пациентите за нивниот идентитет, дополнително усложнувајќи им го пристапот до здравствена заштита (код: Анѓела, 23 години, транс жена).

> „Кога побарав кој е најдобар ендокринолог и она [матичната лекарка] ми кажа дека нема потреба да одам кај ендокринолог бидејќи она смета дека јас не сум транс." (код: Анѓела, 23 години, транс жена)

Транс лицата не се соочуваат само со дискриминација во пристапот до здравствени услуги, туку и со суптилни форми на притисок и негирање на нивните потреби. Еден транс маж кој сакал да направи комплетна хистеректомија и да започне со хормонска терапија бил одбиен од својот матичен лекар со аргумент дека „еден ден ќе си најде машко што ќе го предомисли и ќе сака да има деца". Лекарката грубо ја банализирала трансродовоста, сугерирајќи дека таа ќе исчезне кога пациентот ќе го сретне „вистинскиот маж" (код: Лео, 28 години, транс маж).

Слично, транс жена побарала упат за ендокринолог од својата матична лекарка за да продолжи со процесот на медицинска транзиција. Наместо да ја поддржи, лекарката се обидела да ја разубеди, велејќи ѝ дека нема потреба да менува ништо и дека „и на жените им е тешко" – очигледен обид да ја одврати од нејзиниот пат. Поради ова непријатно искуство и отвореното неприфаќање од страна на матичната лекарка, жената се откажала од барањето за упат и изгубила доверба во здравствениот систем.

Овој случај ја нагласува дискриминацијата и трансфобичните ставови кај дел од здравствените работници, кои не само што одбиваат да ги поддржат трансродовите лица, туку и ги ставаат во многу ранлива економска и психолошка позиција.

> „Конкретно еве матичната ми вика дека ми е добро, нема потреба ништо да менувам, што ќе сум менувала... 'Што мислиш ти лесно е да се биде жена, и на жените им е тешко' – во таква смисла. Пробуваше да ме разубедува да не бидам

тоа што сакам да бидам и тоа што сум, кога барав упати за ендокринолог. Сега е пензионирана, но тогаш во тој момент ме стопираше за хормонската терапија, која сакав да ја продолжам, а за тоа ми требаше упат за анализи...“ (код: Леа, 34 години, транс жена)

Геј маж кој се обидувал да добие потврда од специјалист-невролог за придружник при патување на лекување во странство се нашол во ситуација во која бил принуден да се аутира пред лекарот, иако првично го претставил својот партнер како пријател. Наместо да ја прифати ситуацијата, лекарот инсистирал дека мажот треба да патува со „вистинско семејство“, и покрај објаснувањата на пациентот дека неговиот партнер е неговото најблиско лице. Овој однос не само што претставува нарушување на правото на приватност, туку и одразува длабока непочит кон ЛГБТИК+ релациите.

„И тој рече дека е сепак подобро да одам со мојата вистинска фамилија и морав да му објаснувам што е фамилија во нашиот контекст. И после тоа на крајот од инает повеќе не ја земав од кај него потврдата, туку од приватна клиника, затоа што тој се’ до последно време ме држеше, до последно дека треба да одам со сестра ми. И дојде со мене, ама требаше да дојдат двајца луѓе, а тој не одобри кои луѓе да дојдат со мене и која е мојата вистинска фамилија во мојот случај. (...) Проба да го донесе тоа од медицинска перспектива и сметам дека тука лежи хомофобија, наводно сестра ми ме познавала подобро... Не можеш само затоа што си доктор да ме убедуваш дека некој знае повеќе за мене.“ (код: Буба, 29 години, геј маж)

Друг сериозен случај на дискриминација е кога на болничката карта на пациент кој живее со ХИВ, со големи црвени букви било испишано „ХИВ“. Ова јавно откривање на неговиот здравствен статус го направило предмет на стигма и дискриминација од страна на останатите пациенти и здравствениот персонал. Медицинските сестри го третирале со претерана претпазливост, што го деградирало и го натерало да се чувствува како да е „опасен“ и различен од другите пациенти. Овој случај покажува колку е длабоко вкоренета стигмата за ХИВ во здравствениот систем и како таа влијае врз односот на здравствените работници кон пациентите (код: Владимир, X години, геј маж).

> „Бев сместен во болничка соба со 6 други пациенти, и еден од другите пациенти ги гледаше таблите на креветите на другите пациенти и ми вика кај тебе има нешто црвено. Кога станав видов дека пишува ХИВ со големи црвени букви. После тоа целиот персонал цело време си шушкаа да погледнат во мојата табла, на визитите кога доааѓа сите гледаа во мене. Една од сестрите на лица кои доаѓаа на обука, им кажуваа дека со мене треба посебно да внимава, дека сум болен од ХИВ, пред сите во ходникот, пред отворена врата. На крајот дури и чистачките дојда да ме прашаат – 'Ти си имал нешто?'" (Владимир, X години, геј маж)

Дискриминацијата врз лицата кои живеат со ХИВ не се ограничува само на отворени форми на одбивање на услуги. Често, медицинските работници не се доволно информирани за начинот на пренесување на ХИВ или за влијанието на антиретровирусната терапија (АРТ). Еден пациент, истото лице од претходниот случај, кое примало АРТ и било подготвено за пластична операција, се соочило со медицински персонал кој не знаел за што се користи АРТ и, откако дознале дека пациентот има ХИВ, го третирале со претерана претпазливост и одбивност. Овој недостаток на знаење не само што ги маргинализира овие пациенти, туку и го поттикнува стравот од здравствениот систем, што може да доведе до тоа овие лица да избегнуваат да бараат медицинска помош (код: Владимир, X години, геј маж).

> „Јас повторно објаснувам, на операциона маса, дека не е активен, дека не може никој да се зарази од мене, нема потреба да се плашите. И, реков, можете слободно да се јавите на Инфективна клиника доколку е некаков проблем тоа. После тоа целиот тим се тргна настрана во салата да разговараат меѓу себе, а јас чекам на маса. После една сестра ми вика требало да не' информирате претходно, за ние да не се заразиме, за други да не заразиме." (Владимир, X години, геј маж)

Третманот на луѓето што живеат со ХИВ од страна на здравствениот персонал се должи на стигмата и предрасудите, особено на поврзувањето на ХИВ со сексуалната ориентација. Здравствените работници често покажуваат страв, паника и гадење кон

пациентите со ХИВ, што не може да се објасни само со незнаење. Предрасудите и стигмата поттикнуваат силни емоционални реакции кај здравствениот персонал, кои ги спречуваат да прифатат точни информации и медицински знаења во врска со ХИВ инфекцијата.

Лицата од ромската заедница, исто така, се соочуваат со дополнителна дискриминација, особено ако припаѓаат на ЛГБТИК+ заедницата. Една транс жена Ромка, на пример, изјавила дека доживеала дискриминација додека чекала здравствена услуга во институција. Таа се криела дека е транс поради страв од неприфаќање, но сепак чувствувала дека е третирана различно поради нејзината етничка припадност и препознавањето на родовиот идентитет. Ова покажува како дискриминацијата врз ЛГБТИК+ лицата често е сложена и вкрстена со други форми на маргинализација, како што е расната дискриминација (код: Лола, 48 години, транс жена).

Друг пример на дискриминација врз транс лицата е случајот кога една транс жена не била соодветно прегледана од страна на здравствен работник. Лекарот станал ладен, непријатен и одбивал да ја прегледа пациентката на соодветен начин откако препознал дека е транс жена. Ова не само што го нарушува нејзиното право на соодветна здравствена грижа, туку е и дополнителна потврда дека здравствените институции се непријателски настроени кон транс луѓето (код: Лола, 48 години, транс жена).

> „Кога влегувам и кога викам добар ден и тој кога ти ја гледа косата собрана некако чудно те гледа. Значи штом треба да те гледа – ќе ти се потсмева. Едвај го молам да ми го мери притисокот, демек се плаши да те пипка и не се однесува со тебе како доктор. Осеќаш дека тоа е ладнокрвно, се гледа во очи дека сака побогу да се тргне од тебе. Не ме ни прегледува кога знае која сум и што сум.“ (код: Лола, 48 години, транс жена)

Дискриминацијата во здравствениот систем врз ЛГБТИК+ лицата во Северна Македонија е широко распространета и се манифестира на различни начини – од отворено одбивање на услуги до суптилни форми на предрасуди и стигматизација. Лицата

кои живеат со ХИВ се особено ранливи на дискриминација поради стигмата поврзана со ХИВ инфекцијата, додека трансродовите лица често се соочуваат со непочитување на нивниот родов идентитет и специфични здравствени потреби. Недоволната информираност и предрасудите на здравствените работници го продлабочуваат јазот меѓу овие пациенти и здравствениот систем, што доведува до кршење на здравствените права и влошување на здравствената состојба на ЛГБТИК+ популацијата во целина.

## Медикаментозно насилство и психолошка тортура

Најтешките форми на насилство врз ЛГБТИК+ лицата во здравствениот систем, идентификувани преку интервјуата со испитаниците, се однесуваат на медикаментозното насилство и психолошката тортура. Овие форми на насилство вклучуваат случаи во кои на пациентите им се ускратува потребната здравствена грижа, им се наметнува конверзиона терапија или се соочуваат со отворена дискриминација од страна на здравствените работници. Наместо да ги задоволат нивните медицински потреби, овие работници активно придонесуваат кон влошување на нивното здравје.

Највознемирувачкиот пример за психолошка тортура е случајот на транс маж кој три години посетувал психијатарка што му наметнувала конверзиона терапија и детранзиција. Наместо да му помогне со проблемите поврзани со родовата дисфорија и суицидалните мисли, психијатарката го убедувала дека неговата дисфорија „ќе помине затоа што всушност не е трансродов маж, туку лезбејка“. Таа упорно му препорачувала материјали насочени кон конверзија, игнорирајќи го фактот дека пациентот е бисексуален и дека неговата сексуалност нема никаква врска со неговиот родов идентитет. Овој третман не само што ја влошил неговата ментална состојба, туку и го довел до обид за самоубиство. По обидот, наместо да му биде пружена соодветна поддршка, психијатарката го обвинила за манипулација и го нарекла „злобна личност која манипулира со луѓето“.

„Мојот обид за самоубиство [таа] го сметаше за начин на манипулација – дека јас сум пробал да се самоубијам за да ја манипулирам мајка ми, дека јас сум некоја злобна личност која манипулира со луѓето. 'Не сум сакала стварно да се самоубијам' – апсолутно сакам да се самоубијам. (...) Таа сакаше многу долго време некаква корелација да направи. Демек, јас ако сум сакала жени не морало да бидам машко – 'имало многу лезбејки на светот што живеат како среќни лезбејки, не морало јас да сум машко'. Викам: 'Океј е тоа, ама мојата атракција кон жени нема врска со мојот родов идентитет, логички, бидејќи јас имам атракции и со мажи, така да вашиот аргумент паѓа во вода.' И, многу долго се обидуваше да ме убеди дека ја сум само лезбејка, без разлика на тоа што сакам и мажи, тоа го игнорираме скроз, тој факт. (...) Во тој период каде ми беше најтешко, поради константно праќање на конзервативен материјал, на детранзиција, на работи кои што многу негативно влијаеле врз мене, правеле да се чувствувам толку невалидно, и гадно, и грешно, дојдов до степен каде што јас сакав да се самоубијам. (...) Се' уште пробувам да не се убијам секој ден." (код: 79, 19 години, транс маж)

Транс жените, исто така, се соочуваат со медикаментозно насилство и тортура во здравствениот систем. Еден таков случај е транс жена која пријавила дека ѝ биле препишувани медикаменти за „лекување на трансродовоста". Наместо да ѝ биде пружена поддршка во процесот на нејзината транзиција, таа добивала лекови чија цел била конверзија, што претставува директна форма на насилство врз нејзиниот родов идентитет (код: Анѓела, 23 години, транс жена). Овој третман не само што е неетички, туку и дополнително го влошува менталното здравје на пациентите, кои, наместо поддршка и афирмација за нивниот идентитет, се соочуваат со насилни обиди за нивна промена.

Лицата што живеат со ХИВ, особено геј мажите, често се соочуваат со психолошка тортура и дискриминација од страна на здравствените работници. Еден таков случај е геј маж кој, поради неговиот ХИВ статус, бил одбиен за операција. Наместо да добие соодветна здравствена грижа, тој бил изложен на вознемирувачки коментари од страна на хирургот, кој прво го навредувал неговиот изглед и однесување, а потоа го препратил на приватна клиника каде што требало да плати повеќе (код: Димитар, 32 години, бисексуален маж).

Лицето потоа се соочило со системско талкање низ здравствениот систем, постојано одбивано и дискриминирано, што резултирало со сериозни психолошки последици. Кога пациентот се вратил со резултатите од приватната клиника, хирургот повторно го одбил, овојпат со изговор дека треба да оди назад на клиниката каде што првично ги добил резултатите. Дополнително, хирургот го прашал „дали се заљубил во него што го барал само него“, што само го засилило чувството на понижување.

Еден од најпотресните моменти во приказна на овој испитаник било кога хирургот, со отворена врата и во присуство на други пациенти и здравствени работници, јавно го обвинил дека не споделил дека е ХИВ позитивен, што предизвикало огромен срам и стрес за лицето. Овој чин не само што претставува кршење на неговата приватност, туку и директна психолошка тортура, бидејќи докторот јавно го открил ХИВ статусот на пациентот, ставајќи го во позиција на осудување од околината.

Неговиот случај ја илустрира тешката реалност со која се соочуваат лицата што живеат со ХИВ – тие не само што се маргинализирани, туку се подложени на психолошка тортура поради нивниот здравствен статус. По соочувањето со одбивање на медицинска нега и малтретирање во неколку државни институции, тој се нашол во состојба да не бара повеќе здравствени услуги, стравувајќи од повторна дискриминација и тортура. Овој случај ја нагласува бариерата со која се соочуваат лицата што живеат со ХИВ во здравствениот систем – не само што не им се пружа соодветна грижа, туку и мораат постојано да ја кријат својата сексуална ориентација или здравствен статус за да избегнат дополнително малтретирање и осудување.

> „Да не бев ЛГБТИ лице и лице со ХИВ немаше да ме третираат на тој начин. Ставовите на здравствените работници, особено кај овој хирург кој е од постара генерација, веројатно произлегуваат од времето кога тие студирале и работите околу ХИВ биле поинакви. Но, денес нештата се многу различни. Тој сигурно потоа не посетил обуки и не се информирал за ХИВ, па се служи со застарени информации.“ (код: Димитар, 32 години, бисексуален маж)

Лицата што живеат со ХИВ, покрај физичките здравствени проблеми, се соочуваат со дискриминација и тортура дури и при добивање на основна здравствена грижа, како што се стоматолошките услуги. Еден геј маж кој живее со ХИВ бил дискриминиран од страна на својата матична стоматологинка, која, откако дознала за неговиот ХИВ статус и фактот дека прележал хепатит Ц, одбила да му го поправи забот. Таа го третирала како опасност, носејќи заштитна облека како „за мисија на Марс“ и испитувајќи го „дали има нешто да сподели“. Нејзиното однесување било типично „детективско“, со што манифестирала моќ, а на крајот воопшто не сакала да го прегледа и одбила да му пружи услуга.

Дополнително, стоматологинката изјавила дека оваа информација ѝ се појавила во системот „Мој Термин“, иако е познато дека ваквите здравствени податоци веќе одамна се блокирани и не треба да бидат достапни таму каде што не е неопходно. Дали таа ја дознала здравствената состојба на пациентот поради системска грешка, од трето лице или, пак, самостојно се обидувала да ја пронајде оваа информација, останува непознато. Во секој случај, тука станува збор за непочитување на доверливоста на медицинските податоци и дискриминација од страна на здравствена работничка врз основа на новодознаените информации. Доколку здравствениот статус на пациентот навистина циркулира во системот „Мој Термин“, тогаш тоа претставува и системска дискриминација.

> „Јас бев шокиран затоа што не го очекував тоа, бидејќи со тимот од инфективна клиника каде сум пациент за ХИВ многу често разговараме за овие работи и добиваме насоки за тоа како да навигираме во здравствениот систем, каде се појавува, каде не се појавува таа информација. (...) Јас се забезекнав, не знаев што да кажам на тоа и реков во ред, ајде ќе си одам. Станав од стоматолошкиот стол по што си заминав се’ уште со неподносливи болки во забот.“ (код: Кристијан, 33 години, геј маж)

Потоа, откако пациентот не ја добил услугата од матичниот стоматолог, бил упатен на универзитетска клиника, каде што повторно бил подложен на дополнителна тортура – морал јавно

да го открие својот ХИВ статус пред другите пациенти и лекари. При првиот контакт со помлада лекарка, се нашол во непријатна ситуација што ја повредувала неговата приватност. Откако таа дознала дека е ХИВ позитивен, физички се оддалечила од него, објаснувајќи дека е изненадена, неспремна и не е запознаена со постапките за работа со пациенти кои живеат со ХИВ. Така, и во оваа втора ситуација, пациентот повторно бил ставен во позиција да слуша и да биде трпелив кон неедуцираноста на здравствениот персонал, само за конечно да добие услуга.

> „Реакцијата не би ја окарактеризирал како лоша, туку само како изненадена и неспремна. Ми рече да оставам број и ќе ме побара после консултациите со шеф на одделение, и повторно не ја добив услугата тогаш туку чекав една недела со болки во забот, по што ми се јавија и ми закажаа во одделот за ковид, нов оддел за среќа направен во пандемијата, и тоа кај професори од стоматолошки факултет, како ‘најстручни’ во државава за обична пломба кај лице со ХИВ.“ (код: Кристијан, 33 години, геј маж)

Лицето на крајот добива услуга од професори од Стоматолошкиот факултет, кои, заедно со специјализантите, брзо и професионално ја завршуваат работата. Сепак, како резултат на дискриминаторскиот третман од страна на лекарката, пациентот останал со болки во забот со недели и, иако имал упат, повторно бил препратен до несензитивен здравствен кадар. Ова дополнително ја продолжило неговата болка сè додека не наишол на соодветен кадар на универзитетската клиника.

Оттука, освен што станува збор за дискриминација, присутна е и психичка и физичка тортура, бидејќи лицето живее со болка и страв, а институционално е пренасочувано од една во друга установа. Тортурата произлегува од неодговорноста на институциите, непокренувањето на никакви конкретни чекори и одолговлекувањето на решението за проблемот на пациентот. Ваквото однесување од страна на здравствените работници не само што е дискриминаторско, туку и директно придонесува кон психичката тортура на лицето, кое мора да ги доедуцира лекарите за својот здравствен статус и да бара посебен третман само за да добие основна здравствена услуга.

Психичката тортура често се манифестира и преку постојано упатување на пациентите од една институција во друга, без вистинско решавање на нивните здравствени проблеми. Оваа пракса ја доживуваат многу лица кои живеат со ХИВ, како и геј мажи кои бараат медицинска нега во јавните здравствени институции. Многу од овие пациенти пријавуваат дека постојано се префрлаат од една клиника во друга, без да добијат соодветна грижа. Поради недостатокот на едукација и сензитивност кај здравствените работници, луѓето кои живеат со ХИВ мора постојано да се ослонуваат на контакти и врски за да добијат соодветен третман.

Всушност, геј мажот од последниов случај изјавува дека секогаш мора да бара лекарски услуги преку врски, односно да оди терциерно и да биде најавен преку Инфективната клиника кај различни универзитетски професори, што му одзема дополнително време и енергија. Тој има чувство дека претставува терет на здравствениот систем. Кога е упатен преку контактите на Инфективната клиника, пак, лицето добива „посебен третман". Тој би сакал да не мора да користи „привилегиран" пристап за да добие основни здравствени услуги, туку да добива соодветна здравствена грижа на примарно ниво, без да се потпира на врски.

За случајот е поднесена и тужба за заштита од дискриминација со поддршка на Коалиција Маргини, а веќе е закажано подготвително рочиште против стоматологот.

> „Ми пречи тоа што немам едноставен процес за добивање на здравствени услуги, бидејќи се' мора да биде со врски и со телефони, што ми одзема време и енергија, ми интерферира со работни обврски и генерално добивам чувство дека претставувам терет на здравствениот систем." (код: Кристијан, 33 години, геј маж)

Во јавното здравство не постои соодветна грижа за ЛГБТИК+ луѓето. Системот не е прилагоден на нивните потреби, особено во однос на услугите за сексуалното и репродуктивното здравје. Многу од превентивните услуги се недостапни или тешко пристапни, а во здравствениот сектор недостасува свесност за инди-

видуализиран пристап според потребите на овие лица. ЛГБТИК+ луѓето кои живеат со ХИВ се соочуваат со бројни препреки при остварувањето на своите здравствени права. Тие често се принудени да ги доедуцираат здравствените работници за нешта што веќе би требало да бидат дел од нивното професионално знаење. Ова претставува дополнителен емоционален товар, бидејќи пациентите се ставени во позиција на постојано дообјаснување, оправдување и бранење на својата здравствена состојба, како и на сервилност при барањето услуги кои треба непречено да им бидат овозможени од страна на здравствениот персонал.

Медикаментозното насилство и психичката тортура врз ЛГБТИК+ лицата во здравствениот систем на Северна Македонија претставуваат сериозен проблем што бара итна интервенција. Овие форми на насилство не само што ги нарушуваат здравствените права на овие лица, туку и ги ставаат во животна опасност. Преку наметнување на конверзиона терапија, одбивање здравствена нега, дискриминаторско однесување и институционално талкање, здравствените работници директно придонесуваат кон влошување на нивната психичка состојба и создаваат дополнителни бариери за пристап до здравствена заштита.

## Економско насилство

Економското насилство врз ЛГБТИК+ лицата, особено врз трансродовите индивидуи, претставува системски проблем во здравствениот систем на Северна Македонија. Ова насилство произлегува од селективниот и дискриминаторски третман на нивните медицински потреби, што резултира со големи лични трошоци и економски оптоварувања за основни здравствени услуги. Поради недоволната поддршка од јавниот здравствен систем, трансродовите лица се соочуваат со значителни финансиски бариери при пристапот до нега што го потврдува нивниот родов идентитет. Ова ги втурнува во економска нестабилност и често ги принудува да бараат услуги приватно или во странство. За многу трансродови лица, медицинското прилагодување на родот е финансиски непристапно, што ги принудува да трошат години во собирање средства и барање соодветни контакти за пристап до потребните услуги.

Еден од најсериозните примери на економско насилство е селективното покривање на здравствените услуги кои се неопходни за трансродовите лица. Иако не сите трансродови лица се одлучуваат за медицинска транзиција, за оние што го прават тоа, овие услуги се од суштинско значење. Пример за ова е транс маж кој бил принуден да побара медицински услуги надвор од земјата, бидејќи Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија (ФЗОМ) не ги покрива услугите поврзани со медицинското прилагодување на родот. Тој морал самиот да ги сноси трошоците, што довело до значителен финансиски товар (код: 48, 25 години, транс маж). Слично на тоа, транс жена истакнала дека нејзината транзиција ѝ донела дополнителни трошоци кои не биле поддржани од здравствениот систем, што ја потенцира непропорционалната економска тежина врз транс лицата (код: Анѓела, 23 години, транс жена).

Честопати, директната дискриминација носи економски последици. На пример, транс жена пријавила дека поради дискриминаторско однесување од нејзината матична лекарка, која одбила да ѝ даде потребни упати за продолжување на нејзината транзиција, била принудена да бара здравствени услуги во странство. Како последица, таа изгубила доверба во македонскиот здравствен систем и продолжила да ги набавува неопходните терапии од странство, со значителни финансиски трошоци (код: Леа, 34 години, транс жена). Недостигот на соодветни домашни здравствени услуги и дискриминаторскиот однос ја принудуваат на економски оптоварувања, вклучително и ангажирање во сексуална работа за да ги финансира потребните хормони.

Транс лицата често се принудени да купуваат хормонска терапија приватно, бидејќи државните здравствени услуги не обезбедуваат соодветни или безбедни опции. Една транс жена изјавила дека хормонската терапија понудена од ФЗОМ е помалку ефикасна и предизвикува несакани ефекти, како што е оптоварување на црниот дроб. Како резултат, таа избрала да набавува побезбедни хормони од странство, што значело значително зголемување на личните трошоци (код: Лила, 39 години, транс жена). Овој пример ја истакнува системската дискриминација што ги принудува транс лицата да прибегнуваат кон поскапи и посложени алтернативи за да добијат соодветна медицинска нега.

Покрај хормонската терапија, основните операции за потврдување на родот не се покриени од државното здравствено осигурување. Транс жена пријавила дека во изминатите три години морала приватно да плати за операциите за феминизација, вклучувајќи процедури како зголемување на градите, кои се значајни за нејзината транзиција. Овие операции ја оставиле со огромни финансиски оптоварувања (код: Лила, 39 години, транс жена). Непостоењето на јавно финансирање за овие суштински процедури ја нагласува системската нееднаквост, при што трансродовите лица се принудени сами да го сносат целиот финансиски товар за да ја добијат негата што им е потребна.

Дополнително, системот не обезбедува соодветна поддршка за транс малолетни лица, кои се соочуваат со значителни административни и финансиски бариери при пристап до медицински третмани. Една транс девојка, и покрај поддршката од своите родители, не можела да пристапи до хормонска терапија поради возраста (код: Војд, X години, транс лице). Ова ја принудило да бара алтернативни методи, кои често се поскапи или ризични кога се примаат без медицински надзор.

Покрај финансиските трошоци за третманите, транс лицата често мора да патуваат на големи растојанија за да пристапат до соодветни лекари. Еден транс маж истакнал дека морал да патува до Скопје за да добие чувствителна и професионална здравствена нега, бидејќи здравствените работници во помалите градови често покажуваат дискриминаторски однесувања (код: Саше, 26 години, транс маж). Овие дополнителни трошоци за патување, сместување и здравствени услуги го зголемуваат финансискиот товар врз транс лицата, кои веќе се во неповолна економска состојба.

Заклучно, економското насилство врз ЛГБТИК+ лицата во здравствениот систем на Северна Македонија е широко распространето и системски интегрирано. Недостигот на соодветна поддршка од јавните здравствени институции, селективното покривање на медицинските услуги и дискриминацијата од страна на здравствените работници создаваат значителни финансиски бариери за овие лица. Трансродовите индивидуи, кои веќе се соочуваат со економски и социјални предизвици, често се принудени сами да го сносат финансискиот товар за основни

медицински потреби, што дополнително ги маргинализира и ги става во неповолна положба. Овие системски недостатоци не само што го нарушуваат нивното здравје, туку и го загрозуваат нивното достоинство и права.

## Од микроагресии до системски предизвикано однесување на избегнување и доверување на институции

Недоволната сензитивност и дискриминаторскиот третман на здравствените работници кон ЛГБТИК+ лицата резултираат со длабоко вкоренета недоверба и страв од користење здравствени услуги.

Во еден случај, лезбејка изразува страв од посета на лекар поради нејзината сексуална ориентација, која би можела да предизвика физичко или вербално насилство, како и нарушување на нејзината приватност. Овој страв ја принудува да не ја открива својата ориентација, дури и кога таа е релевантна за нејзината здравствена состојба. Живеејќи во мала средина, таа се плаши дека здравствените работници можат да ги споделат нејзините информации со други жители на градот, што би можело да ѝ предизвика дополнителни проблеми.

> „Најголем страв да launch речеме од се’ е да се рашири нештото премногу и да има некои понатамошни проблеми. Во смисла, такво е местото каде што живеам. Се’ многу брзо се шири и многу онака самоволно би била подискрена и би го зачувала за мене.“ (код: 333, 18 години, лезбејка)

Слично, родово небинарно лице изјавува дека никогаш не се претставува во согласност со својот родов идентитет кога оди на лекар, туку се претставува како маж, користејќи го своето мртво име. Овој присилен „компромис“ е резултат на здравствениот систем, кој не е сензитивизиран за работа со родово различни лица, принудувајќи ги да ги избегнуваат здравствените услуги (код: Ели, 27 години, родово небинарна и геј личност).

Овие примери покажуваат како здравствениот систем не успева да обезбеди безбедна и доверлива средина за ЛГБТИК+ лицата, кои се принудени да ги кријат клучните делови од својот идентитет за да избегнат осуда или малтретирање. Стравот од откривање на нивниот идентитет, особено во помали заедници каде што информациите брзо се шират, ги поттикнува на самонаметнато молчење, што сериозно го загрозува нивното здравје.

Транс и небинарните лица постојано се принудени да го прикриваат својот родов идентитет за да добијат основна здравствена грижа. Тие се приспособуваат пред да влезат во институциите за да можат да „поминуваат“ (passing) како цисродови. Често, уште од самиот почеток на прегледите, се ставаат во нелагодна и подредена ситуација од страна на лекарите, кои ги ословуваат погрешно и ги нарекуваат со нивното мртво име (deadnaming). На пример, едно родово небинарно лице објаснува дека го крие својот родов идентитет и се претставува како жена за да помине низ здравствениот систем со што е можно помалку проблеми. Наведува дека стравува од формална промена на своето мртво име, бидејќи тоа може да доведе до различен и потенцијално дискриминаторски третман.

> „Значи, прво знам за небинарниот родов идентитет... Апсолутно ми е јасно дека ќе ме гледаат како луда, многу се конзервативни. Значи прво како жена кога им се претставувам имам проблем. Значи затоа што немам родено дете и имам 31 година, тоа што различно зборува, различно се однесувам, значи прво тоа ако им го кажам тоа стигмата ќе ме удри јако и најверојатно нема да добијам здравствена услуга. Во однос на сексуалната ориентација исто ја кријам, бидејќи да, знам дека истото е.“ (код: Каи, 32 години, родово небинарна личност)

Слични искуства имаат и други транс лица. Транс жена истакнува дека здравствените работници не ја почитувале нејзината приватност и зборувале за нејзиниот родов идентитет пред други пациенти и колеги, со што почувствувала дека ја исмеваат. Иако таа продолжува да оди на лекар кога има потреба, нејзините искази откриваат како транс лицата се принудени да се навикнат на неприфаќањето и непочитувањето во здравствениот систем (код: Кристина, 35 години, транс жена). Освен тоа,

во случаите кога станува збор за транс млади, здравствениот персонал честопати користи патронизирачки и корективен јазик. На пример, транс девојка, при правење ковид тест, била коригирана од медицинската сестра со зборовите „негативен сум“ наместо „негативна сум“, со што се нагласува трансфобичниот однос во здравството, каде што овие лица се чувствуваат недобредојдени (код: Лана, 16 години, транс девојка).

Многу ЛГБТИК+ лица пријавуваат дека уште од раното детство доживеале дискриминација од страна на здравствените работници. Едно квир лице се присетува на систематските прегледи во детството, кога здравствениот персонал го нарекувал „женче“ и „педерче“, правејќи изрази на ужас, како да се згрозени од „тие феминизирани момчиња“. Години подоцна, тој продолжува да избегнува здравствени услуги поради овие рани трауматични искуства (код: Јован, 30 години, квир личност).

Овој пример покажува како раните искуства со стигматизација во здравствениот систем оставаат трајни психолошки последици кај многу ЛГБТИК+ лица. Стравот од повторно соочување со дискриминација ги одвраќа овие лица од користење здравствени услуги, дури и кога тие се од витално значење за нивното здравје.

> „Ужасни беа докторите тогаш и ваљда во навика влегува тоа.“ (код: Јован, 30 години, квир)

Како резултат на дискриминацијата и стравот од осуда, многу ЛГБТИК+ лица избегнуваат да бараат медицинска помош, особено во јавните здравствени институции. Еден геј маж изјавува дека постојано избегнува да оди на лекар поради страв од дискриминација и пристрасен третман и дека „гледа како сам да си го среди проблемот што го има“. Наместо тоа, тој се лекува во приватното здравство, иако тоа претставува значителен финансиски товар. Оваа ситуација покажува како различниот третман во јавните здравствени установи може да доведе до одложување на лекувањето и потенцијално сериозни здравствени последици (код: Марко 1, хомосексуалец, 32 години).

Стигмата кон државните институции е поголема отколку кон приватните, а многу испитаници изјавуваат дека, откако пре-

станале да користат јавно здравство, генерално престанале да одат на лекар. Така, транс маж изјавува дека се лекува само кога е тоа апсолутно неопходно и активно ги избегнува здравствените институции.

> „Јас ако треба да отидам на државен гинеколог моментално, ја би радо да умрам од него да им кажам јас сум транс. Нема шанси. Ќе ги избричам нозете и ќе отидам во фустан. Само за да не трпам тоа што знам дека ќе го трпам, и нејќам да го трпам. (...) Само на психолог и на психијатар најчесто им кажувам затоа што таму апсолутно мора да знаат. Тоа е составен дел од тебе и ако некој работи ти со твојата психа не можеш да сокриеш огромен дел од тоа кој си. Меѓутоа, престанав и да користам јавни услуги психолог/психијатар. (...) Скоро ич не одам [на лекар]. Одам ретко затоа што се плашам од дискриминација. Одам ретко затоа што не сакам да се објаснувам. Одам ретко затоа што дури и ако не кажам дека сум транс јавна личност сум која што јавно е аутирана. Едноставно не сакам да се ставам во такви ситуации. (...) Значи, не е имам среќа што не сум нешто болештив, имам многу хронични заболувања. Мислам не може ништо да се направи во врска со нив и немам потреба да одам често на лекар. Меѓутоа, реално, дури и кога имам потреба избегнувам да одам. Стварно избегнувам да одам." (код: Лео, 28 години, транс маж)

Поради хомо- и трансфобичноста во здравствениот систем, многу ЛГБТИК+ лица се принудени да се свртат кон приватни, често скапи алтернативи или целосно да избегнуваат барање медицинска помош. Тие чувствуваат силна вознемиреност при самата помисла дека треба да се обратат за здравствена нега во институциите. Честопати, наместо лично, тие испраќаат трети лица за да им подигнат рецепти и лекови од матичните лекари и аптеките.

> „Не сум ни особа којашто генерално често се разболува, но имав ситуација, имав 40 температура пред некоја недела каде што на доктор не се осеќав комотно. (...) Морав да отидам на доктор ради тие рецепти и останати ствари, но кога јас би се прашувала не би идела, ама морав да идам пошто не беше добро." (код: Розалиа, 27 години, транс жена)

Сепак, ситуацијата во приватното здравство не е многу поразлична, а некои професионалци го користат лошиот пример на јавните институции за финансиска експлоатација и уцена. Така, транс жена била советувана од психијатар дека треба да се лекува исклучиво приватно, со закана дека, доколку побара услуги во државното здравство, нејзиниот родов идентитет ќе стане јавен. Лекарот инсистирал на оваа опција, претставувајќи ја како единствениот начин таа да ја заврши својата транзиција без да биде откриена. Поради ваквиот однос, кој го среќава насекаде, транс жената одлучила повеќе да не бара услуги за медицинско прилагодување на родот во земјата и се надева дека ќе го оствари ова право во странство.

Овој случај го илустрира начинот на кој некои приватни психијатри манипулираат со транс пациенти, оставајќи ги без вистински избор во здравствената грижа. Меѓутоа, злоупотребата на позицијата на моќ не е изолиран случај. Примерите на уцена и манипулација покажуваат дека одредени здравствени работници користат финансиски притисок за да ги експлоатираат пациентите кои се во ранлива позиција, особено кога станува збор за нивната родова транзиција.

> „Кај психијатар имам доживеано уцена, барем јас така го сфатив тоа, од околу ми вртеше дека треба да одам на приватно кај него, доколку сакам да се лекувам и да направам транзиција и никој да не знае за тоа во Македонија. Ако одам на државно мора да следам протоколи, тоа да биде отворено (јавно), или со други зборови сакаше да ми укаже дека тоа може да биде али ќе зависи дали ќе платам приватно.“ (код: Леа, 34 години, транс жена)

Всушност, дури и кога луѓето лично не доживеале дискриминаторски третман во здравството, сепак стравуваат да побараат каква било здравствена услуга. На пример, лезбејка истакнува дека нејзиниот страв произлегува од поширокото општествено неприфаќање на ЛГБТИ+ лицата во здравствениот систем и верува дека нејзината сексуална ориентација може да доведе до различен третман од страна на давателите на услуги. Таа се плаши дека нејзината здравствена состојба, за која верува дека е поврзана со сексуален напад во минатото, нема да биде соодветно признаена. Дополнително, стравува дека би можела да биде

принудена на непријатни прегледи, како што е употребата на спекулум, што ѝ предизвикува сеќавања на трауматични искуства од минатото.

> „Немам отидено на гинеколог од 18 години. Не знам од што е, некој психички блок е, не знам што е. Мислам дека дека толку пати сум била сексуално малтретирана и нападната и толку repeating имам, што имам огромен страв од болката што ќе биде као од спеклум. Пошто имам вагинизмус како резултат на сите тие ствари, цело време мислев дека нема да имам шанса тоа да биде земено предвид, туку само ќе биде тоа онака. И стравот од тоа ме кочи со години.“ (код: Sunstone,  лезбејка, 26 години)

Слично, транс жена изјавува дека, иако лично нема доживеано негативен третман, особено внимава при навигирање низ здравствениот систем. За да избегне потенцијална дискриминација или непријатност, таа посетува исклучиво доверливи лекари врз основа на препораки. Овој пристап го одразува емоционалниот труд и товарот што често ги носат трансродовите лица, дури и кога немаат претходно искусено негативни искуства. Постојаната потреба на испитаничката за претпазливост при барање медицинска нега е пример за системските предизвици со кои се соочуваат транс луѓето, бидејќи здравствениот систем генерално не е приспособен да ги задоволи нивните потреби. Стравот од нечувствителни или штетни интеракции принудува многу транс лица, како неа, да вложуваат дополнителни напори и ресурси за да си обезбедат безбеден и достоинствен третман. Нејзиното искуство нагласува дека, дури и во отсуство на конкретен случај на дискриминација, трансродовите лица мора постојано да бидат претпазливи, бидејќи секоја интеракција со здравствениот систем може да биде потенцијална закана. (код: Лила, 39 години, транс жена)

Дополнително, принудната циснормативност во здравствениот систем доведува до ситуации во кои трансродовите лица се приморани да прифатат терапија што е спротивна на нивниот родов идентитет. Еден транс маж опишува како, поради страв од откривање на неговиот идентитет, примал терапија за потиснување на тестостерон, иако не сакал. Тој истакнува дека терапијата довела до губење на неговите машки карактеристики и

до чувство на силна дисфоричност, но не се осмелил да му се довери на лекарот дека е транс маж. Оваа принудена неавтентичност резултирала со сериозни последици врз неговото ментално и физичко здравје, бидејќи бил приморан да прифати несоодветна терапија само за да избегне откривање на својот идентитет. Неспособноста на здравствениот систем да ги препознае и прифати неговите потреби довела до неправилна дијагноза и терапија, што дополнително ја влошила неговата состојба.

> „Во таа ситуација требаше да кажам дека сум транс и не ми е пријатно да пијам спиронолактон и да ги изгубам својте машки андрогени карактеристики. Не кажав. Не кажав зашто тоа е ситуација кај што требаше да кажам и не кажав. И пиев 2 години спиронилактон и ме збесна и плачев цело време и гласчето ми отиде вака горе и цицките ми се дуплираа и се тоа и не ми беше баш најубаво на свет." (код: Лео, 28 години, транс маж)

Овие примери откриваат системско непочитување со кое се соочуваат ЛГБТИК+ поединците во здравствениот систем на Северна Македонија. Тие нагласуваат дека недостатокот на сензитивност и пристап до соодветни услуги за ЛГБТИК+ лицата создава непријателска и отуѓувачка средина, што директно влијае врз нивното здравје и благосостојба.

## Заклучни согледби

Здравствениот систем во Северна Македонија, прикажан преку бројните случаи на дискриминација и насилство врз ЛГБТИК+ поединците, особено трансродовите и интерсексуалните лица, открива длабоки системски недостатоци.

Прво, нерамнотежата на моќта меѓу давателите на здравствени услуги и пациентите овозможува нормализирање на дискриминаторските практики. ЛГБТИК+ поединците често пријавуваат дека се соочуваат со отфрлачки ставови, микроагресии и целосно одбивање на грижа врз основа на нивната сексуална ориентација или родов идентитет. Ова не само што ги одразува личните предрасуди на здравствените работници, туку и укажува на системски неуспеси, особено во однос на недостигот на

соодветна обука и сензибилизација за специфичните потреби на родово и сексуално различните пациенти. Особено загрижувачки е фактот што на трансродовите лица често им се одбива хормонска терапија или друга суштинска медицинска нега поврзана со транзицијата, при што овие одбивања се маскираат како „медицински совети“, кои честопати се засноваат на трансфобични ставови наместо на медицина базирана на докази.

„Компулсивната хетеросексуалност“ (Adrienne Rich, 1980), која е длабоко вкоренета во здравствениот систем, ги зајакнува хомо/трансфобичните ставови со наметнување на претпоставката дека хетеросексуалноста и цисродовите идентитети се норма, со што ЛГБТИК+ лицата се маргинализираат. Ова доведува до занемарување на здравствените потреби на квир луѓето, погрешни дијагнози и дури патологизирање на нехетеросексуалните и не-цисродовите идентитети. Како резултат на тоа, ЛГБТИК+ пациентите се соочуваат со стигма, дискриминација и дури целосно одбивање на грижа, што придонесува за култура во која насилството и занемарувањето на нивните права стануваат толерирани. Дополнително, ригидните родови норми што се промовираат во здравствените институции ги маргинализираат трансродовите лица, негирајќи им пристап до соодветна грижа за потврдување на родот и систематски поткопувајќи го нивниот идентитет.

Згора на тоа, дискурсот околу „вистинскиот“ или „легитимен“ род, кој често се темели на циснормативни и хетеронормативни претпоставки, поткрепува многу од дискриминаторските практики. Здравствените работници, како што се гледа од многу примери, им наметнуваат свои ригидни верувања за родовите улоги и идентитет на пациентите, често поткопувајќи ја нивната автономија и личните искуства. Транс жените, на пример, се сметаат за „недоволно жени“ и се под притисок да се усогласат со општествените очекувања за женственост, додека транс мажите се соочуваат со слична контрола врз нивната машкост. Ваквите пристапи го сведуваат здравственото искуство на бојно поле, каде што пациентите мора постојано да го бранат својот идентитет наместо да ја добиваат потребната нега.

На крајот, начинот на кој здравствениот систем во Северна Македонија ги третира ЛГБТИК+ поединците одразува пошироки

општествени проблеми, каде што родовата и сексуалната различност често се гледаат како девијација. Наместо да бидат простори за грижа и поддршка, здравствените институции стануваат места на маргинализација и насилство. За да се промени оваа состојба, неопходни се суштински реформи – почнувајќи од сеопфатна едукација на здравствените работници до институционална одговорност. Без решавање на овие длабоко вкоренети проблеми, здравствениот систем ќе продолжи да им нанесува штета на најранливите групи во општеството.

## Препораки

- Задолжителна сензитивизација на сите здравствени работници за потребите и правата на ЛГБТИК+ пациентите, особено фокусирана на родовиот идентитет, сексуалната ориентација и почитувањето на приватноста на пациентите;

- Зајакнување на политиките за доверливост и заштита на приватноста на пациентите, за да се осигура дека давателите на здравствени услуги ја почитуваат приватноста на ЛГБТИК+ пациентите, спречувајќи непотребно откривање на нивната сексуална ориентација или родов идентитет на другиот персонал или пациентите;

- Обезбедување државно финансирање на услуги за медицинска транзиција преку Фондот за здравствено осигурување (ФЗОМ);

- Обука на здравствените работници, особено матичните лекари и психијатрите, во обезбедување соодветна и чувствителна грижа што го потврдува родот за трансродовите пациенти, вклучително и почитување на нивниот родов идентитет за време на медицинските прегледи и лекување;

- Поедноставување и подобрување на пристапот до хормонска терапија за трансродовите лица, осигурувајќи дека општите лекари и специјалистите како што се ендокринолозите се информирани и подготвени да ги обезбедат потребните услуги;

- Обезбедување на посветени услуги за ментално здравје кои се ослободени од пристрасност или обиди да се патологизираат ЛГБТК+ идентитетите, особено за трансродовите поединци кои бараат поддршка за време на нивната транзиција;
- Преземање екстра мерки за осигурање дека медицинските досиеја поврзани со ХИВ остануваат доверливи и дека здравствените работници се соодветно едуцирани за преносот на ХИВ за да се спречи стигмата и дискриминацијата на ХИВ-позитивните поединци; и
- Реструктура на болничките установи и осигурање дека се тие чувствителни на потребите на трансродовите поединци, особено во однос на хоспитализацијата, осигурувајќи дека тие се сместени во одделенија кои се усогласени со нивниот родов идентитет.

# СОЦИЈАЛНА РАБОТА

# СОЦИЈАЛНА РАБОТА

## Квантитативен пресек на податоците

Во областа на социјалната заштита се мапирани **13 случаи** на насилно однесување од интервјуата со тројца од испитаниците, и интервјуата со давателите на услуги од граѓански организации (од кои можеа да се издвојат два случаи). Малиот број на случаи на насилство во оваа област се должи на тоа што интрвјуираните ЛГБТИК+ лица ретко изјавуваат дека имале контакт со службите за социјална заштита, а уште поретко во својство на ЛГБТИК+ лице на кое му е потребна социјална услуга или остварување на социјално право. Сите случаи се од Скопје. Жртвите во овие случаи се доминантно транс жени, во 12 случаи, и едно е родово небинарно лице. Според одговорите на испитаниците, основата или карактеристиката поради која се има случено насилството е мотивирана од различна сексуална ориентација и родов идентитет заедно, (6) или само од родовиот идентитет (7).

Во пријавените случаи има поливалентна квалификација, односно станува збор за инстанци на насилство во кои истовремено има повеќе форми на насилство, вознемирување, дискриминаторски третман, повреда на приватноста, но и одбивање на социјално право или услуга. Сепак, најголем дел од случаите се квалификувани како вознемирување (5), потоа 4 случаи на прекршување на социјални права, два случаи на насилство во областа на детската заштита, еден случај квалификуван како дискриминација, и еден како микроагресија.

Освен овие три интервјуирани лица кои пријавија контакт и случаи на насилство при контакт со служби за социјална заштита, други две интервјуирани лица кои имале контакт со овие институции но не пријавија конкретни случаи во изминатите три години изјавија недоверба и избегнување на контакт поради страв од дискриминаторски третман.

Од интервјуираните само 8 (18%) изјавиле дека имале каков било контакт со служби за социјална заштита. На прашањето Како твојата различност е прифатена/неприфатена од страна на системот за социјална заштита: 3 сметаат дека генерално немам проблем, но како ЛГБТИК+ лице се јавува проблем за одредени услуги поврзани со родовиот идентитет или сексуалната ориентација (пр. сместување во шелтер за жртви на насилство); 3 сметаат дека често можеш да се соочиш со различен третман, непријатност и осуда од страна на социјалните работници и останатите службеници, но ја добиваш услугата; и 2 сметаат дека системот за социјална заштита не ги прифаќа и ги дискриминира ЛГБТИК+ лицата.

Од интервјуата со овозможувачи на услуги (правни и психо-социјални) од граѓански организации се добиваат подетални информации за случаите кои ги споделуваат ЛГБТИ лицата во интервјуата. Освен што се добиваат подетални информации за постапките пред надлежни органи, се откриваат и други форми на насилство во рамки на ист случај кои не биле препознаени како насилство од страна на интевјуираните ЛГБТИК+ лица и како такви не се споделени директно од нив.

## Дескриптивна анализа

## Насилство во областа на детската заштита

Во интервјуата со овозможувачи на услуги од граѓански организации беше споделен случај на транс девојка која се соочувала со повеќе форми на насилство во згрижувачко семејство, во моментот сместена во Сигурна куќа. Освен насилството во згрижувачкото семејство, транс девојката била жртва на вербално и психолошко насилство од околината. Таа била сместена три пати во Сигурна куќа, а за случајот се водат повеќе постапки. Вториот пат кога се вратила во Сигурната куќа имала видливи повреди од само-повредување. Сигурната куќа три пати поднесувала барање за услугите да бидат покриени од страна на Министертвото, но Центарот за социјална работа не го препознал случајот како насилство и несоодветно го проценил ризикот.

„Кога ја прават проценката на ризик магично испаѓа дека нема ризик, иако ние сме утврдиле ризик и веќе сме ги сме- стиле кај нас...Првиот пат и кога се слушнавме со Министер- ство за случајот ни рекоа: 'Па нема тука ризик, само што сама си се повредила. Тоа е. Можеме да ја однесеме, да ја оставиме.'" (код: правна советничка, Хелсиншки комитет за човекови права)

„Они не знаат што е проценка на ризик. Они не контаат дека ако го видиме ризикот дека е утре, задутре или за пет дена ние не го оставаме човекот да дојде во тој ризик, пошто кога ќе дојде во тој ризик ќе имаме уште петсто тони работа да ја сработиме. И во loop-от се вртиме. Значи не се разбирам со нив. Треба ли да ја оставам корисничката да оди во Чичино село да ја силуваат, да ја истепаат, и после да ја земам? По- што им реков, после ќе ја земам и после тоа ќе мора да го направиш тоа. 'Добро И, ако ми збориш вака да го напуштиме состанокот.'" (код: менаџерка на Сигурна куќа)

Во згрижувачкото семејство трпела континуирано психолошко насилство, обиди за превоспитување, закани, уцени, навреди и физичко насилство. Насилството воглавно се случува поради родовиот идентитет, но и поради искористување на положба на моќ над деца без родителска грижа. Физичкото насилство не е поврзано со родовиот идентитет, туку станува збор за насилство врз деца кои им се доверени на чување и виспитување. Дополнително се случувало и економско насилство, односно згрижувачкото семејство и давало само дел од парите кои државата ги дава за детето да студира. Притоа ја лажеле за сумата и задржувале повеќе од половина од средствата. Оваа финансиска измама се случувала и со братот на транс девојата која исто така бил сместен во истото згрижувачко семејство. Транс девојката има уште еден помал брат кој е сместен во истото семејство, а тие го користат за да и се заканувaат и да ја уценуваат.

„'Ти си болен', во машки род исклучиво, 'Ти си малоумно кретенче', 'Има други луѓе вака како тебе, ќе те однесеме да ти помогнеме'. Со тоа што, пред да дојде тука, кога живее кај нив, ја носат во Демир Хисар за да ја лечат уствари ради нејзиниот различен родов идентитет." (код: менаџерка на Сигурна куќа)

Згрижувачкото семејство е пријавено во Министертвото за труд и социјална политика, направен е вондреден надзор, но до спроведување на интервјуто немаше изгледи за санкционирање на семејството и преземање мерки за заштита на децата. Пријавено е и семејно насилство од страна на згрижувачкото семејство, а се води и кривична постапка за економското насилство.

Во случајот се направени низа пропусти од страна на институциите за социјална заштита. Иако од изнесеното станува збор за семејство кое во никој случај не смее да згрижува деца, континуирано ги злоупотребува децата и им ги одзема средствата за егзистенција, не се согледува итно постапување и преземање мерки од страна на надлежното Министертво. Согласно податоците од интервјуата со давателите на услуги, додека била сместена транс девојката во семејството два пати доаѓала контрола но никогаш не утврдувале каков било проблем. Институциите имаат директна одговорност за безбедноста на децата во згрижувачките семејства бидејќи тие се дел од системот за детска заштита. По пријавувањето на насилство во згрижувачкото семејство тие не преземаат дополнителни мерки за санкционирање и за заштита на децата кои се уште се сместени таму, со што овозможуваат да продолжи насилството и кон транс девојката и кон другите деца. И покрај тоа што се директно одговорни и поради нивната негрижа деца трпат насилство, понатаму одбиваат да го препознаат насилството кон транс девојката и одбиваат да ги финансираат услугите за нејзино сместување во Сигурната куќа. Случајот зборува за бројните недостатоци во оваа област кои ги ставаат децата без родителска грижа во многу ранлива положба. На сето ова се накалемува и родовиот идентитет како дополнителен фактор за насилство и злоупотреба.

Од давателите на услуги од граѓанските организации беше споделен уште еден случај на вербално насилство и вознемирување во областа на детска заштита каде се работи за транс девојка. Транс девојката била сместена во СОС Детско дело, од таму во домот 25ти Мај, па по неговата деинституционализација во мал групен дом. Поради родовиот идентитет, девојката била жртва на дофрлања, коментари и дискриминаторски третман од страна на другите деца. Персоналот го препознал проблемот и ја исконтактирал граѓанската организација за дополнителна поддшка со цел да се заштити детето. Овој случај соодветно се

адресирал бидејќи во малиот групен дом работеле сензитивни луѓе со претходно искуство во граѓански организации кои навремено и соодветно реагирале без предрасуди со фокус на потребите на детето.

## Вознемирување

Најголем дел од случаите се квалификувани како вознемирување. Во овие случаи станува збор за коментирање, осудување и исмејување на родовиот идентитет поради надворешниот изглед на лицата, поставување дополнителни прашања со кои се повредува приватноста и се даваат инструкции како некој треба да се однесува или облекува со цел да се прилагоди на родовите норми.

Во еден случај каде жртва е транс жена Ромка, социјалните работници од Комисија за давање наод за гарантирана минимална помош дофрлале навредливи коментари поврзани со родовиот идентитет на транс жената во чиј дом дошле. Тие меѓусебно си коментирале „да погледнат каква личност е таа“, ја прашувале транс жената „зошто не бара работа кога е млада“ и го кометирале тоа што се занимава со сексуална работа како причина за да не и одобрат гарантирана минимална помош. Занимавањето со сексуална работа е уште еден фактор кој влијае на дискриминаторскиот третман и осудувањето од страна на социјалните работници.

> „Викаат зашто не си одиш негде кај што ќе те прифатат, еве демек горе во странство. Овде тебе не ти е да седиш во Македонија. Им викам зошто? Па ти каква што си таму демек државата повеќе дава, и почнаа да се глупираат, да зборуваат за мојата приватност.“ (код: Лола, транс жена, 48 години).

Во друг случај истата жена била во Агенцијата за вработување каде службеникот на шалтер на глас коментирал дека он мислел дека е жена, а тоа било маж, судејќи по личните документи. Со коментарот ја повредил нејзината приватност и го издал нејзиниот родов идентитет пред сите. Откако се побунила за неговата постапка, службеникот одбил да и ја даде услугата, ја праќал по други шалтери и ја приморил да чека подолг период.

Два случаи на вознемирување се документирани при контакт на социјалните работници со корисници на услугите на Сигурната куќа. Во еден случај социјалните работници коментирале дека ако лицето се идентификува како жена и вели дека е транс жена, треба така да се облекува, осносно според нив не била доволно женствено облечена. Таа објаснила дека живее во многу конзервативна средина во помал град каде не е прифатена, но не добила разбирање. За овој случај треба да се има предвид контекстот во кој се одвиваат овие проценки. Најчесто барањата за финансирање на услугите во Сигурната куќа се одбиваат бидејќи не се препознава социјалното насилство кон барателите, а социјалните работници секогаш бараат причина плус за да не го одобрат. Оттука и ова прашање е тенденциозно со цел да се изрази сомнеж кон исказот на лицето дека е транс и дека има потреба од сместување во Сигурна куќа. Во друг слуачј при процена од страна на социјалните работници за сметување во Сигурна куќа, тие и се обраќале со машкото име и во машки род, иако им кажала како сака да ѝ се обраќаат. Неколку пати ги корегирала, ќе се обрателе еднаш во женски род, па продолжувале во машки итн.

## Прекршување на социјални права

Случаите на прекршувањето на социјални права се воглавно неодобрување на барањата за финансирање на услугите во Сигурна куќа и еден случај на неодобрување на паричен надоместок. Причината е одбивањето да се препознае ризикот од насилство кон ЛГБТИ лицата.

Најнапред моделот на финансирање на услугите на Сигурната куќа воспоставен од Министерството за труд и социјална политика, е сам по себе крајно проблематичен и несензитивен за потребите на жртвите. Ова делумно се должи и на несоодветната законска рамка во областа на социјалните услиги, но практикиката ја прави состојбата уште полоша. За сместувањето во Сигурна куќа да биде финансиски покриено, треба центарот за социјална работа да процени и да го препознае насилството како родово засновано или семејно насилство. Ова е само по себе проблематично, имајќи ја предвид недоверабата на ЛГБТИК+ луѓето во центрите за социјална работа и нивната несензитивност за работа со ЛГБТИК+. При воспоставување на овој систем на фина-

нисрање со лиценцирањето на Сигурната куќа, Министертвото не презема дополнителни и соодветни мерки за да се осигура дека социјалните работници кои ќе работат со ЛГБТИ луѓе имаат соодветни знаења, вештини и сензибилитет. На овој начин ги изложуваат ЛГБТИ лицата кои и онака се во многу ранлива состојба на непрофесионален, дискриминаторски и деградирачки третман од страна на социјалните работници. Насилството кон ЛГБТИ луѓето тие континуирано не го препознаваат како родово засновано насилство или семејно насилство, особено ако нема акутно физичко насилство од конкретен сторител.

> „Да, затоа што нема видливи траги на насилство кај особата и од конкретно лице. Тоа беше нивното образложение коешто сметам дека е апсурдно, сеа треба да ме излупа некоја особа и треба јас да отидам со модрици и со врзана рака за да на вашата екселенција и докажам дека јас сум едноставно повредена. Не ги сметаат хомофобичните и трансфобичните дофрлувања како такви. Буквално мора физички да те залупа некоја особа за да донесат позитивно решение. Скоро сите решенија што доаѓаат како негативни...“ (код: Розалиа, 27 години, транс жена)

Менаџерката на Сигурната куќа изјави дека барањата за финансирање на услугите континуирано се одбиваат. Оттука, не станува збор за изолирани случаи туку за структурен проблем на одбивање да се препознае насилството кон ЛГБТИК+ лицата, да се овозможи заштита и соодветни социјални услуги. Вработените во Сигурната куќа и во Хелисншкиот комитет за човекови права зборуваат за низа системски недостатоци, од кои го издвојуваат деградирачкиот и понижувачки однос на социјалните работнци и континуираното барање на причини за да се одбие финансиската поддшка за сместување преку релативизирање на насилството, обвинување на жртвите дека претеруваат, разубедување дека тоа што им се случува не е сериозно или сигурно нема да се повтори, до обвинување на жртвата и сугерирање дека треба да се „вратиме на правиот пат“ односно да се промени родовиот идентитет или сексуалната ориетација.

## Дискриминација

Случајот на дискриминација е исто така пријавен во контекст на стапување во контакт со социјални работници како корисник на услугите на Сигурна куќа. Дискриминацијата е сторена преку вознемирувачки прашања и коментари, како и непотребни одложувања за да се одобри барањето. На крај беше одобрено финансирањето на услугата, но во случајот станувaше збор за физичко насилство од омраза кон геј маж во контекст на Парадата на гордоста.

> „Сум имал непријатности и знам дека моите манеризми се различни од хетеро луѓето. Знам дека секој човек пред мене и после мене имаше некој различен третман, за мене беше малце потешко, сепак на крај услугата беше завршена.“ (код: Висар, родово небинарно и геј лице, 27 години)

## Микроагресии

Микроагресија е пријавена исто при контакт со социјални работници на корисничка на услогите на Сигурна куќа. Откако се идентификувала како трансродова жена, социјалниот работник ја прашал што е тоа. Транс жената требала да објаснува на социјални работници одговорни за процена на ризикот од насилство кон неа, и кои треба да доднесат одлука за социјалните услуги што ќе ги добие, што значи терминот „трансродова жена“.

## Заклучоци

Системот на социјална заштита е несензитивен и неприлагоден на потребите на ЛГБТИК+ луѓето. Тие не се експлицитно препознаени, со исклучок на областа на родово засновано и семејно насилство. ЛБТ жените се препозени во категоријата на ранливи жени во Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство и законот забранува дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет при неговата примена. Социјалната услуга за привремен престој е предвидена и за жртви на насилство поради сексуална ориетација и родов идентитет. Надвор од контекстот на семејно насилство и насилство врз жени, ЛГБТИК+ лицата не се препознаени од системот за социјална заштита.

Законската рамка во областа на семејното и родовото насилство е соодветна и во согласност со Истанбулската конвенција, но нејзиното спроведување останува клучен проблем. Финансирањето на социјалните услуги од граѓанските организации е предизвик за кој се потребни измени на подзаконските акти во областа. Од една страна финансирањето е оскудно, а од друга страна процесот е спор и крајно оптеретен со услови, дополнителни критериуми и постапки. Целта на овој систем не е да ги пресретне потребите на крајните корисници и да овозможи социјални услуги на најранливите, туку оние за кои е наменет, граѓанските организации, да се демотивираат и да се откажат од користење на овие средства. Ако се има предвид оваа институционална рамка, тешко може да се замисли дека потребите на ЛГБТИ лицата ќе бидат пресретнати. Уште повеќе, недостатокот на политичка волја да се инвестира во социјалните услуги се прекршува на сметка на ЛГБТИК+ луѓето кои се виктимизираат во овие постапки.

> „Дали си сигурна? Да не претеруваш? А да се договорите вие меѓу себе? А ова еднаш се случило? Ако е еднаш може нема пак да се случи.“ Тргаат од позиција на неверување и викаат дека се преувеличува.“ (правна советничка, Хелсиншки комитет за човекови права)

> “Значи, нѐ одбија двапати, двапати положувавме жалба на решението за одбивање и на крај они ја викнаа во Министерство и магично потпиша дека нема ризик и си отиде.“ (код: правна советничка, Хелсиншки комитет за човекови права)

Социјалните услуги за ЛГБТИК+ лица се овозможуваат исклучиво преку здруженија на граѓани, кои секако не се доволни. Семејното насилство е клучен проблем со кој се соочуваат многу ЛГБТИ лица. Иако, семејното насилство не беше посебна област од интерес за извештајот, туку само институционалниот одговор на истото, голем дел од испитаниците зборуваат за негативните искуства со семејството.

> „Моите се разведени, јас тогаш живеев со мајка ми цел мој живот. Откако и кажав за мојот родов идентитет беше лошо примено од нејзина страна. А имаше многу силен степен на деградација, на вербално насилство, многу гадни зборови

што ми ги кажуваше секој ден. Проба мојот проблем да го излечи на религиозен начин, своите болки го споделуваше со сестри со архиепископи, со различни религиозни лица од православната црква, сакаше мене да ме однесе, за да ги остераат демоните од мене што ме терале на ова. Мислеше дека сум ментално болен“ (код: 79, 19 години, транс маж)

„Ме имаат избркано од дома пред 20тина години (бев веќе полнолетна) поради сознанието дека сум била со девојка. Беше дознаено од друг извор, и доаѓам дома. Ми викаат ако е тоа вистина остави ги клучевите и оди си, и јас само ги оставив и си отидов. После тоа отидов појако на дрогирање, па се до 29 години имав проблем со зависност. После тоа се селам од Мк, го решавам проблемот со зависноста, па со се друго, се прифаќаш себе, созреваш...“ (код: Точка, лезбејка, 39 години)

Оттука, има потреба од развивање на мрежа од различни видови на услуги од психо-социјален карактер за ЛГБТИК+ млади и нивните родители во врска со прифаќањето на различноста и поддршка во процесот на излегување од плакарот.

Сигурната куќа е шелтер за ЛГБТИК+ лица управуван од здружение, со можност услугите да се финансираат од државниот буџет. Шелтерот е соодветно лиценциран од страна на Министертвото за труд и социјална политика. Но постапката за да се стигне до државно финансирање е условена од лично пријавување на насилството во Центар за социјална работа од страна на жртвата кој треба да го процени ризикот, наместо услугите да се финансираат врз основа на процената на ризикот на вработените во Сигурната куќа кои имаат искуство, знаење и сензибилитет за работа со ЛГБТИК+ лица. На овој начин ризикот два пати се проценува. Не постојат официјални упатства или други подзаконски акти кои ќе го доуредат начинот на работа на социјаните работници со ЛГБТИК+ лица жртви на насилство. Многу често постапуваат непрофесионално, со осуди, стигматизирање, па дури и оправдување на насилството од страна на родителите преку искази од типот дека ЛГБТИК+ лицето ги разочарало родителите, дека треба да има разбирање за нив или искази како „Ех, да беше мое дете...“ и слично (исказите се споделени во инетрвјуата со даватели на услуги).

Трансфобијата и хомофобијата се вградени во системот за социјална заштита. Социјалните работници кои искажуваат вакви ставови се согласуваат со насилството кон ЛГБТИК+ децата и се солидаризираат со нивните родители насилници, а не со жртвите. Оваа рамка продуцира институционално насилство во форма на непрепознавање, виктимизација и исклучување на ЛГБТИК+ луѓето од системот на социјална заштита. Дополнителен фактор се несензибилизираните и непрофесионални социјални работници кои се однесуваат деградирачки, осудувачки и понижувачки кон ЛГБТИ лицата и најгрубо се вмешуваат во нивната приватност.

> „Многу ЛГБТИ лица нема да побараат помош од социјални служби, само заради стравот од дискриминаацијa, ризикот на кој сме изложени за многу луѓе е препрака, дури и кога има реална потреба да користат социјални услуги, одбираат да не користат само за да не се соочат со дополнителна дискриминација.“ (код: Петар, транс маж, 25 години)

Случаите кои ги споделуваат давателите на услуги од граѓански организации како успешни случаи на соработка се должат на лични контакти помеѓу нив и конкретни вработени во институциите за социјална заштита. Најчесто и давателите на услуги од здруженијата на граѓани не се обраќаат директно до институцијата која им е потребна туку прво комуницираат со истите неколку лица во овие институции кои се позензибилизирани и кои имаат претходно работно искуство во граѓански организации.

> „Стигнавме во близина на Центарот (за социјални работи), се најдовме со детето (транс дете жртва на семејно насилство) и влеговме внатре. Тие коишто беа контакт лицата од Центарот самите нѐ замолија да бидеме внимателни од колегите и да пазиме кога излегуваме и влегуваме и да не дознаат за кого се работи. Самите луѓе во Центарот, кои да речеме дека се сензибилни на темава, немаа доверба во нивните колеги. И, кога им рековме дека надвор нѐ прашувале они се вознемирија, да не дознал, пошто сме му одговориле точно. Буквално како на филм, параноично однесување. Океј беа. Затоа што ти викам, доверени беа како добар контакт.“ (код: психолог, Скопски квир центар)

Центрите за социјална заштита најчесто се прва институција во која се пријавува семејното или родово заснованото насилство кон ЛГБТИК+ лицата. Лошите искуства во центрите понатаму ги демотивираат жртвите да ги продолжат постапките за семејно насилство. Давателите на услуги во граѓански организации без исклучок одговорија дека семејното насилство понатаму не се гони кривично. Во однос на партнерското насилство во истополови врски, давателите на услуги ниту интервјуираните лица не споделија вакви случаи, со исклучок на психо-социјално советување. Непријавувањето на овој вид насилство е клучен проблем чиј корен е општествената стигма кон ЛГБТИ лицата.

Целокупната состојба ги оддалечува ЛГБТИК+ луѓето од институциите за социјална заштита. Услугите, правата и институциите кои ги основа државата чија основна улога е да бидат т.н. заштитна мрежа кога некој паѓа, се непристапни и неприлагодени за ЛГБТИ луѓето. Пријавените случаи ги позиционираат овие институции како дел од проблемот, а не како можност за поддршка и заштита на ЛГБТИК+ лицата во ризик.

## Препораки

- Зајакнување на законската рамка во областа на социјалната заштита со цел препознавање на ЛГБТИК+ лицата во социјален ризик;
- Донесување на упатства, правилници и други подзаконски акти за постапување на социјални работници со ЛГБТИ лица жртви на насилство и ЛГБТИ деца во областа на детска заштита;
- Промена на моделот на финансирање на Сигурната куќа преку директни грантови, наместо преку донесување на одлука за (не)финансирање на услугите за секој поединечен случај или финансирање врз основа на проценката на ризикот од страна на вработените во Сигурната куќа;
- Назначување на контакт социјални работници кои ќе работата со ЛГБТИК+ лица и нивна континуирана обука;

- Развивање на мрежа од психо-социјални услуги на товар на буџетот за поддршка на ЛГБТИК+ лица и нивните семејства во однос на прифаќањето на различноста и процесот на излегување од плакарот;

- Зајакнување на механизмите за одговорност на социјалните работници сторители на прекршувања на правата на ЛГБТИК+ лицата; и

- Унапредување на курикулумите на факултетите кои образуваат социјални работници со содржини за сензибилизиација и социјална работа со ЛГБТИ лица.

# ПОЛИЦИСКО ПОСТАПУВАЊЕ

# ПОЛИЦИСКО ПОСТАПУВАЊЕ

## Квантитативен пресек на податоците

Во областа на полициското работење се издвојуваат **54 случаи на полициско насилство,** во кои сторителите се физички лица на службена должност или државни институции задолжени за извршување полициски работи. Со оглед на анонимноста на личните податоци на жртвите и можното поклопување на одредени личности во случаите каде е засегната група на лица врз кои е извршено насилство, можеме да утврдиме дека во оваа област имало **најмалку 45 жртви,** од кои некои се соочиле со повеќекратно насилство од страна на полицијата.

Најголем број од насилните инциденти се случиле во Скопје, а останатите во Прилеп, Кавадарци, Кратово, Куманово или онлајн. Испитаниците кои ги раскажуваат овие случаи се вкупно 29, со различен родов идентитет, меѓу кои 5 се идентификуваат како жени, 7 како мажи, 8 како транс, 5 како квир и 4 кои родово не се идентификуваат. Од нив, 14 се со хомосексуална ориентација, 5 со хетеросексуална, 4 со бисексуална, 3 се квир, а 3 не се идентификувале со ниту една од наведените опции во прашалникот. Најголем дел од испитаниците се идентификуваат како Македонци/ки, 2 како Албанци/ки, 1 како Ромка, а 1 не се идентификува со ниту еден од наведените одговори.

Насилството во овие случаи било мотивирано или се случило врз основа на: различна сексуална ориентација и родов идентитет заедно, само сексуална ориентација, само родов идентитет, род, здравствена состојба, општествен статус, политичко уверување, како и комбинација од сексуална ориентација и родов идентитет, етничка припадност, род и сексуална ориентација.

Голем дел од случаите содржат повеќе повреди на права кои не можат да се занемарат, поради што зборуваме за насилни од-

несувања или инциденти. Оттука, во дадениот период евидентираме насилни однесувања кои може да се карактеризираат како: микроагресии, релативизирање, негодување и неволност за постапување (5); вознемирување и повреда на правото на приватност (9); сексуално вознемирување (5); дискриминација и повреда на правото на заштита од насилство (23); селективно полициско постапување (2); насилство од омраза, физичка и психичка тортура (3); и системски предизвикано однесување на избегнување институции и повлекување (7).

Овие однесувања се претходно обработени и анализирани во однос на типологијата развиена во Excel-матрица за сортирање на насилните однесувања од страна на сторителите, што ја дополнува нивната квалификација. Насилните однесувања ретко имаат само една квалификација и најчесто се проследени со неколку споредни карактеризации.

## Дескриптивна анализа

## Полициска негрижа: Микроагресии, релативизирање, негодување и неволност за постапување

Институционалното насилство врз ЛГБТИК+ заедницата често се манифестира не само преку директно физичко насилство, туку и преку негрижа, изразена со микроагресии и неволност на полициските службеници да обезбедат соодветна заштита. Преку анализа на неколку случаи може да се утврди дека полицијата во Северна Македонија има длабоко вкоренети системски предрасуди кои ја поткопуваат можноста за правна и институционална заштита на ЛГБТИК+ лицата.

Во еден случај, транс маж кој бил физички нападнат и прободен во стомак, се соочил со полициска негрижа и заплашување. Наместо да му обезбеди поддршка, полицијата го одвратила од поднесување пријава, релативизирајќи го насилството што го претрпел и заплашувајќи го дека напаѓачот може да поднесе контрапријава поради неговата самоодбрана. Овој случај по-

кажува како жртвите, особено трансродовите лица, се криминализирани дури и кога самите се нападнати и постапуваат во самоодбрана. Ова ја нарушува и онаа минимална доверба во полицијата, која како институција треба да ги штити сите граѓани подеднакво. (код: Алекс, 35 години, транс маж)

Полицијата, исто така, не ги сфаќа сериозно заканите и нападите врз ЛГБТИК+ лицата. Бисексуален маж, кој бил нападнат на настан поврзан со ЛГБТИК+ права заедно со група луѓе, доживеал непрофесионален однос од полицијата, која доцнела да интервенира и ги потценувала нивните пријави. Ова вклучувало иронични коментари од страна на полициските службеници, што јасно го покажувало потценувачкиот однос на институциите кон ЛГБТИК+ заедницата. Жртвите на овој напад не го пријавиле следниот напад поради длабоко вкоренетата недоверба во системот, што укажува на системска негрижа. Овој случај покажува дека отсуството на правна заштита и институционална поддршка го одржува кругот на насилство врз ЛГБТИК+ лицата, бидејќи сторителите ретко се соочуваат со соодветни санкции.

> „Сето тоа ме обесхрабри затоа што гледам дека полицијата гледа со потсмев на нас, без почитување за ЛГБТ луѓето… Заради тоа не го пријавив настанот, затоа што не верував дека ќе има позитивен исход. При нападот во зградата, освен закани бев нападнат и физички со удар во глава, со бокс, но и јас го турнав за да си поминам и да се одбранам и не му реков ништо. Поради односот од полицијата за претходниот случај, мислев дека нема смисла да пријавам.“ (код: Димитар, 32 години, бисексуален маж)

Дополнително, неколку случаи укажуваат на банализирање на насилството и игнорирање на сериозноста на заканите кон ЛГБТИК+ лицата. Во еден таков случај, квир лице пријавило закани мотивирани од хомо- и трансфобија во полиција, но било препраќано од еден службеник на друг, а неговата пријава не била сфатена сериозно. Дури по неколку обиди и по интервенција од страна на трета личност која работи во невладина организација, полициските службеници конечно составиле записник. Овој случај илустрира како припадниците на ЛГБТИК+ заедницата мораат постојано да инсистираат и да добијат поддршка од граѓански организации само за да пријават насилство. Нивните

проблеми често се банализираат и не се сфаќаат сериозно, што создава чувство на безвредност и недоверба во институциите.

> „Не дослушуваат, не те сфаќаат сериозно, сметаат дека тоа не е голем проблем... како да не се толку битни моите ствари.“ (код: Јован, 30 години, квир)

Еден од поекстремните примери на институционална негрижа е случајот со транс жена која била во лоша здравствена состојба и под дејство на дрога кога полицијата интервенирала во нејзиниот дом поради пријава за нарушување на јавниот ред и мир. Наместо да ѝ укаже медицинска помош, полицијата ја принудила да потпише документи за кои таа не се сеќава дека ги потпишала, а подоцна не ѝ дозволила ни да ги види записниците. Во овој случај, полициските службеници демонстрирале отсуство на основна сензитивност и грижа, што дополнително го продлабочува чувството на ранливост кај ЛГБТИК+ лицата во однос на полицијата. По случајот, жената вели дека чувствува страв од полицијата и смета дека институциите, кои треба да ја заштитат, се претвораат во извор на опасност.

> „Сега веќе ги избегнувам, и ми е страв од нив кога ќе видам на улица. Ако треба и ги заобиколувам. Повеќе имам доверба во организациите, отколку во полицијата, доколку ми се случи нешто. Резервирана сум за полицијата. Треба да видам како ќе постапуваат понатаму и стравувам дека може да ме тепаат, затоа што се’ е во нивни раце. Немоќно се чувствувам. (...) Кога дојдоа кај мене, не ме погледнаа мене – туку како да влегуваат во некој криминален дом. Поради паранојата и состојбата во која бев, тие само како да гледаа сеир.“ (код: Леа, 34 години, транс жена)

Последно, полициски службеник одбил да го признае физичкиот напад врз родово небинарно лице како дело од омраза, и покрај јасните индиции за тоа. Дури по интервенција на правна советничка, службеникот се согласил случајот да се води како дело од омраза. Оваа ситуација го покажува отпорот на полицијата да обезбеди соодветна заштита на ЛГБТИК+ лицата, дури и во очигледни случаи на насилство мотивирано од омраза. Ваквата негрижа и неодговорност ги остава жртвите незаштитени и создава основа за понатамошни напади.

„За мојот случај беше многу очигледно дека се работи за hate crime, исто така и према етничкиот момент. Знам дека девојката што беше со мене му објаснуваше на полицаецот дека треба поспецифично да пишува дека за ова се работи. Јас кога почнував да давам изјава полицаецот беше малце одбивен, а причината не беше толку разбрана од полицаецот.“ (код: Висар, 27 години, родово небинарно и геј лице)

## Вознемирување и повреда на правото на приватност

Институционалното вознемирување, проследено со непочитување на приватноста, претставува често насилно однесување со кое се соочуваат ЛГБТИК+ лицата при контакт со полицијата. Овие искуства не се изолирани инциденти, туку дел од поширока институционална култура на непочитување и дискриминација врз основа на сексуалната ориентација и родовиот идентитет. Анализирајќи повеќе случаи, се забележува присуство на хомофобични и трансфобични ставови кај полициските службеници, кои ја нарушуваат приватноста и ги таргетираат ЛГБТИК+ лицата на различни начини.

Во еден случај, транс жена која пријавувала инцидент во полициска станица се соочила со непочитување на нејзината приватност и станала предмет на потсмев. Кога полицискиот службеник ја забележал нејзината трансродова идентификација, наместо професионално да постапи, ги информирал своите колеги за нејзиниот идентитет, што довело до групно набљудување и вознемирување. Овој инцидент ја отсликува несензитивноста и непрофесионалното однесување на полицијата кон транс лицата, што предизвикува страв и недоверба во институциите. Непочитувањето на приватноста во овој контекст е дополнителен аспект на системската дискриминација, која ги прави транс луѓето ранливи на потсмев и понижување, наместо на поддршка и заштита. (код: Кристина, 35 години, транс жена)

Повредата на правото на приватност на ЛГБТИК+ лицата е видлива и во начинот на кој полицијата се справува со родовото самоопределување на трансродовите лица. Истата транс жена била постојано именувана во машки род од страна на поли-

циските службеници, и покрај нејзиното инсистирање да ѝ се обраќаат во женски род. Овој однос покажува неспособност и неподготвеност на полицијата да прифати и почитува родови идентитети, како и тенденцијата намерно да ги дискриминира транс лицата преку непочитување на нивниот родов израз. Како резултат на ова, транс луѓето често се принудени да го кријат својот идентитет во полициските постапки, стравувајќи дека нивната ранливост ќе биде дополнително експлоатирана. (код: Кристина, 35 години, транс жена)

**ЛГБТИК+ лицата често се изложени на вознемирување за време на редовните полициски контроли на терен.** Едно квир лице било запрено од полицијата пред Парадата на гордоста и било испрашувано со хомофобични коментари и прашања за тоа дали ќе учествува на настанот и што точно ќе слави. Полициските службеници дури и коментирале дека „имало многу транци“, што покажува трансфобичен однос кон целата транс заедница. Повторените полициски контроли, секогаш проследени со коментари поврзани со сексуалната ориентација, кај лицето предизвикале постојан стрес и чувство на небезбедност. Откако првично било запрено, истото лице било задржано уште трипати, при што секојпат било изложено на вознемирувачки прашања и набљудување што очигледно било хомофобично и трансфобично мотивирано. (Код: Самовила, 23 години, квир лице).

Дополнително, истото лице било вознемирувано од страна на полицијата при претрес за дрога. Во текот на претресот, службениците му го одзеле телефонот, читале приватни пораки, гледале фотографии и се шегувале на негова сметка врз основа на експлицитната содржина поврзана со неговата сексуална ориентација. Овој случај не само што го прекршува правото на приватност, туку и покажува како хомофобијата на полициските службеници влијае врз третманот на ЛГБТИК+ лицата во полициските процедури. Полициските службеници не само што ја извршиле својата работа на несоодветен начин, туку и дополнително го понижиле лицето преку злоупотреба на неговите интимни информации и фотографии за забава.

„На пример ми го имаат земено телефонот и јас имам слики од сам себе во посекси издание. Или, не знам како и си ги

покажуваа меѓу нив сликите, па ме прашуваа од која групација спаѓам. Ми ги гледаа сликите и ми читаа чатови со другари и другарки и си покажуваа смешни такви.“ (код: Самовила, 23 години, квир лице)

Квир испитаникот бил вознемируван и исмеван од страна на полициски службеници и во други наврати поради неговата сексуална ориентација. Сепак, до одреден степен го нормализирал ваквото однесување, сметајќи дека „не е на некој начин насилно“ и бил задоволен што во тие средби нема физичко насилство. Овој тип на вознемирување е особено значаен бидејќи ги илустрира ниските очекувања на ЛГБТИК+ лицата од полицијата. Нормализацијата на вознемирувањето покажува дека тоа станало норма, додека професионалниот и недискриминаторски однос се исклучоци.

„Со тоа што сепак мислам дека тоа не било на некој насилен начин, туку повеќе на некој исмејувачки, понормален начин. Сепак, мислам дека ти како се поставуваш со нив има многу голем удел. Во тоа што мислам дека многу другари и јаделе и шамари и сето тоа, мислам дека вака на некој помек начин сум имал предност кон тоа.“ (код: Самовила, 23 години, квир лице, ЛКУД)

Во еден случај, квир лице било вознемирувано од полицијата, која често го претресувала и му поставувала прашања поврзани со неговата сексуалност за време на рестриктивните мерки за КОВИД-19. Полицајците инсистирале на дознавање интимни детали, поставувајќи прашања од типот: „Дали си геј?“ и „Дали сите овде сте педери?“, а потоа го претресувале лицето и неговото друштво, профилирајќи ги како ЛГБТИК+ лица од кои се очекува да употребуваат дроги. Освен тоа, за време на еден од овие полициски претреси во Градскиот парк, истото лице било вознемирувано и добило закани од полицијата дека ќе ги повикаат неговите родители. Оттука, може да се забележи дека службениците го идентификувале како „сомнително лице“ поради неговиот изглед и го третирале како криминалец без вистински причини за такво постапување. Овие инциденти ја покажуваат тенденцијата на полицијата да применува заканувачко и заплашувачко однесување кон ЛГБТИК+ младите, ставајќи ги во состојба на постојана ранливост и вознемиреност. Освен тоа,

случаите укажуваат дека полицијата често ги злоупотребува своите овластувања за да ја задоволи сопствената неумесна љубопитност.

„Мислам дека [полицијата] има тон на потсмевање секогаш, кога ти се доближуваат. Ме имаат идентификувано неколку пати, ми бараат лична карта или пасош само за да ме видат од блиску и да ми го слушнат гласот, колку да имаат што да зборат таму." (код: Марко 2, квир маж, 18 години)

Последно, вознемирувањето се манифестира и преку отсуството на полициска реакција на насилството што ЛГБТИК+ лицата го доживуваат во дигиталниот простор. Транс маж поднел повеќе од 10 пријави за говор на омраза и повици за насилство преку социјалните мрежи, насочени кон него поради неговиот родов идентитет. Иако говорот на омраза е сериозен проблем, полицијата не одговорила на ниту една од овие пријави, целосно игнорирајќи ги заканите и вознемирувањето на кои тој бил постојано изложен. Жртвата изразува чувство на игнорираност и наведува дека, доколку била цисродово лице, полицијата би постапила посериозно. Со тоа, полицијата не само што не обезбедува заштита, туку станува активен причинител и соучесник во вознемирувањето на ЛГБТИК+ лицата. (код: Лео, 28 години, транс маж)

## Сексуално вознемирување

Сексуалното вознемирување од страна на полициските службеници врз ЛГБТИК+ заедницата претставува екстремен пример на злоупотреба на моќта и функцијата што овие службеници ја имаат во општеството. Овие инциденти не само што ги прекршуваат правата на жртвите, туку и ја поткопуваат довербата во институциите кои треба да обезбедат заштита. Наместо да бидат сигурен извор на поддршка, полициските службеници често стануваат агресори кои ја користат својата позиција за сексуално искористување на ранливите групи, особено транс и квир лицата, како и сексуалните работници.

Во еден од случаите, транс жена која работи како сексуална работничка била уценувана од полициски службеник, кој ѝ барал бесплатни сексуални услуги во замена за „заштита" доколку

биде нападната. Овој инцидент покажува како полицајците ја злоупотребуваат својата функција за да изнудат сексуални услуги од транс сексуалните работнички. Оваа злоупотреба ја става жртвата во безизлезна позиција, бидејќи сексуалните работници често се плашат да пријават вакви случаи токму поради институционалната моќ што полицијата ја има врз нив. (код: Анѓела, транс жена, сексуална работничка)

Полициската злоупотреба е особено изразена кога станува збор за транс и квир лица кои работат на отворена сцена како сексуални работници. Така, транс лице од албанска етничка припадност било вознемирувано од полициски службеник од единицата „Алфи", кој се претставил како клиент и се обидел да изнуди сексуални услуги. Полицискиот службеник продолжил да го вознемирува лицето и по средбата во живо, барајќи го по телефон, иако никогаш не му бил даден бројот. Овој случај покажува како полициските службеници користат лажни идентитети и ја злоупотребуваат својата позиција за сексуално искористување на транс сексуалните работници, кои не се чувствуваат сигурно да го пријават насилството. (код: транс лице, 25 години, албанска етничка припадност)

Сличен случај имало и со родово небинарно лице, кое било сексуално вознемирувано од полициски службеници. За време на сообраќајна контрола, полицајците му предложиле на лицето сексуални услуги во замена за избегнување на казна, иако немало основа за нејзино изрекување. Еден од полицајците дури и се допирал во меѓуножјето додека го прашувал лицето „што може тој да направи за нив". Иако жртвата го препознава вознемирувањето, го нормализира како нешто што се случува поради „сексуална фрустрација" на полицајците. Ова е типичен пример на интернализација на институционалното насилство и негово рационализирање преку изговори што го амнестираат насилникот. Оваа нормализација е опасна и покажува како полициското насилство влијае врз свеста на жртвите, кои го прифаќаат како дел од секојдневието. (код: 12345678, родово небинарно лице)

Жена, лезбејка, која работела како келнерка, била редовно сексуално вознемирувана од полициски службеници во кафулето каде што работела. Користејќи ја својата моќ, тие ја нарушувале нејзината приватност со сугестивни гласни коментари, созда-

вајќи чувство на несигурност и страв. Младите жени, особено оние од ЛГБТИК+ заедницата, се чувствуваат загрозени од полициската моќ и затоа ретко се одлучуваат да пријават вакви случаи, сметајќи дека нема да има позитивен исход. (код: 333., 18 години, жена, лезбејка)

Друг значаен пример на сексуално вознемирување насочено кон лезбејки е случајот на жена која била вознемирувана од полициски службеник за време на пријавување на случај. Полицискиот службеник ја уценувал да му го даде својот телефонски број, имплицирајќи дека би ја контактирал за нешта надвор од службениот контекст. Жената ова чувство го дефинира како „научена беспомошност“, нагласувајќи дека систематското непостапување на институциите ја обесхрабрува и ја става во позиција каде што не може да се потпре на полицијата за заштита. Терминот „научена беспомошност“ е показател за длабоката институционална незаинтересираност и сексуалната злоупотреба врз жените, особено врз оние од ЛГБТИК+ заедницата. (код: Sunstone, жена, лезбејка, 26 години)

## Дискриминација и повреда на правото на заштита од насилство

ЛГБТИК+ заедницата во Северна Македонија се соочува со значителни пречки во пристапот до правна заштита и институционална поддршка, особено во случаи на дискриминација и насилство мотивирано од омраза. Полицијата, која треба да обезбеди заштита на граѓаните, често не само што не успева да го стори тоа, туку и самата се однесува дискриминаторски и непрофесионално кон ЛГБТИК+ лицата. Постојат бројни примери во кои полицијата го игнорира насилството насочено кон ЛГБТИК+ заедницата, а неказнивноста за делата од омраза придонесува за нивна дополнителна виктимизација.

Еден од најзабележителните примери на дискриминација и повреда на правото на заштита е случајот со две квир лица кои пријавиле хомофобичен физички напад во кафуле, но полицијата одбила да излезе на местото на настанот. Жртвите биле исмевани од страна на полициските службеници, кои одбиле да

го третираат инцидентот сериозно, иако од почеток било јасно дека станува збор за дело од омраза. Ваквото однесување на полицијата не само што ги демотивира жртвите да пријавуваат идни случаи, туку и овозможува делата од омраза да се перпетуираат, испраќајќи порака до сторителите дека нема да се соочат со последици. Жртвите го опишуваат самото пријавување во полиција како трауматско искуство, што дополнително ја продлабочува нивната недоверба во институциите. (код: Сирена и Телефон, квир лица, 19 и 23 години)

Во друг случај, геј маж бил различно третиран од полицијата поради неговата сексуална ориентација. Тој бил вознемируван од неколку мажи за време на настан во Социјалниот простор „Комитет", а полицијата, која пристигнала на повикот, не покажала заинтересираност да го истражи случајот. Наместо да го заштити мажот и да состави записник, полицијата не презела никакви конкретни мерки, поради што жртвата се почувствувала небезбедно дури и во квир-пријателска средина. Овој инцидент го илустрира индиферентниот став на полицијата кон ЛГБТИК+ лицата, испраќајќи им порака дека нивната безбедност не е приоритет за институциите.

> „Се почувствувам дека не сум битен, во стилот ех, го замарале дечкото, добар е, не добил бокс. (...) Мислам дека полицијата нема свест да постапува за нас, не се замара. Индиферентни се. Ја ислушаа ситуацијата, не поставија плус прашања, единствено прашаа во кој правец отидов... И, сума сумарум тоа беше." (код: Марко 1, маж, хомосексуалец, 32 години)

Дополнителни примери покажуваат како полицијата дискриминира ЛГБТИК+ лица врз основа на нивната сексуална ориентација и родов идентитет при претреси и рутински проверки. Во еден случај, квир маж и неговото друштво биле претресувани од полицијата под сомнение дека поседуваат дроги, иако немало никакви докази за такви активности. Полициските службеници ги „детектирале", односно профилирале, лицата како квир поради нивното држење и говор, што довело до повреда на нивната приватност и дискриминација врз основа на сексуалната ориентација.

Овој пример јасно покажува како полицијата користи профилирање засновано на стереотипи, таргетирајќи ги ЛГБТИК+ лицата како потенцијални криминалци само поради нивниот изглед и родовото изразување. Ваквата практика не само што ја зголемува недовербата во институциите, туку и ги зацврстува верувањата дека граѓаните подобро сами да си ги решаваат проблемите, наместо да се потпрат на системот.

> „Мислам дека како фамилија целосно немаме доверба во системот. Многу послесно е јас самиот да си го решам проблемот." (код: Марко 2, квир лице, 18 години)

Трансродовите лица често се соочуваат со директна дискриминација и непрофесионално однесување од страна на полицијата, особено при барање административни услуги. Во еден случај, транс жена била дискриминирана од полициски службеник кој одбил да го прифати нејзиното барање за промена на личните податоци и ѝ се обраќал во машки род, и покрај нејзините обиди да објасни зошто е важно да ѝ се обраќаат соодветно. Затоа, овој случај укажува и на недостатокот на информираност кај службениците за законските одредби, поради што во своето постапување се водат од лични ставови наместо од правни процедури.

> „Не си ја знаат работата душо. Не си ја знаат у смисла еве јас кога отидов за промена на име таа на шалтер ми вика 'Хахах, сваќаш нема шанси'. Јас морав да отворам Министерство за внатрешни на Google кај што пишува дека секое лице има право да си го смене името освен ако нема кривични постапки. (...) Јас отидов со барањето и он ми рече земи си го и оди си дома." (код: Н.М., транс жена, 23 години)

Не само физичките, туку и психолошките и социјалните напади врз ЛГБТИК+ лицата не се третираат соодветно од страна на полицијата. Во случајот на бисексуална жена која пријавила дека нејзиниот поранешен сопруг ја вознемирувал и ја „аутирал" пред семејството и пријателите, полицијата само му упатила предупредување на сторителот без да покрене постапка. Вознемирувањето продолжило и по пријавата, но полицијата повторно не презела мерки за заштита на жртвата. Овој пример покажува дека полицијата не ја зема сериозно сексуалната ориентација како основа за семејно насилство и не успева да ги заштити жртвите од понатамошно вознемирување.

„Засегнатата страна [бившиот маж] беше уредно контактиран од инспекторот и му беше дадено до знаење дека доколку има уште една поплака против него, полицијата ќе преземе поинакви мерки кои нема да бидат само опомена. Тоа не резултираше во целост. Тој се' уште не може да се помири и прави проблеми. Иде по луѓе, им пишува на луѓе и ги вознемирува, кај луѓе што ме знаат и не ме знаат, со цел да ме дискриминира како мајка и како жена, и да ми го сруши општествениот статус кој го градев цел живот.“ (код: Сани, бисексуалка, 41 година)

Полициското однесување е особено проблематично кога станува збор за ЛГБТИК+ лица од етнички малцинства. Во два случаи, квир лице од ромска припадност било физички нападнато, а полицијата не презела никакви мерки за санкционирање на сторителот. Наместо да го истражат случајот и да соберат докази, полицајците го игнорирале инцидентот, со што ја зацврстиле неказнивноста за насилството мотивирано од омраза. Неказнувањето на ваквите дела испраќа порака дека животите на ЛГБТИК+ лицата, особено оние од етничките малцинства, не се доволно вредни за да бидат заштитени. (код: Роза, 24 години, квир и геј лице, Ром/ка)

Еден од најекстремните примери на дискриминација придружена со насилство е случајот со геј маж кој бил физички нападнат и сексуално вознемируван од полициски службеници. Полицијата, која била повикана поради кражба на мобилен телефон, не само што не постапила соодветно во врска со кражбата, туку и го нападнала мажот кога препознала дека е геј и видела дека е запознаен со своите права. Полицајците не запазиле ниту едно право во постапката – од соодветно составување на записник и информирање за правата на приведеното лице, до дозвола за повикување адвокат и укажување медицинска помош. Во текот на повеќечасовното малтретирање, полицајците му упатувале сексуални коментари и го подложувале на психолошка тортура. И покрај тоа што сакал да поднесе кривична пријава, поради сериозното влошување на психолошкото здравје, на крај се откажал од понатамошно правно дејствување. Овој случај е типичен пример за бруталноста со која полицијата постапува кон ЛГБТИК+ лицата. (Види повеќе во делот за насилство од омраза и тортура)

Полицијата покажува и значителна незаинтересираност за случаи на говор на омраза кон ЛГБТИК+ лицата. Во еден случај, транс маж поднел повеќе од десет пријави за говор на омраза на социјалните мрежи, но МВР не презело никакви мерки. Непостапувањето од страна на институциите не само што ги обесхрабрува жртвите да пријавуваат вакви случаи, туку и го поттикнува насилството и вознемирувањето врз ЛГБТИК+ лицата. Ова непостапување може да се смета и за психолошка тортура, бидејќи жртвите остануваат заглавени во систем кој не покажува интерес за нивната заштита. (код: Лео, 28 години, транс маж)

> „Значи минимум еднаш во два-три месеци циркулира мој пост негде на Твитер, и коментарите се мислам... Јасно е веќе од 'Само Хитлер за тебе и Ќе те силувам дур не умреш'. Па тоа кулминираше со Превземи одговорност кои имаат неколку конкретни постови ви врска со мене. Некои од тие работи се пријавени нели... За ништо немало ни судска постапка, ниту некој бил held accountable, ниту ништо. Значи немало резултат никаков. Али, тоа се ситуациите." (код: Лео, 28 години, транс маж)

Во неколку случаи, полицијата не само што не презема мерки, туку и активно ги навредува и дискриминира ЛГБТИК+ лицата кои се обидуваат да пријават насилство. Полициските службеници воопшто не ги сфаќаат сериозно исказите на родово и сексуално различните лица и не ги третираат како подеднакво вредни граѓани.

> „Мислам дека влијае на начин на кој што за некои сериозни ситуации не ме замаат доволно сериозно, односно те третираат или те инфантализираат или као хистерична особа, или као некоја ваљда не доволно вредна да се интервенира веднаш, брзо и слично." (код: Ивана, 41 година, бисексуална жена)

Освен тоа, полициските службеници го исмеваат изгледот на ЛГБТИК+ лицата. Во еден од случаите, две квир лица пријавиле физички напад, но полицаецот сексистички им прокоментирал: „Кога нема да бидеш облечена како курвиче, тогаш јас ќе го пријавам случајот" (код: Телефон и Сирена, квир лица, 23 и 19 години), по што одбил да постапи. Овој вид однесување ја откри-

ва длабоко вкоренетата хомофобија и сексизам во полициските редови, што им оневозможува на жртвите да добијат соодветна заштита и правда. Наместо да си ја вршат работата, полициските службеници преминуваат на лични сексистички навреди, обвинувајќи ја девојката – односно нејзиниот „курвински изглед“ – за тоа што нејзините пријатели нема да добијат заштита.

Во друг инцидент, две квир лица доживеале хомофобичен физички напад во мал град и се соочиле со значителни пречки при обидот да го пријават насилството во полиција. Службениците одбиле навремено да реагираат на местото на настанот, а жртвите биле изложени на закани, исмејување и вулгарни коментари. Иако на крајот успеале да поднесат пријава, полицијата не презела итни мерки против сторителите, дополнително виктимизирајќи ги и оставајќи ги целосно незаштитени. Освен институционална дискриминација, жртвите биле изложени и на социјална осуда поради хомофобијата во малата заедница. Овој контекст ја поттикнал нивната одлука да ја повлечат жалбата, бидејќи стравувале дека пријавувањето може да доведе до уште полоши последици. Ова го покажува предизвикот на пријавување насилство во помали средини, каде што недоволната заштита и социјалните предрасуди ги обесхрабруваат жртвите да бараат правда. Како што самите жртви објаснуваат:

> „Полицијата не ја остварува својата основан цел, заштита на правата и слободите на граѓаните. Туку, функционира како апарат за одржување на опресијата кон маргинализираните идентитети. Сфатив дека XXX е еден многу мал град и коа ќе пријавиш во полиција нареден ден може да се случи нешто многу полошо.“ (код: Телефон и Сирена, квир лица, 23 и 19 години)

## Селективно полициско постапување

Еден од феномените во односите меѓу полицијата и ЛГБТИК+ заедницата е селективното полициско постапување — случаи во кои полициските службеници постапуваат коректно или поволно со трансродовите лица, но не како резултат на системска или рутинска професионалност, туку поради нивната поврзаност со активисти или познати личности од граѓанскиот сектор.

Овој привилегиран однос се темели на стравот на полицајците од можни негативни последици, како што се тужби или притисок од невладините организации и јавноста, доколку не постапат соодветно.

Еден таков пример е случајот со транс жена, истакната активистка во граѓанскиот сектор, која изјавува дека полицијата ја третира коректно поради нејзината јавна репутација. Таа опишува како полициските службеници се однесуваат професионално со неа, стравувајќи дека би можеле да се соочат со проблеми доколку постапат поинаку. Во неколку наврати, таа посредувала при пријавување насилство врз други трансродови лица и забележала дека полицијата го подобрува односот кон жртвите откако ќе ги поврзе со нејзиното име. Ова укажува дека полицијата постапува професионално само кога лицата имаат поддршка од некој со влијание, а не поради внатрешна освестеност или обврска кон сите граѓани.

> „Кон мене се коректни, бидејќи знаат што работам и за што се залагам, а сметам дека и други лица кога ќе одат и ќе ме спомнат мене, дека постапуваат и со нив коректно. Еднаш пред 2020 година ме бараше полиција дома кај моите, но бидејќи јас не живеам со моите, отидов сама да се пријавам во полициска станица. Началникот кога ме виде, им се обрати на сите вработени што беа присутни, ако сакате да немате тужби, претставки, до внатрешни контроли, до судови, до секаде, ќе ја почитувате таква каква што е. Ако сакате да се замарате, правете што сакате. Тоа ми беше позитивно од негова страна бидјеќи полицијата така почна да ме почитува и цени. Има луѓе кои не си ги знаат своите права и за жал не уживаат привилегии заради јавната положба, и затоа сметам дека постапувањето за сите треба да биде пракса.“ (код: Лила, 39 години, транс жена)

Овој вид селективно постапување има значајни последици. Полициското однесување, кое зависи од јавната позиција или статусот на поединецот, ја потенцира нееднаквоста во пристапот до заштита и правда. Лицата кои не се истакнати или не се дел од јавниот живот често се соочуваат со дискриминација и одбивање на заштита. Така, активистката заклучува дека многу луѓе не ги знаат своите права и затоа не уживаат привилегии какви што таа има, што создава сериозна нееднаквост во полициско-

то постапување кон различни граѓани. Полицијата систематски не успева да обезбеди еднаков третман, постапувајќи професионално само кога се плаши од последици.

Дополнително, трансродовата активистка забележува дека во случаите каде што посредувала, полицијата редовно ја контактирала за напредокот на истрагата. Ова покажува дека полицијата може да функционира професионално, но тоа го прави само во ситуации кога чувствува надворешен притисок. Овој систем на селективно постапување открива длабока структурна слабост — правото на заштита не е подеднакво загарантирано за сите, туку зависи од позицијата на поединецот во општеството.

> „Бидејќи ме знаат во полициските станици, и знаат дека ќе имаат проблем после тоа, мора да ме третираат онака како што се чувствувам. Одбиле да постапат кога други лица пријавувале, но кога отишле со мене се сменила ситуацијата и бев позитивно изненадена откако го пријавивме последниот случај, полицаецот ме контактираше редовно за да го затвори случајот и да ги најде сторителите.“ (код: Лила, 39 години, транс жена)

Лицата кои активистката ги придружувала при пријавување на насилство во полиција, исто така, изразуваат сомнеж дека полицијата би постапила исто доколку не биле во нејзино присуство. (код: Ели, 27 години, родово небинарна личност) И покрај професионалното однесување на полицијата во почетните чекори од нивните случаи, жртвите изразуваат загриженост поради неизвесноста за исходот на постапките. До моментот на документирање на случаите немало конечен резултат, што укажува на друг значаен проблем — недостатокот на конзистентност и истрајност во справувањето со насилството врз ЛГБТИК+ лицата. Иако првично реагираат професионално, полицајците често не се заложуваат доволно за целосно завршување на постапките, што води кон дополнителна виктимизација и натамошно јакнење на недовербата во институциите.

# Хомо/трансфобично малтретирање при вршење на службата

Еден од најсериозните облици на насилство со кои се соочува ЛГБТИК+ заедницата во Северна Македонија е насилството мотивирано од омраза, при што не само што физичките и психичките напади се чести, туку и самите институции, особено полицијата, се јавуваат како главни извршители или соучесници во насилството. Неколку случаи од различни контексти ја прикажуваат присутноста и нормализацијата на полициската бруталност и тортура врз ЛГБТИК+ лицата, каде што полицијата постапува насилнички кон жртвите, а истовремено ги штити сторителите.

Погоре споменатиот случај на геј маж, кој бил дискриминаторски и насилно третиран од страна на полицијата, открива екстремна злоупотреба на моќта од полициските службеници врз ЛГБТИК+ лицата, каде што насилството е мотивирано од сексуалната ориентација и политичките ставови на жртвата.

Откако лицето пријавило кражба, полицијата, наместо да започне со стандардна истражна процедура, насилно го приведува. Оваа насилност започнува веднаш по неуспешната потрага по украдениот телефон, кога полицијата покажува значителна индиферентност и неуспех да изврши правилен записник. Потоа ситуацијата ескалира, при што полициските службеници агресивно и без причина го напаѓаат мажот. Физичкиот напад не вклучува само удари и присилно приведување, туку и сексуално вознемирување од страна на полицајците. Тие му упатуваат коментари што ја разоткриваат нивната хомофобија и омраза, повторно му укажуваат „дека треба да се засрами“ — алудирајќи на тоа што е геј — и користат јазик на психолошка тортура.

За време на приведувањето, лицето се наоѓало во состојба на беспомошност и доживеало психичка дисоцијација – состојба во која умствено се исклучува од стварноста поради страв и стрес. Во полициското комбе полицајците продолжуваат со психичката тортура, упатувајќи низа навредливи коментари за неговата сексуалност, понижувајќи го и одбивајќи да му ги соопштат неговите права. Понатаму, во полициската станица,

бил оставен да чека долго време во празна просторија, без да му бидат понудени никакви основни хумани услови, како вода или пристап до тоалет. И покрај неговите физички повреди, не му била понудена никаква медицинска помош, што дополнително ја нагласува целосната негрижа и нечовечност на полициските службеници.

По физичкиот и психичкиот напад, испитаникот неправедно бил обвинет за нарушување на јавниот ред и мир, додека полицијата не презела никакви мерки за кражбата на неговиот телефон. Ова резултирало со парична казна, а подоцна и со активирање на извршители поради неисплатен судски паушал. Овие дополнителни правни компликации предизвикале зголемен стрес и притисок врз лицето, што значително ја влошило неговата психолошка состојба. Насилството и неправедниот третман од страна на полицијата предизвикале сериозна психолошка траума кај него, поради што му била неопходна психијатриска помош и редовна терапија. Соочен со системски притисок и континуиран стрес, тој на крајот одлучил да ја напушти земјата, во обид да се заштити и да избегне понатамошни негативни последици врз своето ментално здравје.

„Тука живееме во привиден комфорт, бидејќи знаеме да се снаоѓаме колку можеме и умееме во овој крајно нефункционален систем. Но кога системот упорно те угнетува, упорно уште те прави криминалец и те прави ненормален при здрав разум, не можеш ништо да направиш. (...) Од сите мои искуства и знаења, и поради она што го работам и правам (во граѓанскиот сектор), се чувствувам небезбеден, се чувствувам дека мојата заедница е небезбедна. Треба да ја молиме државата и институциите да си ја вршат својата работа, да постапуваат. Не барам ништо преку ред, само го барам она што ме следува како граѓанин, плаќам даноци, не правам криминали, ја почитувам мојата околина, животните и луѓето и правата на другите, и не смее да добивам ваков третман за возврат. (...) Лично јас, после се' што поминав, сметам дека се оснажив да ги терам работите иако знам дека ќе наидам на многу пречки и бариери. Кога сега би ми се случило сличен случај, од гнев и инает би бил мотивиран да терам до

крај. Јас сум можеби еден исклучок, но она што е страшно е постојат луѓе кои поради страв никогаш нема да се осудат преземат нешто за да се заштитат.“ (код: Кристијан, 33 години, геј маж)

Друг сличен пример е случајот на геј маж кој бил вознемируван од полицијата за време на рација во ноќен клуб. Полицајците го малтретирале, користејќи го фактот дека во неговата торба пронашле лубрикант, со што веднаш го етикетирале како „педер“ и го понижувале пред присутните, удирајќи му шамари и заушки. Полицијата грубо ја нарушила неговата приватност, присилувајќи го јавно да ги изложи своите лични предмети, додека постојано го исмевала и навредувала. Тие јавно и гласно го прашувале дали е геј, со потсмев го испрашувале „кој од присутните би ебел“ и „на кој би му се пуштал“. Со оглед на контекстот на овој случај, може да се заклучи дека полицијата ја користи рекреативната и лична употреба на дроги како изговор за да ги малтретира и понижува ЛГБТИК+ лицата, особено за време на ноќниот живот, во и онака ретките ЛГБТИК+ пријателски места за социјализација. Овој случај не бил пријавен во полиција, што дополнително ја влошува безбедноста на жртвата, бидејќи институциите не само што не го санкционираат насилството, туку самите се јавуваат како негов извор.

„Ниту еден од од полицајците со кои стапив во контакт не се идентификуваше, ајде за тие во станица знам дека се полициски службеници, ама тие што беа во клубот во цивилна облека од кај да знам дали се полиција. Никој не ми кажа за моите права, не ми дадоа никакви информаци и појаснување за причините за приведувањето. Не бев прашан дали ми треба медицинска помош, ниту ми понудија вода, тоалет.“ (код: Руска Гуска, 24 години, маж, хомосексуалец, ЛКУД)

Овој случај, кој вклучува повеќе насилни аспекти, меѓу кои и малтретирање, открива сериозни проблеми во полициското постапување. Кога транс маж бил физички нападнат од своето семејство откако се аутирал за време на семеен ручек, полицијата, наместо да ги приведе напаѓачите, употребила прекумерна сила врз жртвата, приведувајќи ја и носејќи ја на психијатриска клиника. Иако жртвата сакала да го пријави физичкото насилство, полицијата одбила да направи записник и ја релативизирала ситуацијата како „семеен конфликт“.

Овој случај го покажува длабокиот системски проблем во полициското постапување кон транс лицата, кои не само што не добиваат соодветна заштита, туку и самите стануваат жртви на полициско насилство. Тука се случуваат повеќе прекршувања на полициската процедура: полицијата одбива да направи записник, не ги документира физичките повреди, ниту прибира докази, и не поднесува пријава против напаѓачите.

Испитаникот вели дека причината за ова постапување е фактот што полицијата дознава дека тој е транс личност. Очигледно е дека полицајците делуваат пристрасно, застанувајќи на страната на сторителите на насилството. Тие ја прифаќаат нивната перспектива, односно ги третираат родниниите како „жртви" на родовиот идентитет на транс мажот.

Овој случај јасно покажува дека полициските службеници не само што намерно го игнорираат насилството врз транс лицата, туку и го сведуваат на „приватна" или „семејна" работа, а во некои случаи дури и самите постапуваат насилно, третирајќи ги жртвите како сторители. Омразата и неодобрувањето на трансродовоста резултираат со пристрасно, дискриминаторско и неправедно постапување.

> „Во ситуацијата кај мене дома јас бев толку луциден и смирен и инсистирав да се фотографира фактот дека јас имам физички повреди во случај да имам трајна оштетеност, да има доказ дека тоа воопшто ми се случило. Побарав да се направи полициски записник со моја изјава одбија, одбија буквално даун рајт ме одбија и ми рекоа 'Ајде, сестри се тепаат, тоа се дешава.' Јас имав потрес на мозок што траеше месец ипол и куцав 3 месеци. И изгубив добри 3 месеци пред инцидентот, ги изгубив, ми ги нема од главата, значи имам... не знам како се вика таа амнезија, ама изгубив добри 3-4 месеци. Значи, нема записник, нема фотографија, нема доказ никаков и кога мајка ми им кажа 'Она е луда и сама се маваше по глава и сега измишља дека е транс' – тоа на нив им беше доволен доказ. Ги пуштија сестра ми и зет ми и мене ме однесоа на психијатрија. Да, јас само барав фотографија и сакав изјава да ја потпишам ме одбија. Нема потреба од тоа ајде уживај ништо не ти е." (код: Лео, 28 години, транс маж)

„Значи во ситуација каде што јас бев со огромни модрици по цела глава, полицијата мене ме однесе на психијатрија.“ (код: Лео, 28 години, транс маж).

Полицијата често се јавува како главен извор на насилство или активно го поддржува, со што ја поткопува безбедноста на ЛГБТИК+ лицата и ја одвраќа заедницата од пријавување случаи на насилство. Непрофесионалноста, предрасудите и злоупотребата на моќ придонесуваат за длабока недоверба кон институциите, оставајќи ги ЛГБТИК+ лицата без основна заштита и права и изложувајќи ги на дополнителна опасност. Наместо да ја гледаат полицијата како сојузник и заштитник на нивните права, живот и безбедност, ЛГБТИК+ луѓето честопати ја доживуваат како закана.

## Системски предизвикано избегнување на институции и приспособување

ЛГБТИК+ лицата во Северна Македонија често се соочуваат со страв, недоверба и чувство на осуда од страна на институциите, особено полицијата, што води кон автоцензура, непријавување на насилството и изолација. Ова однесување произлегува од историската и тековната непрофесионалност на институциите кон ЛГБТИК+ луѓето, кои очекуваат дека нивните искуства ќе бидат тривијализирани или игнорирани, принудувајќи ги да избегнуваат контакт со полицијата или да го нормализираат насилството.

Геј маж признава дека има „вграден“ страв од откривање на својата сексуална ориентација, особено при контакт со полицијата, и го избегнува тоа поради страв од осуда и дискриминација (код: Владимир, маж, геј, 33 години). Неговото искуство е типичен пример за тоа како ЛГБТИК+ лицата се чувствуваат небезбедно и неприфатено од институциите, што резултира со непријавување на голем број дела од омраза. Во многу случаи, насилството не само што не се пријавува, туку и се нормализира или тривијализира од страна на жртвите.

Транс жена и нејзин геј пријател биле нападнати на јавен простор, но не го пријавиле случајот, очекувајќи дека полицијата нема да постапи. Ова дополнително ја рефлектира широко распространетата недоверба во институциите, која води до авто-нормализирање на насилството и одлука да не се пријавуваат инциденти, освен ако не се повторуваат повеќепати или не предизвикуваат значителна штета.

„[Не пријавив] Заради тоа што сметав дека се случило тоа едноставно тогаш... Се случува, кај секого може да се случи и сметав пошто досега никогаш не ми се случило генерално физичко насилство... А и, само еднаш се има случено физичко насилство, ако може да се каже и тоа.“ (Мерал, транс жена)

Младите ЛГБТИК+ лица, особено, покажуваат отуѓеност од институциите. На пример, квир момче не пријавило физички напад затоа што не знаело како да постапи, изразувајќи несигурност и непознавање на системот за заштита (код: Марко 2, квир маж, 18 години). Овој пример ја отсликува системската неподготвеност на институциите да ги едуцираат младите за нивните права и начините на пријавување насилство, што особено ги засега ЛГБТИК+ младите.

Дури и кога ЛГБТИК+ лицата имаат намера да пријават инциденти, тие често се соочуваат со дополнителни препреки. Геј маж, кој во минатото бил физички нападнат додека се бакнувал со друг маж, одлучил да не се обрати до полицијата, очекувајќи осуда поради своето отворено изразување на сексуалноста. Ова покажува како ЛГБТИК+ луѓето живеат во постојан страв од насилство и се чувствуваат принудени да се приспособуваат на хетеронормативните очекувања на општеството, што го ограничува нивното право на слободно изразување.

„И да отидам во полиција, што ќе кажам? Ме нападнаа. А зошто те нападнаа? Се лапав со еден. Па ќе кажат – Зошто се лапаше? Епа оти така ми дојде... Како може во хетеронормативниот свет да гледам дечко и девојка на улица да се лапаат... Па и јас ја имам некогаш таа желба, некогаш со некој да се држам за рака или да имам романтичен момент. Но, во оваа средина е опасно тоа да го направиш. Така да, што фајде од полиција, кога ќе ти ги каже овие работи?“ (код: Марко 1, 32 години, геј маж)

„Мора цело време да пазиш со однесување, во зависност каде си во градот, како си облечен. Не можам да се облечам како што ќе ми текне и да одам во чаршија. Тоа ти е малку поопасна зона и мора да ги мислиш овие работи. Тоа го правам и кога одам во родниот град. Мислам дека имам една облека за тука, една за таму. Тоа веројатно произлегува од културата на паланка, немаат другите луѓе за што да се фатат во животот и исмевањето со различните им е како храна за души.“ (код: Марко 1, 32 години, геј маж)

Транс маж, кој бил изложен на говор на омраза на социјалните мрежи, не видел никакво постапување од страна на институциите по поднесените пријави. Овој недостаток на институционална реакција го навел да го ограничи своето јавно присуство и активностите на социјалните мрежи, со што се намалил неговиот едукативен и сензибилизациски придонес за ЛГБТИК+ заедницата. Ова е уште еден показател за тоа како непостапувањето по говорот на омраза го ограничува јавниот простор за ЛГБТИК+ луѓето, доведува до автоцензура и го загрозува нивното ментално здравје.

„Помина долго време, не верувам дека нешто ќе се случи. Имаше доста гнасни коментари кои првпат у животот успеаја да ми влијаат психички пошто тоа беше многу. Исто ми текнува на коментарот среќа мајка ти што умрела и малку ти било еднаш што си злоставуван, јас би те.. – како беше не ми текнува на продужетокот, али прилично гнасен беше тој коментар.“ (код: Алекс, 35 години, транс маж)

Во многу случаи, ЛГБТИК+ лицата пријавуваат дека не се чувствуваат заштитени и ги доживуваат институциите како тела што само дополнително ги виктимизираат. Квир лице, кое двапати било физички нападнато во Старата скопска чаршија, не ги пријавило инцидентите поради недоверба во институциите и претходни негативни искуства со полицијата. Иако го смета пријавувањето за важно, избегнува да го стори тоа, потпирајќи се на невладини организации за поддршка наместо на полицијата (код: Јован, 30 години, квир). Ова однесување на избегнување е засилено и кај други ЛГБТИК+ лица кои се соочуваат со постојани закани на социјалните мрежи.

Од друга страна, родово небинарно лице изјавува дека е постојана мета на повици за насилство и смрт на интернет, но не ги пријавува овие случаи, убедено дека институциите нема да преземат ништо (код: Каи, 32 години, родово небинарна личност). Во многу од овие случаи, избегнувањето на контакт со институциите се изразува и преку конформирање, повлекување од јавниот простор и обид за „самонормализација". Кога полицијата не е на страната на ЛГБТИК+ луѓето за да ги заштити, а напротив – ги малтретира, безбедноста на квир поединците станува нивен личен товар. Тие внимаваат како и каде се движат, како изгледаат и како се однесуваат во јавниот простор. Како резултат на тоа, не можат слободно да се изразат и прават напори да бидат што е можно помалку видливи. Токму затоа, видливоста на оваа популација е неопходна за тие да можат да се изборат за своите права.

## Заклучни согледби

Полициското насилство врз ЛГБТИК+ заедницата во Северна Македонија покажува дека системските предрасуди и институционалните слабости значително ја поткопуваат довербата на маргинализираните групи во полицијата и другите надлежни институции за безбедност и контрола. Дескриптивната анализа на случаите на полициско насилство, негрижа, вознемирување и дискриминација јасно покажува дека ЛГБТИК+ лицата се соочуваат со длабоко вкоренета стигматизација, која не само што ги попречува во остварувањето на нивните права, туку и ги прави ранливи на физичко и психолошко насилство. Наместо да ја игра улогата на заштитник на правата на сите граѓани, полицијата често е извор на страдања, стравови и трауми за ЛГБТИК+ лицата. Во овие случаи, насилството често е придружено со омаловажување, микроагресии и дури физичко малтретирање, додека ретко се преземаат соодветни мерки за заштита.

Процесите на пријавување на насилство често се отежнати поради дискриминаторските ставови на полициските службеници, кои или не ги сфаќаат сериозно ваквите случаи или директно ги исмејуваат жртвите. Првата битка е воопшто да се пријави случајот, додека позитивен исход речиси и не доаѓа предвид. Освен тоа, постои системски проблем на селективно постапување, при што ЛГБТИК+ лицата добиваат соодветен третман само кога

имаат поддршка од граѓански организации или активисти. Ова ја потврдува тезата дека правната и институционалната заштита не се подеднакво достапни за сите ЛГБТИК+ луѓе – полицијата ќе се однесува професионално со нив само ако смета дека може да сноси одговорност за непрофесионалниот и деградирачки однос.

Сведоштвата на испитаниците покажуваат дека ЛГБТИК+ заедницата развива автоцензура и авто-нормализација на насилството, избегнувајќи да ги пријавува случаите, што дополнително го влошува проблемот. Стравот од осуда, недовербата во институциите и потенцијалното повторно виктимизирање од страна на полицијата ги спречуваат ЛГБТИК+ лицата да бараат заштита и правда. Севкупно, потребни се длабоки системски реформи во однос на унапредување на полициското работење, зголемување на знаењата за правата на ЛГБТИК+ лицата и создавање безбедни механизми за пријавување на насилство. Институциите мора да покажат искрена заложба за почитување на правата на сите граѓани, без оглед на нивната сексуална ориентација или родов идентитет, за да се постигне вистинска правна еднаквост и заштита.

Во постојната институционална рамка на полицијата, злоупотребата на моќ е широко распространета, што зборува за перцепцијата на полицијата како единствената институција со „законска дозвола за употреба на сила", слично на парадигмата „license to kill". Оваа злоупотреба е олеснета од слабите и неефикасни механизми за внатрешна и граѓанска контрола врз нејзиното работење, што им овозможува на полициските службеници да продолжат со ваквите практики без последици. Ова особено се одразува врз односот кон ЛГБТИК+ заедницата, која и онака е на маргините на општеството и има помала моќ. Како резултат на тоа, тие често стануваат мета на непрофесионално и дискриминаторско однесување, кое произлегува од патријархалната логика на „удри по најслабиот".

Професионалноста во полициското работење најчесто се појавува само кога полициските службеници се соочуваат со лица што имаат општествена моќ, како што се граѓански активисти или политички влијателни личности. Од друга страна, оние кои се наоѓаат на пресекот на повеќе маргинализирани идентите-

ти – како што се ЛГБТИК+ лицата, луѓето што употребуваат дроги, сексуалните работници и оние вклучени во ноќниот живот – се особено изложени на полициско насилство и злоупотреба. Интерсекциската маргинализација на овие лица ги прави уште поранливи на системско насилство и дискриминација, бидејќи тие се соочуваат со повеќекратни форми на исклучување, што ги прави лесни цели за полициска агресија.

## Препораки

- Реформирање на законската рамка за полициско постапување со фокус на зајакнување на граѓанските права во полициските процедури.

- Донесување подзаконски акти, упатства и правилници за постапување со ЛГБТИК+ лица, вклучувајќи случаи на насилство од омраза, говор на омраза, семејно насилство врз ЛГБТИК+ лица и сексуално насилство.

- Зајакнување на капацитетите за постапување во случаи на дела од омраза преку основање посебен сектор за криминал од омраза и создавање мрежа од обучени полициски службеници и инспектори специјализирани за вакви случаи.

- Зајакнување на капацитетите на секторот за компјутерски криминал за ефикасно гонење на говорот на омраза преку обуки, воспоставување внатрешни процедури, како и техничко и кадровско доекипирање.

- Унапредување на механизмите за внатрешна контрола во полицијата за препознавање и санкционирање на непрофесионално постапување, злоупотреба на службената должност и малтретирање во вршење на службата, особено кон ЛГБТИК+ лица, сексуални работници и луѓе што употребуваат дроги.

- Зајакнување на механизмот за граѓанска контрола над полицијата преку дополнителни обуки, кадровско и финансиско доекипирање.
- Преземање мерки за градење доверба со ЛГБТИК+ заедницата преку редовни средби со ЛГБТИК+ лица, размена на контакти со сензибилизирани полициски службеници и спроведување кампањи за информирање на ЛГБТИК+ луѓето за нивните права.
- Вклучување содржини за сензибилизација кон ЛГБТИК+ лицата во постојните курикулуми и програми за обука на полициските службеници.

# УПРАВА ЗА МАТИЧНА ЕВИДЕНЦИЈА

# УПРАВА ЗА МАТИЧНА ЕВИДЕНЦИЈА

## Квантитативен пресек на податоците

Управата за матична евиденција е издвоена како институција бидејќи транродовите луѓе се обраќаат во оваа институција за постапките за правно признавање на родот. Но, многу малку лица пријавуваат директен контакт со институцијата бидејќи најчесто постапката ја води адвокатка во Коалиција Маргини, со што многу транродови лица кои ја поминале постапката воопшто немале директен контакт со институцијата.

Во интервјуата со ЛГБТИК+ лицата се пријавени **5 случаи** на насилно однесување при контакт со Управата за матична евиденција, од кои 4 кон транс мажи и еден кон трансродова жена. Три се од Струмица, еден од Тетово и еден од Кавадарци. Сите пријавени случаи се однесуваат на одбивање на барањата за постапување, одолговлекување на постапките, барање на медицинска документација и одолговлекување на извршувањето на решението откако ќе се одобри промената. Само четри од интервјуираните транс лица пријавиле дека имале контакт со Управата за матична евиденција. На прашањето колку твојата различност е (не)прифатена од Управата: едно лице смета дека транс луѓето се прифатени од Управата; едно лице смета дека често можеш да се соочиш со нееднаков третман и две лица сметаат дека Управата не ги прифаќа и ги дискриминира транродовите лица.

Од интервјуто со адвокатката од Коалиција Маргини која ги застапува постапките за правно признавање на родот се пријавени и проблеми со други институции кои треба да ги променат податоците во својата евиденција (училишта, банки, здравствено, пензиско осигурување итн.).

## Дескриптивна анализа

Кај случаите на прогласување на ненадлежност, одбивање да се постапи и барање на медицинска документација станува збор за повреди кои се поврзани со родовиот идентитет. Додека спорото извршување на решенијата и одолговлекувањето се должат на генерална неаужурност и неефикасност на институциите која постои и во други постапки неповрзани со правно признавање на родот. Оттука, од пријавените случаи на насилство 4 се директно повзразни со родовиот идентитет односно се специфични форми на институционално насилство кои се случуваат во постапките за правно признавање на родот. Сепак, одолговлекувањето на постапките иако не се должи на родовиот идентитет, тоа непропорционално влијае на транродовото лице за разлика од другите баратели на услуги. Поради доцнењето на институциите трансродовите лица се соочуваат со продолжена дискриминација во сите области поради неусогласеноста на физичкиот изглед со податоците во личните документи. Оваа практика претставува индиректна дискриминација бидејќи несразмерно повеќе ги погодува трансродовите лица.

Две транс лица пријавија дека им била побарана медицинска документација во постапката за правно признавање на родот, иако овие постапки се по пресудата „ИКС против Македонија“.

Во еден случај постапката траела две години, Управата два пати го одбивала барањето и се прогласувала за ненадлежна. Откако конечно се доби решението, лицето требало да чека уште 6 месеци за да се изврши и конечно да добие лични документи во согласност со родовиот идентитет.

Услугите за правна помош за правно признавање на родот се сконцентрирани во Скопје, па бидејќи постапките во Скопје ги води адвокат, вакви случаи не се пријавуваат во Скопје. Трансродовите луѓе од другите градови исто така добиваат правна помош, но сами треба да отидат во подрачните одделенија на матичните служби за да ги поденсат барањата при што можат да се соочат со вознемирувачки коментари и дискриминаторски третман. Во однос на одбивањето да се постапи и прогласувањето за ненадлежност, истото се случуува и во Скопје. Но, оваа

информација поинаку се доживува кога ќе се чуе од адвокат кој е сензитивен во областа, му дава на лицето повеќе информации за постапката, му кажува дека ова е практика и дека се продолжува понатаму. Додека лицата кои директно ги примаат овие известувања доживуваат стрес бидејќи ваквите дописи значат неприфаќање на нивниот родов идентитет и одбивање на нивната различност.

Добивањето на решението за нов матичен број и маркер за пол е првиот клучен чекор, но битката продолжува понатаму пред секоја институција која треба да ги промени податоците во својата евиденција и да издаде нови документи. Практиката на неспроведување на овие промени по службена должност непропорционално влијае на трансродовите луѓе бидејќи ги изложува на продолжена дискриминација. Транс лицето треба да отиде во бројни институции, да го приложи решението, да објасни дека го променило полот пред бројни службеници кои не се сензитивни, немаат искуство на постапување во вакви случаи, се сомневаат на веродостојноста на документите итн. Дури и при промената на податоците по добиено решение пред други органи требало да интервенираат адвокати и правни советници од здруженија.

„Има случаи за Фонд за пензиско, инвалидско, Агенција за вработување... последно податокот е дека луѓе се соочуваат со одбивање или преиспитување на решението на МВР, какво е сега ова решение во однос на усогласување на податоците. Исто проблем има со банки и фирмата која ги откажува картичките што е различно од банките. И секако коментари, што е сега ова. Фондот за пензиско и инвалидско во еден случај одби да направи промена на податоците внатре. Они првпат видоа такво решение на МВР. Првично одбија, па имаше преписки, објаснувања, ама беше одбивање. (...) Тоа беше вербално насилство, затоа што се преиспитуваше дали е тоа фалсификат, се создава непријателска атмосфера со прашања и потпрашања, можеби не директно, ама... Човекот едвај собрал храброст да оди на шалтер и да си заврши работа, конечно после колку време и ти му викаш какво е ова решение, ова е фалсификат, како тоа може да се смени матичен број. Тоа автоматски ти раздрмува сè.“ (адвокатка, Коалиција Маргини)

# Заклучоци

Земјата нема законска рамка за правно признавање на родот, но институциите веќе има практика која особено се унапреди по пресудата на Европскиот суд за човекови права „ИКС против Македонија“. Измените на законот со кои требаше да се уреди постапка за правно признавање на родот заснована на само-определување не беа прифатени од страна на Собранието, а процесот беше проследен со транфобични изјави од донесувачи на одлуки како и кампања на анти-родовото движење предводена од Македонската православна црква.

Од првите постапки за правно признавање на родот, помеѓу кои и постапката на ИКС која траеше 8 години и во која се бараа медицински докази, до денес, практиката е унапредена. Постапките денес се многу пократики и постои тренд на небарање на медицисни докази. Но без законско решение, сѐ уште е неизвесно колку ќе трае постапката и кои се документи ќе ги побараат органите.

Недостатокот на законска рамка за правно признавање на родот само по себе претставува форма на системско насилство кон трансродовите луѓе бидејќи претставува неприфаќање и одбивање да се признае родов идентитет во општество организирано согласно строги цисродови и хетеросекистички норми и светогледи. Јавниот дискурс по ова прашање е крајно насилен, пропратен со говор на омраза, клеветење и дехуманизација на транродовите луѓе. Често ваквиот говор доаѓа од страна на претставници на извршната и законодавната власт.

Спорите постапки, неизвесноста околу нивното траење, одолговлекувањето во спроведувањето на решенијата и понатамошното терање на постапки пред сите останати исnтитуции претставува форма на индиректна дискриминација бидејќи овој систем несразмерно ги погодува транродовите луѓе.

# Препораки

- Донесување на измените на Законот за матична евиденција со кои се предвидува брза, транспарентна постапка за правно признавање на родот заснована на само-определување;

- Предвидување на експлицитни одредби во законите и подзаконските акти во областа на образованието, пензиското, здрвственото и социјалното осигурурвање, работењето на банките, Агенцијата за вработување со кои ќе се предвиди дека се должни да направат промени на податоците и јавните исправи по решение за промена на матичен број и ознака за пол;

- Сензибилизација на вработените во Управата за матична евиденција и дригите клучни институции за работа со транродови лица и за нивната улога во постапките за промена на документи; и

- Унапредување на услугите за правна помош на трансродови лица на локално ниво.

# ОБВИНИТЕЛСТВО

# ОБВИНИТЕЛСТВО

## Квантитативен пресек на податоците

Од интервјуата со ЛГБТИК+ лицата само **1 транс жена има пријавено непостапување** во случај на говор на омраза кон неа. Во случајот се работи за лавина од говор на омраза на социјалните мрежи под објавата на инервју со неа. Бидејќи транс жената во прашање е активистка, често била жртва на говор на омраза после јавни настапи кои биле пријавувани во обвинителството но без резултат.

Само 2 од интервјуираните лица пријавиле контакт со обвинителството. На прашањето како твојата различност е прифатена/неприфатена од страна на обвинителството, едното лице одговорило дека обвинителството не ги прифаќа и ги дискриминира ЛГБТИК+ лицата, а другото дека ја крие сексуалната ориетација или родовиот идентитет при контакт со институцијата.

Во интервјуата со експерти и даватели на услуги беа дадени повеќе информации за постапувањето на обвинителството. Од овие интервјуа беа мапирани **дополнителни 8** случаи од кои во 7 се работи за непостапување во случаи на говор на омраза, а во еден се работи за вознемирување при сослушување на оштетена, ЛГБТИК+ лице.

## Дескриптивна анализа

Непостапувањето во случаи на сериозен говор на омраза со кој се повикува и поттикнува насилство кон ЛГБТИК+ лица е најчесто пријавуван проблем во оваа област. Ова претставува фома на институционално насилство преку одбивање да се овозможи заштита на конкретните жртви во случајот, но и овозможување на насилството преку несанкционирање.

Во изминатите три години, покарактеристичен случај е постапувањето на обвинителството во случај на говор на омраза од страна на политичката партија Интегра која е дел од анти-родовото движење. Обвинителството ја отфрли кривичната пријава поднесена од страна на Хелсиншкиот Комитет за човекови права. Во образолеженито, обвинителството провизирно додава елементи на кривичното дело, надвор од дефиницијата од КЗ, со тоа што тврди дека е потребно делото да се врши со злоупотреба на положба или овластување или поради делото да дојде до насилства и безредие спрема луѓе или до имотна штета од големи размери. Овие елементи на делото не се предвидени основното дело од став 1, туку во ставот 3, со кој се прдвидува посторга казна затвор од 1 до 10 години. Уште повеќе, обвинителството во образложението ги афирмира ставовите на Интегра со тоа што тврди дека пријавениот не повикува на дискриминација туку „најостро реагира и укажува на непримерниот притисок врз македонската јавност од страна на американската амбасада во полза на активностите на ЛГБТИК+ заедницата...". При сослушувањето на оштетените, Хелсиншкиот Комитет за човекови права како правно лице, и индивидуална жртва дел од ЛГБТИ заедницата од страна на обвинителот биле вознемирувачки прашања. Од оштетената, индивидуална жртва, се барало да објасни неколку пати каква е таа ЛГБТИК+ заедница, што е тоа, дали имале статут, на кој начин се станувало член и дали биле правно лице. Прашањата се тенденциозни и јасно зборуваат за одбивањето да се препознаат и признаат ЛГБТИК+ лицата како жртви на криминал од омраза.

„И ИКС вика 'јас се осеќам оштетена затоа што сум дел од ЛГБТИ заедницата' и обвинителот ѝ вика 'Каква е таа заедница? Вие сте некоја организација, правно лице сте? Имате статут? Како функционирате, членство имате?'. Е, такви прашања имаше. Прашуваа: 'А што значат овие букви, објасни ни ги, не ги разбираме?'. А она им вика: 'Па ова е ЛГБТИ заедницата. Сама како заедница.' 'Како си ти член на таа заедница? Потпишуваш негде дека си член? Имаш членство?' – и пак истите прашања. Четири пати ги прашуваат истите прашања, односно да им образложат што значи ЛГБТИ заедницата, дали е тоа правно лице, како се зачленуваат и како она се пронаоѓа да биде член на ЛГБТИ заедницата. Значи тоа беше апсолутно непознавање и несензибилизираност...И во само-

то објаснување на првата одлука, пишува ‘таканаречената ЛГБТИ заедница’ и такви работи пишуваат кои се небулозни. И, ајде сега ИКС е омоќена за да го прави тоа. Замисли да беше некој друг што се осетил оштетен и пријавил? Никогаш ништо веќе нема да пријави пред институциите.“ (правна советничка, Хелсиншки комитет за човекови права)

Во друг случај се работи за кривична пријава од страна на три здруженија на граѓани Коалиција Маргини, Хелиншки Комитет и ХЕРА против анти-родовото здружение Од нас за нас. Во повеќе објави здружението се користеше со говор на омраза врз основа на род, сексуална ориентација и родов идентитет за грубо да ги клевети грѓанските организации кои промовираат родова еднаквост и ЛГБТИ права. Кампањата која ја водеше и се уште ја води здружението, доведе и до физички напад на младинскиот центар за секуслано и репордуктивно здрвје „Сакам да знам“ управуван од ХЕРА. Но кривичната пријава беше одбиена, со образложение дека:

„Кривичниот законик не препознава говорот на омраза и дека во конкретниот случај доколку сметаме дека се искажани невистини за организациите дека може да водиме граѓанска постапка за заштита од клевета бидејќи Кривичниот законик не препознава говор на омраза.“ (адвокатка, Коалиција Маргини)

Образложението е небулозно. Во Кривичниот закон постојат повеќе членови чиј составен дел е говорот на омраза иако експлицитно не се користи терминот. Кривичната пријава се однесува на делото ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем, дело во кое се предвидени и други дискриминаторски основи и кое остава простор да се заштити и по основа на сексуална ориентација и родов идентитет.

Обвинителството не постапува ниту во случаи во кои има говор на омраза кој експлицитно повикува на насилство кон конкретно ЛГБТИ лице. Три вакви случаи беа споделени од страна на Скопскиот квир центар кои завршиле со отфрлање на кривичните пријави. Во едниот случај жртва е транс жена активистка, а во другите два претседателот на здружението Скопски квир

центар. „Ќе те најдам, ќе добиеш ќутек“, „знам каде живееш“, се дел од коментарите кои биле насочени кон трансродовата жена и биле пријавени во обвинителството.

> „Обвинителката која е сега виш јавен обвинител -–експресно ја отфрли пријавата. Јас барем мислев дека ќе ја повика ИКС на разговор барем... смета дека нема место за јавно обвинителско постпаување. Дава резолуција и во таа резолуција нивниот диспозитив останува во предметот, а нас ни даваат известување со пет зборови штури – „во врска со вашата пријава тогаш и тогаш, Јавното обвинителство смета дека нема место за јавно обвинителско постапување“. Се желев, не може ни да се жалите. Нема поука за жалба. Мора да пуштите претставка до Вишото јавно обвинителство. Јас пуштив претставка и до Вишото и Вишото ми ја отфрли претставката.“ (адвокат, Скопски квир центар)

> „Еден од случаите беше кога гостував со ИКС и ИКС, за време на пандемија, на Радио МОФ, некоја емисија беше. Имаше повик на насилство. Коментарот беше во насока на „мораме да се собереме да ги убиеме овие луѓе“ и „јас овој би го утепал со мотика, дајте луѓе да реагираме“. И, беше пријавено во Обвинителство. Бев викнат на сослушување. Беше и лицето викнато, така ми кажаа дека било викнато. На крај одговорот беше дека не постои реална опасност за лицето да го изврши делото.“ (психолог, Скопски квир центар)

Адвокатката од Коалиција Маргини сподели случај во кој цимерот на геј лице кое живее со ХИВ, откако дознал за дијагнозата јавно на Инстаграм го открил ХИВ статусот, продужено со навредливи коментари поврзани и со сексуалната ориетација, а потоа го вознемирувал во приватни пораки и на заеднички пријатели им кажувал за ХИВ позитивниот статус. Адвокатката беше задоволна од брзото постапување и соработката со обвинителството во случајот, но сепак случајот завршува без обвинителен акт со образложение дека не можат делото да го поврзат со конкретиот сторител бидејќи немаат пристап до урл адресата бидејќи објавата на Инстаграм трае 24 часа.

„... такви некои технички пречки им се нив оправдување дека аха еве тука немаме што да постапуваме оти не можеме. Можеби и постоел друг начин како да се дојде до, не знам, покажување на лицето, да се повика осомничениот, да се направи увид во негови предмети, да се направи вештачење на негови компјутери и телефони. Постојат и други начини, но еве оваа техничка неможност да се дојде до обвинетиот да преку URL линк им е нив оправдување дека еве они помалку ќе постапуваат или помалку ажурно во вакви случаи. Заради тоа што не го препознаваат, не сакаат да постапуваат, сметаат дека не е вредно да си трошат ресурси.“ (адвокатка, Коалиција Маргини)

Адокатката посочи и случај во кој при сослушување на геј маж што живее со ХИВ, во обвинителството не била обезбедена посебна просторија каде што ќе може да се сослуша лицето, туку планирале да го сослушаат во канцеларија во која работат повеќе службеници. Таа интервенирала, по што обезбедиле приватна просторија. Иако нема конкретна повреда на права, случајот зборува за недостатокот на сензибилитет за работа со маргинализирани групи.

Давателите на услуги од граѓански организации споделија и три позитивни искуства со обвинители при постапување со ЛГБТИК+ лица, каде обвинителите постапувале ажурно, ги познавале проблемите на ЛГБТИК+ лицата, трансродовите жени жртви ги прашале како сакаат да им се обраќаат и слично. При опишувањето на овие случаи тие користат зборови како „се изненадив“, „се зачудив“, „не очекував“ и слично, кои посочуваат дека станува збор за исклучоци од правилото.

„Цело време ѝ се обраќаше како што она ѝ кажа, на име како што она се идентификуваше, не така како што стои во лична карта и во записник, и да речеме ревносно го бранеше обвинението на суд. На крај стварно полицаецот беше казнет, што за мене изненадувачки, што беше брзо и пристапот на обвинителката.“ (адвокатка, Коалиција Маргини)

# Заклучоци

Непостапувањето на обвинителството во случаите на говор на омраза, повикување и поттикнување насилство кон ЛГБТИК+ лица е клучниот облик на институционално насилство. Сите даватели на услуги од здруженија на граѓани го истакнаа проблемот и посочија дека и покрај бројните пријави низ годините нема нити еден случај за кој е поднесен обвинителен акт.

> „Видеа од типот на Патриотски муабети имаат 14 илјади views и луѓе од доле им пишуваат 'Браво'. Тоа го гледаат и обвинители и никому ништо. Тие и веруваат во тоа и никому ништо. И не само обвинители, и МВР и сите. Така да, ние имаме општ проблем со општеството, верувањата и вредностите што ние ги имаме како општество. И оттука имаме проблем и да го препознаат говорот на омраза кон ЛГБТИ, зашто не го перципираат како таков, и да постапуваат по однос на говор на омраза. Ниту една пријава за говор на омраза кон ЛГБТИ не е процесирана пред суд. Ниту една. Така да, имаме сериозен проблем. (...) За говор на омраза врз ЛГБТИ немаме судска пракса. А за говор на омраза врз основа на други – имаме некоја си минимална." (правна советничка, Хелиншки комитет за човекви права)

Од спроведувањето на интервјуата до пишувањето на овој извештај се доби и првата кривично-кривично правна пресуда за говор на омраза. „Основниот суд во Неготино, одлучувајќи по обвинителен предлог на Основното јавно обвинителство Кавадарци, а по кривична пријава од Квир Центар, против лицето С.М. од општина Демир Капија, за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем" од чл. 394-г ст. 1 од Кривичниот законик, на 15 март 2024 г. донесе пресуда дека обвинетиот е виновен за делото за кое се товари."[1] Во случајот се работи за коментари под објава поврзана со Парадата на гордоста кои повикуваат на насилство кон ЛГБТИ лица. Судот изрече алтернативна мерка, условна осуда на казна затвор од една година. И покрај тоа што овој случај е позитивна новина и може да ја отвори вратата за промена на практиката, сепак во моментот овој случај е исклучок од правилото.

1 Соопштение на Скопски квир центар од 27.3.2024 година.

Од досегашното постапување, заклучуваме дека обвинителството постапува пристрасно во овие случаи, не го применува Кривичниот закон ниту меѓународната практика и стандарди во областа. Случаи во кои најексплицитно се повикува на насилство кон ЛГБТИ лица не се попознаени како доволно сериозен говор за кривично гонење.

> „До 2022 година имавме над 70 кривични пријави до обвинителство...Имаме доста кои не се постапени. Меѓутоа, тие што се постапени се најчесто решенија за отфрлање на кривична пријава, или резолуција каде нема место за јавно обвинителско постапување. И тоа многу често. (...) 80%, другите 20% би ги кажал дека сè уште немаат постапено. Инаку сите пријави ни се отфрлени од страна на Јавното обвинителство.“ (адвокат, Скопски квир центар)

Овој проблем го посочуваат и членовите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Комисијата постапува во случаи на говор на омраза кон ЛГБТИ лица и во истите најчесто утврдува вознемирување и повикување и поттикнување дискриминација, како форми на дискриминација согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација. Во неколку случаи каде сметаат дека говорот е доволно сериозен за кривично гонење го известиле јавното обвинителство, за што немаат повратна информација дали постапило. Тие изразуваат волја за постапување во овие случаи, но сметаат дека постапката за заштита од дискриминација не овозможува пропорционално казнување на сторителите бидејќи станува збор за кривични дела.

Освен непостапувањето, во случајот со говор на омраза од политичката партија Интегра, се согледува очигледно пристрасно постапување во самото образложение и при сослушувањето на оштетените. Обвинителството во овој случај се согласува со ставовите изнесени од страна на политичката партија и аргументира дека се заштитени со слободата на изразување, иако станува збор за груби навреди и клеветења на ЛГБТИК+ луѓето и се користат зборови како „неприродни’, ‘противприродни’ и извитоперени безумија“, и се бара „ова зло да се сопре и сосоче во корен“.[2]

---

**2** Соопштение на Интегра, „ИНТЕГРА: Непримерен притисок врз јавноста со ЛГБТ+ медиумски кампањи“, 11.4.2023 година.

Непрепознавањето на говорот на омраза се должи на хомофобичните и транфобичните ставови и вредности на самите обвинители, а не на недостатокот на едукација во областа. Промената на вредностите е процес во кој треба континуирано да се инвестира и таа не е возможна со неколку дневна обука. Луѓе кои имаат негативни ставови за ЛГБТИК+ луѓето, не можат да имаат сензибилитет да го препознаат говорт на омраза, понатаму да бидат мотивирани кривично да го гонат и да ги вложуваат своите капацитети и време во прогон на сторители на говор на омраза. Кога во институцијата доминираат негативни ставови кон ЛГБТИК+ луѓето, дури и оние поединци кои не ги споделуваат овие ставови треба да излезат од комфорната зона и да се справуваат со коментарите на колегите за да работат на овие случаи.

Важна институција за гонење на онлајн говорот на омраза е и секторот за компјутерски криминал во МВР. И покрај тоа што е јасно дека капацитетите на Секторот за компјутерски криминал се прилично ограничени, од повеќе случаи може да се заклучи дека и тие капацитети што се на располагање не се волни да ги искористат за заштита на ЛГБТИК+ лицата.

> „Мора да има некој таму кој е посензитивен на овие прашања, затоа што треба да се трчка работата. Може ја да пратам писмо и да се јавам по 6 месеци, а може да пратам писмо и да ти се јавам три пати телефонски и да ти пратам уште една ургенција и сигурно ќе успее. Значи и ние кога имаме таков случај не сме многу агилни, за разлика од друг случај. Мора да има некој посензитивен и што сака тоа да го заврши. Може да пратиш писмо и да не се заврши. Тоа е.“ (судијка, Основен кривичен суд Скопје)

Законската рамка за заштита од говор на омраза врз основа на сексуална ориетација и родов идентитет не е идеална и треба да се дополни. Основите во кривичните дела не се усогласени со новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација, па основите сексуална ориетација и родов идентитет не се експлицитно наведени. Иако постојат можности за кривично гонење, доколку има волја и се препознава, сепак доуредување на зако-

нот може да превенира небулозни образложенија од страна на обвинителството и да им ги скрати можностите да го заобиколуваат и да го користат како аргумент за непостапување.

Во областа на семејно насилство и насилство од омраза интервјуираните даватели на услуги посочуваат дека кога мотивот е сексуалната ориентација или родовиот идентитет на жртвата тоа недоволно се препознава во постапките. Од една страна сметаат дека влијаат предрасудите на обвинителите, но од друга, посочуваат дека се работи за наследена практика да не се навелгува во ваквиот тип на мотиви и неволност да се посвети повеќе внимание на случајот.

> „тоа зависи од вештината на обвинителот – колку длабоко ќе оди во испитување на причините зошто дошло до насилството. А кај нас, најчесто, од сите предмети досега што сум ги имала биле ограничени на: постои семејно насилство, постои телесна повреда – и тука застануваме.“ (судијка, Основен кривичен суд Скопје)

> „Ако не беше реакцијата на јавноста немаше да постапи. Значи кај нас поразително е за Судот и за Обвинителството што се чека некој да каже од надвор. Треба институцијата да делува, а другите само да прошират дека е преземена мерка...проблемот е непрепознавањето и незаинтересираноста.“ (судијка, Основен кривичен суд Скопје)

Малиот број на пријавени контакти со обвинителствата од страна на интервјуираните ЛГБТИК+ лица значи дека случаите на насилство и другите повреди на права кои претставуваат кривични дела не стигнуваат до обвинителството што сугерира на бариери во другите органи како полицијата и центрите за социјална работа.

## Препораки

- Измени и дополнувања на Кривичниот законик со цел доуредување на говорот на омраза и дополнување со основите сексуална ориентација и родов идентитет во кривичните дела;

- Назначување на обвинители кои ќе работат на кривични дела кон ЛГБТИК+ лица и нивно таргетирано зајакнување на капацитетите преку континуирани обуки за говор на омраза и криминал на омраза кон ЛГБТИК+;

- Донесување на интерни упатства и правилници за постапување кон ЛГБТИК+ жртви на насилство и други кривични дела;

- Зајакнување и дополнување на интерните механизмите за контрола и оценување на работата на обвинителите со внесување на аспекти поврзани со постапувањето во случаи на криминал од омраза кон ЛГБТИК+ лица;

- Внесување на содржини за говор на омраза и дела од омраза кон ЛГБТИК+ на правните факултети, мастер студиите по кривично право и унапредување на содржините на Академијата за судии и јавни обвинители.

# СУДОВИ

# СУДОВИ

## Квантитативен пресек на податоците

Од интервјуата со ЛГБТИК+ лица се пријавени **4 случаи** на повреди на права во областа на судското постапување поврзани со сексуалната ориетација и/или родовиот идентитет. Сите случаи се од Скопје, а во три случаи жртва е трансродова жена Ромка, а во еден родово небинарно лице Албанец. Два случаи се квалификувани како вознемирување и два случаи како дискриминаторски третман.

Само 5 интервјуирани лица пријавиле контакт со судови. На прашањето како твојата различност е прифатена или неприфатена од страна на судовите: 2 сметаат дека генерално немаат проблем, 2 дека често можеш да се соочиш со различен третман и едно лице дека судството не ги прифаќа и ги дискриминира ЛГБТИК+ лицата.

Од интервјуата со давателите на услуги од граѓански организации пријавен е 1 случај каде судијата во Куманово тврди дека не знае што значи зборот ЛГБТИ, па оттука не може да знае дали во случајот има повикување на насилство и говор на омраза.

Беа интервјуирани и две судики од Основниот кривичен суд во Скопје кои работеле на случаи поврзани со ЛГБТИК+ лица.

## Дескриптивна анализа

Во едниот случај се работи за постапување на судот во случај на насилство од омраза кон родово небинарно лице, Албанец во контекст на Парадата на гордоста. Лицето беше пресретнато на јавен простор во центарот на Скопје од тројца маскирани напаѓачи, навивачи и беше физички нападнато. Случајот имаше судска разрешница, но сторителите беа малолетни на возраст од 14 и 16 години. Понатаму жртвата се исели од државата и

не присуствувала на сите рочишта и намаше информација за завршницата од судската постапка. Ја побаравме пресудата од Основниот кривичен суд но не ни ја доставија со образложение дека се работи за малолетни сторители, но ни кажаа дека судот има донесено решение со кое се изрекла воспитна мерка- засилен надзор од страна на центар. Оттука не е јасно дали и во која мера судот земал предвид дека се работи за насилство од омраза кон ЛГБТИК+ лице во случајот. Но, имајќи предвид како се спроведува изречената мерка може да се заклучи дека таа нема да доведе до промена на однесувањето, ставовите и вредностите на сторителите. Жртвата во случајот смета дека судот не му придал доволно значење на случајот поради неговата сексуална ориентација, не е задоволен од постапката и од третамнот.

Во друг случај се работи за трансродова жена Ромка која смета дека судот постапил дискриминаторски и со предрасуди кон неа.

> „Ама не ми ја направиле услугата што ја барав. Што мислев дека може да ме поддржат, да ме сослушаат убаво за мојот проблем. Кога ме видоа више им беше јасно која и што сум. 5-10 минути ме задржаа и ме исфрлија како кучка надвор.“ (код: Лола, транс жена, 48 години)

Понатаму транс жената споделува дека не и се обраќале во женски род нити го користеле името кое им го посочича, додека службеничката и се потсемавала и го коментирала нејзиниот родов идентитет. Транс жената посочува дека не се чувствува удобно во суд да се појави во женска облека и со шминка бидејќи така ќе биде дополнително дискриминирана, озоборувана и исмејувана.

> „Па ете на пример, пак ќе кажам, тие не те знаат, ама кога одиш како личност која е транс мора да се стабилизираш. Не можеш да се облечеш ти како што сакаш...На пример, не можам да облечам фустан или прслук да си ставам на мене, некоја нежна шминка. Тие така ти се смеат, те потценуваат, одма те дискриминираат, а не па кога ќе ме гледаат вака. Па самото чувство не ми дава да излегувам, вака јавно пред нив да се појавам.“ (код: Лола, транс жена, 48 години)

Цитираниот исказ зборува и за себе стигматизација при контакт со судство и нормализирање на нивното неприфаќање на трансродовите луѓе.

Во интервјуата со даватели на услуги беше спомнат случај во кој се работи за говор на омраза, видео и коментар со содржина „KILL LGBT". Судот го прифаќа аргументот на бранителот дека обвинителниот предлог е нејасен, напишан на странски јазик и врз основа на тоа не е јасно што значат зборовите „KILL LGBT". Дури и ако навистина не е јасно што значат овие зборови судот има начини да дознае, односно да побара превод. Прифаќањето на овој аргумент само по себе претставува пристрасно постапување со цел да се донесе ослободителна пресуда.

Судијката од Основниот кривичен суд во Скопје го сподели нејзиното искуство при одлучување за случај на насилство од омраза кон геј маж, активист. Во случајот се работи за физички напад кон геј маж на јавен простор за време на јавен собир при што му беа нанесени телесни повреди. Сторителот беше осуден за делото насилство сторено од омраза како квалификуван облик на две години затворска казна. Таа сподели дека нејзините колеги и коментирале зошто определила толку сторга санкција. Исто така, за време на рочиштата сите во судот знаеле дека ќе дојде геј лицето, коментирале меѓусебно и тоа било настан само по себе.

> „Да, тоа дури и во судот. Кога ќе дојде доле, од пријавница од тука сите знаат – иде педерот. Тоа е тоа" (судијка 1, Основен кривичен суд Скопје)
>
> „Отпосле, оговарање шо би се рекло, верувам дека се случува. Имајќи предвид дека ако дојде некој така поинтересен предмет, од доле до горе сите знаат." (судијка 2, основен кривичен суд Скопје)

# Заклучоци

Како последна инстанца, судовите немаат значајна практика на постапување во случаи поврзани со сексуална ориетација и родов идентитет. Од малиот број на случаи кои се споделени од страна на ЛГБТИК+ лицата, дополнети со интервјуата со судиките и давателите на услуги од здруженијата на граѓани, може да се заклучи дека судовите не се имуни на општествената стигма и предрасуди кон ЛГБТИК+ лицата. Сепак, имаме и изјави на даватели на услуги кои зборуваат за професионално постапување од страна на судовите.

Од интервјуата со двете судики не можат да се донесат заклучоци за целото судство, но спеак тие покажаа сензибилитет и разбирање на состојбата со правата на ЛГБТИ лицата. И двете судики сметаат дека треба да се зајакнат капацитетите на судството по прашањата поврзани со насилство од омраза, говор на омраза и семејно насилство кон ЛГБТИК+ лицата. Но, посочија дека има позитивни промени во областа, повеќе можности за едукација и повеќе се зборува на овие теми.

Двете судики мапираат неколку проблеми во врска со судското постапување во предмети поврзани со правата на ЛГБТИК+ луѓето. Судијката која неодамна судеше во случај на насилство од омраза кон геј маж, активист, изрази незадоволство од недостатокот на комуникација помеѓу судот и јавноста за случајот. Таа смета дека судот овие случаи треба да ги препознае како важни за јавниот интерес, да ја информира јавноста за постапката и за донесената пресуда со цел да прати порака дека насилството од омраза се препознава од судството и построго се санкционира со што судот би делувал и превентивно.

„Вториот проблем кај судот е што има нетранспарентност и недавање на изјава. На пример, за овој случај, мојот, судот не прави никакво соопштение, не снајде потреба да даде два реда изјава нели за пресудата. Мислам дека е тоа праќање на порака во јавноста за сите останати. Сигурно ако во Чаир знаат дека овој добил две години за "педеров" нема утре тоа да го прават. Јас сум убедена затоа што многу од нив се млади деца. И овој беше млад, обвинетиот е млад. Тоа се мла-

ди луѓе кои може да ја сфатат таа порака и затоа е толкава казната. Другиве да не се осмелуваат да го прават тоа кривично дело." (судијка, Основен кривичен суд - Скопје)

Судијките сметаат дека немаат доволно информации за судската практика на национално и меѓународно ниво. Се случува и самите судии кои работат на одреден предмет да немаат информација дека таков вид предмети имале до сега во истиот суд, за понатаму да ја земат предвид досегашната практика. Сметаат дека судската практика треба редовно да се систематизира, објавува и да се преведуваат пресудите на Европскиот суд за човекови права. Достапноста на пресудите на национално ниво е континуиран проблем. АКМИС системот во судството генерира податоци за предмети по видот на кривичното дело, основи на кривичните дела, активен статус на предметот и видот на одлука кај правосилните пресуди. Оттука, не може да се добие директен увид во предметите кои се поврзани со насилство од омраза врз основа на сексуална оритенација и родов идентитет. Податоци кои се однесуваат на личните карактеристики на жртвите не се собираат. Овој проблем е прашање на недостаток на транспарентност во судското работење, но и прашање кое може да се разгледува од аспект на правна сигурност. Иако не постои обврска да се следи судската практика, овие информации се неопходни за одлучувањето по предметите, за едукација на судиите и за унапредувањето на правната сигурност.

Сметаат дека обуките од Академијата за судии и јавни обвинители се корисни, но треба да се унапреди нивниот квалитет и да се понудат поспецифични обуки со фокус на ЛГБТИК+ лица. Законската рамка сметаат дека е доволна и дека овозможува ефикасно казнување и спроведување на постапки, но дека се потребни подзаконски акти, упаства, правилници и слично во секоја област кои ќе предвидат стандарди за постапување со ЛГБТИК+ лица со цел постапувањето да не зависи од свесноста или мотивираноста на секој службеник.

„Подзаконските акти треба да бидат доразразботување на законскиот текст и подзаконските акти како правилници и упатства мора да содржат конкретни напатствија како да се постапи од страна на службеното лице. На тој начин би добиле еднаквост и истоветност во постапувањето и тоа нема

да зависи од личниот момент – ако некое лице е посензибилизирано и поодговорно во својата работа и да постапи, а друго да не постапи да не препознае“ (судијка, Основен кривичен суд - Скопје)

Двете судијки сметаат дека треба да се унапреди работата на обвинителствата. Тие постапуваат согласно обвинителните акти или предлози на обвинителствата, па доколку обвинителството не го зело предвид мотивот како сексуалната ориетација и родовиот идентитет на жртвите тие не можат да интервенираат. Оттука, едната судијка смета дека треба да се предвиди некаков механизам во законот кој ќе овозможи да побараат дополнително доработување на одредени аспекти од обвинението.

„Јавниот обвинител ќе постави една теорија на случај и судот што да прави тука? Не може да му каже – „Обвинителе не вака – вака“. Пошто тоа не е правилно судење. Не може обвинетиот да се соочува со двајца обвинители.“ (судијка, Основен кривичен суд - Скопје)

Едната судијка ја потенцира потребата за пробација, односно осмислување на пробациски програми со кои ќе се влијае на промена на однесувањето, ставовите и вредностите на сторителите на кривични дела од омраза. Таа смета дека сторителите на насилство од омраза во затвор дополнително се радикализираат, па оттука затворската казна сама по себе не е целисходна мерка.

„Воспитниот момент доаѓа преку примена на институтот условен отпус, и пробација и заштитен надзор. Кога едно лице коешто е осудено на казна затвор на пример од 2 години за кривично дело сторено од омраза, и помине 1 година или неколку месеци во затворска установа, а останатиот период го помине на слобода, но под надзор, во којшто временски период ќе посетува програми за запознавање, за спречување, за контролирање на агресивниот момент, насилничкото однесување, прифаќање на различностите. Тоа прво ќе доведе до намалување на затворската популација, нехуманите услови за живот таму и што е најважно – ќе спречи едно однесување, бидејќи таму ќе се поткрепува мислата „јас овде лежам заради вакви-такви припадници“ – коишто таму сигурно ќе бидат нарекувани погрдно, и кога ќе излезе револтот ќе биде уште поголем.“ (судијка, основен кривичен суд - Скопје)

## Препораки

- Континуирани обуки за судии и други вработени во судството за постапување во случаи каде сексуалната ориетација и родовиот идентитет на жртвата се мотив за сторување на делото;
- Воведување на обуки во рамки на Академијата за судии и јавни обвинители со фокус на криминал од омраза кон ЛГБТИК+ лица;
- Донесување на внатрешни правила за однесување и постапување со маргинализирани заедници помеѓу кои и ЛГБТИК+ лица;
- Унапредување на АКМИС системот со цел генерирање на податоци разделени по мотивот за кривичното дело или основот за дискриминација во граѓански постапки; и
- Преведување, систематизирање и објавување на пресуди на Европскиот суд за човекови права поврзани со дискриминација, дела од омраза и говор на омраза кон ЛГБТИК+.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДБИ

# Неколку квалитативни заклучни согледби

## Личното (не)професионално

Идејата дека личните верувања може да се одвојат од професионалните постапки е заблуда. Поимот „неутралност“ или „непристрасност“ е особено проблематичен кога се применува на професионалци кои работат со системски маргинализирани популации. Тврдењето за неутралност честопати служи како параван за основните предрасуди – работниците кои не ги преиспитуваат своите предрасуди имаат поголема веројатност тие несвесно да се одразат во нивното професионално однесување.

Однесувањето на вработените во институции како што се образованието, здравството, безбедноста, судството и социјалните служби ја илустрира неможноста за целосно одвојување на личните убедувања од професионалните постапки. Професионалци кои имаат хомофобични или трансфобични ставови не можат едноставно да ги исклучат тие длабоко вкоренети убедувања во интеракцијата со ЛГБТИК+ лицата. Идејата дека таквите предрасуди може да се оставаат настрана во професионални контексти ја игнорира реалноста дека личните вредности се вградени во тоа како луѓето го гледаат светот и како комуницираат со другите.

Институциите не се неутрални простори – тие се обликувани од личните и колективните верувања на луѓето кои работат во нив. Кога професионалец има хомофобични или трансфобични ставови, тие неизбежно влијаат на секој аспект од неговото однесување, било свесно или несвесно. Во пристапот кон квир лицата, тој го пренесува своето несогласување со нивното постоење – дури и ако смета дека тоа не е видливо. Ова може да се манифестира на суптилни начини, како што се безличен тон, незаинтересираност или избегнување контакт со очи. Во овие случаи, личното неизбежно станува професионално, бидејќи ставовите на работниците директно влијаат на нивната способност за работа, на квалитетот на услугата што ја нудат и на пристапноста на институцијата за ЛГБТИК+ луѓето.

Кога професионалците ги внесуваат своите предрасуди во работата, тие директно ги загрозуваат правата и безбедноста на ЛГБТИК+ лицата. Тие можеби не ги сфаќаат клиентите сериозно, ги третираат со сомнеж или суптилно ги обвинуваат за нивната виктимизација. Нивната пристрасност може да замати објективното расудување, што доведува до неправедни постапки или пресуди. Дополнително, кога работниците имаат задача да обезбедат грижа, поддршка и насоки за ранливи категории, присуството на непроверени хомофобични или трансфобични ставови може да биде катастрофално. Однесувањето на професионалците може да биде обесхрабрувачко, особено кога некое лице им се обраќа поради доживеано насилство.

Овој проблем станува уште подмолен кога работниците се обидуваат да ги „скротат“ или „стават на страна“ своите ставови, прикривајќи ја пристрасноста зад фасада на „професионализам“. Во такви случаи, однесувањето може да биде збунувачко и дезориентирачко за ЛГБТИК+ лицата. Тие може да почувствуваат непријатност или неодредено непријателство, но да не можат точно да го именуваат проблемот, бидејќи дискриминацијата е прекриена со учтивост или површна почит. Оваа двосмисленост создава небезбедна средина за корисниците на услугите, кои мораат да навигираат низ интеракции со нејасни правила и динамика на моќ.

Неможноста на ЛГБТИК+ лицата да ги именуваат овие суптилни форми на дискриминација додава уште еден слој на опасност. Кога хомофобичното или трансфобичното однесување на професионалецот е суптилно или маскирано, тоа најчесто останува незабележано, не се санкционира и не се бара одговорност. ЛГБТИК+ лицата, пак, може да ги преиспитуваат своите искуства, прашувајќи се дали се премногу чувствителни или погрешно ја перципираат ситуацијата. Овој вид на манипулативно однесување може да се дефинира како „пали-гази“ (gaslighting) – форма на емоционална манипулација што има за цел да доведе некого во заблуда и да го натера да се сомнева во сопствената реалност.

Понатаму, ЛГБТИК+ лицата често немаат доволно моќ да го оспорат дискриминаторското однесување поради нерамнотежата на моќ во институциите. Тие може да се чувствуваат принудени да толерираат малтретирање за да не ја загрозат својата грижа

или правен статус. Оваа динамика, во комбинација со слабата законска заштита, им отежнува да бараат правда кога ќе доживеат дискриминација, па многу случаи остануваат непријавени и недокументирани.

Хомофобичните и трансфобичните постапки, кога се врамени како „професионални одлуки“, се целосно потопени во лична пристрасност. Тие испраќаат јасна порака дека ЛГБТИК+ лицата не се целосно, или воопшто, добредојдени во институционалниот простор. Работниците може да тврдат дека се неутрални, инсистирајќи дека нивните лични убедувања не влијаат врз нивните професионални должности, но нивните постапки – без разлика дали се помалку внимателни, помалку ангажирани или помалку темелни – зборуваат поинаку.

Одвојувањето на личното од професионалното е возможно само на формално и површно ниво. Тоа може да се примени во контексти каде што станува збор за обезбедување услуга или производ кој не бара значаен личен контакт, советување или разговор за лични прашања. Меѓутоа, неговата примена завршува овде – бидејќи не може да гарантира еднаков квалитет на услугата и пристапноста на институцијата. Поради „професионалното“, работникот нема формално да одбие да даде услуга на ЛГБТИК+ лице, но поради „личното“, услугата може да биде неквалитетна – службеникот може да се однесува непријателски или чудно, да сака побрзо да заврши, да не постапи со должно внимание или да не ги сподели сите информации.

Оттука, одвојувањето на личното од професионалното не е возможно кај професии како наставници, педагози, социјални работници и психолози. Исто така, тоа не е можно ниту кај професионалци што носат одлуки во случаи каде што сексуалната ориентација и родовиот идентитет играат улога – како што се полициски службеници, обвинители и судии.

# Предизвици во слоевитото присуство на предрасудите

Проблемите со насилството и дискриминацијата не лежат само во недостатокот на едукација, Проблемите со насилството и дискриминацијата не произлегуваат само од недостатокот на едукација, туку и од длабоко вкоренетите предрасуди и патријархални вредности што ја обликуваат нашата перцепција за моќта, односите меѓу луѓето и начинот на функционирање на институциите. Како што истакнува психологината која работи со заедницата:

> „Мислам дека во голема мера [проблем] се предрасудите. Не би рекла дека им фали едуцираност. Јас во изминативе дваесет години мислам дека и те како сите институции имаат поминато бројни едукации, особено околу насилство. Меѓутоа, за насилство, да речеме... Се работи пред сè за едни длабоко вкоренети патријархални вредности и стереотипи." (психологина, психотерапевтка, истражувачка, соработничка на ГОи кои работат со човекови права)

Овие вредности создаваат системи што не само што толерираат, туку и го поттикнуваат насилството и исклучувањето. Иако обуките за препознавање и справување со насилството се вообичаена практика, тие не можат суштински да го променат начинот на кој луѓето ја доживуваат и разбираат неправдата.

> „Следењето на правила никогаш не може да биде доволно. Никој нема доволно да следи правила доколку живее секојдневно во систем којшто е позициониран на тој начин, функционира преку доминација и преку потчинување на послабиот." (психологина, психотерапевтка, истражувачка, соработничка на ГОи кои работат со човекови права)

Сведоштвата на оние што секојдневно ја доживуваат дискриминацијата се уште попоразителни. Транс жените, како што објаснува една правна советничка која работи со заедницата, се соочуваат со понижувачко однесување, закани и насилство.

„Тие ми споделиле, транс жени, на кои често им се случува по улица да се изнервира некој минувач кој ќе ги види и ќе ги препознае ‘како маж’, али со поинакво однесување според нашето општество. Она што најчесто ми го пријавуваат се погледите. Ми викаат: ‘Буквално се чувствувам како во циркус’, ‘најнепријатно ми е кога се движам по улица или ќе влезам во продавница и сите погледи се насочени кон мене’.“ (правничка, правна советничка, соработничка на ГОи кои работат со човекови права)

Дополнително, јавниот превоз, наместо да биде простор за еднаков пристап до градот и неговите услуги, често станува место каде што ЛГБТИК+ луѓето се изложени на осуда, понижување и страв. За многумина, секојдневното возење во автобус не е обична рутина, туку постојана борба за избегнување погледи, коментари и потенцијално насилство – сурова потврда за длабоката исклученост што ја чувствуваат маргинализираните групи.

„Во автобус им се случило… И речиси сите што ги познавам не го користат автобусот токму од оваа причина, дека многу често им се дешава некој да ги исмејава. … Дури им се случило некогаш и насилство, да сакаат да ги удрат.“ (правничка, правна советничка, соработничка на ГОи кои работат со човекови права)

Овие согледби покажуваат дека за решавање на проблемот нема едноставни решенија, но и дека промената не може да се постигне само преку едукација. Неопходно е системско преиспитување и демонтирање на патријархалните вредности и структури што овозможуваат и одржуваат насилство. Само преку ваков процес, поддржан од искрена ангажираност на сите нивоа – индивидуално, институционално и општествено – може да се надеваме на општество подготвено за вистинска инклузивност и еднаквост.

# Поддршката на ЛГБТИК+ како општествен императив

Емоционалната и психолошката поддршка што ЛГБТИК+ поединците ја добиваат од нивните семејства, пријатели, граѓански организации, а понекогаш и од училишниот персонал и други претставници на државни институции, е од непроценливо значење. Оваа поддршка не е привилегирана удобност – таа е прашање на преживување. Во свет во кој родово и сексуално различните идентитети се угнетени, присуството на афирмативни релации е она што го заобиколува очајот и ја засилува издржливоста. Изворите на поддршка нудат надеж, радост и способност да се живее автентично во општество што го поткопува нечие постоење.

Така, за многу ЛГБТИК+ луѓе особено значајна е борбата да бидат препознаени, разбрани и прифатени. Преку малкуте релации на поддршка, тие наоѓаат сила не само да преживеат, туку и да напредуваат. Секој извор на поддршка игра различна улога во обезбедувањето афирмација, валидација и емоционална стабилност. Тие се браник против сеприсутното непријателство со кое ЛГБТИК+ луѓето се соочуваат.

Поддршката од родителите е особено важна, особено во раните години и адолесценцијата, кога поединците го развиваат своето чувство за себе. За жал, многу ЛГБТИК+ млади луѓе доживуваат отфрлање од нивните семејства, што може да резултира со бездомништво, проблеми со менталното здравје и зголемена ранливост на насилство. Од друга страна, кога родителите и членовите на семејството обезбедуваат поддршка, тоа значително ја зголемува способноста на поединецот да се справи со општествените предизвици.

„Апсолутно не разговарам со мајка ми, не сум во некој однос. Меѓутоа, со татко ми сме многу блиски и татко ми неверојатно многу ме поддржува во што и да правам, без разлика што е олд фешн. Он мене ме сака без разлика на се', така што него не му кажувам за да не се секира и затоа што се плашам дека може да изреагира зезнато и да лежи затвор место

мене. И не знам, веројатно на најблиски пријатели, чисто од емотивна поддршка би кажал, ама не повеќе од тоа.“ (код: Лео, 28 години, транс маж)

„Па мислам на прво место се моите родители. Секогаш добивам поддршка од нив и разбираат дека истото го поминувале и тие во нивно време. После, на моите пријатели, сите се поддржуваме и многу си се сакаме тие што сме блиски, разбираме како е. Значи имам систем на поддршка каков и да е.“ (код: Марко 2, квир маж, 18 години)

Во пријателствата, ЛГБТИК+ поединците често наоѓаат избрано семејство – луѓе кои ги прифаќаат безусловно и им обезбедуваат безбеден простор за автентично самоизразување. Пријателите кои го разбираат и го прифаќаат нивниот идентитет нудат засолниште од свет што може да биде непријателски или исклучувачки. Овие односи се клучни, бидејќи создаваат чувство на припадност, што е од витално значење за нивната психолошка благосостојба.

„[Пријателите] апсолутно би ме поддржале, без разлика на што се’ имаме претрпено... Моите пријатели се прекрасни луѓе и ме поддржуваат и го сакаат најдоброто за мене во секој контекст.“ (код: 79, 19 години, транс маж)

„Со себе работам тоа да го закопам и да го откопам кога ќе треба и можам да се справам. После тоа разговарам со партнерот, се’ уште не одам на психолог. Знам и со блиски другари да споделам што ги чувствувам за најблизок.“ (код: Леа, 34 години, транс жена)

„Многу стрејт другари и другарки ме имаат разочарно и продолжува да ме разоларува како тие не даваат баш поддршка, или со мини осуда... Мислам дека подлегнуваат на пропаганди, еве сега со црквата, многу отворени лица заземаа ставови и беа на протест... дека многу бараме права, дека тоа со транс е изопачено... и поаѓаат во име на децата да ги заштитиме, им пречи геј бакнеж во детски филм. Еве една другарка за тоа ми искоментира, ме најде жртва да ги слушам нејзините поплаки за тоа, што ме изнервира многу бидејќи излегов со неа да се видам и да се опуштам на пиво, а не да ми раскажува дека му го сменила филмот [филм каде е при-

кажана геј љубов], па детево само си го пуштило, и морала да му објаснува. Па објасни му на крај краева, 2023 е!“ (код: Марко 1, маж, хомосексуалец, 32 години)

Училишниот персонал, вклучувајќи ги наставниците и советниците, претставува клучен извор на поддршка, особено за ЛГБТИК+ младите. Училиштата можат да бидат значително побезбедни места доколку во нив има наставници и стручни соработници кои ги прифаќаат и поддржуваат ЛГБТИК+ учениците. Учениците кои имаат пристап до поддржувачки едукатори и инклузивни училишни политики имаат поголема веројатност да постигнат академски успех и да развијат чувство на припадност. Наставниците кои поттикнуваат инклузивност и активно се спротивставуваат на дискриминаторското однесување обезбедуваат неопходна психолошка поддршка, помагајќи им на ЛГБТИК+ младите да ги надминат предизвиците на адолесценцијата со поголема самодоверба и издржливост.

„Бев прифатен од сите и добив порршка од соучениците и од персоналот. Скоро сто посто добивав поддршка од одреден персонал, од психологот во училиштето каде што бев многу позитивно изненаден и добивав поддршка од голем дел од соучениците во мојот клас.“ (код: 79, 19 години, транс маж)

„Одев кај психолози и психијатри, надвор од школото, бев ставена на лекови, редовно си земам терапија и ок е се. Јас сега сум појака личност од тие случаи, не сакам да ме жалат луѓето, сакам да ме гледаат колку сум надминала и колку сум јака, не како жртва. На успехот не ми влијаеше, си бев ок ученичка, си учев, си работев на часови, не правев проблеми, не бегав од часови... Ако сум била неспремна, прв инстинкт ми е тоа да го кажам отворено и да замолам да се подготвам за нареден час. Не бегам од проблемите. Кога следев настава онлајн, беше поради дискриминацијата во школото, бидејќи ми беше мачно да идам секој ден да ме навредуваат, да се заебаваат со мене.“ (код: Лана, транс девојка, 16 години)

Граѓанските организации кои нудат поддршка за ЛГБТИК+ лица преку застапување, психолошка, правна и социјална помош играат клучна улога. Тие не само што им помагаат на поединците да се справат со траумата и дискриминацијата, туку и созда-

ваат простори каде што ЛГБТИК+ луѓето можат да се здружат, да ги споделат своите искуства и да го зајакнат чувството на припадност во заедницата. Често, овие организации се единствените што со разбирање и емпатија ги слушаат нивните приказни.

„Луѓе оставаат работа за да ме видат мене, за да слушнат приказна или да се исмејуваат“, сведочи една правна советничка. Токму низ разговорите со стручните лица, ЛГБТИК+ поединците можат повторно да го пронајдат својот глас, чувството на вредност и човечност. Овие организации помагаат во процесот на заздравување од траумите, нудат правна заштита и водство, осигурувајќи дека нивните права нема да останат игнорирани. Ваквата поддршка е клучна за градење надеж дека промените се можни и дека заедниците можат да станат побезбедни и посензитивни за сите.

> „Може, ако има некои невладини кои не поддржуваат, за да ми дадат храброст, да идат со мене до таму доколку имам некое насилство. И така некаква храброст да имам.“ (код: Лола, транс жена, 48 години)

> „Повеќе имам доверба во организациите, отколку во полицијата доколку ми се случи нешто, резервирана сум за полицијата. Треба да видам како ќе постапуваат понатаму и стравувам дека може да ме тепаат, затоа што се е во нивни раце. Немоќно се чувствувам. Сега веќе ги избегнувам, и ми е страв од нив кога ќе видам на улица. Ако треба и ги заобиколувам.“ (код: Леа, 34 години, транс жена)

Навремената и доследна поддршка од семејството, пријателите, училишниот персонал и граѓанските организации може да дејствува како противтежа на насилните искуства со кои ЛГБТИК+ поединците се соочуваат при влезот во институциите. Кога се поддржани, тие имаат поголема веројатност да се гледаат себеси не како жртви, туку како преживеани – отпорни поединци способни да ги надминат предизвиците. Емоционалната поддршка во текот на годините на формирање на личноста помага во градењето на самопочитта и самодовербата, кои се клучни за спротивставување на општествените наративи што ги прикажуваат како „Други“. Кога членовите на семејството, пријателите, наставниците и менторите активно ја зајакнуваат идејата

дека ЛГБТИК+ лицата се вредни, сакани и заслужуваат почит, тие им помагаат да го вратат својот наратив и да се гледаат себеси низ призма на храброста, наместо преку слабоста.

Зачувувањето и градењето на поддржувачки односи за ЛГБТИК+ поединците е првиот чекор во создавањето солидарност, која има потенцијал да предизвика промени и на пошироко општествено ниво. Овие односи се суштински за преживувањето и нудат многу повеќе од утеха – тие се извор на стабилност и зајакнување. Континуираната маргинализација на трансродовите лица, особено, довела до непропорционални нивоа на дискриминација во многу сфери, изложувајќи ги на поголем ризик од бездомништво, сиромаштија и проблеми со менталното здравје. Во таков контекст, мрежите за поддршка стануваат уште поважни – тие се местата каде што ЛГБТИК+ поединците се чувствуваат безбедно, ценето и почитувано.

Поддршката не е само еден од многуте значајни аспекти во нивните животи – таа е суштинска за нивниот опстанок. Кругот на поддршка станува избрано семејство и единствено место каде ЛГБТИК+ луѓето се чувствуваат навистина безбедни. Во патријархална и насилна средина, каде што постојано се сугерира дека самиот нивен идентитет е проблем, зачувувањето на менталното здравје е клучен предизвик, условен од постоењето на круг на поддршка и заедница на која можат да се потпрат. Оттука, заедништвото и градењето на кругови на поддршка за ЛГБТИК+ луѓето имаат огромно, дури и пресудно значење.

## Главата надоле: Потчинети пред институциите

Реалноста е дека ЛГБТИК+ луѓето се соочуваат со системска опресија, не само од поединци, туку и од самите институции, кои се дизајнирани да ѝ служат и да ја заштитат внатрешноста – од сѐ што доаѓа однадвор, особено од оние чии тела на кој било начин не се вклопуваат во претпоставените категоризации и институционални очекувања. Секој знак на бунт и отпор се среќава со закана, казна и потсетување за тоа каде лежи моќта и на кого му припаѓа. Научени од претходните искуства, ЛГБТИК+ луѓето често влегуваат во институциите со однапред подготвена стратегија за преживување, обележана со понизност, покорност, камуфлажа и тишина.

Поговорката „Наведната глава сабја не сече" станува водечки принцип за многумина во ЛГБТИК+ заедницата. Оваа изрека, која имплицира дека оние кои се покоруваат избегнуваат штета, е интернализирана како форма на самоодржување. ЛГБТИК+ поединците често ја држат главата надолу во институционалните простори за да избегнат конфликт, дополнителна виктимизација или репресија. Размислувањето е едноставно – непредизвикувањето на авторитетот значи помал ризик од насилство и казна. Дури и кога нивните права јасно се прекршени, тие често избираат да не проговорат, за ситуацијата да не ескалира. Во овој контекст, на ЛГБТИК+ луѓето експлицитно, симболички и вербално им се укажува дека не припаѓаат таму. Нивните тела се третираат како тела на привремени посетители во просториите каде што службениците – полицајци, социјални и правни работници, судии, јавни обвинители и други претставници – ги држат клучевите. Ако ЛГБТИК+ лицата инсистираат на своите права, тие ги предизвикуваат воспоставените структури на моќ и се соочуваат со брз и насилен одговор, чија цел е „да ги врати на место". Институциите, преку своите услуги, укажуваат дека тие се единствените кои го поседуваат знаењето и фактите – дури и кога не нудат конкретни одговори, оставајќи впечаток дека вистината не може, па дури и не смее да дојде однадвор.

„Наведнувањето на главата" за ЛГБТИК+ луѓето значи прилагодување на родовото изразување – преку облеката, гестику-

лациите, користењето на мртвото име и род, и слично. Потчинувањето пред институциите подразбира компромитирање на сопствениот идентитет. Ова носи огромен емоционален товар – психолошка самоповреда, самопотиснување и повреда на сопственото достоинство. Многу ЛГБТИК+ луѓе, сведочејќи на насилство и дискриминација врз нивни поотворени пријатели или познаници, веруваат дека истото ќе им се случи и ним ако излезат од „плакарот“. Насилството и дискриминацијата имаат директен ефект на замолчување, спречување на напредокот и еманципацијата.

> „Кај мене не можам многу да ти кажам оти камуфлажата ми е добра и не сум толку отворена со многу луѓе да ги видам тие реакции ама од страна сум била сведок на многу дискриминации и многу полоши отколку тие што јас ги имам почувствувано, дали се вербално или физички и то би ти кажала.“ (код: 333, 18 години, лезбејка)

Ова постојано чувство на опасност има далекусежни последици. Многу ЛГБТИК+ луѓе научиле да го нормализираат институционалното насилство. Годините поминати во соочување со овие угнетувачки структури ги имаат условено да го прифатат насилството како неизбежно, рационализирајќи го како „не толку лошо“ во споредба со други можни последици. Нормализацијата е толку продорна што ја нагризува нивната способност да ја проценат сериозноста на сопственото страдање. Дури и кога ќе ја препознаат неправдата, многумина се чувствуваат среќни ако поминат со „мала штета“, плашејќи се од нешто многу полошо. Ова не се изолирани инциденти, туку системски вградени механизми на насилство и репресија. Многу ЛГБТИК+ луѓе изјавуваат дека со системско насилство се соочиле уште од мали нозе – било преку малтретирање на училиште или насилство во семејството – што довело до очекување дека сите институционални средби ќе ги пресликуваат овие рани искуства на немоќ. Очекувањето на насилство станува толку вкоренето што секоја интеракција со институција се чувствува како влегување на непријателска територија.

Дури и оние во ЛГБТИК+ заедницата кои се добро упатени во активизмот и застапувањето, кои ги разбираат правните рамки за заштита на нивните права, често се наоѓаат заробени во

овој циклус на минимизирање на насилството. Знаењето не е доволно за да се скршат синџирите на системското угнетување кога самите институции се структурирани да маргинализираат, заплашуваат и дехуманизираат. Колку и да се теоретски информирани или овластени, практичната реалност е дека дури и на активистите им е тешко да се спротивстават на огромната сила на институционалното насилство. Затоа, многу ЛГБТИК+ луѓе тивко ги поднесуваат своите страдања.

Како резултат на ова, ЛГБТИК+ луѓето активно избегнуваат било каков контакт со институциите, знаејќи дека ќе се соочат со насилство, дискриминација и деградација. Ова значи дека административните, правните, социјалните и здравствените проблеми често остануваат нерешени, директно намалувајќи го квалитетот на нивниот живот.

## Патот до себе-прифаќањето и општествената промена

Наспроти сите предизвици од институционалното насилство, самоприфаќањето на својата сексуална ориентација и родов идентитет кај ЛГБТИ+ луѓето е инспиративен процес кој е нераздelen од општествените услови. За многумина, стравот од неприфаќање од општеството започнува со внатрешен конфликт – борба за самопрепознавање и прифаќање. Овој процес е често долг и исполнет со предизвици, но кога ќе се постигне, станува основа за изградба на посилни односи со блиските и за смело преземање иницијативи за промени во општеството. Личната сигурност што доаѓа со самоприфаќањето ја отвора вратата за подлабоки, автентични врски, што често води до разбирање и прифаќање од другите.

Во овој контекст, поддршката од најблиските кругови игра клучна улога. Често токму блиските односи го поставуваат темелот за пошироко општествено разбирање. Кога ЛГБТИ+ луѓето наоѓаат храброст да ја споделат својата сексуалност или родов идентитет со блиските, нивните реакции, дури и ако се измешани на почетокот, можат со текот на времето да прераснат во прифаќање и поддршка. Овој процес не само што ја менува личната динамика, туку придонесува и за поинклузивна општествена средина.

„Кај мене беше проблем страв од персонално неприфаќање, јас не се прифаќав, а од втора рака ми беше од мојот круг. Почнав јас да се прифаќав и да го разложувам нештото и да се едуцирам на таа тема, кругот веќе би беше поотворен, не ми беше толку конзервативен и ми се губеше од една страна стравот да споделам со некој ама сакав да бидам јас сигурна. Откако станав јас сигурна споделив со најблискиот круг, со некој поголем круг од тогашно време имам сега споделено, знам некои луѓе од то време шо на почеток имаа лоша реакција како зачудена ама сега се е ОК.“ (код: 333, 18 години, лезбејка)

Сепак, овој процес не е линеарен и често е исполнет со отпор од оние кои остануваат заробени во предрасудите. Во такви случаи, личната едукација и истрајност стануваат клучни. Кога една личност ќе го разложи сопствениот страв, ќе го пронајде своето место и ќе се зајакне, таа станува модел за другите. Нејзината отвореност може да инспирира промени дури и кај оние кои првично покажале неразбирање или отпор.

Значајноста на овие мали увиди во личното искуство со самоприфаќањето во релација со институционалното насилство лежи во фактот дека овие процеси не се изолирани и не се само индивидуален предизвик, туку и општествен развој. Овие искуства на храброст, сигурност и истрајност имаат моќ да создадат простори каде различностите се слават, а не осудуваат. Преку личната промена и споделување се отвора пат за поширока емпатија и солидарност, кои се темел за поинклузивно и праведно општество.

# Главата нагоре: Пркосот како форма на отпор

Институционалното насилство се манифестира како длабок израз на системска контрола врз поединците, вградено во јазикот и односите на моќ, и се изразува преку вербалната, невербалната, симболичката и просторната комуникација меѓу институциите и поединците. Како одговор на регулацијата на телата што не се усогласуваат со општествените очекувања, кај ЛГБТИК+ луѓето се јавуваат различни емоционални реакции, од кои особено е изразен пркосот – сложен израз на отпор кој, било да е промислен или спонтан, ги дестабилизира системите на контрола.

Пркосот, во овој контекст, е намерен и стратешки чин на отпор што ги притиска општествените норми кои се обидуваат да ги конструираат ЛГБТИК+ идентитетите како „девијантни“ или „нелегитимни“. Тој ги предизвикува доминантните наративи преку субверзија на улогите и очекувањата наметнати на маргинализираните животи. Поединците што се впуштаат во пркос го прават тоа со намера да ги нарушат хегемониите, да го пренасочат разговорот и да ги разоткријат противречностите во системот. Моќта на пркосот лежи во неговиот потенцијал да артикулира нови форми на субјективност и нови начини на постоење спротивставени на угнетувачките класификации на институциите.

Пркосот е и форма на самоопределување. Оние што носат пркос во институциите ѝ се спротивставуваат на институционалната дехуманизација. Тоа е отпор кој го надминува личното угнетување и настојува да го преобликува поширокото социо-општествено дејствување. Актите на пркос имаат за цел да создадат преседан, да предизвикаат промени и да покажат алтернативни можности за реструктурирање на општеството. Дури и кога поединецот не ја доведува до крај својата лична борба против институциите, смислата на оваа акција лежи во создавањето на поширок колективен отпор. Всушност, преку отелотворувањето на пркосот, ЛГБТИК+ луѓето си ја враќаат моќта и видливоста во просторите што активно го негираат нивното постоење. Во овој контекст, тие имаат желба повторно да „блеснат“, да го потврдат својот идентитет и постоење и да му покажат на светот дека не му е потребно никакво сожалување.

„Па имав момент кога имав еден дизајн направено на блуза, кој беше со светкав кур на самата блуза. Кога го направив тоа многу имав backlash од цела гимназија. Почнаа професори да ја гледаат таа слика, да се разговара. Мене ми беше многу незгодно, не ни одев еден период на училиште, недела дена. Кога појдов на училиште не ни можев во двор да влезам од што ме зафркаваа, ми се смееја, ми се дереа, се’ ми дофрлуваа.“ (код: Сирена, 19 години, квир)

Меѓутоа, насилството нанесено од страна на институциите резултира со акумулација на гнев, фрустрација и очај кај ЛГБТИК+ луѓето. Влошувањето на нивното ментално здравје може да се манифестира преку емоционални испади и конфронтации, при што поединецот се обидува непосредно да се справи со даден проблем. Овие одговори се испреплетени со чувството на безнадежност предизвикано од немилосрдното насилство, од кое одредени луѓе никогаш не биле заштитени.

Затоа, пркосот не мора секогаш да биде однапред промислен – тој може да произлезе „инстантно“, како импулсивен емотивен одговор на некоја неправда. Поединецот, турнат до крајна точка на постојана изложеност на насилство, избувнува во акумулиран бес, фрустрација и болка, кои се излеваат од него. Овој афективен одговор значи напуштање на очекуваното однесување и моментно одбивање да се продолжи со играњето на улогата на жртва.

Овој тип на пркос не калкулира со ризиците што може да произлезат од неговата презентација – тој е непромислен обид за конфронтација и враќање на контролата од сторителот на насилството. Тоа е чин на радикална видливост или радикално соголување пред институцијата што го негира постоењето на поединецот, впуштање во однесување кое ја излудува институцијата на ист начин како што таа го налудила него. Честопати, поради подложноста на постојано институционално насилство, однесувањето на поединците може воопшто да нема цел за реформација на системот, туку едноставно да сака да го дестабилизира или уништи.

# Пресек на заклучоците од извешајот

Институционалното насилство во Северна Македонија е длабоко вкоренето во системските механизми и културните норми кои создаваат непријателска средина за ЛГБТИК+ заедницата. Сите погореспоменати наоди од извештајот покажуваат дека насилството произлегува од недостиг на институционална поддршка, директна дискриминација и неадекватни политики за заштита на маргинализираните групи.

Во образовниот сектор, насилството често е иницирано од соученици, но значаен дел одговорност има и наставниот кадар. Булингот, вознемирувањето и исклучувањето од социјалните активности се најчестите форми на злоупотреба, од што трансродовите учениците се особено погодени. Забележани се и случаи каде наставниците активно учествуваат во дискриминацијата, преку хомо/трансфобични изјави или дозволување и оддржување на непријателска атмосфера.

Во здравствениот сектор, испитаниците честопати се соочуваат со дискриминација, неетичен третман и игнорирање на нивните специфични потреби. Голем број од испитаниците чувствуваат дека нивната различност е причина за пристрасен однос од страна на медицинскиот персонал, што води до избегнување на здравствени услуги од страна на ЛГБТИК+ лицата.

Полициските институции покажуваат високо ниво на недоверба и дискриминација кон ЛГБТИК+ заедницата. Учесниците во изваштјот сведочат за недоволна заштита од насилство, а во некои случаи и за директно учество на полицијата во стигматизирање на жртвите.

Социјалната заштита и правосудниот систем, исто така, не се перципирани како инклузивни. Испитаниците укажуваат на системска неактивност и игнорирање на нивните потреби, што дополнително ја намалува довербата во институциите.

Еден од клучните проблеми е недостигот на јасни политики и протоколи за заштита на ЛГБТИК+ лицата. Отсуството на соодветни обуки за институционалниот персонал резултира со по-

стојано репродуцирање на дискриминацијата и насилството. Неспроведувањето на постојните закони против дискриминација уште повеќе ја влошува ситуацијата.

Покрај институционалните предизвици, извашјот открива дека ЛГБТИК+ луѓето се соочуваат со значителен стрес и психолошки последици, вклучително и изолација, анксиозност и ниска самодоверба. Овие ефекти произлегуваат од секојдневното искуство на насилство и стигматизација, кое започнува уште од детството и адолесценцијата.

На позитивната страна, дел од испитаниците сведочат за искуства на поддршка од граѓански организации и одредени индивидуални соработници во институциите. Овие поддржувачки фактори се клучни за намалување на негативните последици и создавање простор за отпор и инклузија.

## Пресек на препораките од извештајот

- Јакнење на институционалните капацитети: Воспоставување обуки за службениците во образованието, здравството, полицијата и правосудството за препознавање и справување со дискриминацијата кон ЛГБТИК+ заедницата. Овие обуки треба да бидат редовни и задолжителни.

- Ревизија на образовните материјали: Елиминирање на дискриминаторските содржини во учебниците и промовирање инклузивно образование кое ги признава и почитува различностите.

- Строга примена на законите: Спроведување на постојните закони против дискриминација и воведување јасни санкции за прекршителите. Зголемување на надзорот врз институциите кои се одговорни за заштита на човековите права.

- Создавање на безбедни простори: Обезбедување на доверливи механизми за пријавување на насилство и злоупотреба, како и создавање на поддржувачки мрежи во рамките на институциите.

- Инклузивни политики: Дизајнирање и имплементација на политики кои ги адресираат специфичните потреби на ЛГБТИК+ заедницата, особено во областа на менталното здравје и социјалната заштита.
- Зголемување на јавната свест: Спроведување на кампањи за подигање на свеста за човековите права и борба против предрасудите кон ЛГБТИК+ заедницата.
- Поттикнување на соработка: Зајакнување на партнерствата меѓу граѓанските организации и државните институции за развој на иновативни решенија и споделување на добри практики.
- Мониторинг и евалуација: Воспоставување системи за редовно следење и евалуација на напредокот во борбата против институционалното насилство, со вклучување на ЛГБТИК+ заедницата во процесот.

Примената на овие широки системски препораки може да доведе до значителни подобрувања во третманот и заштитата на ЛГБТИК+ заедницата, придонесувајќи кон поинклузивно и праведно општество.

# ПРИЛОЗИ

# ПРАШАЛНИК

за полу-структуирано интервју за (институционално) насилство над ЛГБТИК+ луѓе

Име на интервјуер/ка:

______________________

1. Шифра (одберете шифра или измислено име под кое ќе го водиме испитаникот, истото ќе се користи и во цитатите во финалниот текст. Прашајте го испитаникот како сака, во спротивно одбира истражувачот).

______________________

## Дел 1: Демографски податоци и податоци за родот и сексуалноста

1.1. Година на раѓање:

______________________

1.2. Место на раѓање:

______________________

1.3. Етничка припадност/се идентификувам како (заокружи еден одговор):

1. Албанец/Албанка
2. Македонец/ Македонка
3. Ром/Ромка
4. Турчин/Турчинка
5. Србин/Србинка
6. Бошњак/ Бошњачка
7. Влав/Влаинка
8. Друго (допиши што)

1.4. Род/се идентификувам како (заокружи еден одговор):

1. Маж
2. Жена
3.Транс/ транс маж/ транс жена
4. Родово небинарно лице
5. Родово не се идентификува
6. Квир
7. Друго  (допиши што)

1.5. Сексуална ориентација/ се идентификувам како (заокружи еден одговор):

1. Хомосексуална
2. Бисексуална
3. Хетеросексуална
4. Асексуална
5. Пансексуална
6. Друго (допиши што)

1.6. Степен на завршено образование (заокружи еден одговор):

1. Без образование
2. Основно образование
3. Средно образование
4. Високо образование
5. Магистер на науки
6. Доктор на науки

1.7. Вработеност (заокружи, може и повеќе од 2 одговори кои не се спротиставени на пр. хонорарец и студент):

1. Вработено лице (со договор за работа)
2. Хонорарец
3. Невработено лице (има статус на невработен, значи бара работа)
4. Неактивно лице (не работи и не бара работа)
5. Извршува неплатена домашна работа
6. Студент/ка
7. Пензионер/ка
8. Друго (допиши што)

1.8. Просечни месечни примања во домаќинството (заокружи еден одговор):

1. До 12 000 денари
2. Од 12 001 до 18 000 денари
3. Од 18 001 до 25 000 денари
4. Од 25 001 до 36 000 денари
5. Од 36 000 до 50 000 денари
6. Над 50 000 денари

1.9. Дали се занимаваш со сексуална работа (заокружи еден одговор):

1. Редовно
2. Повремено
3. Не се занимава

1.10. Дали употребуваш дроги (заокружи еден одговор):

1. Да, имам зависност
2. Да, за рекреативно употреба
3. Не

1.11. Дали имаш друга идентитетска карактеристика/статус кој сметаш дека влијае на твоите искуства на дискриминација и насилство кој сакаш да го споделиш (припадност на друга маргинализирана заедници, религија, друго уверување, лице со попреченост, лице со хронично заболување, лице што живее со ХИВ и друго)?

1.12. Дали и пред кого си отворен за својата различна сексуална ориентација/ родов идентитет (заокружи еден одговор):

1. Да, отворен сум пред сите што ме познаваат;
2. Да, отворен сум пред поширок круг пријатели и семејството;
3. Да, отворен сум пред потесен круг пријатели и семејство;
4. Да, отворен сум само пред неколку најблиски луѓе;
5. Не сум отворен.

1.13. Дали сметаш дека некогаш во животот си бил жртва на насилство (појаснувате што е насилство, од микроагресии до физичко и сексуално) поради твојата сексуална или родова различност (описен одговор):

1.14. Дали сметаш дека како ЛГБТИК+ лице има поголема веројатност да бидеш жртва на која било форма на насилство (од микроагресии до физичко и сексуално насилство) во споредба со мнозинството, цис родови и хетеросексуални (описен одговор):

## Дел 2: Податоци за насилство во област образование

2.1. Дали во изминатите 3 години си бил вклучен во образование или си имал контакт со образована институција (заокружи еден одговор):

1. Да, сум бил вклучен во формално образование;
2. Да, сум бил вклучен во неформално образование организирано од образовна институција (курс за странски јазик, институции за образование за возрасни и сл.);
3. Да, сум бил вклучен во неформално образование организирано од друга институција (обука/курс организиран од здружение);
4. Не (доколку одговори со НЕ, одите на ДЕЛ 3).

2.2. Дали изминатите 3 години (од почеток на 2020 до денес) се случило нешто од долунаведеното во рамки на образованието во кое си бил вклучен (заокружување, се заокружуваат сите кои се случиле):

1. Во рамки на образовниот процес на кој било начин си бил различно третиран поради сексуалната/родовата различност;
2. Озборување поради родот/сексуалноста од страна на соученици;
3. Озборување поради родот/сексуалноста од страна на професори/обучувачи;
4. Дофрлања и коментари кои ја адресираат сексуалната/родовата различност;
5. Избегнување од страна на соученици (не седнуваат до тебе, не споделуваат информации, не те канат на дружење пред/по часови);
6. Лишување од незадолжителни активности поврзани со образованието (воншколски активности, едукации, културни настани, екскурзии и сл.);

7. Закани и уцени од страна на соученици или персонал во кои се употребува сексуалната/родовата различност;
8. Навреди и омаловажување засновано на сексуалната/родовата различност;
9. Физичко насилство од страна на соученици или персонал (удирање со делови од тело или предмети, кубење, ставање во ќош и слично, без разлика дали повредата била сериозна или не). Ако да, дали се случило поради или имало врска со сексуалната/родовата различност? Допиши;
10. Непосакувани предлози за интимни или сексуални односи од страна на соученик;
11. Непосакувани предлози за интимни или сексуални односи од страна на наставник/професор или друг член на персоналот;
12. Сексуално вознемирување преку интернет од страна на соученик (на пр. постојано контактирање, барање или давање предлози за сексуални односи, закани поврзани со сексуалната ориентација/родовиот идентитет и сл.);
13. Сексуално вознемирување преку интернет од страна на персонал (на пр. постојано контактирање, барање или давање предлози за сексуални односи, закани поврзани со сексуалната ориентација/родовиот идентитет и сл.);
14. Сексуален напад од страна на соученик;
15. Сексуален напад од страна на наставник/професор, друг член на персоналот;
16. Обид за превоспитување од хомосексуалност/трансродовост од страна на стручен кадар (професори, психолози, итн.) или со-ученици (различно од убедување/вид на конверзиона терапија/однос кој може да вклучува психолошки и друг тип на средби, психо-социјално советување и слично).

2.2.1. Ако испитаникот одговори позитивно на кој било претходен одговор, барате да го раскаже случајот! Ако се заокружуваат повеќе одговори се раскажува секој случај на насилство посебно. Описот на случајот треба да содржи податоци за тоа каде се случил, кога, кои лицата биле вмешани во случајот (сторители,

жртва/и, соучесници и публика, како реагирала околината, дали случајот некаде бил пријавен, каков бил резултатот од пријавувањето, како образовната институција реагирала на пријавата, кои биле последиците по жртвата, а кои по сторителот). Притоа, испитаникот не мора да споменува имиња и други лични податоци на лицата вмешани во случајот. Доколку за случајот била известена образованата институција или која било друга надлежна институција, побарајте подетални информации за текот на постапката и крајниот резултат.

2.3. (Во изминатите 3 години) Дали ти било сугерирано да се облекуваш или однесуваш на одреден начин од страна на наставници, стручни соработници и други вработени во училиштето, поврзан со твојата различност, а со цел да се конформираш согласно нормите (на пр. не се дружи само со машки/девојчиња, кај транс луѓе да се бара да се конофрмираат со полот означен со раѓање, не играј фудбал (за девојчиња), не лакирај нокти (за момчиња) и сл.). Одговори и раскажи го случајот!

2.4. (Во изминатите 3 години) Дали ти поради твојата различност си бил/била третирана како проблем, како проблематичен ученик. Одговори и раскажи го случајот!

2.5. Дали сметаш дека тоа што си ЛГБТИ лице влијаело на кој било начин на постапувањето/однесувањето на образованата институција? Образложи го одговорот, ако да на кој начин влијаело?

2.6. Дади генерална оцена за прифаќањето на твојата различност во образовниот процес (со кое тврдење се согласуваш, може да одберат од 1 до 4 и плус 5):

1. Да, бев прифатен од сите и добив поддршка од соучениците и од персоналот;
2. Од повеќето бев прифатен, само неколкумина имаа проблем со мојата различност;
3. Донекаде бев прифатен, но сепак се чувствуваше различен третман, нелагодност, избегнување од повеќето;
4. Не бев прифатен, немав поддршка од образованиот кадар и од соучениците;
5. Ја криев својата различност, поради страв од неприфаќање. Образложи го одговорот!

2.7. Како прифаќањето/неприфаќањето влијаеше на твојот успех во образовниот процес? На пример, не бев мотивиран да одам во училиште поради срам/страв, ми се намали успехот, го напуштив/променив училиштето, немало влијание и слично. Испитаникот да образложи!

2.7. Дополнителни прашања за транс и родово небинарни (Во изминатите 3 години):

1. Дали соучениците го почитувале твојот род на обраќање/ ти се обраќале во родот за кој си ги известил дека сакаш да ти се обраќаат. Одговори и објасни!
2. Дали наставници/професори и други членови на персоналот го почитувале твојот род на обраќање/ ти се обраќале во родот за кој си ги известил дека сакаш да ти се обраќаат. Одговори и објасни!
3. Дали соучениците го употребувале името за кое си им кажал/а дека сакаш да го употребуваат. Одговори и објасни!
4. Дали наставници/професори и други членови на персоналот го употребувале името за кое си им кажал/а дека сакаш да го употребуваат. Одговори и објасни!

## Дел 3: Податоци за насилство во здравство

3.1. Дали во изминатите 3 години си имал контакт со здравствена институција (приватна/ јавна/ здравствени услуги во здружение). Заокружи!

1.ДА
2. НЕ (ако одговори НЕ, одите на следниот дел, социјална заштита)
3. Само со здружение на граѓани (да се допише кое)

3.2. Дали изминатите 3 години (од почеток на 2020 до денес) се случило нешто од долунаведеното при барање/ добивање на здравствени услуги (заокружување):

1. Си бил различно и понеповолно третиран од здравствен персонал поради твојата сексуална/родова различност (си требал да чекаш подолго, те препраќале непотребно, ти барале дополнителни документи и сл.);

2. Ти била одбиена здравствена услуга (на директен или индиректен начин) поради твојата различност (сексуална, родова, етничка, расна, поради ХИВ или друг здравствен статус, комбинацијата од повеќе основи);
3. Здравствениот персонал ти поставувал приватни прашања кои немаат врска со твоето здравје (на пр. зошто си хомосексуалец/транс, кога стана хомосексуалец транс и сл.);
4. Здравствениот персонал ја коментирал твојата сексуална ориентација/ родов идентитет (на пр. денес се помодерно е да си ЛГБТИ и сл.);
5. Здравствениот персонал ти дофрлал навреди поврзани со различноста;
6. Здравствениот персонал те уценувал или ти се заканувал (на пр. дека ќе издаде податоци за твојата дијагноза или сексуална/родова различност ако не постапиш на одреден начин);
7. Здравствен работник пробал да те разубедува дека не треба да бидеш хомо(би)сексуален/транс и слично;
8. Здравствен работник се обидувал да те лекува од хомосексуалност/транродовост (конверзиона терапија која може да вклучува психотерапија, психо-социјално советување, електро-шок терапија, употреба да лекови за пациентот да стане хетеросексуален/цис родов);
9. Физичко насилство (удари со и по делови на телото или со предмети) од страна на здравствен персонал;
10. Здравствениот персонал не ја почитувал твојата приватност (на пр. пред други пациенти или колеги кои нема потреба да знаат зборувал за твојата дијагноза или за твојата сексуална/родова различност, оговарање и сл.);
11. Здравствениот персонал не ја почитувал доверливоста на медицинските податоци или други информации кои ги дознал како твој доктор (на пр. издавање на податоци на родители, ХИВ статус запишан на стикер на книшка, јавно истакнато медицинско досие, издавање на сексуална/родова припадност на родители и сл.);
12. Здравствен работник непосакувано во сексуална конотација те допирал по делови од тело;

13. Здравствен работник ти дал непосакуван предлог за сексуална/интимна врска;
14. Сексуално вознемирување преку интернет од страна на здравствен работник (на пр. постојано контактирање, барање или давање предлози за сексуални односи, закани поврзани со сексуалната ориентација/родовиот идентитет и сл.);
15. Сексуален напад од страна на здравствен работник.

3.2.1. Ако испитаникот одговори позитивно на кој било претходен одговор, барате да го раскаже случајот! Се раскажуваат сите случаи на насилство за кои испитаникот одговорил позитивно. Описот на случајот треба да содржи податоци за тоа каде се случил, кога, кои лицата биле вмешани во случајот (сторители, жртва/и, соучесници и публика, како реагирала околината, дали случајот некаде бил пријавен, каков бил резултатот од пријавувањето, како надлежната институција реагирала на пријавата, кои биле последиците по жртвата, а кои по сторителот). Притоа, испитаникот не мора да споменува имиња и други лични податоци на лицата вмешани во случајот. Доколку за случајот била известена здравствената институција или која било друга надлежна институција, побарајте подетални информации за текот на постапката и крајниот резултат.

3.3. Прашања за гинеколог (за луѓе родени како биолошки жени).

3.3.1. Дали во последните 3 години си бил/а на гинеколог? (заокружи)
1. ДА
2. НЕ (ако каже не одиш на 3.3.4)

3.3.2. Дали со гинекологот отворено зборуваш за твојата сексуална ориентација/родов идентитет? (заокружи)
1. Да
2. Не
3. Сметам дека нема потреба
4. Само во здружение на граѓани

3.3.3. Дали при посета на гинеколог си доживеал различен третман, вмешување во приватноста, коментирање, неодобрување, насилно однесување или сексуално насилство? Ако да, испитаникот да го опише случајот согласно горенаведените инструкции.

3.3.4. Дали гинеколошките услуги ти се подеднакво пристапни како за сите останати?

1. Да, не сметам дека имам бариери па одам редовно или секогаш кога имам потреба;
2. И да и не, морам да одам кај гинеколог по препорака кој знам дека нема да ме дискриминира поради сексуална/родова различност;
3. Не, гинеколозите немаат познавања за моите потреби и страв/срам ми е да одам да побарам услуга;
4. Друго (што, да опише);
5. Не знам.

3.4. Прашања за трансродови лица:

1. Дали здравствените работници (во последните 3 години) го почитувале твојот род на обраќање/ ти се обраќале во родот за кој си ги известил дека сакаш да ти се обраќаат. Одговори и објасни!
3. Дали здравствените работници (во последните 3 години) го употребувале името за кое си им кажал/а дека сакаш да го употребуваат. Одговори и објасни!

3.5. Прашања за трансродови лица кои побарале услуги за медицинска транзиција последните 3 години.

3.5.1. Кои медицински услуги за медицинско прилагодување на родот си ги побарал во последните 3 години?

3.5.2. Дали тие услугите биле достапни и пристапни?

1. Да, сум ги добил (образложи кои)
2. Да, биле достапни но јас не успеав да ги добијам (образложи кои и зошто)
3. Не, воопшто немало таква услуга (образложи)
4. Друго (објасни/образложи)

3.5.3. Дали за услугите си требал да платиш или биле покриени од ФЗОМ? Образложи.

3.5.4. Со какви проблеми (последните 3 години) си се соочил за добивање на услуги за медицинско прилагодување на родот? Раскажи и опиши ги случаите (на пр. од непрофесионален третман и непознавање на потребите на транс лицата, до осуди, навреди, говор на омраза, дискриминаторски третман, разубедување, обраќање со старо име и во погрешен род, физичко насилство, сексуално насилство и вознемирување).

3.6. Дали сметаш дека тоа што си ЛГБТИК+ лице влијаело на кој било начин на постапувањето/однесувањето на здравствениот персонал? Образложи го одговорот, ако да на кој начин влијаело?

3.7. Како твојата различност е прифатена/неприфатена од страна на здравствениот систем (со кое тврдење/а се согласуваш, заокружуваат од 1 до 4 , а можат плус 5):

1. Сметам дека ЛГБТИК+ луѓето се прифатени во здравствениот систем и немам проблем за да добијам здравствени услуги;
2. Генерално немам проблем, но како ЛГБТИК+ лице се јавува проблем за одредени услуги поврзани со родовиот идентитет/ сексуалната ориентација (пр. услуги за СРЗП, гинеколог, медицинско прилагодување на родот и сл.);
3. Често можеш да се соочиш со различен третман, непријатност и осуда од страна на здравствениот персонал, но ја добиваш здравствената услуга;
4. Здравствствениот систем не ги прифаќа и ги дискриминира ЛГБТИК+ лицата;
5. Ја кријам својата СО/РИ, дури и кога има потреба да ја соопштам, од страв од неприфаќање/ дискриминација; Образложи го одговорот!

3.7. Како прифаќањето/неприфаќањето во здравствениот систем влијае на грижата за твоето здравје? Образложи! (на пр. не одам на лекар или ретко одам на лекар поради страв од осуда или дискриминација, пократко одам за да не ми поставуваат непријатни прашања, нема влијание, не можам поради дискриминација да ги добијам услугите кои ми требаат и сл.);

## Дел 4: Податоци за насилство во социјална заштита

4.1. Дали во изминатите 3 години си имал контакт со институција за социјална заштита или си користел социјални услуги (приватна/ јавна/ социјални услуги од здружение). На пр. Центар за социјална работа, Агенција за вработување, ПИОМ, шелтер за жртви на насилство, дом за стари лица, други. Заокружи, еден одговор!

1. ДА
2. НЕ (ако одговори НЕ, одите на следниот дел, полиција)
3. Само со здружение на граѓани (да се допише кое)

4.2. Дали изминатите 3 години (од почеток на 2020 до денес) се случило нешто од долунаведеното при барање/ добивање на социјални услуги (заокружување, се заокружуваат сите видови насилство што се случиле):

1. Си бил различно и понеповолно третиран од персоналот поради твојата сексуална/родова различност (си требал да чекаш подолго, те препраќале непотребно, ти барале дополнителни документи и сл.);
2. Ти била одбиена социјална услуга (на директен или индиректен начин) поради твојата различност (сексуална, родова, етничка, расна, поради ХИВ или друг здравствен статус, комбинацијата од повеќе основи);
3. Персоналот ти поставувал приватни прашања кои немаат врска со твоето здравје (на пр. зошто си хомосексуалец/транс, кога стана хомосексуалец/транс и сл.);
4. Персоналот ја коментирал твојата сексуална ориентација/ родов идентитет (на пр. денес се помодерно е да си ЛГБТИ и сл.);
5. Персоналот ти дофрлал навреди поврзани со различноста;
6. Персоналот те уценувал или ти се заканувал (на пр. дека ќе издаде податоци за твојата состојба/статус или сексуална/родова различност ако не постапиш на одреден начин);
7. Социјален работник или друг член на персоналот се обидел да те разубедува дека не треба да бидеш хомо(-би)сексуалец/транс и др.;
8. Физичко насилство (удари со и по делови на телото

или со предмети) од страна на персонал во институција за социјална заштита;

9. Персонал не ја почитувал твојата приватност (на пр. пред други корисници или колеги кои нема потреба да знаат зборувал за твојата состојба или за твојата сексуална/родова различност, оговарање и сл.);
10. Персоналот не ја почитувал доверливоста на податоци или други информации кои ги дознал како социјален работник (на пр. издавање на податоци во околината за материјална состојба или друг социјален ризик (пр. употреба на дроги или сексуална работа), издавање на сексуална/родова припадност на околина и сл.);
11. Социјален работник (или друг службеник) непосакувано во сексуална конотација те допирал по делови од тело;
12. Социјален работник (или друг службеник) ти дал непосакуван предлог за сексуална/интимна врска;
13. Сексуално вознемирување преку интернет од страна на социјален работник или друг службеник (на пр. постојано контактирање, барање или давање предлози за сексуални односи, закани поврзани со сексуалната ориентација/родовиот идентитет и сл.);
14. Сексуален напад од страна на социјален работник или друг службеник.

4.2.1. Ако испитаникот одговори позитивно на кој било претходен одговор, барате да го раскаже случајот/ случаите (секој посебно ако се заокружиле повеќе)! Описот на случајот треба да содржи податоци за тоа каде се случил, кога, кои лицата биле вмешани во случајот (сторители, жртва/и, соучесници и публика), како реагирала околината, дали случајот некаде бил пријавен, каков бил резултатот од пријавувањето, како надлежната институција реагирала на пријавата, кои биле последиците по жртвата, а кои по сторителот). Притоа, испитаникот не мора да споменува имиња и други лични податоци на лицата вмешани во случајот. Доколку за случајот била известена институцијата за социјална заштита или која било друга надлежна институција, побарајте подетални информации за текот на постапката и крајниот резултат.

4.3. Прашања за трансродови лица:

4.3.1. Дали социјалните работници или другите службеници го почитувале твојот род на обраќање/ ти се обраќале во родот (последните три години) за кој си ги известил дека сакаш да ти се обраќаат. Одговори и објасни!

4.3.2. Дали социјалните работници или другите службеници го употребувале името (последните три години) за кое си им кажал/а дека сакаш да го употребуваат. Одговори и објасни!

4.3.3. Прашања за трансродови лица кои го промениле личното име (во последните три години почнале или постапката течела):

4.3.4. Дали при давање на изјава во ЦСР во постапката за промена на лично име си се соочил со дискриминаторски третман, дофрлување, одолговлекување, коментирање, говор на омраза, каков било вид насилство? Ако да, опиши го случајот согласно горенаведените насоки.

4.3.5. Дали сметаш дека тоа што си ЛГБТИК+ лице влијаело на кој било начин на постапувањето/однесувањето на институцијата за социјална заштита? Образложи го одговорот, ако да на кој начин влијаело?

4.3.6. Како твојата различност е прифатена/неприфатена од страна на системот за социјална заштита (со кое тврдење/а се согласуваш, може да заокружи од 1 до 4, и плус 5):

1. Сметам дека ЛГБТИК+ луѓето се прифатени во системот за социјална заштита и немам проблем за да добијам социјални услуги;
2. Генерално немам проблем, но како ЛГБТИК+ лице се јавува проблем за одредени услуги поврзани со родовиот идентитет/ сексуалната ориентација (пр. сместување во шелтер за жртви на насилство);
3. Често можеш да се соочиш со различен третман, непријатност и осуда од страна на социјалните работници и останатите службеници, но ја добиваш услугата;
4. Системот за социјална заштита не ги прифаќа и ги дискриминира ЛГБТИ лицата;

5. Ја кријам својата СО/РИ, дури и кога има потреба да ја соопштам, од страв од неприфаќање/ дискриминација. Образложи го одговорот!.

4.3.7. Дали поради прифаќањето/неприфаќањето од институциите за социјална заштита избегнуваш да ги контактираш? Образложи! (на пр. не одам во социјалното да си ги побарам правата затоа што ќе ме дискриминираат, не се пријавувам редовно за невработен затоа што ме гледаат поинаку, нема влијание и сл.)

## Дел 5: Податоци за насилство при полициско постапување

5.1. Дали во изминатите 3 години си имал контакт со полиција (во полициска станица, МВР или со полициски службеник на кое било место). Заокружи, еден одговор!

1. ДА
2. НЕ (ако одговори НЕ, одите на следниот дел)

5.2. Дали, во последните три години, си исконтактирал полиција/полициски службеник за да пријавиш дело од омраза или говор на омраза поради твојата сексуална ориентација и родов идентитет (заокружи еден одговор)?

1. Да
2. Не (ако одговори не, одиш на ДЕЛ 5.3.)

5.2.1. Опишете го случајот на насилство/говор на омраза кој сте го пријавиле во полиција (описот да содржи информации за место, време, податоци за сторителот на насилство, која е врската помеѓу сторителот и жртвата, што точно се случило, кои се последиците по жртвата, дали има медицинска документација). Ако има повеќе случаи, се опишува секој посебно.

5.2.2. Опишете ја постапката пред полиција (на кој начин е пријавено (писмено/усно), дали во постапката имало правна помош, ако да од кого, кој е резултатот од постапката, дали постапката продолжила пред обвинителство, а потоа пред суд, кој е резултатот од овие постапки, дали сторителите биле санкционирани и што е санкцијата). Ако има повеќе постапки, се опишува секоја посебно.

5.2.3. Дали случајот на насилство е пријавен и во друг надлежен орган (МТСП/ЦСР, некој инспекторат, КСЗД, Народен правобранител и сл.). Ако да, како течела постапката пред другиот орган и кој е резултатот од таа постапка, што преземал органот. Ако се повеќе случаи, за секој посебно се одговара.

5.2.4. Дали случајот е пријавен и/или документиран во здружение на граѓани. Ако да, во кое? Ако се повеќе случаи, за секој посебно се одговара.

5.2.5. Дали при контакт со полицијата при пријавување на случајот се случило нешто од долунаведеното (заокружување, повеќе одговори, секој вид насилство што се случил):

1. Си бил различно и понеповолно третиран од персоналот поради твојата сексуална/родова различност (си требал да чекаш подолго, те препраќале непотребно и сл.);
2. Полицијата одбила да постапи поради твојата сексуална/родова различност (одбила да состави записник, те убедувала да не пријавиш, го релативизирала насилството);
3. Полицијата ти поставувала приватни прашања кои немаат врска со случајот (на пр. зошто си хомосексуалец/транс, кога стана хомосексуалец/транс и сл.);
4. Полицијата ја коментирала твојата сексуална ориентација/ родов идентитет (на пр. денес се помодерно е да си ЛГБТИК+ и сл.);
5. Полицијата ти дофрлала навреди поврзани со различноста;
6. Полицијата те уценувала или ти се заканувала (на пр. дека ќе издаде податоци за твојата состојба/ статус или сексуална/родова различност ако не постапиш на одреден начин);
7. Физичко насилство (удари со и по делови на телото или со предмети) од страна на полициски службеник или друг вработен во полиција;
8. Полицаец не ја почитувал твојата приватност (на пр. пред други граѓани или колеги кои нема потреба да знаат зборувал за случајот или за твојата сексуална/ родова различност, оговарање и сл.);
10. Полицаец не ја почитувал доверливоста на податоци

или други информации кои ги дознал за случајот (на пр. издавање на податоци за случајот во околината или издавање на сексуална/родова припадност и сл.);
11. Полицаец непосакувано во сексуална конотација те допирал по делови од тело;
12. Полицаец ти дал непосакуван предлог за сексуална/интимна врска;
13. Сексуално вознемирување преку интернет од страна на полицаец или друг службеник (на пр. постојано контактирање, барање или давање предлози за сексуални односи, закани поврзани со сексуалната ориентација/родовиот идентитет и сл.);
14. Сексуален напад од страна на полицаец или друг вработен во полиција;
15. Обид за „превоспитување“ од хомосексуалност/трансродовост од страна на полициски службеници или други лица вработени во полиција (различно од обично убедување / вид на конверзиона терапија/однос кој може да вклучува напади, уцени, малтретирања, или друг тип на средби, силување и слично).

5.2.5.1. Ако испитаникот одговори позитивно на кој било претходен одговор, барате да го раскаже случајот (секој случај на насилство посебно)! Описот на случајот треба да содржи податоци за тоа каде се случил, кога, кои лицата биле вмешани во случајот (сторители, жртва/и, соучесници и публика), како реагирала околината, дали случајот некаде бил пријавен полицискиот службеник, каков бил резултатот од пријавувањето, како надлежната институција реагирала на пријавата, кои биле последиците по жртвата, а кои по полицискиот службеник-сторител/дали бил санкциониран и како). Притоа, испитаникот не мора да споменува имиња и други лични податоци на лицата вмешани во случајот. Доколку за случајот била известена полицијата (Сектор за внатрешна контрола) или која било друга надлежна институција, побарајте подетални информации за текот на постапката и крајниот резултат.

5.3. Дали при контакт со полицијата (контакт кој не е поврзан со пријавување на дело од омраза или говор на омраза) се случило нешто од долунаведеното (заокружување, секој вид насилство што се случил):

1. Си бил различно и понеповолно третиран од персоналот поради твојата сексуална/родова различност (си требал да чекаш подолго, те препраќале непотребно и сл.);
2. Полицијата одбила да постапи поради твојата сексуална/родова различност (одбила да состави записник, те убедувала да не пријавиш, го релативизирала насилството);
3. Полицијата ти поставувала приватни прашања кои немаат врска со случајот (на пр. зошто си хомосексуалец/транс, кога стана хомосексуалец/транс и сл.);
4. Полицијата ја коментирала твојата сексуална ориентација/ родов идентитет (на пр. денес се помодерно е да си ЛГБТИК+ и сл.);
5. Полицијата ти дофрлала навреди поврзани со различноста;
6. Полицијата те уценувала или ти се заканувала (на пр. дека ќе издаде податоци за твојата состојба/статус или сексуална/родова различност ако не постапиш на одреден начин);
7. Физичко насилство (удари со и по делови на телото или со предмети) од страна на полициски службеник или друг вработен во полиција;
8. Полицаец не ја почитувал твојата приватност (на пр. пред други граѓани или колеги кои нема потреба да знаат зборувал за случајот или за твојата сексуална/родова различност, оговарање и сл.);

10. Полицаец не ја почитувал доверливоста на податоци или други информации кои ги дознал за случајот (на пр. издавање на податоци за случајот во околината или издавање на сексуална/родова припадност и сл.);
11. Полицаец непосакувано во сексуална конотација те допирал по делови од тело;
12. Полицаец ти дал непосакуван предлог за сексуална/интимна врска;

13. Сексуално вознемирување преку интернет од страна на полицаец или друг службеник (на пр. постојано контактирање, барање или давање предлози за сексуални односи, закани поврзани со сексуалната ориентација/родовиот идентитет и сл.);
14. Сексуален напад од страна на полицаец или друг вработен во полиција.

5.3.1. Ако испитаникот одговори позитивно на кој било претходен одговор, барате да го раскаже случајот (сите случаи посебно, ако се повеќе)! Описот на случајот треба да содржи податоци за тоа каде се случил, кога, кои лицата биле вмешани во случајот (сторители, жртва/и, соучесници и публика), како реагирала околината, дали случајот некаде бил пријавен полицискиот службеник, каков бил резултатот од пријавувањето, како надлежната институција реагирала на пријавата, кои биле последиците по жртвата, а кои по полицискиот службеник-сторител/дали бил санкциониран и како). Притоа, испитаникот не мора да споменува имиња и други лични податоци на лицата вмешани во случајот. Доколку за случајот била известена полицијата (Сектор за внатрешна контрола) или која било друга надлежна институција, побарајте подетални информации за текот на постапката и крајниот резултат.

5.4. Прашања за трансродови лица:

1. (во последните 3 годни) Дали полициските службеници или другите вработени во полиција го почитувале твојот род на обраќање/ти се обраќале во родот за кој си ги известил дека сакаш да ти се обраќаат. Одговори и објасни!

2. (во последните 3 години) Дали полициските службеници или другите вработени во полицијата го употребувале името за кое си им кажал/а дека сакаш да го употребуваат. Одговори и објасни!

5.5. Прашања за трансродови лица кои го промениле личното име и/или маркерот за пол и матичниот број (постапката да траела или да почнала последните 3 години):

1. Дали во постапката за промена на лично име или промена на маркер за пол и матичен број си се соочил со дискриминаторски третман, дофрлување, одолговлекување, коментирање, говор на омраза, каков било вид насилство? Ако да, опиши го случајот согласно гореневедените насоки.

5.6. Дали сметаш дека тоа што си ЛГБТИ лице влијаело на кој било начин на постапувањето/однесувањето на полицијата? Образложи го одговорот, ако да на кој начин влијаело?

5.7. Како твојата различност е прифатена/неприфатена од страна на полицијата (со кое тврдење се согласуваш, може од 1 до 4 и плус 5):

1. Сметам дека ЛГБТИК+ луѓето се прифатени во полицијата и ги третираат како и останатите граѓани;
2. Генерално немам проблем, но како ЛГБТИК+ лице ако пријавам случај што е поврзан со мојата различност може да се јави дискриминаторски третман;
3. Често можеш да се соочиш со различен третман, непријатност и осуда од страна на полицијата, но ја добиваш услугата;
4. Полицијата не ги прифаќа и ги дискриминира ЛГБТИК+ лицата;
5. Ја кријам својата СО/РИ, дури и кога има потреба да ја соопштам, од страв од неприфаќање/ дискриминација; Образложи го одговорот!;
6. Дали поради прифаќањето/неприфаќањето од полицијата избегнуваш да ги контактираш? Образложи! (на пр. не одам во полиција да побарам заштита од насилство затоа што ќе ме дискриминираат, нема влијание и сл.);

## Дел 6: Податоци за насилство при постапување на јавно обвинителство

6.1. Дали во изминатите три години си имал контакт со јавно обвинителство. Заокружи еден одговор!

1. ДА
2. НЕ (ако одговори НЕ, одите на следниот дел, судство)

6.2. Дали, во последните три години, си го исконтактирал обвинителствово за да пријавиш дело од омраза или говор на омраза поради твојата сексуална ориентација и родов идентитет? (заокружи еден одговор)

1. Да
2. Не, се работеше да друг случај/проблем (ако одговори не, одиш на ДЕЛ 6.3.)
3. Да, но се работи за истиот случај што е опишан во делот за полиција (ако се одговори ова одиш на 6.2.5)

6.2.1. Опишете го случајот на насилство/говор на омраза кој сте го пријавиле во обвинителство (описот да содржи информации за место, време, податоци за сторителот на насилство, која е врската помеѓу сторителот и жртвата, што точно се случило, кои се последиците по жртвата, дали има медицинска документација). Ако се повеќе случаи се опишува секој посебно.

6.2.2. Опишете ја постапката пред обвинителство (на кој начин е пријавено (писмено/усно), дали во постапката имало правна помош, ако да од кого, кој е резултатот од постапката, дали постапката продолжила пред суд, кој е резултатот од овие постапки, дали сторителите биле санкционирани и што е санкцијата). Ако се повеќе постапки се опишува секоја посебно.

6.2.3. Дали случајот на насилство е пријавен и во друг надлежен орган (полиција, МТСП/ЦСР, некој инспекторат, КСЗД, Народен правобранител и сл). Ако да, како течела постапката пред другиот орган и кој е резултатот од таа постапка, што преземал органот. Ако се повеќе, се одговара за секој случај посебно.

6.2.4. Дали случајот е пријавен и/или документиран во здружение на граѓани. Ако да, во кое? Ако се повеќе се одговара за секој случај посебно.

6.2.5. Дали при контакт со обвинителство при пријавување на случајот се случило нешто од долунаведеното (заокружување, се заокружува секој вид насилство што се случил):

1. Си бил различно и понеповолно третиран од персоналот поради твојата сексуална/родова различност (си требал да чекаш подолго, те препраќале непотребно и сл.);
2. Обвинителството одбило да постапи поради твојата сексуална/родова различност (одбила да состави записник, те убедувала да не пријавиш, го релативизирала насилството);
3. Обвинителството ти поставувала приватни прашања кои немаат врска со случајот (на пр. зошто си хомосексуалец/транс, кога стана хомосексуалец/транс и сл.);
4. Обвинител или друг службеник ја коментирала твојата сексуална ориентација/ родов идентитет (на пр. денес се помодерно е да си ЛГБТИ и сл.);
5. Обвинител или друг службеник ти дофрлал навреди поврзани со различноста
6. Обвинител или друг службеник те уценувал или ти се заканувал (на пр. дека ќе издаде податоци за твојата состојба/статус или сексуална/родова различност ако не постапиш на одреден начин);
7. Физичко насилство (удари со и по делови на телото или со предмети) од страна на обвинител или друг службеник;
8. Обвинител или друг службеник не ја почитувал твојата приватност (на пр. пред други граѓани или колеги кои нема потреба да знаат зборувал за случајот или за твојата сексуална/родова различност, оговарање и сл.);
9. Обвинител или друг службеник не ја почитувал доверливоста на податоци или други информации кои ги дознал за случајот (на пр. издавање на податоци за случајот во околината или издавање на сексуална/родова припадност и сл.);
10. Обвинител или друг службеник непосакувано во сексуална конотација те допирал по делови од тело;
11. Обвинител или друг службеник ти дал непосакуван предлог за сексуална/интимна врска;
13. Сексуално вознемирување преку интернет од страна

на обвинител или друг службеник (на пр. постојано контактирање, барање или давање предлози за сексуални односи, закани поврзани со сексуалната ориентација/родовиот идентитет и сл.);

14. Сексуален напад од страна на обвинител или друг службеник.

6.2.5.1. Ако испитаникот одговори позитивно на кој било претходен одговор, барате да го раскаже случајот (ако има повеќе случаи секој поединечно)! Описот на случајот треба да содржи податоци за тоа каде се случил, кога, кои лицата биле вмешани во случајот (сторители, жртва/и, соучесници и публика), како реагирала околината, дали случајот некаде бил пријавен, каков бил резултатот од пријавувањето, како надлежната институција реагирала на пријавата, кои биле последиците по жртвата, а кои по обвинителот/службеникот-сторител/дали бил санкциониран и како). Притоа, испитаникот не мора да споменува имиња и други лични податоци на лицата вмешани во случајот. Доколку за случајот била известено обвинителството (совет на јавни обвинители) или која било друга надлежна институција, побарајте подетални информации за текот на постапката и крајниот резултат.

6.3. Дали при контакт со обвинителството (контакт кој не е поврзан со пријавување на дело од омраза или говор на омраза засновани на СО/РИ) се случило нешто од долунаведеното (заокружување, се заокружува секој вид насилство што се случил):

1. Си бил различно и понеповолно третиран од персоналот поради твојата сексуална/родова различност (си требал да чекаш подолго, те препраќале непотребно и сл.);
2. Обвинителството одбило да постапи поради твојата сексуална/родова различност (одбила да состави записник, те убедувала да не пријавиш, го релативизирала насилството);
3. Обвинителството ти поставувала приватни прашања кои немаат врска со случајот (на пр. зошто си хомосексуалец/транс, кога стана хомосексуалец/транс и сл.);
4. Обвинител или друг службеник ја коментирала твоја-

та сексуална ориентација/ родов идентитет (на пр. денес се помодерно е да си ЛГБТИ и сл.);

5. Обвинител или друг службеник ти дофрлал навреди поврзани со различноста;
6. Обвинител или друг службеник те уценувал или ти се заканувал (на пр. дека ќе издаде податоци за твојата состојба/статус или сексуална/родова различност ако не постапиш на одреден начин);
7. Физичко насилство (удари со и по делови на телото или со предмети) од страна на обвинител или друг службеник;
8. Обвинител или друг службеник не ја почитувал твојата приватност (на пр. пред други граѓани или колеги кои нема потреба да знаат зборувал за случајот или за твојата сексуална/родова различност, оговарање и сл.);
10. Обвинител или друг службеник не ја почитувал доверливоста на податоци или други информации кои ги дознал за случајот (на пр. издавање на податоци за случајот во околината или издавање на сексуална/родова припадност и сл.);
11. Обвинител или друг службеник непосакувано во сексуална конотација те допирал по делови од тело;
12. Обвинител или друг службеник ти дал непосакуван предлог за сексуална/интимна врска
13. Сексуално вознемирување преку интернет од страна на обвинител или друг службеник (на пр. постојано контактирање, барање или давање предлози за сексуални односи, закани поврзани со сексуалната ориентација/родовиот идентитет и сл.);
14. Сексуален напад од страна на обвинител или друг службеник.

6.3.1. Ако испитаникот одговори позитивно на кој било претходен одговор, барате да го раскаже случајот (се опишува секој случај посебно, ако има повеќе)! Описот на случајот треба да содржи податоци за тоа каде се случил, кога, кои лицата биле вмешани во случајот (сторители, жртва/и, соучесници и публика), како реагирала околината, дали случајот некаде бил пријавен, каков бил резултатот од пријавувањето, како надлежната институција реагирала на пријавата, кои биле последиците по

жртвата, а кои по обвинителот/службеникот-сторител/дали бил санкциониран и како). Притоа, испитаникот не мора да споменува имиња и други лични податоци на лицата вмешани во случајот. Доколку за случајот била известено обвинителството (совет на јавни обвинители) или која било друга надлежна институција, побарајте подетални информации за текот на постапката и крајниот резултат.

6.4. Прашања за трансродови лица (последните 3 години):

1. Дали обвинителите или други службеници го почитувале твојот род на обраќање/ ти се обраќале во родот за кој си ги известил дека сакаш да ти се обраќаат. Одговори и објасни!

2. Дали обвинителите или други службеници го употребувале името за кое си им кажал/а дека сакаш да го употребуваат. Одговори и објасни!

6.5. Дали сметаш дека тоа што си ЛГБТИ лице влијаело на кој било начин на постапувањето/однесувањето на обвинителството? Образложи го одговорот, ако да на кој начин влијаело?

6.6. Како твојата различност е прифатена/неприфатена од страна на обвинителството (со кое тврдење се согласуваш):

1. Сметам дека ЛГБТИ луѓето се прифатени во обвинителството и ги третираат како и останатите граѓани;
2. Генерално немам проблем, но како ЛГБТИ лице ако пријавам случај што е поврзан со мојата различност може да се јави дискриминаторски третман;
3. Често можеш да се соочиш со различен третман, непријатност и осуда од страна на обвинителството, но сепак постапуваат по твојот случај;
4. Обвинителството не ги прифаќа и ги дискриминира ЛГБТИ лицата;
5. Ја кријам својата СО/РИ, дури и кога има потреба да ја соопштам, од страв од неприфаќање/дискриминација. Образложи го одговорот!;
6. Дали поради прифаќањето/неприфаќањето од обвинителството избегнуваш да ги контактираш? Образложи! (на пр. не одам да пријавам случај на насилство затоа што ќе ме дискриминираат, нема влијание и сл.);

## Дел 7: Податоци за насилство при постапување на судови

7.1. Дали во изминатите 3 години си имал контакт со суд. Заокружи, еден одговор!

1. ДА
2. НЕ (ако одговори НЕ, одите на следниот дел)

7.2. Дали, во последните три години, си бил во контакт со суд поради случај на дискриминација, навреда, клевета, говор на омраза или дело на омраза, или друг случај во кој СО/РИ е фактор? Заокружи еден одговор.

1. Да
2. Не, постапката беше за друг правен проблем (ако одговори не, одиш на ДЕЛ 7.3.)
3. Да, но се работи за истиот случај што е опишан во делот за полиција/обвинителство (ако се одговори ова одиш на ДЕЛ 7.2.5.)

7.2.1. Опишете го случајот на дискриминација/насилство/говор на омраза за кој сте имале контакт со суд (описот да содржи информации за место, време, податоци за сторителот на насилство/дискриминација, која е врската помеѓу сторителот и жртвата, што точно се случило, кои се последиците по жртвата, дали има медицинска документација). Се опишува секој случај посебно ако има повеќе.

7.2.2. Опишете ја постапката пред судот (дали се работи за кривична или граѓанска постапка, дали во постапката имало правна помош, ако да од кого, кој е резултатот од постапката, кој е резултатот од оваа постапка, дали сторителите биле санкционирани и што е санкцијата, дали следело жалбена постапка, кој е резултатот од жалбената постапка). Секоја постапка посебно ако има повеќе.

7.2.3. Дали случајот на насилство/дискриминација е пријавен и во друг надлежен орган (полиција, обвинителство, МТСП/ЦСР, некој инспекторат, КСЗД, Народен правобранител и сл). Ако да, како течела постапката пред другиот орган и кој е резултатот од таа постапка, што преземал органот. Се одговара за секој случај посебно ако има повеќе.

7.2.4. Дали случајот е пријавен и/или документиран во здружение на граѓани. Ако да, во кое? Се одговара за секој случај посебно ако се повеќе.

7.2.5. Дали при контакт со судот се случило нешто од долунаведеното (заокружување, се заокружува секој вид насилство што се случил):

1. Си бил различно и понеповолно третиран од персоналот поради твојата сексуална/родова различност;
2. Судот не му придал доволно значење на случајот поради твојата сексуална/родова различност (релативизирање на повредата на правото);
3. Судот ти поставувал приватни прашања кои немаат врска со случајот (на пр. зошто си хомосексуалец/транс, кога стана хомосексуалец/транс и сл.);
4. Судот ја коментирала твојата сексуална ориентација/родов идентитет (на пр. денес се помодерно е да си ЛГБТИ и сл.);
5. Судија или друг службеник ти дофрлал навреди поврзани со различноста;
6. Судија или друг службеник те уценувал или ти се заканувал (на пр. дека ќе издаде податоци за твојата состојба/статус или сексуална/родова различност ако не постапиш на одреден начин);
7. Физичко насилство (удари со и по делови на телото или со предмети) од страна на судија или друг службеник;
8. Судија или друг службеник не ја почитувал твојата приватност (на пр. пред други граѓани или колеги кои нема потреба да знаат зборувал за случајот или за твојата сексуална/родова различност, оговарање и сл.);
10. Судија или друг службеник не ја почитувал доверливоста на податоци или други информации кои ги дознал за случајот (на пр. издавање на податоци за случајот во околината или издавање на сексуална/родова припадност и сл.);
11. Судија или друг службеник непосакувано во сексуална конотација те допирал по делови од тело;
12. Судија или друг службеник ти дал непосакуван предлог за сексуална/интимна врска;

13. Сексуално вознемирување преку интернет од страна на судија или друг службеник (на пр. постојано контактирање, барање или давање предлози за сексуални односи, закани поврзани со сексуалната ориентација/родовиот идентитет и сл.);
14. Сексуален напад од страна на судија или друг службеник;
15. Дали нешто од горенаведеното (од точка 1 до 14) ти се случило во суд од страна на трето лице (друга странка, сопарничар, обвинет во постапка, обвинител и друго). Ако да, наведи што! Објасни дали бил информиран судот и како реагирал на пријавата/информацијата!;

7.2.5.1. Ако испитаникот одговори позитивно на кој било претходен одговор, барате да го раскаже случајот! Се опишува секој случај посебно ако се повеќе. Описот на случајот треба да содржи податоци за тоа каде се случил, кога, кои лицата биле вмешани во случајот (сторители, жртва/и, соучесници и публика), како реагирала околината, дали случајот некаде бил пријавен, каков бил резултатот од пријавувањето, како надлежната институција реагирала на пријавата, кои биле последиците по жртвата, а кои по судијата/службеникот-сторител/дали бил санкциониран и како). Притоа, испитаникот не мора да споменува имиња и други лични податоци на лицата вмешани во случајот. Доколку за случајот била известен судот (претседател на суд, судски совет) или која било друга надлежна институција, побарајте подетални информации за текот на постапката и крајниот резултат

7.3. Дали при контакт со суд (контакт кој не е поврзан со пријавување на случај СО/РИ) се случило нешто од долунаведеното (заокружување, се заокружува секој вид насилство што се случил):

1. Си бил различно и понеповолно третиран од персоналот поради твојата сексуална/родова различност;
2. Судот не му придал доволно значење на случајот поради твојата сексуална/родова различност (релативизирање на повредата на правото);
3. Судот ти поставувал приватни прашања кои немаат врска со случајот (на пр. зошто си хомосексуалец/транс, кога стана хомосексуалец/транс и сл.);
4. Судот ја коментирала твојата сексуална ориентација/

родов идентитет (на пр. денес се помодерно е да си ЛГБТИ и сл.);

5. Судија или друг службеник ти дофрлал навреди поврзани со различноста;
6. Судија или друг службеник те уценувал или ти се заканувал (на пр. дека ќе издаде податоци за твојата состојба/статус или сексуална/родова различност ако не постапиш на одреден начин);
7. Физичко насилство (удари со и по делови на телото или со предмети) од страна на судија или друг службеник;
8. Судија или друг службеник не ја почитувал твојата приватност (на пр. пред други граѓани или колеги кои нема потреба да знаат зборувал за случајот или за твојата сексуална/родова различност, оговарање и сл.);
10. Судија или друг службеник не ја почитувал доверливоста на податоци или други информации кои ги дознал за случајот (на пр. издавање на податоци за случајот во околината или издавање на сексуална/родова припадност и сл.);
11. Судија или друг службеник непосакувано во сексуална конотација те допирал по делови од тело;
12. Судија или друг службеник ти дал непосакуван предлог за сексуална/интимна врска;
13. Сексуално вознемирување преку интернет од страна на судија или друг службеник (на пр. постојано контактирање, барање или давање предлози за сексуални односи, закани поврзани со сексуалната ориентација/родовиот идентитет и сл.);
14. Сексуален напад од страна на судија или друг службеник;
15. Дали нешто од горенаведеното (од точка 1 до 14) ти се случило во суд од страна на трето лице (друга странка, сопарничар, обвинет во постапка, обвинител и друго). Ако да, наведи што! Објасни дали бил информиран судот и како реагирал на пријавата/информацијата!;

7.3.1. Ако испитаникот одговори позитивно на кој било претходен одговор, барате да го раскаже случајот! Се опишува секој случај посебно ако се повеќе. Описот на случајот треба да содржи податоци за тоа каде се случил, кога, кои лицата биле вмешани во случајот (сторители, жртва/и, соучесници и публика), како реагирала околината, дали случајот некаде бил пријавен, каков бил резултатот од пријавувањето, како надлежната институција реагирала на пријавата, кои биле последиците по жртвата, а кои по судијата/службеникот-сторител/дали бил санкциониран и како). Притоа, испитаникот не мора да споменува имиња и други лични податоци на лицата вмешани во случајот. Доколку за случајот била известен судот (претседател на суд, судски совет) или која било друга надлежна институција, побарајте подетални информации за текот на постапката и крајниот резултат

7.4. Прашања за трансродови лица (во последните 3 години):

1. Дали судиите или други службеници го почитувале твојот род на обраќање/ ти се обраќале во родот за кој си ги известил дека сакаш да ти се обраќаат. Одговори и објасни!

2. Дали судиите или други службеници го употребувале името за кое си им кажал/а дека сакаш да го употребуваат. Одговори и објасни!

7.5. Дали сметаш дека тоа што си ЛГБТИК+ лице влијаело на кој било начин на одлуката на судот? Образложи го одговорот, ако да на кој начин влијаело?

7.6. Како твојата различност е прифатена/неприфатена од страна на судството (со кое тврдење се согласуваш):

1. Сметам дека ЛГБТИК+ луѓето се прифатени во судството и ги третираат како и останатите граѓани;
2. Генерално немам проблем, но како ЛГБТИК+ лице ако пријавам случај што е поврзан со мојата различност може да се јави дискриминаторски третман;
3. Често можеш да се соочиш со различен третман, непријатност и осуда од страна на судството, но сепак постапуваат по твојот случај согласно закон;
4. Судството не ги прифаќа и ги дискриминира ЛГБТИК+ лицата, СО/РИ влијае на одлуката на судот;

5. Ја кријам својата СО/РИ, дури и кога има потреба да ја соопштам, од страв од неприфаќање/дискриминација. Образложи го одговорот!;

7.7. Дали поради прифаќањето/неприфаќањето од судството избегнуваш да започнеш судска постапка? Образложи! (на пр. не би покренал судска постапка бидејќи ќе ме дискриминираат и нема да ја препознаат дискриминацијата, или нема влијание или друго.)

## Дел 8: Податоци за насилство при постапување на Управа за матична евиденција (само за транс кои почнале/завршиле постапка за ППР во последните 3 години)

8.1. Дали изминатите три години си бил во контакт со Управата за матична евиденција за постапка за правно признавање на родот? (заокружи еден одговор)

1. ДА
2. НЕ (ако одговори не, одиш на дел 9)

8.2. Опиши ја постапката (кога ја започна, дали е завршена, колку време трае/траеше, како течеше постапката, дали имаше правна помош и од кого, кој е резултатот од постапката, дали ти бараа медицински документи, ако да кои).

8.3. (Во последните 3 години) Дали службениците го почитуваа твојот род на обраќање/ ти се обраќале во родот за кој си ги известил дека сакаш да ти се обраќаат. Одговори и објасни!

8.4. (во последните три години) Дали службениците го употребуваа името за кое си им кажал/а дека сакаш да го употребуваат. Одговори и објасни!

8.5. Дали при контакт со Управата за матична евиденција се случило нешто од долунаведеното (заокружување, се заокружува секој вид насилство што се случил):

1. Си бил различно и понеповолно третиран од службениците поради твојата сексуална/родова различност (одбиле да примат барање, те препраќале непотребно

или си чекал многу долго);
2. Службеник ти поставувал приватни прашања кои немаат врска со случајот (на пр. зошто си хомосексуалец/ транс, кога стана хомосексуалец/транс и сл.);
3. Службеник ја коментирала твојата сексуална ориентација/ родов идентитет (на пр. денес се помодерно е да си ЛГБТИК+ и сл.);
4. Службеник ти дофрлал навреди поврзани со различноста;
5. Службеник те уценувал или ти се заканувал (на пр. дека ќе издаде податоци или податоци сексуална/родова различност ако не постапиш на одреден начин);
6. Физичко насилство (удари со и по делови на телото или со предмети) од страна на службеник;
7. Службеник не ја почитувал твојата приватност (на пр. пред други граѓани или колеги кои нема потреба да знаат зборувал за случајот или за твојата сексуална/ родова различност, оговарање и сл.);
8. Службеник не ја почитувал доверливоста на податоци или други информации кои ги дознал за случајот (на пр. издавање на податоци за случајот во околината или издавање на сексуална/родова припадност и сл.;
9. Службеник непосакувано во сексуална конотација те допирал по делови од тело;
10. Службеник ти дал непосакуван предлог за сексуална/ интимна врска;
11. Сексуално вознемирување преку интернет од страна на службеник (на пр. постојано контактирање, барање или давање предлози за сексуални односи, закани поврзани со сексуалната ориентација/родовиот идентитет и сл.);
12. Сексуален напад од страна на службеник.

8.6. Ако испитаникот одговори позитивно на кој било претходен одговор, барате да го раскаже случајот! Се опишува секој случај посебно ако има повеќе. Описот на случајот треба да содржи податоци за тоа каде се случил, кога, кои лицата биле вмешани во случајот (сторители, жртва/и, соучесници и публика), како реагирала околината, дали случајот некаде бил пријавен, каков бил резултатот од пријавувањето, како надлежната институција реагирала на пријавата, кои биле последиците по жртвата, а кои

по службеникот-сторител/дали бил санкциониран и како). Притоа, испитаникот не мора да споменува имиња и други лични податоци на лицата вмешани во случајот. Доколку за случајот била известена надлежна институција, побарајте подетални информации за текот на постапката и крајниот резултат.

8.7. Како твојата различност е прифатена/неприфатена од страна на Управата за матична евиденција (со кое тврдење се согласуваш):

1. Сметам дека транс луѓето се прифатени од Управата и ги третираат како и останатите граѓани;
2. Често можеш да се соочиш со различен третман, непријатност и осуда од страна на Управата, но сепак постапуваат по твојот случај согласно закон;
3. Управата не ги прифаќа и ги дискриминира транс лицата. Образложи го одговорот!.

## Дел 9: Податоци за насилство при постапување на други органи

9.1. Дали изминатите 3 години си бил во контакт со други органи на државна управа или единици на локална самоуправа?

1. ДА
2. НЕ (ако одговори не, одиш на дел 10)

9.2. Опиши ги околностите и случајот поради кој си бил во контакт (зошто си ги исконтактирал, како постапиле, дали си ја добил услугата/правото поради кои си ги исконтактирал)

9.3. Прашања за транс лица (во последните 3 години):

1. Дали службениците го почитуваа твојот род на обраќање/ ти се обраќале во родот за кој си ги известил дека сакаш да ти се обраќаат. Одговори и објасни!

2. Дали службениците го употребуваа името за кое си им кажал/а дека сакаш да го употребуваат. Одговори и објасни!

9.4. Дали при контакт со органот се случило нешто од долунаведеното (заокружување, се заокружува секој вид насилство што се случил):

1. Си бил различно и понеповолно третиран од службениците поради твојата сексуална/родова различност (одбиле да примат барање, те препраќале непотребно или си чекал многу долго);
2. Службеник ти поставувал приватни прашања кои немаат врска со случајот (на пр. зошто си хомосексуалец/транс, кога стана хомосексуалец/транс и сл.);
3. Службеник ја коментирала твојата сексуална ориентација/ родов идентитет (на пр. денес се помодерно е да си ЛГБТИК+ и сл.);
4. Службеник ти дофрлал навреди поврзани со различноста;
5. Службеник те уценувал или ти се заканувал (на пр. дека ќе издаде податоци или податоци сексуална/родова различност ако не постапиш на одреден начин);
6. Физичко насилство (удари со и по делови на телото или со предмети) од страна на службеник;
7. Службеник не ја почитувал твојата приватност (на пр. пред други граѓани или колеги кои нема потреба да знаат зборувал за случајот или за твојата сексуална/родова различност, оговарање и сл.);
8. Службеник не ја почитувал доверливоста на податоци или други информации кои ги дознал за случајот (на пр. издавање на податоци за случајот во околината или издавање на сексуална/родова припадност и сл.);
9. Службеник непосакувано во сексуална конотација те допирал по делови од тело
10. Службеник ти дал непосакуван предлог за сексуална/интимна врска;
11. Сексуално вознемирување преку интернет од страна на службеник (на пр. постојано контактирање, барање или давање предлози за сексуални односи, закани поврзани со сексуалната ориентација/родовиот идентитет и сл.);
12. Сексуален напад од страна на службеник.

9.5. Ако испитаникот одговори позитивно на кој било претходен одговор, барате да го раскаже случајот! Се опишува секој случај посебно ако се повеќе. Описот на случајот треба да содржи податоци за тоа каде се случил, кога, кои лицата биле вмешани во случајот (сторители, жртва/и, соучесници и публика), како реагирала околината, дали случајот некаде бил пријавен, каков бил резултатот од пријавувањето, како надлежната институција реагирала на пријавата, кои биле последиците по жртвата, а кои по службеникот-сторител/дали бил санкциониран и како). Притоа, испитаникот не мора да споменува имиња и други лични податоци на лицата вмешани во случајот. Доколку за случајот била известена надлежна институција, побарајте подетални информации за текот на постапката и крајниот резултат

9.6. Дали твојата сексуална/родова различност имала влијание на начинот на постапување на органот (ако да опиши како, што точно се случило).

9.7. Како твојата различност е прифатена/неприфатена од страна на државните органи (со кое тврдење се согласуваш):

1. Сметам дека ЛГБТИК+ луѓето се прифатени од државните органи и ги третираат како и останатите граѓани;
2. Често можеш да се соочиш со различен третман, непријатност и осуда, но сепак постапуваат по твојот случај согласно закон;
3. Државните органи не ги прифаќаат и ги дискриминираат ЛГБТИК+ лицата Образложи го одговорот!;

## Дел 10: Други случаи на насилство, пријавување и поддршка

10.1. Дали во изминатите три години си се соочил со насилство поврзано со твојата сексуална/родова различност (од дофрлување, навреди, гестикулации, онлајн говор на омраза, до физичко и сексуално насилство) . Заокружи еден одговор.

1. ДА
2. НЕ (ако одговори не одиш на 10.2)

10.1.1. Ако испитаникот одговори позитивно на претходното прашање, барате да го раскаже случајот! Ако се повеќе случаи се опишува секој случај посебно, Описот на случајот треба да содржи податоци за тоа каде се случил, кога, кои лицата биле вмешани во случајот (сторители, жртва/и, соучесници и публика, дали пријавил/документирал во здружение, ако да кое, како реагирала околината, дали случајот некаде бил пријавен, каков бил резултатот од пријавувањето, како надлежната институција реагирала на пријавата, кои биле последиците по жртвата, а кои по сторител/дали бил санкциониран и како). Притоа, испитаникот не мора да споменува имиња и други лични податоци на лицата вмешани во случајот. Доколку за случајот била известена надлежна институција, побарајте подетални информации за текот на постапката и крајниот резултат

10.1.2. Ако случајот не е пријавен некаде, го прашување испитаникот зошто не пријавил (со кое тврдење/а се согласуваш, може повеќе одговори)

1. И да пријавам нема институциите да постапат бидејќи се непрофесионални за сите;
2. И да пријавам нема институциите да постапат бидејќи дискриминираат ЛГБТИК+ лица;
3. Одлучив да не пријавам поради мојата СО/РИ, бидејќи се плашам дека околината ќе дознае;
4. Одлучив да не пријавам бидејќи тоа што ми се случи не беше доволно важно или сметав дека не претставува дело за кое некоја институција би постапила;
5. Не пријавив бидејќи немав поддршка од околината (родители/пријатели ме разубедуваа, ми кажаа дека не е ништо страшно);
6. Не пријавив од страв од виктимизација (страв дека сторителот уште толку ќе ми се заканува и ќе го повтори насилството);
7. Друго (што).

10.2. Кога ти се случува насилство без разлика на вид или интензитет / Кога би ти се случило насилство на кој би му кажал, каде би се обратил за помош/поддршка?

*Дополнителни прашања зависно од одговорот (мотивирајте го соговорникот да одговори и на овие прашања ако првично не ги опфати):

Дали би кажал на семејството, како мислиш дека би реагирале?

Дали тие би те поддржале да пријавиш и да побараш медицинска/психо-социјална помош?

Дали би кажал на некој другар/и, како мислиш дека би реагирале, дали би те поддржале да пријавиш и да побараш медицинска/психо-социјална помош?

Дали би побарал поддршка од здружение, ако да од кое, ако не зошто, што очекуваш дека ќе добиеш од здружението како помош?

10.3. Дали имаш нешто да додадеш?*

*Да споделиш случај на насилство кој досега не е споменат, или друго искуство со државен орган кое не е опфатено? (Ако сподели ќе побарате опис на случајот согласно горенаведените инструкции)

# ПРАШАЛНИК

## за полу-структуирано интервју за (институционално) насилство над ЛГБТИК+ луѓе со даватели на услуги

Име на интервјуер/ка:

__________________________

Име на интервјуиран или шифра (Го прашувате давателот на услуги на кој начин можете да го именувате во истржувањето (име и презиме, претставник на ИКС и слично).

__________________________

### Дел 1: Генерални податоци

1. Во која институција работите?

__________________________

2. Која е вашата професија/занимавање?

__________________________

3. Колку често работите со/давате услуги на ЛГБТИК+ лица?
    - Секојдневно
    - Еднаш неделно до еднаш месечно
    - Неколку пати во годината
    - Во последните 3 години имал/а 1 до 3 искуства со ЛГБТИК+ лица

4. Колку години професионално се занимавате со давање услуги на ЛГБТИК+ лица?

__________________________

5. Во која област работите (можни се повеќе одговори)?

- Правни услуги
- Психо-социјална помош и поддршка
- Здравствена заштита
- Заштита од насилство и криминал
- Заштита од други повреди на права и дискриминација
- Друго (дополни што)

## ДЕЛ 2: Прашања за вредносни ставови

2.1. Дали сметате дека ЛГБТИК+ луѓето треба да бидат еднакви граѓани, да можат да живеат слободно и еднакво и да ги имаат истите права како останатите?

- Да
- Не
- Можеби (и да и не)
- Не знам

2.2. Дали сметате дека ЛГБТИК+ луѓето се дискриминирани и не ги уживаат правата на еднаков начин?

- Да
- Не
- Можеби (и да и не)
- Не знам

2.3. Дали сметате дека ЛГБТИК+ луѓето се ранливи на насилство (на пр. насилство од омраза, семејно насилство, сексуално, микро агресии како вербално насилство и говор на омраза)?

- Да
- Не
- Можеби (и да и не)
- Не знам

2.4. Дали сметате дека ЛГБТИК+ луѓето провоцираат насилство (на пр. од излегување на паради, бакнување на јавно место, загрозување на традиционалните вредности и сл.)

- Да
- Не
- Можеби (и да и не)
- Не знам

2.5. Дали сметате дека ЛГБТИК+ луѓето треба да имаат еднакви права во семејните односи, како право на брак, посвојување на дете?

- Да
- Не
- Можеби (и да и не)
- Не знам

## ДЕЛ 3: Прашања за перцепции за институционално насилство

3.1. Дали институциите подеднакво ги заштитуваат правата на ЛГБТИ луѓето како и на останатите граѓани?
Со кој исказ се согласувате (еден одговор)

- Институциите постапуваат подеднакво кон сите
- Институциите генерално постапуваат еднакво кон сите, но има поединци кои ги дискриминираат ЛГБТИ луѓето
- Институциите генерално ги дискриминираат ЛГБТИ луѓето, но има поединци кои постапуваат професионално
- Институциите ги дискриминираат ЛГБТИК+ луѓето

3.2. Дали услугите, постапките и достапните права и сервиси кои институциите ги нудат се соодветни на потребите на ЛГБТИК+ луѓето?
Со кој исказ се согласува (еден одговор)

- Институциите се сензитивни и се прилагодени на потребите на ЛГБТИК+ луѓето
- Институциите се сензитивни и прилагодени на потребите на ЛГБТИК+ луѓето, но има поединци кои не се
- Институциите не се сензитивни нити прилагодени на потребите на ЛГБТИК+ луѓето, но има поединци во институциите кои се
- Институциите не се сензитивни нити прилагодени на потребите на ЛГБТИК+ луѓето
- Нема потреба институциите да се прилагодат на потребите на ЛГБТИК+ луѓето, треба само подеднакво да постапуваат со сите

## ДЕЛ 4: Искуства за пријавување на насилство по области

4.1. Колку често во вашата работа ви биле пријавени, раскажани или споделени случаи на различните видови насилство кон ЛГБТИ лица во семејството (од страна на родители, браќа/сестри, меѓу партнери или други членови на семејство)?

| **СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО** | **Постојано** | **Често** | **Понекогаш** | **Ретко** | **Никогаш** |
|---|---|---|---|---|---|
| Вербално насилство поради сексуалната родова различност (навредување, омаловажување, исмејување и сл.) | | | | | |
| Психолошко насилство поради сексуална/ родова различност (закани, уцени, игнорирање, дерење, осудување, лишување од емотивна поддршка) | | | | | |
| Физичко насилство (удирање со делови од тело или предмети, кубење, заклучување во просторија, лишување од храна/лекови, без разлика дали повредата била сериозна или не). | | | | | |
| Сексуално насилство (Непосакувани предлози за интимни или сексуални односи, сексуално вознемирување) од член на семејство | | | | | |
| Сексуален напад и/или силување од страна на член на семејство (вклучително и партнер/ка) | | | | | |
| Обид за превоспитување од хомосексуалност/трансродовост од страна на родители или други членови на семејството (може да вклучува вербално, психолошко, физичко и/или сексуално насилство) | | | | | |

4.1.1. Споделете детали за случаите кои ви биле пријавени во областа на семејното насилство изминатите 3 години. Раскажете ги случаите. Описот на случајот треба да содржи податоци за тоа каде се случил, кога, кои лицата биле вмешани во случајот (сторители, жртва/и, соучесници и публика, како реагирала околината, дали случајот некаде бил пријавен, каков бил резултатот од пријавувањето, кои биле последиците по жртвата, а кои по сторителот). Не мора да споменувате имиња и други лични податоци на лицата вмешани во случајот.

4.1.2. Дали сметате дека институциите одговорни за одговор во случаи на семејно насилство го препознаваат насилството кон ЛГБТИ луѓето во семејството? Образложете!

4.1.3. Дали сметате дека институциите одговорни за одговор во случаи на семејно насилство еднакво постапуваат во случаите кога жртва е ЛГБТИ лице? Образложете!

4.1.4. Кои се клучните недостатоци од страна на институциите за ефикасна и ефективна заштита на ЛГБТИ луѓето жртви на семејно насилство? Образложете.

4.2. Колку често во вашата работа ви биле пријавени, раскажани или споделени случаи на различните видови насилство кон ЛГБТИ лица од страна на трети лица (непознати, минувачи, познаници, лица со кои се сретнува на јавен простор)?

| **НАСИЛСТВО ОД ОМРАЗА ОД ТРЕТИ ЛИЦА** | **Постојано** | **Често** | **Понекогаш** | **Ретко** | **Никогаш** |
|---|---|---|---|---|---|
| Вербално насилство поради сексуалната родова различност (навредување, омаловажување, исмејување и сл) вклучително и онлајн и говор на омраза онлајн | | | | | |
| Психолошко (и социјално) насилство поради сексуална/родова различност (озборување, изолирање, избегнување, закани, уцени, игнорирање, дерење, осудување, лишување од емотивна поддршка) вклучително и онлајн | | | | | |
| Физичко насилство (удирање со делови од тело или предмети, кубење, заклучување во просторија, лишување од храна/лекови, без разлика дали повредата била сериозна или не). | | | | | |
| Сексуално насилство (Непосакувани предлози за интимни или сексуални односи, сексуално вознемирување) | | | | | |
| Сексуален напад и/или силување | | | | | |
| Уништување на имот и предмети, кражби, разбојништво | | | | | |
| Злоупотреба на лични податоци (вклучително и онлајн) | | | | | |
| Други форми на насилен криминал- кои? | | | | | |

4.2.1. Споделете детали за случаите кои ви биле пријавени во областа насилство од омраза и насилство од трети лица во изминатите три години. Раскажете ги случаите. Описот на случајот треба да содржи податоци за тоа каде се случил, кога, кои лицата биле вмешани во случајот (сторители, жртва/и, соучесници и публика, како реагирала околината, дали случајот некаде бил пријавен, каков бил резултатот од пријавувањето, кои биле последиците по жртвата, а кои по сторителот). Притоа, испитаникот не мора да споменува имиња и други лични податоци на лицата вмешани во случајот.

4.2.2. Дали сметате дека институциите одговорни за одговор во случаи на насилство од омраза го препознаваат насилството од омраза и говор на омраза кон ЛГБТИ луѓето? Образложете!

4.2.3. Дали сметате дека институциите одговорни за одговор во случаи на насилство од омраза и говор на омраза еднакво постапуваат во случаите кога жртва е ЛГБТИ лице? Образложете!

4.2.4. Кои се клучните недостатоци од страна на институциите за ефикасна и ефективна заштита на ЛГБТИ луѓето жртви на насилство од омраза и говор на омраза? Образложете.

4.3. Колку често во вашата работа ви биле пријавени, раскажани или споделени случаи на различните видови насилство во областа на образованието?

| **ОБРАЗОВАНИЕ** | **Постојано** | **Често** | **Понекогаш** | **Ретко** | **Никогаш** |
|---|---|---|---|---|---|
| Различно третиран поради сексуалната/родовата различност (образложи: пониски оценки, игнорирање, преферирање) од страна на соученици и/или персонал | | | | | |
| Вербално насилство поради сексуалната родова различност (довикување, навредување, омаловажување, исмејување и сл) од страна на соученици и/или персонал | | | | | |
| Психолошко (и социјално) насилство поради сексуална/родова различност (озборување, булирање, изолирање, избегнување, закани, уцени, лишување од активности (воншколски активности, едукации, културни настани, екскурзии и сл.) од страна на соученици и/или персонал | | | | | |
| Физичко насилство од соученици/ персонал (удирање со делови од тело или предмети, кубење, ставање во ќош и слично, без разлика дали повредата била сериозна или не) од страна на соученици и/или персонал | | | | | |
| Сексуално насилство (Непосакувани предлози за интимни или сексуални односи од страна на соученик/наставник, сексуално вознемирување (на пр. постојано контактирање, барање или давање предлози за сексуални односи, закани поврзани со сексуалната ориентација/родовиот идентитет и сл.) | | | | | |
| Сексуален напад и/или силување од страна на наставник/професор, друг член на персоналот или соученик | | | | | |
| Обид за превоспитување од хомосексуалност/ трансродовост од страна на стручен кадар (професори, психолози, итн.) или соученици (различно од убедување/вид на конверзиона терапија/однос кој може да вклучува психолошки и друг тип на средби, психо-социјално советување и слично). | | | | | |

4.3.1. Споделете детали за случаите кои ви биле пријавени во областа на образованието во изминатите три години. Раскажете ги случаите. Описот на случајот треба да содржи податоци за тоа каде се случил, кога, кои лицата биле вмешани во случајот (сторители, жртва/и, соучесници и публика, како реагирала околината, дали случајот некаде бил пријавен, каков бил резултатот од пријавувањето, како образовната институција реагирала на пријавата, кои биле последиците по жртвата, а кои по сторителот). Притоа, испитаникот не мора да споменува имиња и други лични податоци на лицата вмешани во случајот. Доколку за случајот била известена образованата институција или која било друга надлежна институција, побарајте подетални информации за текот на постапката и крајниот резултат. Дали образовната институција реагирала за да го заштити лицето/ ученикот од насилство?

4.3.2. Дали сметате дека образовните институциите го препознаваат насилството и булингот од кон ЛГБТИ учениците? Образложете!

4.3.3. Дали сметате дека образовните институции подеднакво ги заштитуваат од насилство и булинг ЛГБТИ учениците? Образложете!

4.3.4. Кои се клучните недостатоци од страна на образовните институциите за ефикасна и ефективна заштита на ЛГБТИ учениците жртви на насилство и булинг? Образложете.

4.4. Колку често во вашата работа ви биле пријавени, раскажани или споделени случаи на различните видови насилство во областа на здравството?

| **ЗДРАВСТВО** | **Постојано** | **Често** | **Понекогаш** | **Ретко** | **Никогаш** |
|---|---|---|---|---|---|
| Различен третиран поради сексуалната/родовата различност (образложи) | | | | | |
| Одбивање на здравствена услуга поради сексуална/родова различност | | | | | |
| Вербално насилство поради сексуалната родова различност (коментирање на СО/РИ, довикување, навредување, омаловажување, исмејување и сл) | | | | | |
| Психолошко (и социјално) насилство поради сексуална/родова различност (осудување на СО/РИ, зборување во негативна конотација, озборување, избегнување, закани, уцени, повреда на приватноста и доверливоста (издавање податоци за здравствена состојба пред други) | | | | | |
| Физичко насилство од  здравствен персонал (присилно давање на одредени услуги, груб/нехуман однос во давање услуга,одбивање да се даде анестезија или медикаменти за болка, удари по тело со премет или делови од тело и др) | | | | | |
| Сексуално насилство (Непосакувани предлози за интимни или сексуални односи од страна на здравствен работник, сексуално вознемирување, (на пр. постојано контактирање, барање или давање предлози за сексуални односи, закани поврзани со сексуалната ориентација/родовиот идентитет и сл.); | | | | | |
| Сексуален напад и/или силување од страна на здравствен работник | | | | | |
| Конверзиона практики и/или терапија која може да вклучува психотерапија, психо-социјално советување, електро-шок терапија, употреба да лекови за пациентот да стане хетеросексуален/цис родов) | | | | | |

4.4.1. Споделете детали за случаите кои ви биле пријавени во областа на здравството во изминатите три години. Раскажете ги случаите. Описот на случајот треба да содржи податоци за тоа каде се случил, кога, кои лицата биле вмешани во случајот (сторители, жртва/и, соучесници и публика, како реагирала околината, дали случајот некаде бил пријавен, каков бил резултатот од пријавувањето, како здравствената институција реагирала на пријавата, кои биле последиците по жртвата, а кои по сторителот). Притоа, испитаникот не мора да споменува имиња и други лични податоци на лицата вмешани во случајот.

4.5. Колку често во вашата работа ви биле пријавени, раскажани или споделени случаи на различните видови насилство во областа социјална заштита (центри за социјална работа, агенција за вработување, установи за згрижување на деца без родителска грижа, старечки домови, шелтер центри за жртви на насилство, семејни советувалишта и други установи за социјална грижа и социјални услуги)?

| **СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА** | **Постојано** | **Често** | **Понекогаш** | **Ретко** | **Никогаш** |
|---|---|---|---|---|---|
| Различен третиран поради сексуалната/родовата различност (образложи) | | | | | |
| Одбивање на услуга од бласт на социјална заштита поради сексуална/родова различност | | | | | |
| Вербално насилство поради сексуалната родова различност (коментирање на СО/РИ, довикување, навредување, омаловажување, исмејување и сл) | | | | | |
| Психолошко (и социјално) насилство поради сексуална/родова различност (осудување на СО/РИ, зборување во негативна конотација, озборување, избегнување, закани, уцени, повреда на приватноста и доверливоста (издавање податоци пред други)) | | | | | |
| Физичко насилство од  персонал во установа за социјална заштита (удирање со делови од тело или предмети, кубење, или обид за физичко насилство, без разлика дали повредата била сериозна или не). | | | | | |
| Сексуално насилство (Непосакувани предлози за интимни или сексуални односи од страна на персонал во установа за социјална заштита, сексуално вознемирување, (на пр. постојано контактирање, барање или давање предлози за сексуални односи, закани поврзани со сексуалната ориентација/родовиот идентитет и сл.) | | | | | |
| Сексуален напад и/или силување од страна на персонал во установа за социјална заштита | | | | | |
| Конверзиони практики (терапија) која може да вклучува психотерапија, психо-социјално советување за лицето  да стане хетеросексуален/цис родов); | | | | | |

4.5.1. Споделете детали за случаите кои ви биле пријавени во областа на социјалната заштита во изминатите три години. Раскажете ги случаите. Описот на случајот треба да содржи податоци за тоа каде се случил, кога, кои лицата биле вмешани во случајот (сторители, жртва/и, соучесници и публика, како реагирала околината, дали случајот некаде бил пријавен, каков бил резултатот од пријавувањето, како институција реагирала на пријавата, кои биле последиците по жртвата, а кои по сторителот). Притоа, испитаникот не мора да споменува имиња и други лични податоци на лицата вмешани во случајот.

4.6. Колку често во вашата работа ви биле пријавени, раскажани или споделени случаи на различните видови насилство во областа на полицискиото постапување?

| **ПОЛИЦИЈА** | **Постојано** | **Често** | **Понекогаш** | **Ретко** | **Никогаш** |
|---|---|---|---|---|---|
| Различен третиран поради сексуалната/родовата различност | | | | | |
| (образложи: неволност во поднесувањето на постапката, релативизирање, негодување, разубедување) | | | | | |
| Одбивање да се постапи | | | | | |
| Вербално насилство поради сексуалната родова различност (коментирање на СО/РИ, довикување, навредување, омаловажување, исмејување и сл) | | | | | |
| Психолошко (и социјално) насилство поради сексуална/родова различност (осудување на СО/РИ, зборување во негативна конотација, озборување, избегнување, закани, уцени, повреда на приватноста (издавање податоци пред други)) | | | | | |
| Физичко насилство од полициски службеник (удирање со делови од тело или предмети, кубење, или обид за физичко насилство, без разлика дали повредата била сериозна или не). | | | | | |
| Сексуално насилство (Непосакувани предлози за интимни или сексуални односи од страна на полициски службеник, сексуално вознемирување, (на пр. постојано контактирање, барање или давање предлози за сексуални односи, закани поврзани со сексуалната ориентација/родовиот идентитет и сл.); | | | | | |
| Сексуален напад и/или силување од страна на полициски службеник | | | | | |
| Обид за „превоспитување“ од хомосексуалност/трансродовост од страна на полициски службеници или други лица вработени во полиција (различно од обично убедување / вид на конверзиона практика/однос кој може да вклучува напади, уцени, малтретирања, или друг тип на средби, силување и слично). | | | | | |

4.6.1. Споделете детали за случаите кои ви биле пријавени во областа на полициското постапување во изминатите три години. Раскажете ги случаите. Описот на случајот треба да содржи податоци за тоа каде се случил, кога, кои лицата биле вмешани во случајот (сторители, жртва/и, соучесници и публика, како реагирала околината, дали случајот некаде бил пријавен, каков бил резултатот од пријавувањето, како полицијата реагирала на пријавата, кои биле последиците по жртвата, а кои по сторителот). Притоа, испитаникот не мора да споменува имиња и други лични податоци на лицата вмешани во случајот.

4.7. Колку често во вашата работа ви биле пријавени, раскажани или споделени случаи на различните видови насилство во постапувањето на јавното обвинителство или судовите?

| **JO/СУДОВИ** | **Постојано** | **Често** | **Понекогаш** | **Ретко** | **Никогаш** |
|---|---|---|---|---|---|
| Различен третиран поради сексуалната/родовата различност (образложи: неволност во водењето на постапката, релативизирање, негодување, разубедување, непостапување) | | | | | |
| Вербално насилство поради сексуалната родова различност (коментирање на СО/РИ, довикување, навредување, омаловажување, исмејување и сл) | | | | | |
| Психолошко насилство поради сексуална/родова различност (осудување на СО/РИ, зборување во негативна конотација, озборување, избегнување, закани, уцени, повреда на приватноста и доверливоста (издавање податоци пред други)) | | | | | |
| Физичко насилство од вработен во JO или суд | | | | | |
| Сексуално насилство (Непосакувани предлози за интимни или сексуални односи, сексуално вознемирување, (на пр. постојано контактирање, барање или давање предлози за сексуални односи, закани поврзани со сексуалната ориентација/родовиот идентитет и сл.); | | | | | |
| Сексуален напад и/или силување од страна на вработено во JO или суд | | | | | |

4.7.1. Споделете детали за случаите кои ви биле пријавени во областа на постапувањето на ЈО или судовите во изминатите 3 години. Раскажете ги случаите. Описот на случајот треба да содржи податоци за тоа каде се случил, кога, кои лицата биле вмешани во случајот (сторители, жртва/и, соучесници и публика, како реагирала околината, дали случајот некаде бил пријавен, каков бил резултатот од пријавувањето, како институција реагирала на пријавата, кои биле последиците по жртвата, а кои по сторителот). Притоа, испитаникот не мора да споменува имиња и други лични податоци на лицата вмешани во случајот.

4.8. Колку често во вашата работа ви биле пријавени, раскажани или споделени случаи на различните видови насилство во постапувањето Управата за матична евиденција или која било друга државна институција?

| **УМЕ И ДРУГИ** | **Постојано** | **Често** | **Понекогаш** | **Ретко** | **Никогаш** |
|---|---|---|---|---|---|
| Различен третиран поради сексуалната/родовата различност (објасни) | | | | | |
| Одбивање да се постапи поради сексуална/родова различност | | | | | |
| Вербално насилство поради сексуалната родова различност (коментирање на СО/РИ, довикување, навредување, омаловажување, исмејување и сл) | | | | | |
| Психолошко (и социјално) насилство поради сексуална/родова различност (осудување на СО/РИ, зборување во негативна конотација, Озборување, избегнување, закани, уцени, повреда на приватноста (издавање податоци пред други)) | | | | | |
| Физичко насилство (удирање со делови од тело или предмети, кубење, или обид за физичко насилство, без разлика дали повредата била сериозна или не). | | | | | |
| Сексуално насилство (Непосакувани предлози за интимни или сексуални односи, сексуално вознемирување, (на пр. постојано контактирање, барање или давање предлози за сексуални односи, закани поврзани со сексуалната ориентација/родовиот идентитет и сл.); | | | | | |
| Сексуален напад и/или силување од страна на вработено лице во институција | | | | | |

4.8.1. Споделете детали за случаите кои ви биле пријавени во оваа област во изминатите три години. Раскажете ги случаите. Описот на случајот треба да содржи податоци за тоа каде се случил, кога, кои лицата биле вмешани во случајот (сторители, жртва/и, соучесници и публика, како реагирала околината, дали случајот некаде бил пријавен, каков бил резултатот од пријавувањето, како институција реагирала на пријавата, кои биле последиците по жртвата, а кои по сторителот). Притоа, испитаникот не мора да споменува имиња и други лични податоци на лицата вмешани во случајот.

## ДЕЛ 5: Перцепции за пријавување насилство

5.1. Дали сметате дека ЛГБТИК+ луѓето редовно ги пријавуваат случаите на насилство? Образложи.

5.1.1. Дали сметате дека има разлика во пријавувањето во случаите кога станува збор за институционално насилство од друг тип насилство? (Дали се пријавуваат помалку/повеќе?) Образложи зошто!

5.2. Што сметате дека се клучните причини за недоволно пријавување на насилството? Може да се заокржат повеќе:

- Недоверба во институциите дека ќе го решат проблемот
- Недостаток од поддршка за пријавување од семејството/ пријателите
- Непрепознавање на овие случаи како насилство кое може да се пријави
- Срам и себеобвинување
- Страв дека околината ќе дознае за СО/РИ ако пријави
- Страв од виктимизација (повреда на други права или дополнителна изложеност на насилство поради пријавувањето/сведочењето)
- Недостаток од услуги за поддршка за пријавување (правна помош, психосоцијална помош, друго?)
- Друго (Образложи што.)

5.3. Кои се твоите препораки за унапредување на состојбите?

ДРНДАРЕВСКА, Драгана
Опасност од не постоење [Електронски извор] : институционално насилство, пристап до права и ставови за ЛГБТИК+ заедницата во Северна Македонија (2021–2023) / Драгана Дрндаревска, Мања Величковска. - Текст во ПДФ формат, содрж. 244 стр. - Скопје : Коалиција МАРГИНИ, 2025

Начин на пристапување (URL):
https://coalition.org.mk/wp-content/uploads/2025/03/INSTITUCIONALNO-NASILSTVO-17.3.pdf.
- Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 18.03.20225 год.

ISBN 978-608-4803-48-5

1. Величковска, Мања [автор]

а) Лица со различна сексуална ориентација -- Заштита -- Права -- Македонија -- 2021-2023 – Извештаи

COBISS.MK-ID 65513989

